Д-р Ристо Ивановски

ЈАЗИКОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАСИ СО ПОТЕКЛО ОД ГЕНОВА

Битола, Р.Македонија
2016 година

ИВАНОВСКИ, Ристо
Јазикот на македонските Власи со потекло од Генова / Ристо Ивановски. - Битола : Ивановски Р., 2016. - 186 стр; 29 см.

а) Историја на Власите.

ПРЕДГОВОР

„Пред деведесет години (1904) во Букурешт- Романија беше објавено вредно и значајно дело- 'Историја на Амн Македонците (Власите)'- на романски јазик (ISTORIA ROMÂNILOR MACEDONENI), чиј автор е Јон Аргинтеану. Ова забележително дело претставува продукт на една систематска плодотворна работа на сите заинтерересирани со историското минато на влашкиот народ во Македонија. Ова пред се што Јон Аргинтеану врз своја научна работа во пишувањето на 'Историјата на Армн Македонците (Власите)', користел разновидни и одбрани извори и литература од француска, германска, англиска и грчка редакција што дотогаш била публикувана, не изоставувајќи ја, секако, соодветната литература и извори на останатите балкански народи, пред се, романската, која се однесувала на историјата на овој елемент".

Историјата не познавала било каков Армн туку само Влах=Влав-само Власи.

Романскиот јазик бил нов- тој бил латиниизиран словенски јазик (Вотсон).

Власите немале никаква врска со Македонија- тие биле само едно- Епирци.

Крајното у во презимето не било романско (влашко) туку само тн.словенско.

Па поимот Влах=Влав означувал само овчар- Власите биле пастирски народ.

„Појавата на 'Историјата на Армн Македонците (Власите)' од Јон Аргинтеану на македонски јазик ќе ја надополни македонската наука со уште едно значајно дело, преку кое македонската читателска публика ќе се запознае со историјата на еден автохтон народ чие потекло е, токму, од овој природно- географски простор и чие делување во сите историски текови на сите балкански народи е забележително.

Авторот пишел дошле Словените во Македонија. Следи тие ги нашле домородците, а тие биле Армн Македонците- Романија била тн.домовина на Словените.

Книгата на Романецот (Влавот) со тн.словенско дативно у шири невистини.

„Временската дистанца од скоро еден век од појавувањето на ова дело со историски карактер, иако на овие балкански простори и воопшто се случиле крупни исторски, општествено- економски, културно- просветни и политички промени, не ја менува, во основа, суштината и значењето на ова забележително дело.

При вршењето на преводот на текстот на споменатата историја од романски на македонски јазик, врз определени прашања и проблеми во опрделена мерка, колку ми дозволуваа можностите приложив адекватни коментари. Сето тоа е направено со цел читателот да стекне определени научни и други сознанија врз некои фундаметални проблеми како би се создале услови и основа за копаративно согледување на дадените прашања. Ова, пред, сè, што 'Историјата на Армн Македонците (Власите)' Ј. Аргинтеану ја напишал во екот на разгорувањето на пропагандните активности на балканските народи, во чии национални стремежи стоела, токму македонската земја- територијата и според тоа дадените активности на националната пропаганда и на армн македонскиот народ во тоа време и простор".

Еладците...и Власите биле Римјани (Ромејци)- во Македонија биле странци.

„Одделни прашања во 'Историјата на Армн Македонците (Власите)' Јон Аргинреану ги дава во контекст на влијанието на одделни кругови на романската наука. Според тоа, основна теза која ја застапува Ј. Аргинтеану во содржината на 'Историјата на Армн Македонците (Власите)' се засновува врз единството на етногенетското потекло на Дако- романите со Македо-романите, односно со Армн Ма-

кедонците. Застапувајќи ја наведената поставка, по својата сеопфатност тој дава одредено образложение, според кое Армн Македонците, во основа, се доселеници од Дакија, кои со преселбата на Јужните Словени на овие балкански простори биле приморани да ја напуштат својата прататковина- Дакија и заедно со нив да ги населат Македонија. Тесалија, Епир, Бугарија, засилувајќи го со тоа, дотогашниот романски елемент на овие простори. Наспроти ваквото становиште, присутна е тезата за автохтоноста на Армн Македонците во Македонија“.

Преселбите биле само од југ кон север. Токму и затоа има-ло само генетско-географска оддалеченост од југ кон север. Ова е повод Македонците да им се ДНК блиски на Критјаните а не на Севернодунавците или Заткарпатците. Па следи нема ниеден материјален доказ/наод за преселби северно од реката Дунав на Балканот.

Во Македонија никогаш немало епирски Власи- само од последните векови.

„Според тоа, природата на проблемот за потеклото и етногенезата на Армн Македонците, кој во основа е присутен и кај А. Аргинтеану, сам по себе е комликуван. Свесни за тежината и сета сложеност воопшто, повеќе автори чија преокупација била проучување не можеле да ги решат сите прашања и проблемите во сите раздобја и следствено на тоа да дадат соодветен одговор, меѓу останатото и на некои основни прашања кои останаа сè уште дискутабилни.

Всушност, прашањето за потеклото и етногенезата на Армн Македонците (Власите), нивниот развој низ историјата, судбинската поврзаност на овој народ со останатите балкански народи и нивното влијание врз тие развојни текови, и на крај, местото на Армн Македонците (Власите) во целокупниот тој развој, секако претставуваат мошне интересни и значајни прашања. Треба да се подвлече фактот што кон ова прашање и проблеми, извесен број научници имаат пристапено со веќе преодредени априористички концепции што има последица и одредување на соодветен третман на тие ставови во однос на дадените прашања“.

Булгарин- селанец, Србин од срп жетвар..., Арбан земјоделец и Влав пастир.

„Секако, сè поизразитата декларација што ја доживува овој народ чија историја е доста испреплетена со особена дарба треба да се бара во постојаниот расцеп меѓу вишите интелектуални елементи и народната маса, која во светлоста на современите општествено- економски и политички движења на својот развој наоѓаше сосем неповолно влијание врз нивното разбивање како маса во одредени оази и следствено на тоа и нивно распрснување низ Балканскиот Полуостров и воопшто во Европа и надвор од неа и како такви изложени на асимилација“.

Армните не било познати во старата и новата ера- Власите 2 милениум н.е.

„И додека кај некои народи, кои имаат иста судбина, и покрај нивната разбиеност и можноста од отворено влијание на низа фактори што го овозможува нивното претопување во масата на тие народи што ги опкружуваат, истите доследни на своето национално потекло и натаму ја чуваат како својата национална величина (случај со Евреите); дотогаш кај Армн Македонците (Власите), во некои случаи е присутна определена лабилна национална свест и што е карактеристично, кај нив се манифестира поизразито национално чуство на народот со кој што живеат, дури во некои случаи и повеќе од самите припадници на таа нација“.

Евреите не биле нација туку само Еднобожци- на Белци, Црнци и Монголи.

Власите како овчари биле одродени тн.Словени- само во последните векови.

Историски Власите биле само овчари, но не говедари,свињари и земјоделци.

„На што се должат појавените особености на овој етнички елемент, и дали, кога веќе прашањето за националната припадност во поголем број случаи е ирелевантно, постои потреба од негово сознание за етничкото потекло и воопшто развојниот пат низ историјата, определувајќи му го местото во историјата.

Во прашањето за потеклото на Армн Македонците, според определените научни сознанија, преовладува мислењето, според кое, тие се потомци на старите балкански племиња (Трако-илирите). Некои, пак, мислат дека тие се директни потомци на римските колони. Најновите археолошки и антрополошки истражувања зборуваат дека Армн Македонците (Власите) сочинуваат палео-медитерантско- индоевропска симбиоза на тип луѓе кои се присутни на територијата на Балканското Полуострово, а и надвор од него. Според некои се смета дека основата на нивниот јазик е латински, но во исто време, во него се застапени и грчки, албански и словенски елементи. Постои мислење, според кое се негира романизацијата на балканските староседелци, застапувајќи поставка дека јазикот на Армн Македонците е трако-илирскиот јазик“.

Власите не биле римско население туку само домородн- овчари (пастири).

Нема ниеден материјален доказ/наод дека Власите биле со римско потекло.

Па Власите како Епирци немале врска со Македонија- без Армн Македонци.

Власите и Шкиптарите имаат мешани јазици од варварско=пелазгиски=тн. словенски јазик на кој говорел ...Платон..., Александријски Птоломејов јазик коине (тн.старо-грчки) од 300- та г.п.н.е., латински на Греикот Лив Андроник од 240- та г.п.н.е. и татаро-турски јазик на Монголите- Коине и латински повеќерасни јазици.

„За сите теории за потеклото на Армн Македонците (Власите), како и за нивната етногенеза, даден е доволен простор, посветен на оваа мошне сложено прашање.

Следејќи го текстот низ ‘Историјата на Армн Македонците (Власите)’ од Ј. Аргинтеану се забележува одредена дефинираност на поимот Македо- Романи (Macedo- Român, Macedo- Armân), односно Армн Македонци. Според овој автор сите припадници на влашкиот елемент настанети јужно од реката се означени како Македо- Романи, односно Армн Македонци, независно од тоа дали истите се присутни во Бугарија, Албанија, Епир или Тесалија. На одреден начин Ј. Аргинтеану ја потврдува својата постапка за Дако-романскиот карактер на Армн Македонците, прикажувајќи ги Дако- романите и Македо- романите како еден ист народ, иако оваа теза нема реална основа“.

До 1808 година бил Македонски Полуостров- до Дунав. Цојне до Балкански.

„И врз овие прашања и проблеми даден е потребен коментар.

Општа е констатацијата дека содржинската страна на ‘Историјата на Арнм Македонците (Власите)’ од Ј. Аргинтеану ги поседува потребните елементи во расветленоста на определените историски настани со сета своја сеопфатеност, заради што ова капитално дело има трајна вредност и значење.

Во прикажување на дејството на влашкиот фактор и неговото влијание врз развојот на општествено- економските и политичките односи на овие балкански природно- географски простори, авторот Ј. Аргинтеану, определените историски настани од минатото на Армн Македонците (Власите) ги засновал врз потребните докази базирани на соодветните извори и литература, што го чини ова вредно и забележително дело мошне значајно во сферата на историската научна мисла.

Како што е наведено Ј. Аргинтеану 'Историјата на Армн Македонците (Власите)' ја напишал во текот на разгорената пропагандна активност на балканските држави со која имале за цел да завладеат со Македонија. Заради тоа бугарската историографија застапувала теза за бугарски карактер на Македонија, од друга страна,пак,српската историографија сметала дека Македонија има српски карактер. Голема активност, во даденото време и простор, покажувала грчката пропаганда. Застапувајќи ја панелинистичката идеја, таа зафатила такви размери кои неповолно се одразиле на влашкиот етнос на овие простори. Служејќи се со разни фалсификати во докажувањето на историското право на балканските простори таа го прикажувала грчкиот народ како народ кој поседува свое историско право на територијата на Балканскиот Полуостров, секако, од аспект на своите национални аспирации кон Македонија како кон своја национална територија".

Романците и Власите биле само одродени тн.Словени- без Армн Македонци.

„Меѓутоа, општо е познато дека Грците (не Византијците) никогаш во својата историја не господареле со Македонија; наспроти Бугарите и Србите чии кралеви и цареви во определени интервали низ средините векови владееле со Македонија.

Оттука, историското право на Грците на овие простори нема основа. Историско право на Македонија немаат ниту Бугарите, ниту Србите,иако истите владееле со Македонија".

Власите во Македонија биле само едно-само дојденци; за неа само туѓинци.

„Во расветлувањето на одделни историски настани и состојби од минатото на Армн Македонците (Власите) Ј. Аргинтеану приоѓал со посебна критичност, служејќи се при тоа со користење на соодветни извори и литература во докажување на определени вистини".

Македонците знаеле само за Власи кои биле овчари и трговци-никако Армн.

Па Власите немале врска со античка=етничка Македонија на Македонците.

„Ваквиот став и однос е применуван при третирањето на сите историски периоди од Армн Македонската историја. Во таа смисла при расветлувањето на карактертот на Второто бугарско царство Ј. Аргинтенау го застапувал и бранел становиштето за влашкиот карактер на тоа царство и влашко потекло на Петру, Асан и Јоница, како и сите владетели од таа династија".

Бугарите биле Татари. Бугарската династија говореле само со чувашки јазик.

„И во приодот кон останатите прашања во врска со определени состојби и односи за уделот на Власите во одделни историски настани Ј. Аргинтеану приоѓа со посебеа критичност. Така, на прашањето за етничкиот состав на населението на Тесалија (Голема Влахија) и на Епир (Мала Влахија), споменатиот автор ги согледува тие односи во реални основи, користејќи ја компаративната метода во толкување на дадените прашања. Ова, пред сè заради тоа што кај некои научници присутна е тенденцијата за поистоветување на армн македонската со албанската, односно грчката историја. За влашкиот карактер на Тесалија и Епир зборуваат многу историски извори и литература. Според Ј. Аргинтеану, рабинот Вениамин од Тудела кој ја посетил таа провинција во 1170 година ни пренесува соопштение според кое населението во Мегавлахија, т.е. Тесалија во потполност е Влашко (Cfr. Tafel, De Thessalonici, Besnin, 1839, 490). Пакимер, пак, жителите на Тесалија ги нарекува со името Големовласи". (Никаде не се говори за Армн Македонци, Р.И.)

Се говори само за Влах=Влав, а никако инаку-во Римското Царство Ромејци.

Тесалија и Епир биле влашки=овчарски простори-без влашки народ со јазик.

„Наспроти ваквите мислења, некои автори ги поистоветуваат одделните влашки племиња со албански етнос. Така, Кантакузен (Bonn, II, 450), застапувал мислење според кое племињата БУИ,МАЛАКАШИ И МЕСАРИТИ припаѓаат на албанскиот етнос. Овие наводи на Кантакузен не ги одразуваат реалните односи и вистини. Според Ј. Аргинтеану, БУТИТЕ, МАЛАКАШИТЕ И МЕСАРИТИТЕ- трите моќни племиња чии називи произлегуваат од имињата на нивните шефови (владетели) по сите основи со влашки племиња.

За влашкиот карактер на наведените племиња зборуваат и следните наводи: францускиот конзул во Јанина, Пуквил, застапувал мислење, според кое, племињата Буи, Малакаши и Масарети по сите основи се влашки (Cfr. Voyage de la Grece, II, Paris, 1826, 336). И грчкиот историограф Арвантинос негирајќи го тврдењето на Кантакузен смета дека споменатите племиња, Буи, Малакаши и Месарити се влашки“.

Наведените простори биле само бригиски- моја книга[1] „Римјаните говореле тн.словенски- Власите одродени тн.Словени“- на стр. 117 е насловот „Балканските Власи биле само Бриги=Брсјаци“. Бриги биле Македонците во Пакистан,[2] чии традиции се како на денешните Македонци, потврдено и од нивниот владетел Мир, кој ја посетил Р.Македонија... Нивните куќи се бригиски, а овчарите правеле овчарски колиби. Влашката музика останала монотона а не богатотона дури со ритам 7/8 како и на Скитите со македонска гајда, пелагонски фустанчиња како во село Кукуречани- Битола итн.. Со тоа што тие од Пакистан самите признале дека имале македонско потекло, без тие да ги познаваат поимите Словени и Власи, такви народи не биле познати. Со тоа што Склавините (склавина=област) на Балканот се појавиле од 6 век, а Власите=овчарите од вториот милениум, никако порано- од старата ера, склавински и влашки народи никогаш немало. Склавинскиот јазик бил варварски= пелазгиски, на кого говорел и Платон, а влашкиот мешан, влашкиот бил нов јазик.

„И врз прашањата кои се однесуваат на положбата на Армн Македонците (Власите) под турска власт, како и отпорот на влашкото население против таа власт се до националното движење на Армн Македонците за свое национално ослободување прикажани се во оние димензии што се создава можност за согледување на сите активности на тој план со цел остварување на националните права, кои како на народ им припаѓаат“.

Власите немале ништо со Македонија за да бидат Македонци. Балканците за време на Римската Империја биле само Римјани (Ромејци). Ромејци биле и Еладците во 19 век.Следи Ром=Рим=Рум...: Роман=Рмн + а = Армн- Неримјан- Домородец.

А и самото име Армн е кованица, непотврдена во историјата на Македонија.

---

[1] Ристо Ивановски, „Римјаните говореле тн.словенски- Власите одродени тн.Словени“,Битола, 2016.

[2] Редакцијата на изданието на македонски јазик потврдиле дека Власите биле Бриги, споредувајќи ги Власите со Македонците во Пакистан: по стр. 32 има слика: „Членови на армн македонско друштво ‘Јоргаќи Олимпос’ од Серез во народна грамоска носија. На десната страна на кожниот кајш кај момчето се гледа изработен на јастучеста основа шестокрако сончев орнамент. Како што сија сонцето така треба да сија момчето. Женската грамоска носија во многу наликува на женската носија од племето ‘Калаши’ на Хималаите кои себеси се сметаа за потомци на Античките Македонци преку остатоците од војската на Александар Македонски во Пакистан“. Пак, Серез бил само во Македонија а не во Влахија во Тесалија и Епир. Сонцето... лавот, орелот... биле општи, а не влашки. Влашки куќи во Корча, Москополе, Охрид, Крушево... немало- тие биле бригиски.Власите биле овчари.

„Според тоа, во композиционо- методолошко презентирање на основната материја на ‘Историјата на Армн Македонците (Власите)’ авторот на ова вредно и забележително дело Ј. Аргинтеану во потполност го зачувал историско- хронолошкиот принцип на прикажување на општествено- економскиот, политичкиот и културниот развој на Армн Македонскиот народ со што на читателот му се овозможува услов и основа за запознавање со неговото историско минато од своите први почетоци па се до крајот на XIX век. Треба да се одбележи и тоа дека периодизацијата на ова значајно дело прикажана низ еден долг временски период, дава јасна слика за историскиот развој на армн македонскиот етнос во својот континуитет.

Третманот на историјата на македонскиот народ во ‘Историјата на Армн Македонците (Власите)’ од Ј. Аргинтеану побудува посебно внимание. По прашањето на припадноста на македонските Словени и нивното место во средновековната историја на Македонија, Ј. Аргинтеану во секоја прилика наоѓајќи се под влијание на оддедлни кругови на бугарската историографија, а исто така и врз основа на користени византиски извори застапува мислење за бугарски карактер на Словено-македонското население, а одделни личности од македонската историја (Самуил и неговите наследници)- како Бугари. Секако, името ‘Бугари’, во употреба кај Византијците, како и кај некои западни автори претставува обично државно- правно и политичко означување за сите поданици на односното царство, без оглед на етничкото потекло, бидејќи царствата што ги надминуваат народните граници не се вклопува врз етнографскиот, туку врз државно- правниот принцип. Оттука, прашањето за карактерот на Самуиловото царство даден е потребен коментар што на одреден начин се осветлува вистината за македонскиот карактер на тоа царство“.

Па без тн.Словени не можело да има Еладци, Романци, Власи и Шкиптари.

„Треба да се одбележи и тоа дека Армн Македонците (Власите) биле вклучени во сите национал- ослободителни движења и борби што ги воделе Македонците, особено низ XIX век и натаму до денешни дни. Речиси нема револуционерно движење во Македонија во кое заедно со Македонците не учествувале и Армн Македонците (Власите).

За истакнување е придонесот на Армн Македонците (Власите) и во Илинденското востание каде масовно се присоединиле кон востаниците во Крушево и Костурско. Во тие востанички акции влашкото население зеде активно учество во ослободување на Крушево, Клисура и Невеска и сите три населени со Армн Македонци, а Крушево и со Македонци. Воедно, тие биле вклучени и во организирање на револуционерната власт во ослободените влашки населби. Од нивните редови израснаа смели и прочуени борци, меѓу кој и легендарниот јунак на Крушевската република, Питу Гули“.

Во Македонија не биле познати Армн Македонци туку само едно- Власи.

Питу со бригиско=брзјачко датовно у- него го нема во влашката граматика.

„И во периодот меѓу двете светски војни прогресивните сили од влашко потекло се наоѓале во првите редови вклучени во револуционерните движења на овие простори и заедно со Македонците делуваа во организирањето отпор против фашизмот. Во текот на Народно- ослободителната војна и Револуција на Македонија (1941- 1945), Армн Македонците (Власите) заедно со Македонците масовно биле вклучени во борбата за национално ослободување на македонскиот народ од окупаторската власт. Нивната заедничка борба, на одреден начин, спонтано е втемелена

во државната химна на независна и самостојна Република Македонија. И што е карактеристично државната химна на Македонија во која се испеани и градителите на славната Крушевска република: Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев и Јане Сандански (двајца македонски и двајца влашки војводи) прв пат е испеана во армн македонска куќа во Струга, на пречекот на Сотир Шута“.

Јане Сандански не бил Влав туку Македонец- влах=влав не е етнички поим.

„Учеството на Армн Македонците (Власите) во сите сфери на општествено-економскиот, културно- просветниот, и политичкиот живот на Македонија и низ XX век бил забележително. Меѓутоа, нивниот придонес врз развојните текови на Македонија, во одредена мера, не е доволно проучен“. (Редакција, 1994/8 година).

Имало само едни Македонци-етнички. Власите биле само Власи, а не инаку.

МАКЕДОНИЈА, ТРАКИЈА, ДАКИЈА

„**1. ГЕНЕРАЛНО СОГЛЕДУВАЊЕ**

ВЛАШКИОТ ЕЛЕМЕНТ НА БАЛКАНОТ.- Низ средните векови влашкиот елемент на територијата на Балканскиот Полуостров бил поизразит и повлијателен отколку денес. Власите, во одредена мера, образувале релативно мнозинство во некои делови на Македонија, Тесалија и Епир, а во делови на средна Албанија, со својата компактност, влашкиот елемент бил застапен во доста изразита бројност.

Основните причини кои придонеле за промената на бројната состојба на Власите биле честите војни за самостојност во кои гинеа, потоа, масовното емигрирање во странските земји, пред сè, во Австро- Унгарија, Италија, Јонските острови, како и во Влашко. Меѓутоа, главните причини за намалување на бројната состојба на Власите претставуваа определени континуирани влијанија, пред сè од страна на елинската и словенската култура. Со тоа се оневозможуваше развојот и процутот на посебноста на влашката култура и цивилизација со сета своја специфичност на теритиријата на Балканскиот Полуостров“.

Хелените говореле варварски=пелазгиски, кој бил тн.словенски јазик. Хеленскиот јазик коине (тн.старо-грчки) не бил народен туку христијански од времето на Апостол Павле. Коине бил Александријски Птоломејов јазик од 300-та г.п.н.е., а латински од 240- та г.п.н.е. Бидејќи коине и латински не биле народни, се мртви.

„И покрај знатната загуба на бројот на Власите, сепак, влашкиот трансдунавски елемент релативно е многу броен и силен, што создава основа за јакнење на неговата значајна улога доколку се овозможи развој на целосна национална свест.

Според поновите истражувања, бројот на Власите кои го зборуваат армн македонскиот јазик- дијалект се зголемува на 700.000 од кои- 142.000 во битолскиот вилает,- 180.000 во Јанинскиот,- 100.000 во Тесалија, додека останатиот број во Албанија и во останатите делови на Турската империја“.

Власите не биле од Македонија за да бидат Армн Македонци. Нивниот број е произволен- само за пропаганда на Романија. Тие немале врска со нова Романија.

„Власите се присутни и во Бугарија и Србија, и тоа 250.000 луѓе, а во Истра- 6.000 луѓе. Овие 950.000 луѓе ја формираат, таканаречената армнска група на Власи на Балканскиот Полуостров“.

Бранислав Стефановски,[3] на стр. 73, пиши од Ромеи Аромеи: а + ромеи = аромеи или а + Роман = Ароман=Армн. Меѓутоа, Ромеи биле сите припадници на Римската Империја. Римјани=Ромеи останале и Еладците во 19 век-Армн била лага.

„Северно од реката Дунав се наоѓа големата група од 6.250.000 Романци која го образувала Кралството Романија. Исто така, Романците ги има во Унгарија со 3.000.000 луѓе,во Буковина има 250.000,а пак во Бесарабија има 1.000.000 Романци.

Бројот на сите Романци и Власи северно и јужно од реката Дунав изнесува 11.500.000 и истите претставуваат најмоќени најцивилизиран народ на Европскиот Исток“.

Романија била само тн.словенска. Во неа се говорел само тн.словенски јазик. Службен јазик и во 19 век бил македонскиот црковно-словенски.А романскиот нов.

„ЧЕТИРИ ПЕРИОДИ ВО ИСТОРИЈАТА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ).-Историјата на Армн Македонците (Власи) се дели на четири големи Периоди, и тоа:

а) Првиот период зафаќа простор од најстарото време до доселување на Словените на Балканскиот Полуостров (VII век);

б) Вториот период се протега од доселување на Словените на овие простори сè до крајот на династијата на Асан (1257);

в) Третиот период го зафаќа времето од средината на XIII век, па се до навлегување на Турците на Балканскиот Полуостров (крајот на XIV);

г) Четвртиот период го зафаќа времето на турското владеење на Балканскиот Полуостров (крајот на XIV век до почетокот на XX век).

Треба да се одбележи и тоа што секој од наведените приоди може да се подели на повеќе епохи, според карактерот на определените општествено- економски односи и прилики во даденото време и простор“.

Северно од реката Дунав била тн.домовина на тн.Словени- немало Романци.

„ПРЕДМЕТ НА СОГЛЕДУВАЊЕ.- Во рамките на историјата на Власите од Македонија предмет на согледување претставува политичкиот живот на Власите присутни на територијата на Балканскиот Полуостров, пред сè, на тие од Македонија, Тесалија, Епир, Албанија, Власите кои живеат околу планината Балкан (Хем), како и тие од Далмација чиј број низ изминатите векови бил броен.

Заради тоа, романизираната Дакија не може да биде надвор од овие рамки. Од причина што бројни римски колонисти од Трајановата Дакија биле преместени на десната страна на реката Дунав, засилувајќи го со тоа староселелскиот елемент кој се наоѓал на тие простори уште од времето на Август. Според тоа, од пределите покрај Сава и Дунав голема маса на Романи кои потекнуваа од Дакија се распрсна низ Македонија, Епир, Тесалија, Албанија, со што се поврзува судбинскиот живот на денешните Романци со Армн Македонците односно постои органска поврзаност на Дако- романите со Македо- романите“.

Бидејќи Римјаните говореле варварски и пелазгиски (Дионисиј Халикарнишки), немало романизирање.Следи латинскиот јазик никогаш не бил народен јазик.

„2. МАКЕДОНИЈА И ПРВИТЕ НЕЈЗИНИ ЖИТЕЛИ

ГЕОГРАФСКИ СОГЛЕДУВАЊА.- Првите и најстарите жители кои го населувале Балканскиот Полуостров биле Трачаните,Пеонците, Илирите и Грците. Трачаните биле населени помеѓу Дунав, Егејското Море, Црно Море на Исток, и река-

[3] Бранислав Стефановски,Трако-дачкиот јазик основа на евро-индиските јазици,Адибо-Скопје,2000.

та Струма на Запад. Пеонците, пак, биле населени помеѓу реките Струма и Вардар, како и во северните делови на Македонија, пред се, во областа Мариово и Пелагонија. Илирите се протегаа на југ до планината Пинд, на север до реката Сава, на Запад до бреговите на Јадранското Море а на исток границата е до Пеонците. Целиот дел опфатен меѓу Дунав на север и Грција на југ, како и Јадранското море на запад и реката Струма на исток, се нарекува Илирија, а народот Илири. Грците, пак, ги запоседнувале територииите на крајбрежјето на Егејското и Јонското Море на југ, до планината Хомол на север, близу планината Оса во Тесалија и градот Амбрација, кој бил последен грчки град на север“.

Па имало Хелени. Грците биле припадници на Цариградската патријаршија.

Грција била само Хелада, а Грци Хеладци.Или само Елада со своите Еладци.

„ГРАНИЦИ И ГРАДОВИ.- Македонија во времето на владеењето на Филип II се протегала до планината Пангаеон(Бунар-Даг) и Орбелос (Перим-Даг) на исток, планините Скомиус (Витоша) и Скадрус (Шар) на север, планината Барнос (Пелистер) и Бојон (Грамос) на запад, а на југ планините Олимп и Комбинари кои ја делеле Македонија од Тесалија.

Реките кои ја наводнуваа Македонија беа. Аксиус (Вардар), Стримон (Струма), Еригон (Црна), Халиакмон (Бистрица), Лудиас (Мегленица), Екедорус (Галик) и други.

Поважни градови биле- Филипи (Филипи), Пела (Јаница),Хераклеа (Битола), Стоби (Градско), Амфиполе (Неохорис).

НАРОД.- Македонија е планинска земја. Според тоа, првите нејзини жители биле сточари и ловци. Самото име Македонци доаѓа од Македони (μακροσ, лат. Magnus) што значи жители на високи места, планински, оттука и името планинци. Нивната земја во прво време била позната со името Ематиа, потоа Макета, која истовремено била позната и со името Орестис. (Само според Богот- Македон, Р.И.)

Во стара Македонија живееле бројни племиња. Меѓу поважните племиња биле Елимеите, кои ги населуваа просторите на денешна Серфиџе, Кожани, Шатиште и Гребена, потоа, Линкестите, кои ја населуваа Пелагонија (Битолско- прилепско поле), Преспа, се до Охридско, Еордите ги населуваа пределите околу Лерин и Вериа, како и Пиерите што биле населени меѓу Вериа и Олимп.

Бреговите на реката Еригон (Црна) заедно со Прилепското Поле (секако и Битолското Поле б.н.) се викаа Пелагонија. Името на ова поле доаѓа од Пелазгите, најстариот народ на овие простори, од каде водат потекло- Трачаните, Илирите, Латините и Грците.

Пределите околу брегот на реката Аксиос (Вардар) почнувајќи од Солун па се до Велес се викаа Мигдонија. Сите наведени племиња носеле само едно ime- Македонци како што денес познатите Ф’ршероти, Грамостеани, Москополци, Качиони од Македонија и Епир се познати со едно име Армни (Армн Македонци)“.

Власите немале врска со Македонија, и затоа тие не биле Армн Македонци.

„ЕПИР.- Епир е област меѓу реките Генусус (Шкумби) на север и заливот Амбрачик на југ, запад Јонското Море на исток Пиндските планини.

Во Епир живееја бројни племиња, кои се нарекувале Епироти. Меѓу познатите племиња биле Молосите, населени во планината Загора и Јанинското Поле, меѓу реките Аоус (Војуса) и Тиамис (Каламас) живееле Хаоните, меѓу реката Каламас до заливот Амбрачки живееле- Теспротите, додека племето Долопи живееше

во планинските предели на Пинд и реките Ахелус (Аспропотам). Се смета дека во областа Епир живееле околу 14 епиротски племиња“.

Македонските Власи немале врска со Македонија- само Епирци. Епирци биле и Арбаните (Шкиптарите). За Густав Вајганд Албанците и Власите биле „браќа“.

Историски имало Молосија. Името Епир=е Пир, според македонскиот крал Пир, било внесено за време на Нерон. Па Молосите биле преимунувани во Епирци.

„ПОТЕКЛОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ И ЕПИРЦИТЕ.- Првите жители на Македонија се разликуваа од своите соседи кои ги опкружуваа според јазикот, потеклото и обичаите. Во текот на времето тие попримиле определени влијанија од запад од страна на Илирите, од исток од страна на Трачаните, а од страна на Грците. Исто така, тоа влијание се забележува и кај Епирците. Овие во почетокот имаа грчко потекло. Меѓутоа, подоцна и тие попримиле толку силно илирско влијание што стапуваа и во крвно- родбински врски и односи надвор од елинскиот народ“.

Траките, Илирите, Македонците и Хелените биле еден те ист народ-Пелазги.

„Некои германски историчари ги разликуваат од Грците, не само Македонците, туку и Епирците, Грците, пак, Македонците и Епирците ги нарекуваа- варвари, додека странците ги разликуваа според одделната племенска припадност на Елинскиот народ и тоа од Епирско и Македонско и Македонско потекло. Македонците и Епирците, според некои германски научници се одродуваа со Илирите и тие се разликуваа од нив, како што денес се разликуваат холанѓаните од Германците, или Германците од Скадинавците, сочинувајќи сите заедно индо- европско семејство. (Не Грци туку Хелени, не Грција туку Хелада=Елада, Р.И.)

Сите народи кои беа населени на Балканскиот Полуостров, како- Трачаните, Илирите, Грците, Македонците, заедно со Латините сочинуваа дел од старо семејство Пелазгите и истите се разликуваа меѓу себе со извесни разлики според јазикот и обичаите“.

Народен јазик бил пелазгиски,а службени коине (тн.старогрчки) и латински.

„ОБИЧАИ, НОСИИ, ЈАЗИК.-Потомците на Илирите се денешните Албанци. Тие го имаат, во одредена мера сочувано јазикот и носијата. Откриените археолошки предмети (статуети и сл.) како и сочуваните одделни зборови, на одреден начин ги потврдуваат дадените поставки.

Меѓутоа, јазикот на старите Македонци не е сочуван. Речиси, не е познат ниту еден старо-македонски збор. Со помош на албанскиот јазик може да се дознат имињата на бројни градови и други локалитети. Така, Пела треба да означи град-тврдина. Во албанскиот јазик зборот SHELË значи = пештера. Сепак, некои странски зборови примени во грчкиот јазик се дојдени под влијание на Македонците и се претпоставува дека се од македонско потекло δράμης = движење, γωπας = светлина, βιροξ = густ, βέύυ = воздух и слично“.

Само најмоќните Македонци ги задесила космичка катастрофа,па ништо нивно не останало. За Јустин Македонците биле Пелазги- само со тн.словенски јазик.

Арбанија=тн.Албанија била склавинска- со тн.словенски јазик: М. Фасмер...

Бела=Пела. Таа била стол(ица)- Постол + а = Апостол=а по(околу) стол-от.

„Старите Македонци својата религија ја примиле со посредство на надворешните влијанија од соседните народи кои ги опкружуваа. Демоните, кои од страна на Грците беа изедначувани со живите суштества, Македонците ги нарекуваа Сауади, додека Илирите- Данади. Меѓу Македонците бил мошне раширен култот

на Дионис. Исто така, култот на богот Јупитер од планината Олимп преминал и кај Македонците. Хераклес, од кого потеклнувало кралското семејство на Македонците бил обожован уште од постарите времиња и било познат со име Аретос.

Македонците практикуваа тетовирање на телото, исто како што го практикуваа и Трачаните и Илирите. Човек- припадник на македонскиот народ кој во својот живот немал извршено убиство барем на еден свој непријател бил изложен на тетовирање на неговото тело со срамни белези.

Македонците биле познати со својата храброст и војничка способност. Тие поседувале дух за самостојност и независност. Посебно биле ненадминливи во коњичката вештина како проучени коњаници.

МАКЕДОНСКИ КРАЛЕВИ.-Македонското кралство е основано во 748 година пред Христос. На чело на кралството бил кнезот Каранус. После него на престолот дошол Пердика I- ви, потоа Аргеу I-ви, па Филип I- ви, Еуропус кој ја освоил Илирија во 602 година пред Христос. После повеќе наименувани кралеви, во 359 година пред Христос на кралскиот престол на Македонија застанал Филип II. Филип II ја зацврстил власта и повел акции за проширување на кралството. Во таа насока тој ги победил Илирите (360 г.), го освоил Амфиполе (Неохорис), ја покорил Тракија, Илирија и Тесалија. Исто така, го опседанал Бизант и извојувал сјајна победа над Грците кај Херонеја во 338 година пред Христос. Кај Егеја (Воден) после женидбата на својот син Александар, Филип II бил убиен од Паусанија.

Во 336 година пред Христос, на чело на Македонското кралство застанал синот на Филип II, дваесетогодишниот Александар, наречен Велики. Во 335 година пред Христос, Александар Велики ги поразил Гетите. Враќајќи се победоносно од војната со Гетите, крваво го задушил востанието во Теба, разорувајќи го градот до темел, освен куќата на поетот Пиндар. После тоа, сите грчки градови ја признале македонската власт. На тој начин ги истиснал сите свои противници, пред да ги започне воените дејствија на исток, формирал моќна војска составена од Македонци и Грци. (Хелени, Р.И.)

Првата цел на тој голем воен потфат бил на персискиот цар да му ги одземе од власта- Мала Азија, Сирија, Феникија со поморските упоришта во Средоземјето. Тој го остварува со победата на реката Граник со капитулација на Сард и заземање на Милет (334), па со битката кај Ис идната година и паѓањето на Тир во 332 година пред Христос. После тоа Александар го запоседна Египет, каде бил пречекан одушевено како ослободител и ‘фараон’, основајќи ја при тоа, новата престолнина Александрија. Во 331 г. им нанесол нов пораз на Персијанците кај Арбела, а потоа Вавилон му ги отворил портите. Во Суза- Александар Велики застанал на Дариевиот престол. Потоа Александар ја освоил Хиркабија, Дрангијанија и Бактрија, како и Сагдијана. Па се упатил во Индија, допирајќи до брегот на реката Ганг. Тогаш мораше да попушти пред желбата на своите војници кои бараа одмор од непрекинатите тешки напори, како и потребата за средување на новоосвоените посади. Затоа се враќа во Суза, каде бил признат не само за крал и врховен водач на Грчкиот сојуз, туку и фараон на Египет, крал на кралевите на персиските земји. Умира во Вавилон во 323 година пред Христос, на 33 година возраст“.

Се говори за Хеленски сојуз, а во борба за Пенхеленската идеја, со која да се протерат Персијците, од нив да се ослободат просторите- за од нив да се има полза.

Панхеленската идеја ја прифатил Филип, а ја спровел синот Александар.

„После неговата смрт на престолот дошле повеќе неспособни кралеви, сè до 220 година пред н.е. кога на кралскиот трон седнал Филип V“.

„**3. ВОЈНИТЕ НА РИМ СО МАКЕДОНИЈА**

ВОЈНИТЕ СО ФИЛИП.- Римјаните биле воинствен и освојувачки народ. Тие посветуваа посебно внимание на создавање и одржување на државна воена сила. Со својата извонредна уредна, опремена и извежбана војска, ги совладале сите свои непријатели во соседството, ја проширил својата владавина на целата територија на Италија, а во првиот век пред Христа, загосподариле со сите приморски земји околу Средоземното Море, создавајќи голема светска држава.

После пунските војни, Римјаните се вмешале во караниците кои на Исток ги разјадувале државите кои настанале на рушевините на светската царевина на Александар Македонски.

За време на Пунските војни македонскиот крал Филип V ги помагал Картагинците. Во 211 година пред Христос, Филип V и Ханибал склучиле Сојуз. Есента-201 година пред Христа, Римскиот сенат одлучил да го казни Филип V. Под водство на конзулот Суплиције Галба две легии и околу 1000 коњаници и бројни слонови заробени од Картагинците се истовариле во Аполонија и ја освоиле Антипарта. Зимата ја поминале таму без да преземат некоја акција. Пролетта, 200 година пред Христа, Пулибие Сулпиције се упатил во Македонија. Во таа акција ги преминал планинските предели околу реката Апсус (Бератино), потоа плодородната котлина на Десаретите (Охридската котлина) и пристигнал на планинските венци кои ја одвојуваа Македонија од Илирија (Пелистер).

Во плодородното поле на Линкестите се сретнале двете војски на Филип V и на Сулпиције Галба. Филип со 20.000 пешаци и 2000 коњаници влегол во битка со добро извежбана војска на Сулпиције Галба при што доживеал тежок пораз. Самиот Филип V напуштајќи го бојното поле, едвај се спасил. Непосредно после тоа, римската војска повторно се судрила со Филип V. И во овој случај тој претрпил уште потежок пораз. Но, со оглед на тоа што Римјаните не го познавале добро теренот, се повлекле назад, пустошејќи ги при тоа населбите Еордеа, Елимеа, Ористида, а градот Целетрон (Костур) им ги отворил портите. Десаретскиот град Пелион (Плеаса) во Илирија, кој бил расположен на една притока на реката Апсус (Семени) бил освоен и поставен под заштита на еден римски гарнизон“.

Бидејќи Власите биле од Москополе- Корча, тие биле Десарети- само Бриги.

За доказ дека Власите биле Бриги, тие до денес се со сите брзјачки гласови, дативно у во презимињата, македонското s и темниот вокал- го немало во латински.

„Во 198 година пред Христос Филип V доволно ја засилил својата положба па презел офанзива против Римјаните, при што освоените населби повторно се најдоа под негова власт. Во меѓувреме против Филип V била образувана силна коалиција. Во коалицата, се наоѓал Пергам и Родос, кои биле против Македонија а потоа во текот на војната на антимакедонската коалиција и пријдоа и Етолците, а со нив на страната на Римјаните се придружил и Ахајскиот сојуз.

Во сите овие акции, особено голема улога одиграл Титу Квинтиус Фламиниус. Во услови кога против Македонија се преземаа акции за разбивање на нејзината власт, Епиротите се одвоиле од неа. Со цел да се осигура од Грците и од евентуалани напади од нивна страна Филип V оставил во Коринт гарнизон со 6000 луѓе, додека тој раководел со 26.000 војска, од кои 16.000 македонски фалангисти.

Во исто време Фламиниус со својата војска, со речиси иста бројност, во 197 година пред Христос се истоварил во Грција, ја освоил Теба и се упатил на север кон Тесалија.

Противниците се поставија еден спроти друг кај месноста Скотуса. Во битката што се одиграла кај Киноскефала во Тесалија, римски трупи под командата на Титу Квинтиус Фламиниус му задале пресуден пораз на Филип V. На бојното поле во таа битка останале 13.000 мртви, а голем број на Македонци биле заробени. Филип V го напуштил бојното поле и побегнал во Лариса. Етолците после овој пораз инсистираа војната да се продолжи до потполно уништување на Македонија, но Фламиниус најнапред склучи примирје со Филип, а потоа Филип V бил приморан да прифати услови за мир кои Рим му ги оставил. Според тие услови Рим не добил никакви нови територии. Од друга страна Филип V бил принуден да се одрече од сите освоени територии, на Рим да му плати 1000 таланти како надоместок за воени трошоци, потоа, на Римјаните да им ја предаде својата морнарица, со исклучок на шест бродови и бил обврзан својата копнена војска да ја намали на 5000 луѓе. Најважната точка на условите за мир било признавањето на слободата на грчките градови.

ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ГРЦИТЕ.- Со битката кај Киноскефала (197 година пред Христос) Грците после стогодишното ропство под Македонците биле конечно слободни. Слобода добие сите грчки градови. Со посебен декрет усвоен од страна на Римскиот сенат Фламиниус ја прогласил слободата на грчките градови на Истамските игри (196 г. пред Христос). Зборовите на неговиот едикт биле дочекани со извонреден ентузијазам.

БИТКАТА СО ПЕРСЕЈ.- И покрај поразот што го доживеал кај Киноскефала и неповолните услови за мир кои му биле поставени, Филип V се залагал да ја обнови моќта на Македонија, изигрувајќи го условот на мировниот договор кој ја ограничувал бројноста на Македонската војска на 5000 војници. Филип V умре во својата 96- годишна возраст во 179 година пред Христа затруен и ожалостен заради несреќата што го снајде кралството и народот. Филип V го наследи неговиот син Персеј. Како противник на Римјаните, Персеј настојувал да собере сили за борба против нив, склучувал сојузи и стапувал во преговори со оние кои биле незадоволни од Рим. Многу сипматизери најде Персеј во Грција. Ова заради тоа што покровителството над Елините кое Фламиниус го прогласил со текот на времето се претвораше во туторство и систематско мешање на Рим во внатрешните работи на грчките градови. Незадоволство имало во сите градови на Тесалија. Во цела северна Грција избувнала вистинска социјална револуција. Заради тоа грчките градови барале помош од Персеј. Сојузот на Персеј со Византините, со Етолите и други грчки градови од северна Грција го принуди Римскиот сенат да преземе војна против еден крал кој не го почитувал мирот склучен во 197 година.

Вистинскиот мотив за војни бил тој што за време на владеењето на Персеј, Македонија се засилила, посебно што во новиот сојуз се наоѓала федерацијата на Беотските градови.

Во 173 година пред Христос, Персеј лесно ја освои цела Грција, нанесувајќи им пораз на Римјаните од Аполонија. Во оваа војна Персеј војувал со 43.000 луѓе, од кои 21.000 фалангисти и 4.000 коњаници- Македонци, Трачани, а остатокот биле наемници. Од друга страна, Римјаните во Грција располагале со свои 30-40.000 лу-

ќе, плус од 10.000-на војска составена од Нумијци,Грци,Крикани, и флота од 10.000 луѓе, кои биле под команда на Гај Лукреције. Сувоземната војска била под команда на Публие Лициниие Крас. Римјаните биле разбиени. Во битката загинале 2.000 пешаци и 200 коњаници, додека бројот на заробеници изнесувал 600. И покрај сето тоа, мирот склучен меѓу Персеј и Римјаните бил неповолен за Македонија.

ЕМИЛИУС ПАУЛУС.- Во тоа време Римскиот сенат одлучил да испрати во Македонија засилување под команда на Емилие Паулус, синот на истоимениот конзул кој во 216 година пред Христос загинал кај Кана. Тој се истакнал во војните во Шпанија и Лигурија.Бил командант на старата школа, строг кон себе и своите луѓе. Иако имал 60 години се држел мошне добро.

БИТКАТА КАЈ ПИДНА И РИМСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА.- Битката кај Пинда се случила на 22 јуни 168 година пред Христос. На самиот ден кога се одвивала битката настанало затемнување на месечината. Римските команданти и знаеле и го очекувале затемнувањето и претходно им јавиле на своите војници да не се плашат. Емилие Паулус се најде во Пинда лице в лице со Персеј. Битката се водела два дена. Иако Македонците биле бројни, Римјаните со воспоставената дисциплина и тактика, раководени од својот војсководител, надвладеале, противникот бил тешко поразен. Колежот врз македонската војска бил ужасен. Во таа битка биле убиени 20.000 Македонци, меѓу кои сите 3.000 фалангисти, без да се спаси ниту еден од нив, 11.000 војници биле одведени во заробеништво. Персеј, придружен од некои свои приврзаници, заминал на островот Самотраки, носејќи го со себе сето злато. Постојано гонет од Римјаните на крај паднал во заробеништво. Со тоа завршило Македонското кралство востановено од Александар Македонски, после 144 години од неговата смрт.

Со поразот кај Пинда, Македонија ја изгубила потполно самостојноста. Таа била поделена на четири окрузи, и тоа: Амфиполе со источните региони; Солун со полуостровот Халкиодик; Пела со околните краеви до границата со Тесалија и во центарот- била Пелагонија. Секој округ со востановената администрација бил прогласен за самостоен. Тој имал право да кова свои пари. Исто така, не смеел да стапи во сојузи и односи со другите македонски окрузи. Фактички, со тоа, Македонија била претворена во вазална држава и била должна да му плаќа определен данок на Рим“.

Со поделбата на Македонија се раскинало единството- со тешки последици.

„4. РИМСКИТЕ ВОЈНИ ВО МАКЕДОНИЈА

ЦЕЗАР И ПОМПЕЈ.- БИТКАТА КАЈ ДУРУС (ДРАЧ).- Со римската држава раководел триумвират кој го сочинувале: Крас, Цезар и Помпеј. Со загинувањето на Крас, Триумвиратот се распаднал. Всушност, во сојуз останале само двајца моќни луѓе, и тоа- Цезар и Помпеј. Меѓутоа, и меѓу нив односите се заладиле. Во натамошниот временски тек, дојде и до отворен судир меѓу нив. Едни од познатите битки во граѓанската војна биле битките меѓу Цезар и Помпеј. Во тие битки Македонија претставувала арена на крвави судири.

По освојувањето на Галија, Цезар настојувал да стане господар со неограничена власт во Римската империја. Во 48-та година пред Христос, Цезар со својата војска доаѓа во Италија и без големи тешкотии го зазема Рим. Помпеј со своето семејство го напуштил Рим и побегнал во правец на Исток. Од пристаништето Бриндизи се префрлил во Македонија.

Судирот меѓу Помпеј и Цезар најпрвин се случил во Драч. Сувоземната војска на Помпеј целата зима ја минала во Верија (Бер). Пролетта (48 г.) Цезар се истоварил со шест легии и 600 коњаници во Епир кај Орикон, во Валонскиот залив. Тие области Цезар брзо ги освоил.

Пристаништето Драч било за Помпеј воен центар со голема воена моќ. Цезар, пак, не ја поседувал таа моќ. И покрај тоа, распоредот на воените сили за одлучна битка биле поставени меѓу реките Гентусус (Шкумба) која тече паралелно со Апсус (Семени) и градот Драч. Во првиот судир Помпеј му задал пораз на Цезар. Цезаровите легионери со Помпеовите војски се судриле непосредно кај Драч. На бојното поле во овој судир останале 1.000 Цезарови војници, меѓу кои биле и неговите најдобри борци.

БИТКАТА КАЈ ФАРСАЛА.- Со претходниот пораз кај Драч, Цезар се повлекол кон Аполонија. Со цел да го оневозможи натамошното продирање на Помпеј, Цезар преземал активни акции. За да го спречи Сципион кој доаѓал од Солун за да му пружи помош на Помпеј под команда на Гнаеус Домитиус Калвинус, бил зафатен патот Егнатија. Од друга страна, Помпеј за тоа време се упатил со својата војска во Пела по патот Егнатиа, а од таму се упатил кон југ, а Сципион преминувајќи преку Халиакмон стигнал во Лариса каде се сретнал со Помпеј. Недалеку од нив се наоѓал Цезар. Тој се улогорил на планинското плато кое се наоѓало крај планината Отрис и реката Пенеј, чија притока е реката Енипеус (Ферсалити), на чиј лев брег подигал логор. На десниот брег, пак, од наведената река се наоѓал улогорен Помпеј со своите седум легии (47.000 војници) и со 7.000 коњи. Со ист број на војници, бил и Цезар.

Самата местоположба на теренот не дозволувала можност на теренот да се распоредат 22.000 војници на бојното поле. Покрај тоа, Помпеј располагал со доволно храна, на Цезар му недостасувала храна.

Битката кај Фарсала се одиграла на 9 август 48- та година пред Христос, на истото место каде пред 200 години Рим го започнал освојувањето на источните народи. Се раскажува дека Цезар им дал заповед на своите војници да ја нападнат непријателската коњица в лице (faciem feri). Во битката кај Фарсала Помпеевата војска претрпела страшен пораз уште со првиот налет. Кога Помпеј видел дека неговите трупи се повлекуваат преку реката, тој на коњ побегнал кон морето, користејќи брод за да го спаси својот живот, оставајќи ја војската обезглавена. На бојното поле лежеле 15.000 мртви и ранети војници. Цезар не изгубил ни 200 војници.[4] На вториот ден остатокот од 20.000 војници на Помпеј го положиле оружјето. Само мал број војници и офицери спас нашле во планинските предели.

После оваа сјајна победа сите територии и градови кои беа под Помпеевата власт преминала под власта на Цезар. После смртта на Цезар, неговото дело го продолжиле неговите најблиски соработници, и тоа- војсководците Марко Антоние и Лепид, па младиот посинок на Цезар- Октавијан. Под притисок на народното собрание на 43- та година пред Христос е образован 'Вториот триумвират'. Триумвирите спровеле нови проскрипции, ги победиле привржаниците на републиканското уредување и меѓусебно ја поделиле државата. На тој начин, Лепид ја управувал Африка, а пак Антоние ги управувал теритириите на Исток. Меѓутоа, Антоние самоволно управувал со овие земји. Тоа довело до војна и во битката кај 'ртот Акциј,

[4] Овде постои несовпаѓање на загинатите- дури само едните да удирале, соодносот не бил/е можен.

на западениот брег на Грција и во 31- та година пред Христос, била победена Антониевата војска.

И во овие судири на Римската војска, Македонија и Епир биле терен каде се воделе крвави борби и населението било изложено на своевидни насилија.

5. ТРАКИЈА И ПРВИТЕ НЕЈЗИНИ ЖИТЕЛИ

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА.- Територијата на денешна Бугарија и Румелија, заедно со Егејскиот брег, што се граничи на север со реката Дунав, на запад со реката Струма, како и на исток со Црноморскиот брег, ја сочинувале теритиријата на Тракија.

На територијата на Тракија беа населени повеќе племиња, како Одрисите, кои беа населени околу брегот на реката Хебрус (Марица), потоа Сатри- населени на планината Родопи и живееја на нејзините непристапни места. На врвот на една планина се наоѓало светилиште на Дионис (Бах), кој бил чувар и заштитник на племето Беси. Подоцна името Беси се однесувало на сите племиња на тоа подрачје.

Поважни градови во Тракија биле Бесапара (Басќикара) главниот град на Бесите. Потоа, Ускудама, Филиполис, Бизие (Виза), Византиум, Перинтус (Ерегли), Селимбрија (Селимори), Орестиа (Адрианпол) и др.

Главна река е Марица, која носеше назив Хебрус, со својата притока Ергинес (Ергине).

НАРОД И ЈАЗИК.- Од трачкиот народ водат потекло Гетите и Дачаните. Тие беа настанети на левата страна на реката Дунав.Во IV век пред Христос, Гетите образувале едно моќно кралство околу долниот тек на Дунав, во денешна Добруџа.

Трачаните се ородуваа со блиските со нив- Илири. Нивниот јазик би требало да биде сличен на јазикот на потомците на Илирите- денешниот Албанци. Така, на пример, се смета дека името на племето Сатри доѓа од зборот Satër чие значење во албанскиот јазик (како и во романскиот) е нож. Тукидид ги именуваше Сатрите со зборот Μαχαιρφόροι, што треба да значи- носач на сабја. Името на племето Беси доаѓа од зборот-беса,кој на албански јазик значи- вера (верност на одржаниот збор). Името на реката Дунара (Дунав) доаѓа од зборот Дана = Ада и Вре или Ре = албански облак, или тој што прави облак. Гркот, Самоникас името на реката Дунареа (Дунав)го означуваше со иметоΝεφελοφόρος што има значење-'носител на облаци".

Satër=сатор-сотрува[а=о]; Сотер- сотри; беса=беса; вера=вера; Дунав- дуни...

„Еве уште некои имиња за кои се смета дека се од трачко потекло:Brar=брат; Pair=татко; Volo=крадец (лопов); Pur и Pyr=оган; Dava=колонија- село; Davo=селенес; Dala=крава, теле; Dent=заб; Devo=господ Бог; Duro=снажен; Zura=вода; Tzurulo-Zerolo=злоба; Stru=истечува; Kenth=љуби ме; Ketri=четири; Gar=планина.

Од албанскиот- јазик водат потекло и името на некои предели и провинции, како- Далмациа која доаѓа од зборот Delmë=овца, односно земја на овчари (во албанскиот јазик зборот Delmë и Делмаре, Dëlmuare=овчари); Dardania=земја богати со насади на круши (во албански јазик Darda=значи круша); Codrio=брег, тумба и оттука- Scodra=планински град и тн.". (Далмат=доламата до Далматика: в-н-т, Р.И.)[5]

Дарданија не била земја со круши-само едно: Дардан=дар дан- тн.словенски.

„ОБИЧАИ.- Некои интересни односи кај Трачаните со своја карактеристичност се забележителни. Таткото на историјата- Херодот вели дека Трачаните биле најброен народ на светот после Индијците. Меѓутоа, тие живееја секогаш во ка-

[5] Признавам само истогласно: а=а, б=б, в=в..., никако описно или преносно, што е само произволно.

раници и раздор. Доколу би имале еден господар кој би ги водел би станале толку моќни што би биле непобедици“.

Тоа што пишел Херодот за Траките, денес се однесува само за тн.Словени.

„Трачаните се занимаваа, главно со земјоделство. Меѓутоа, тие се занимаваа и со лов, војна, како и биле оддадени на пљачка. Покрај тоа, тие одгледуваа и винова лоза. Затоа биле прочуени пијаници. Нивниот прославен бог, бил богот Бах. Во пијанството тие се биеја еден со друг со пехари во кои пиеле вино.

Мажите живееле со повеќе жени. Кога сопругот умирал со него се погребувала и неговата фаворизирана сопруга. Девојките, односно ќерките, биле предмет на продажба на странци. Родителите им дозволувале на своите ќерки да се движат со кои и да е маж, но кога истите станувале жени тогаш строгоста на мажите била мошне изразена.

Кога се раѓало дете, неговите родители и роднини го дочекувале со плачење и тажење оплакувајќи ги неговите страдања и тегоби што го очекуваат во животот. Трачаните веруваа во бесмртноста на душата. Мртвите беа спалувани, но понекогаш и закопувани. При погребувањето на мртовецот приредувале веселби, радувајќи се на неговиот спас од маки и страдања. Притоа приредувале и двобои во чест на мртовецот.

Кај Трачаните, но исто така и кај блиските за нив Илири, присутна била појавата да го тетовираат телото.

Националниот бог на Трачаните бил богот Сабазиус. Кај Грците, пак, тој се викал Дионис, додека кај Римјаните Бах. Неговиот храм се наоѓал на планината Родопи. Се чини дека планината Хем (Балкан) била границата до каде се протегала римската власт. Понатаму од Родопските планини престојуваа многу трачки племиња. Меѓу најпознатите трачки племиња било племето Одриси. Тоа племе се одликувало со својата моќ и влијание. Тие биле распространети на јужниот дел на Црноморскиот брег. Нивниот кнез Котис му пружил значајна помош на македонскиот владетел Персеј во борба против Римјаните.

За да ги заштити границите на Македонија од постојаните напади на трачките племиња кои влегуваа во Македонија, римјанинот Лукулус извршил поход против трачките племиња и успеал да го покори поголемиот дел на Тракија. Само Бесите кои беа расположени во непристапните планински предели останаа независни. Не било покорено, исто така, и племето Бастри. Ова трачко племе било расположено на просторот меѓу планината Хем (Балкан) и реката- Дунав. Со својата агресивност тие често пати упаѓале во Тракија, која во тоа време, била покорена од Римјаните и им нанесувала штета и неспокој на римските власти.

Заради честите упади на Бастрите во Тракија, во 29- та година пред Христос, гувернаторот на Македонија презел акција против нив. Преминувајќи ја планината Хем, тој ги поразил при што им нанел големи загуби. Наредната година Бастрите се дигнале на востание против Римјаните. Но, востанието било крваво задушено и нивното кралство е претворено во римска провинција.

Трачките племиња честопати се дигаа на востание против римската власт. Така, за време на владеењето на римскиот цар Тиберие, бројни трачки племиња се дигнаа на востание. Витешкиот племенски род = Беси, за да ги сочува своите верски обичаи и племенски одлики, се дигнал на востание под раководство на еден негов свештеник. Востаничкото движење на Бесите било уперено и против одрински-

те кнезови, кои во тоа време биле римски вазали. Еден кнез бил убиен, додека друг бил прогонет.

Во 16- та година пред Христос против Бесите бил испратен Луциус Писо,кој се претпоставува дека бил најстар гувернатор на Мезија. Побунетите биле наоружани според римскиот систем. После крвавото задушување на востанието, Писо успеал потполно да ја покори Тракија. После тоа Тракија била смирена, но не за долго време. Трачките племиња неможејќи да ја поднесат римската власт се дигнале на востание (во 19- та година, потоа во 21- та година после Христос) но и тие востанија биле задушени во крв.

Дури во 46- та година после Христа, Тракија била прогласена за римска провинција.

6. ДАКИЈА И ПРВИТЕ НЕЈЗИНИ ЖИТЕЛИ

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА.- Романија, вклучувајќи го во тој состав Банат, дел на Унгарија, Трансилванија и Источна Галиција заедно со Буковина, ја обрзуваат земјата- Дакија.

Од 500-та година пред Христос, Трансилванија, планинските предели на Романија и Молдавија биле населени со народ познат со името Агатирши. Рамничарските делови на Романија биле населени со Скити, додека во дел на денешна Бугарија и Добруџа биле населени Гетите.

Главен град на Дакија бил Сармисегетуса кој бил седиште на Дакија и денес е познат со името Градиште. Расположен е на реката Хацегу. Други градови беа: Поролиснум (Можград) крај кој е откриен убав амфитеатар; потоа, Потаиса (Турда), па Тибискум (Карансебеш), Циерна (Одшова) кој е расположен покрај реката Црна и тн.

НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДАЧАНИТЕ. ОБИЧАИ И ЈАЗИК.- Дачаните и Гетите биле две гранки на еден ист народ. Страбон веруваше дека тие зборуваат ист јазик. И едните и другите водат потекло од големото семејство- Трачани.

Под името Дачани овој народ е познат од половината на стариот век пред Христос. Пред тоа тие биле познати со името Агатирши.

Со оглед на тоа што Дачаните поблиску се одродуваа со Трачаните тие го зборуваат јазикот, кој по секоја прилика, бил близок на илирскот. Од нивниот јазик се сочувани 51 име на растенија, како на пример: VLES штир (стратор), BUDALLA = воловски јазик, DIN = коприва, KYKOLIDA = кукавична трева, OLMA = бозје итн. Исто така, сочувани се околу 150 имиња на лица кои завршуваат со наставката- POR, додека другите започнуваат со наставката MUCA, како PETOPOR, NATOPOR, PIEPOR, MUCATER, MUCA- SENUS, MUCATRALIS, MUCANIS итн. Покрај тоа, сочувани се 68 имиња на дачко- гегски градови, од кои- 23 од нив ја имаат наставката DAVA“.

Толкувањата не биле истогласно- само произволно: BUDALLA=BUDALLA.

„Обичаите кај Дачаните се одликуваа, со речиси, исти особености, како тие кај Гетите. Според тоа, Дачаните се одликуваат со гостољубивост. Се плашеа од боговите. Тие се одликуваа и со јунаштво. Смртта ја презираа. Со своите соседи секогаш биле во војна.

Жените кај Дачаните биле совршени вредни домаќинки. Своите населби тие ги обврзуваа во планинските предели. Куќите по селата им биле изградени од дрвен материјал, покривот покриен со трска. Обично дворовите пред куќата и просто-

рот околу куќата биле заградени и уредени. Во градовите, пак, куќите биле градени од тврд материјал и имале повеќе простории (одаи) и биле солидно изградени.

Населението најмногу се занимавало со земјоделство и сточарство.

Носијата кај Дачаните се состоела од некои долги чакшири кои се спуштале се до колената, еден појас, елек со ракави, одозгора се носел кожув. Се обувале во опинци. Машките кои припаѓаа на сиромашниот слој биле гологлави и се викале SAPILLATI или SOMATI; племството носело капи и се викаа PITOFORI или PILAETI. Обично, носеле брада и долга коса.

Женскиот свет, пак со својата носија се одликувал со посебна карактеристичност. Тие носеле долг конопов фустан, а одозгора носеле покусо елече, исто така, изработени од коноп. На рацете носеле бронзени нараквици. Богатиот слој носел ракавици изработени од скапоцени метали. Основно занимање на Дачаните било земјоделството и сточарството. Покрај тоа, тие одгледувале и винова лоза, а се занимавале со пчеларство. Карактеристично за Дачаните е одгледувањето коњи. Македонскиот крал Филип II, купил од нив 20.000 коњи со цел да ја регенерира коњската раса во неговото кралство.

Дачаните биле многубожци. Тие го славеле богот Залмоксис, кој бил врховен бог. Исто така, познат бил и богот Марте. Дачаните верувале и во некои помали боженства.

Дачаните својот бог Залмоксис го идентификувале со Сонцето. Кога на небото се појавуваа молњи и грмотевици тие стрелаа во правец на небото за да се разведри. Исто така, и доколку се наоблачело стрелале за да се појави сонцето и небото да се разведри. Дачаните се молеле и на реките.

Пред да тргнат во воени акции, Дачаните оделе покрај некоја поголема река, обично Дунав, од каде земале вода за да се напијат од реката, колнејќи се во неа со цел успешно да се заврши воената акција која ја презеле, односно нема да се вратат назад додека не го победат противникот.

Во богот Залмоксис веруваа и Ктиштите. Припадниците на ова племе не јаделе месо. Карактеристично кај припадниците на ова племе е што живееле во целибат. Нив Дачаните ги викале Пелишти.

ПОЗНАТИОТ ДАЧКИ КРАЛ БУРВИСТА И СВЕШТЕНИКОТ ДЕЦЕНЕУ.- Дачаните во прво време биле разделени на повеќе племиња. Меѓусебната нетрпеливост не им давала можност и основа да бидат единствени и силни како народ. Во 50-тата година пред Христос, кралот Бурвиста одлучлил да ги соедини сите племиња и да образува едно силно кралство. Во таа негова намера ја добил помошта од првосвештеникот Деценеу, чии совети биле прифатени од народот како Божји аманет. Според неговите совети сите лозја биле уништени од причина што пијанчењето попримило широки размереи. Неговиот совет едногласно бил прифатен од Дачаните и тие биле спасени од тој порок.

Под раководство на крал Бурвиста, моќната Гето- дачка војска го преминала Дунав и се упатила кон Црно Море, притоа пустошејќи ги грчките градови на црноморскиот брег. И во други случаи Бурвиста ги пустошел римските провинции од десната страна на реката Дунав.

Во 44- та година пред Христос, Бурвиста умрел. По неговата смрт караниците меѓу Гето-дачките племиња повторно се појавиле што имале за последица слабеење на нивната моќ.

РИМСКО- ДАЧКИ ВОЈНИ.- Во своите освојувачки походи, Римјаните го запоседнале целиот природно- географски простор од реката Сава и Дунав, долж целиот слив до устието на Дунав во Црно Море. За да се одбранат од постојаните упади на Дачаните во Мезија, тие граделе утврдувања.

Римскиот војсководец Гнеус Лентулус ја преминал реката Дунав во 9- та година пред Христос и стигнал до Мureш, нанесувајќи им страшен пораз на Дачаните. Преку 50.000 Дачани се одведени во Тракија како пленици. Педесет години подоцна уште 100.000 Дачани со семејствата се доведени како заробеници во Тракија.

За време на владеењето на Домицијан (81-96 г. после Христос) Дачаните претставувале мошне голема закана за Римјаните. Нивниот крал Децебал ги соединал сите дачки племиња и образувал силна војска. Ги зајакнал градските тврдини и ја организирал војската според војниот систем на Римјаните. Со вака организирана војска ја поминал реката Дунав и во 86 година после Христа ја победил римската војска. Во таа битка командантот на римската војска Опиус Сабинус бил убиен. При тоа, целата провинција Мезија била опустошена, а голем број на градови и тврдини биле заземени од Дачаните. Меѓу Римјаните и Дачаните во време на владеењето на Децебал имало повеќе судири. Во битката кај Тапе- крај реката Темиш, во Банат, Дачаните претрпеле страшен пораз. Тогаш била заземена и престолнината на Децебал- Сармисегетуса.[6] Децебал и покрај претрпениот пораз успеал да ја зајакне својата власт, да создаде бројна војска и повторно да поведе војна против Римјаните.

7. ВОЈНИТЕ НА ТРАЈАН СО ДЕЦЕБАЛ

ПОДГОТОВКИ И ВОЈНИ.- Особени промени во римската надворешна политика настанала за време на владеењето на Трајан. Забележително е тоа што од времето на Август римската политика и спрема Исток и спрема Запад била дефанзивна. Владеењето на Трајан (98- 117 година после Христа) се карактеризира со широки офанзивни операции на Римјаните. За таа цел, биле преземени активности за подготвување и реализирање на предвидените акции. За транспорт на своите војски преку Дунав, Трајан го изградил прочуениот пат Виа Трајан. Преку реката Дунав изградил мост меѓу Костолац (порано тој град носел име Понтес) и Турну Северин (порано овој град се викал Друбета). Овој потфат бил завршен во 104 година.

На тоа место се наоѓа прочуената Трајанова табла со одбран текст (Tabula Traiana). (Траи=Трај=Трајан=трај ан: траи=трај; ав-ан-ат=в-н-т=тн.словенско, Р.И.)

Во првиот судир меѓу Трајан и Децебал што се одиграл во 101 година кај местото Берсобиа (денес- Жировин), Дачаните биле разбиени. При тоа, тие го напуштиле бојното поле. После претрпениот пораз, Децебал барал да се склучи мир под мошне неповолни услови. Меѓутоа, Трајан не ги прифатил тие барања.

Во почетокот на 102 година дошло до нова битка меѓу Трајан и Децебал во местото Таре, каде пред 13 години, Римјаните предводени од Тетиус Јулианус победиле. Во оваа битка двете страни претрпеле знатни загуби. Имало толку ранети војници што немало завои за преврски на ранетите. Многу римски војници паднале во заробеништво кај Дачаните. Но, Трајан успеал да ја зароби сестрата на Децебал и да го освои главниот град Сармисегетуса. Тогаш Децебал бил принуден да бара мир, обврзувајќи се дека повеќе нема да војува против Римјаните.После оваа битка,

[6] Сармисегетуса=сарм и се гетус а: сарм=Сармати и се гету с: гету=гети=Гети- битолски гети=гети.

Трајан се вратил во Рим каде бил пречекан со големи почести. Во таа прилика бил наречен Трајан- Дачки.

И покрај прифатените услови со кои Децебал се обврзал дека нема да војува против Римјаните, истиот не се придржувал на тој договор. Наспроти тоа, Децебал со својата војска ја преминал реката Дунав и ги пустошел римските провинции од десната страна на Дунав. На местото Никопол била разбиена Децебаловата војска. Иста судбина доживеала и другата група на Децебаловите војници кај месноста Црна Вода. Заради тоа, Трајан се подготвувал за војна со цел потполно да го совлада Децебал и да го реши прашањето на односот на Дачаните кон нив. Пролетта, 105 година моќна римска војска ја преминала реката Дунав преку мостот кај Турну Северин и триумфално се нашла пред Сармисегетуса. Децебал молел за мир, но Трајан го одбил. За да не паднат во рацете на Римјаните живи Дечаните одлучиле да го запалат градот, а потоа да се самоубијат. Покрај, племството се самоубил и Децебал. Во 107 година Дачаните конечно подпаднале под Римската власт.

ТРАЈАНОВИОТ ТРИУМФ.- Со зададениот пораз на Дачаните, Трајан стекнал невидена слава и почит. Во негова чест е изграден градот Никополис, покрај реката Јантра. Остатоци од овој град и денес се забележуваат на тоа место. Основан е и градот Марчианополис, според името на сестрата на Трајан- Марчиа. Кај Адам Клиси во Добруџа е подигнат еден споменик висок 32 м. со дијамертар од 30 м на кој се втиснати скулптури со елементи од војната во Дакија.Исто така,римскиот народ во Рим во негова чест му подигнал монументален споменик Columina Traiana, висок 106 стапки, составен од 29 големи мермерни плочи, на кои релјефно се претставени историски настани поврзани со војувањето на Трајан со Дачаните.

ДАКИЈА- РИМСКА ПРОВИНЦИЈА.- во периодот од 107- 112 година после Христос, Дакија станала римска провинција. Од некогашното дачко население во Дакија, многу загинало во војната, а повеќе се населило надвор од Дакија. За да се зголеми бројот на населението, Римјаните вршеле населување на Дакија со свои колонисти, пополнувајќи ги испразнетите градови и села со ново население. Во Трансилванија, во Темишвар и Банат се создадени над 70 градови. Во нив биле изградени храмови, палати, бањи, театри.Се граделе патишта кои се сочувани долго време. За кратко време Дакија станала развиена римска провинција. Разни скулптури, руинирани палати, храмови, златен и сребрен накит и предмети откриени при археолошкитете ископувања ја потврдуваат епохата на римското владеење во Дакија.

ДАКИЈА ПОД РИМСКА ВЛАСТ.- За време на владеењето на Антоние Пиул (138- 161) Дакија доживеала свој посебен развој. Изградени биле патишта, градовите добиле своја убавина, со нивниот стопански развиток во нив цутел живот. Се граделе споменици, градежни објекти, храмови.

За време на Марко Аурелиј (161- 180) продолжил стопанскиот живот на Дакија. Но, во даденото време Дакија станала предмет на напади на Маркоманите и други варварски племиња, кои вршеле напади и пљачкање на земјата. Во тоа време биле одведени како робови 200.000 жители. Но, откако бил склучен мир тие биле ослободени. И за време на владењето на Септимие Север (192- 211), Дакија го продолжувала својот економски развој.

Во натамошниот општествено- економски развиток, во периодот на III век, Дакија била предмет на напади и пљачки од страна на Готските племиња. Во 255 година Маркоманите повторно ја нападнаа Дакија, така да во 271 година царот

Аурелиан бил принуден да ја повлече војската заедно со бројни колонисти преку Дунав.

Во основа, од крајот на II век после Христос и низ целиот III век, во Римската држава биле присутни војнички метежи и побуни, со мали прекиди, речиси, непрекинато. Пограничните легии од разните краеви ги прогласувале своите заповедници за императори. За сенатот во Рим никој не водел сметка. Главниот столб на власта била војската. Со помош на војската, властољубивите офицери го заснивале и подржувале својот деспотизам, своето краткотрајно неограничено владеење. Такви биле приликите и во провинцијата Дакија.

8. РОМАНИЗАЦИЈА НА БАЛКАНСКОТО ПОЛУОСТРОВО

Римското културно влијание делувало силно. Најмногу на надворешната страна на животот со разнородни провинциски одлики, а помалку на суштината на внатрешниот живот, пред сè, на мислата, чуствата, верувањето и слично. Тоа пред сè се однесува на градското население. Наспроти тоа, по селата секогаш остануваа старите разлики и подвоености на народностите, говорните особености, но и начинот на живеењето.

Романизацијата го зафатила и природно- географскиот простор на Балканскиот Полуостров“.

Римјаните говореле варварски и пелазгиски (Дионисиј)- без романизација.

„ДАЛМАЦИЈА.- Далмација е една од најизразените провинција која била под удар на романизацијата. Уште 150 година пред Христос, трговските врски меѓу Италија и Далмација биле мошне развиени. Италските трговци отворале складишта во главните пристаништа и прометни места, како во Далмација, исто така и во Истра, Босна, и пред овие подрачја да подпаднат под римска власт. За време на Републиката во Далмација биле присутни римски трговски колонии во такви размери што за последица имало големо ширење на римското влијание на овие простори. Исто така, понатаму и за време на судирите меѓу Помпеј и Цезар, тие колонии одиграле голема улога.

Во 35- та година Римјаните презеле една сериозна воена акција против староседелскиот елемент на тие подрачја, почнувајќи од Дукља (Црна Гора) се до Риека. Окако била освоена Риека, Цезар се упатил кон Панонија каде им задал удар на побунетите племиња на тие простори. Цезар поведе акција и против Далмација. Во текот на 34- та и 33- та година пред Христос побунетите Далмати биле смирени. Со тоа, процесот на ширењето на римското влијание во Далмација продолжило и во наредните векови после Христос. Приморските градови во Далмација и Истра,како: Тергесте (Трст), потоа Пола (Пула), Жадер (Задар), Салоне, Нарон, стекнале право на римски градови. Римјаните на овие подрачја го ширеле своето образование и установи, особено во градовите, со помош на доселеници од Италија, пред сè, со трговци и занатчии, како и преку своите војнички посади. Тие на овие простори граделе патишта и утврдувања, пронаоѓале лековити извори и подигале бањи, отворале рудници и тн. Се развивале градовите. По изгледот на Рим и на овие простори се настојувало да се подигнат форуми, виадукти, палати и тн. Откриените археолошки локалитети најубаво ги расветлуваат тие достигања на Римјаните во Далмација, Истра, Босна, Дукља. Од сите остатоци на тој простор најпрочуена е Диоклецијановата палата кај Сплит.

Сето тоа, зборува за размерите што ги зафатила романизацијата на староседелското население на тие природно- географски простори на Балканскиот Полуостров“.

Со латинскиот јазик како ненароден јазик не можело да има латинизирање.

„ТРАКИЈА.- Во Тракија романизацијата на староседелското население зафатила незначителни размери. Грчките колонии расположени на Црноморското крајбрежје имале за последица да ја шират елинизацијата во внатрешноста на Тракија. Од друга страна, контактите со Македонија, каде елинизмот се наоѓал во расцут, имало влијание и врз ширењето на грчката култура на штета на римската култура која доаѓала од пределите на Далмација и Дукља. За размерите што ги зафатил елинизмот на овие простори зборува и фактот што римските градови- Никоополе и Марчинополе биле организирани по углед на грчките градови. Исто така, и римското племство настанато во Тракија се наоѓало под силно влијание на елинската култура и цивилизација. За тоа зборуваат и следните наоди: скоро сите натписи откриени на оваа територија се пишувани на грчки јазик“.

Жителите во Елада говореле само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик

Па тн.грчки јазик (коине) бил Александријски и Птоломеев јазик-300 г.п.н.е.

„Извесни резултати на планот на романизацијата на староседелското население имало за време на владеењето на царот Максимилијан. Во споменатото време, трачките племиња, а пред сѐ Бесите кои биле населени во планинските предели на Родопите, целосно биле романизирани. Христијанизацијата на Бесите била извршена на латински јазик. Во тој прилог зборува и фактот што римскиот цар Лео Трачанинот (457) потекнувал од Бесите“.

Христијански јазик бил коине, а тек потоа и латински. Бидејќи тие биле ненародни јазици, со нив народот не можел да се латинизира туку само образованите.

„ДОЛНА МЕЗИЈА (Moesia Inferior).- Со романизацијата била зафатена и Долна Мезија (го зафаќала просторот на дел од Бугарија меѓу Балкан и Дунав). Римјаните биле населени во воени логори кај Новае (Шиштов), Дуросторум (Силистра), Троесмис (Итлица). На споменатите места тие се стабилизирале, образувале свои колонии. Градовите ги подигнувале според италијански систем. Такви се некогашните градови-Улпиа Ратиарија,Улпиа Оескус(во устието на реката Оескус-Искра), потоа- Новае, Никополе, Троесмис и тн. Населението во тие подрачја било на ниво на културата на Римјаните од тој период. Императорот Трајан подигнал еден висок споменик кај Адам Клиси кој бил посветен на победата на Римјаните во Добруџа над Дачаните.

Колку било големо влијанието на Римјаните во тие подрачја на Балканскиот Полуостров, зборуваат бројните натписи и предмети откриени во археолошките локалитети на денешна Бугарија. Така, познат археолошки локалитет е откриен крај Татар- Пазарџик, кој и денес се споменува како ‘Трајанов град’, потоа на планината Балкан е познат теснецот со името ‘Трајанова врата’ и тн.

До соаѓањето на Словените на овие прострори, за време на владеењето на царот Фока (602- 610), романскиот елемент со Трачаните и Илирите го сочинувал мнозинското население на северните страни према Дунав“.

Народот говорел варварски=пелазгиски=тн.словенски- без латинизирање.

За преселби нема материјален доказ/наод- на Балканот донесен само коноп.

На Балканот не е донесено растение, животно,кола,дел од кола...-баш ништо

„ГОРНА МЕЗИЈА (Moesia Superior).- Србија заедно со Панонија биле територите, кои по Далмација, биле најповеќе зафатени со романизацијата во Источното Римско царство. Панонија била освоена после три експедиции на царот Тиберие (12-10-та година пред Христос) и присоединета на илирската провинција

За време на императорскиот режим, Панонија претставувала најмоќен воен и политички центар во империјата. Римските логори во Панонија имале големо значење околу Дунав. Римската цивилизација и култура се ширела од воениот логор на Поетовио (Петан).

Целиот десен брег на реката Дунав во денешна Србија и нејзината внатрешност биле романизирани. Во 271- та година царот Аурелиан преместувајќи ја војската и бројните колонии од Дакија на десната страна од Дунав, створил основа за зголемување на римскиот елемент на тие простори. Новодојдените колонии биле населени меѓу реката Вид и Чибрица. Новоосвоените подрачја биле наречени Дакија Аурелиана. Бројни траги на археолошките локалитети кои се откриени на територијата на денешна Србија богата со бројни археолошки експонати, ја потврдуваат поставката за широките размери на романизацијата што ја зафатила Горна Мезија во тоа време. Белградскиот музеј, како и останатите музеи ширум денешна Србија богати со бројни археолошки експонати зборуваат за длабоките корени што ги имале Римјаните на овие простори. Така, планината што ја дели Србија од Бугарија се вика Власина, понатаму, притоката на Морава носи име Власина[7] и тн.

Од романизираниот елемент од Мезија водат потекло Константие и неговиот син Константин Велики, чие родно место е Наисус (Ниш), потоа, Јован од Сингдунум. Од римскиот елемент од Дакија Аурелиана водат потекло Леон I, Јустин I и Јустиниан Велики. Царевите Трајанус Дециус и Пробус водат потекло од Панонија, Клаудие од Дарданија, Аурелиан од Мезија, додека Галериус потекнува од Сердика (Софија).(Уистин=вистин;истин=ист ин;в + ист=вист-а=биста=б иста,Р.И.)

За широките размери што ги зафатила романизацијата на овие територии, зборуваат и следните наоди; дури и пред освојувањето на Дакија (106 г.) илирските провинции Далмација, Средишна Панонија и Горна Мезија биле, во голема мера, романизирани. На тој начин тие подрачја дадоа еден добар дел од колонистите со кои се колонизираше Дакија“.

Никако немало романизација со латински јазик кој не бил народен јазик.

Прискус (5 век) пиши: Панонците го „говореле својот варварски јазик“.

„ИЛИРИЈА.- Провинцијата Илирија, од 27- та година пред Христос, според волјата на диктаророт Цезар ја зафаќаше цела Далмација се до реката Дрина и имала свој гувернатор. Покрај тоа, под Илирија подпаѓале и територите на Панонија, како и пределите меѓу Балкан (Хем) и Дунав. Дури и Тракија се наоѓала под воена заштита на гувернаторот на Илирија. Во провинцијата Илирија биле стационирани воени легии, а во другите области надвор од Илирија постоеле помали одделенија кои биле ставени во одбрана на тие подрачја. Од 12- та година оваа провинција била поделена на три дела, при тоа била формирана провинцијата Мезија со самостоен гувернатор. Во Илирија останала војската во градовите- Керка и Цетина. Староседелското население во Илирија и Панонија често пати дигало востание против Римјаните. Кога во 6- та година после Христос се дигнало востание во Панонија, востанале и Илирите. Тие востанија биле задушени со крв.

[7] Власина=власин а- 100% варварски=тн.словенски. Па влакната се власина- влаи, власи, влачи...

Процесот на романизација на илирскиот елемент не зафаќал широки размери, како што бил случајот со одделни трачки племиња“.

Како објаснување стои: „**X**. Ј.Аргинтеану е контрадикторен. Еднаш зборува за големи размереи на романизација во илирските провинции, од каде подоцна се вршело колонизирање на Дакија, а потоа самиот се негира, тврдејќи дека илирскиот елемент не бил широко зафатен со романизација.

Вакви контрадиктирани тврдења впрочем исполуваат скоро сите научни работници кои ја обработуваат романизацијата како процес“.

Немало романизација од Римјаните со тн.словенски јазик- службен латински

„МАКЕДОНИЈА.-Пред да биде освоена од Римјаните, Македонија била пространа земја. Филип V и Фламиниус изгубиле доста време додека се сретнале на полето Линкестис (Пелагонија). Кога Македонија станала римска провинција, во составот на Македонија биле опфатени- Тесалија и Епир и овие области биле одвоени од Ахаја (Грција). Границите на Македонија се протегале од јужниот дел на Тесалија до реката Нестос (Места), од устието на реката Аоус (Војуса) се до реката Дрим. Римјаните настојувале оваа земја да ја романизираат уште од почетокот по нејзиното освојување. Во врска со тоа, Цезар испратил во Македонија бројни свои колонисти. Една римска колонија е образувана кај Филипи, создал една моќна земјоделска и воена колонија која носела име- Августова колонија (Colonia Augusta Julia Philippi). После освојувањето на овие предели од Филипи до Драма, создал еден пространа департмент, кој опфаќал повеќе римски села и градови, чиј административен центар бил градот Филипи. Кај Неаполе, пристаништето на градот Филипи (денешна Кавала) се населиле и некои славни римски семејства. Во прилог на оваа поставка зборуваат и откртиените предмети во археолошките локалитети чиј натписи ги потврдуваат наведените мислења. Една римска колонија е создадена на половина час северно од Превеза.

Градовите на Тесалија располагаа со потполна автономија дадена од Цезар. Некои римски владетели, пак, им ги скратуваа тие привилегии. Така, Октавиан им ги скратил привлегиите на сите, освен на Фарсала, каде таа автономија била загарантирана. Градот Стоби бил еден мунципиј- Municipium Stobenseum.

Историските извори и литература ја потврдуваат поставката според која постоењето на романизација на староседелското население на овие простори била присутна. Во врска со тоа зборуваат бројни археолошки ископини откриени во Епир, Тесалија и Македонија, кои датираат од даденото време. Сето тоа зборува за присуството на римската култура и цивилизација што на одреден начин укажува за римското влијание врз староседелското население и нивно романизирање“.

Следи објаснување: „**XI**. Уште едно погрешно толкување. Романизацијата не може да се процени врз основ на археолошките откритија. За да се тврди дека е извршена промена на некој јазик преди се неопходно е да се познава стариот јазик па после во негова споредба со говорниот јазик може да се изведуваат заклучоци, дали има или не промени под влијание на некој друг наметнат јазик. Секое тврдење за било каква промена на античкиот македонски јазик под влијание на латинскиот јазик во услови ако не се познава античкиот македонски јазик е апсурдно“.

„ВИА ЕГНАТИА.- За време на владењето со Балканскиот Полуостров Римјаните оставиле бројни траги со што се потврдува нивната улога врз развојот на стопанските и општествените односи на овие простори.Едни од најзначајните акти-

вности што ги извршиле Римјаните во Македонија биле активностите на планот на изградбата на патната мрежа, а во прв ред на патот Виа Егнатиа. Со овој пат се поврзувале Италија, односно Апенинскиот со Балканскиот Полуостров. Целта на изградбата на оваа значајна сообраќајница била полесен транспорт на војската и производите во Македонија, како и на целиот Балкански Полуостров и обратно.

Патот Виа Егнатиа ги поврзува Драч на Јадранско Море со Солун на Егејско Море. Според тоа, Виа Егнатиа тргнува од Драч и минува низ градовите- Скампа (Елбасан)- Лихнидус (Охрид)- Никеја- Хераклеа (Битола)-Аегеа или Едеса (Воден)- Пела (Јаница)- Солун. Покасно тој пат продолжувал во правец на Константинопол (Цариград), минувајќи преку градовите- Амфиполис (Неохорис)- Неаполис (Кавала)- Кипсела (Ипсала)- Сирачале (Малгара)- Перинтус (Ергели)- Селембриа (Селимври)- Бизантиум (Цариград).

Од Драч и Солун постоеле, исто така, патишта кој се протегале покрај морскиот брег и воделе кон Делфи каде се спојувале, а од таму продолжувал еден единствен пат за Атина. Покрај тоа, еден крак од патот Виа Егнатиа, започнувал во Хераклеа Лингестис (Битола), а потоа одел на север кон Стоби. Во тоа време Стоби преставувал втор, по значење град, после Солун во провинцијата Македонија.

9. ЕЛИНИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

ЕЛИНИЗМОТ ДО РИМСКОТО ОСВОЈУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА.- Во Македонија чисти грчки колонии немало, освен крајбрежните делови на Егејското Море. Наспроти тоа, македонско население од дамнина живеело на просторот меѓу Вардар и Струма.

Грчки колонии имало и во пристанишните градови на Јадранскиот брег, пред сè во Драч, Аполонија, каде што низ определениот временски след цутела нивната трговија.

На балканските простори живееле повеќе етнички народи. На западниот и северниот дел на балканскиот простор биле Илирите, на источните делови живееле Трачаните. Сите тие негрчки народи се наоѓале под влијание на елинската култура и цивилизација и тоа од најстарите времиња. Забележително е и тоа што жителите кои живееле во градовите,дури од времето на владеењето на македонските кралеви, се воспитувале во елински дух. Нивните принципи, всушност, мошне силно го поттикнувале хеленизмот. Александар Велики бил обожавател и еден од најголемите заштитници на хеленската култура. Вишата класа- богатите го употребувале грчкиот јазик и при зборувањето и во пишувањето. На монетите биле втиснати одредени натписи на грчки јазик. Пред доаѓањето на Римјаните на овие простори- Воден и Солун биле целосно грцизирани градови, кои имале сопствена организација и автономија. Дури и во III век после Христос македонските градови издавале монети со ликот на Александар Велики“. (Македонски- само во римско време Велики, Р.И.)

Во Илијада постоела Тракија,а Херодот ја внел Илирија-без етнички народи.

Службен кај Архелај и Филип Македонски бил јонски- коине од 300 г.п.н.е.

„ЕЛИНИЗМОТ ВО ВРЕМЕТО НА РИМСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА.- Со освојувањето на Македонија од страна на Римјаните и зацврстувањето на нивната власт на грчкиот југ, влијанието на римската култура немало негативен одраз врз опстанокот на грчкиот јазик и култура. Во тој прилог зборува и односот на гркофилот Фламиниј кој ја прокламирал слободата на Грците на игрите кај Истам. Грчкиот јазик и култура биле ценети од страна на Римјаните. Грчкиот и ла-

тинскиот јазик се изучувале дури и во Шпанија. Декретите наменети за грчките земји биле пишувани на грчки јазик. Од причина што жителите на тие простори биле под мошне силно влијание на панхеленизмот, се случувало чистите римски колонии да бидат елинизирани. Иако во одделни градови, како Кавала, живееле чисти латински семејства, во нив бил присутен грчкиот дух и култура, што се забележува од натписите на одделни предмети во археолошките локалитети откриени на тие простори. И монетите издавани во времето на римското владеење, на своите натписи носеле грчки букви. На патот Виа Егнатиа означените растојанија се обележувале со соодветни ознаки на поставените патокази, истите биле пишувани на грчки јазик. Такви примери се забележуваат од време на владеењето на Марко Аурелие Пиу и некои други или пак, во градот Никополе подигнал споменик со грчки натпис.

Според тоа, елинизмот во Македонија зафатил толку длабоки корени што имало за последица развивање на силно влијание и врз Трачаните, заради што многу од нив низ определениот временски период биле грцизирани".

Па коине (тн.грчки) не бил еладски туку македонски јазик на Птоломеите.

Коине и латински не била народни јазици за со коинска и латинска култура.

СЛОВЕНИТЕ И РОМАНСКИОТ ЕЛЕМЕНТ НА БАЛКАНСКОТО ПОЛУОСТРОВО

„1. ПОЛОЖБАТА НА РОМАНСКИОТ ЕЛЕМЕНТ ДО ДОАЃАЊЕ НА ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ

ХРИСТИЈАНСТВОТО КАЈ РОМАНИТЕ.- Од населувањето на римските колонисти од Трајановата Дакија јужно од реката Дунав, па сè до доселување на Јужните Словени на Балканскиот Полуостров (V-VII век), на територијата на Источна Европа се случиле два крупни настана: преместувањето на царската престолнина од Рим во Константинопол (Цариград) во 323 година и прогласување на христијанската вера за државна-официјална вера за време на цар Константин (313 година).

И пред спомнатата дата многу Романи биле христијани, меѓутоа, тајно ја проповедале новата- христијанска вера. Во 313 година цар Константин го поставил крстот на орловското место на знамето за да ја озваничи и легализира слободната вероисповед на новата христијанска вера.Многу луѓе веќе биле христијани. Според тоа, и многу луѓе од Дакија тајно ја проповедале христијанската вера пред да биде освоена земјата од Трајан, односно биде зацврстена Дакија Аурелиана.

Може да се каже дека во IV век голем број на поданици во Римското Царство ја проповедале христијанската вера. Романскиот елемент претежно бил населен во северните делови на Балканскиот Полуостров (Бугарија, Србија, Косово), заради што на тие простори биле образувани бројни епископати, како на пример: во Dorostorium (Силистра), Rataria (Арчер Паланка), потоа во Tropaios (Адам Клиси), Novae (Шиштов), Serdica (Софија), Nausus (Ниш), Marcianopole (Преслав), Singidunum (Белград) и тн.

Многу од епископите пишувале и проповедале на латински јазик. Така, Јосиф бил епископ во Тропаиос, Ауксенцин во Силистра, Паладин во Арчер Паланка, Урсачу во Белград и тн. Епископот Никита од Рамесиана (близу Ниш) бил еден од истакнатите латински писатели. На конгресот во 431 година, свикан од император-

от Теодосие II против патријархот- еретикот Нестор, зеле учество четири епископи од Мезија и Тракија.

Христијанизацијата на просторот на Балканскиот Полуостров во тоа време продре толку длабоко сред романскиот елемент што имаше свое влијание врз формирањето на силно чуство и однос кон христијанските принципи и норми во животот, што било предуслов да се зачува терминологијата на латинската црква. Така, сред Армн Македонците и денес се зачувани зборовите- Domnidzâ (Dominus Deus)= Господ Бог, потоа, Sâmtu= свети; 40-sâmtsi- 40- мученици; Sum Chetru, Aiul Petru= Свети Петар; Sum Medru= Свети Димитрија-Митровден; Sum Georgi=Свети Ѓорѓија -Ѓурѓов- ден; Stâ Maria = Свети Богородица (Света Марија); Signi (Signum) = ден кога се истакнуваат знамиња на водици. Во влашкиот јазик овој христијански празник- Водици (Богојавление) носи адекватно име кое го означува самиот чин Patigiune (Крстовение) и тн.Исто така, зборот црква, во армн македонски јазик = bisearica (basilica) има латинска форма и значење, понатаму-crutse (crucem) = крст; Dumânica ден во недела со значење= недела; oraciune- orotorem = храм, светилиште; pâreasinj = quadragessima = пост (Божиќни-Велигденски); colinde = colendae = коледе; Rusalii - Pasca Rosarum; mârmint-monument = споменик и тн. слично; сите тие зборови се остатоци од терминологијата на латинската црква, а и ден- денес се присатни во влашкиот јазик. (Бисерика=б [в] исерика=и серика=срика=црка + в = црква, Р.И.)

Власите континуирано го слушале латинскиот јазик во своите цркви, дури и после населувањето на Јужните Словени преку Дунав на овие балкански простори. Тоа се зачувало се до 864 година, кога бугарскиот крал Борис бил покрстен. Во 534 година импертаторот Јустинијан оснивал нов латински епископат во Tauresium (Прокупје).[8] Епископатот носел назив- Архиепископат на Јустинијана Прима. Во VII век, после доселувањето на Јужните Словени на територијата на Балканскиот Полуостров престолот на овој епископсат бил преместен во Солун. Латинскиот епископ во Солун беше именуван: Папски викар за Македонија, Епир, Илирија, Тесалија, Дакија, Мезија и Превалис“.

Латинскиот јазик не бил народен- и затоа не можело да има латинизирање.

Бидејќи од Скитија бил донесен само конопот, немало словенски преселби.

Секој оној кој пронајде материјален доказ/наод е за Нобелова награда и др.

За Х.Ц.Велс, во жилите на Константин и Јустинијан течела словенска крв.

Под Јустинијан бил папата. Ватикан во 750 година направил фалсификат во име на Константин Велики- за примат на папата. Па имало мноштво кривотворења.

„Односот на романизираните староседелци кон новата христијанска вера бил отсекогаш правилен и оттука всаденото христијанско чуство оставило длабоки траги во нивните души“.

Римјаните говореле варварски и пелазгиски (Дионисиј)- без романизирање.

„ОРГАНИЗИЗАЦИЈА НА ИСТОЧНОТО РИМСКО ЦАРСТВО.- Константин Велики ја поделил Римската империја на четири големи префектури, и тоа:

1. Исток- провинција која се протегала од Црно Море до реката Нил и од Трачките планини сè до реката Еуфрат;

2. Илирија- провинција која се протегала од Панонија- на север и допирала сè до Крит- на југ. Имало две дијацези: дијацезата- Дакија (во која спаѓаа: Дакија Рипенсис, Дакија Медитерана, Дарданија, Превалис, Горна Мезија) и дијацезата-

[8] Јустинијан бил од Таор- до Скопје. Неговиот татко се викал Исток. Сè негово било тн.словенско.

Македонија (во која спаѓаа:Македонија Прима, Македонија Секунда, Епирус Ветус, Епирус Нова, Ахаја и Тесалија);

3. Италија; и

4. Галија, во чиј состав беа опфатени Британија и Шпанија.

Со извршената поделба на царството,Тракија била поделена на повеќе провинции, и тоа; Тракија со главен град Филипополе, Хаеми Монтус со главниот град Адријанополе, Европа со градот Хераклеа или Перистус, Родопи со градот Аенос, Мезија Секунда со градот Марчианополис(Преслав) и Скитија инфериор(Добруџа).

ОДБРАНБЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ИСТОЧНОТО РИМСКО ЦАРСТВО ОД ВАРВАРСКИТЕ НАПАДИ.- Источното Римско царство било изложено на постојани напади од варварските племиња. Затоа, царот Јустинијан (527-565) заради заштита на своето царство од нападите на варварите изградил бројни тврдини и утврдувања на одделни планински предели на целото подрачје- територија на државата. Покрај тоа, и од десната страна на реката Дунав изградил доста утврдувања и тврдини, околу 80, и во внатрешноста над 500 тврдини.

Во своето родно место Тауресиум, Јустинијан ја обновил старата тврдина Ведеријана, а околу градот биле изградени цврсти бедеми. Таму го основал градот Јустинијана Прима, потоа, Улпиана (Липљан)- стар град наречен Јустинијана Секунда. Недалеку од тоа место го изградил градот Јустинијанополе. Исто така, биле обновени и градовите- Фотича, Никополе и Фоника во областа Епир. Во планините на планинските премини меѓу Илирија и Грција биле изградени утврдувања, потоа, биле обновени бедемите околу блиските стари градови Хераклеа и Хирополе.

Во својата активност усмерена за заштита на Царството, Јустинијан ги обновил и градовите Диоклецијанополе и Касторија, а исто така и градовите Фарсала, Метрополе, Гомфи, Трикала, изградувајќи околу нив дебели ѕидишта со сите заштитни елементи. Исти заштитни одбрамбени елементи и мерки извршил и при закрепнувањето на градовите Лариса и Цезареа. На устието на реката Рекиус, покрај Солун го обновил градот Артемисиум. („реката Рекиус“: река=реки..., Р.И.)

Во сите наведени дејности на територијата на Епир и Албанија, биле обновени или основани 95 градови, во Македонија биле обновени или новоизградени- 46 градови, во Тесалија- 7 обновени градови, во Дарданија биле обновени или изградени 69 градови и тн. Меѓу другите, во Епир биле обновени следните градови: Гемен, Скемити, Санктус, Сабинус, Писчини, Пилеон (Peleum, Pleasa), Паретиумете и други. Во Албанија, пак, новоизградени или обновени градови беа следните: Олбус, Чионин, Алгус, Кастина, Генсус (Скумби) и тн.

Во Македонија новоизградени градови, меѓу другите, биле и следните: Кандида, Богаз, Неаполе, Гентиан. Лимнеа. Во Дарданија, пак, беа изградени градовите -Кастелум, Викторија, а обновени беа следните: Тирбуре (Дубрулие), Бела, Мулата, Келириана, Усиана, Бесиана, Кусинес, Валесина, Лабутица. На подрачјето на Сердика (Софиска област) без изградени следните градови: Скупион, Стенес, Романиана, Скарес, Касиа, Луцуло, Спелунга, Логијана, Липофантана, Кастелонова, Флорентиана, Скептекасас и тн.“.

Мноштво тн.словенски поими:Дардан(=дар дан)...Бела, Мулата...Усиана, Бесиана, Кусинес... дури а=женски род. Ова било и подоцна: Ирена (+ м = Мирена...), Ана Комнена...Василеус=Василевс + ки = Василевски- царица василиса=василица.

Иустиниан=и уст ин ан-вистина: уста=иста + в (б) в(б)иста;Прокоп=про коп.

„РОМАНИЗМОТ И ХЕЛЕНИЗМОТ СРЕД СТАРОСЕДЕЛСКОТО БАЛКАНСКО НАСЕЛЕНИЕ.- Сè до владеењето на византискиот император Фока (602-610), латинскиот јазик бил државен јазик во земјата. Со тој јазик се служеле црквата, а исто така, и војската. Грчкиот писател Прискус кој бил испратен како амбасадор на Атиловиот двор во V век, ни соопштува дека латинскиот јазик бил официјален и во домашна употреба, односно дека на тој јазик се зборувало насекаде во земјата“.

Прискус пиши готски, хунски, варварски и латински. Готскиот бил на Готите, хунскиот на Хуните и варварскиот- тој бил на домороците. Таков јазик говорел ...Платон... Тој бил само тн.словенски. Бидејќи не се наведува коине (тн.грчки), на Балканот никогаш немало друг народ-само домордците со варварски=тн.словенски.

„Во 579 година византиската армија испратена против Аварите се дала на бекство, што еден војник гледајќи го товарот на една мазга како се преврнува се обратил до сопственикот на добитокот со зборовите: ‘Torna, torna fratra’, со значење: ‘Се сврти товарот, брате, се сврти’. Забележително е тоа, што тие зборови изговорени од односниот војник, сите останати војници ги разбрале“.

Се пишело само на коине и латински,никако на пелазгиски- јазик на Платон.

„Меѓутоа, заради определени цели на властодржците на Источното Римско царство била фаворизирана мошне силно елинската култура и цивилизација, а со тоа грчкиот јазик и грчката наука. Дури и Константин Велики при градбата на градот Константинопол поставил мермерна плоча на која натписот посветен на овој град бил напишан на грчки јазик. Во наредните векови грчкиот јазик станал официјален јазик на византиската држава“.

Јазикот и културата не биле на Платон туку коине...Сè само од Александрија

„ФОРМИРАЊЕ НА РОМАНСКИОТ И АРМН МАКЕДОНСКИ (ВЛАШКИ) ЈАЗИК.- Романскиот и влашкиот јазик припаѓаат на романската група на јазици. Во Дакија, како и внатрешноста на Балканскиот Полуостров овој јазик го донеле директно чистите римски колонисти. Под нивното влијание староседелското тракоилирско население се романизирало. Според тоа, тие го прифатиле нивниот јазик и сите зборувале еден ист јазик- народен вулгарен јазик на римските колонисти, кој уште од V век, содржи бројни јазични феномени кои ги наоѓаме и во јазикот на денешните Романци, односно Армн Македонците. Така, имињата на некои стари тврдини и дворци во областа на Сердика (Софија) ги содржат следните зборови: stanes = stane = живеалиште, scares = скала, casia-casa = куќа, spelunga = пештера; lupufantana = волчји извор; septecases = седумкуќно место и тн.[9]

Армн Македонците го имаат сочувано до денес нечепнат зборот со своја определена смисла ‘Tornâ’ и ‘Râstornâ’. Зборот ‘Toarnâ’ се употребува кога товарот од натоварениот добиток започнува, однодно како да е подготвен да падне; додека зборот ‘Râstoarnâ’ кога товарот веќе е подготвен, скоро да падне, или веќе паднал.[10]

Така на територијата на Балканскиот Полуостров романскиот и армн македонски јазик се формирал уште во текот на IV-VI век. Кога Јужните Словени се населиле на овие простори, наместо Римјаните нашле Романци и Армн Македонци, и наместо пагани како што беа доселениците, наидоа на христијани Романци и Армн Македонци“.

---

[9] Па бидејќи толкувањето не е истогласно Сердика=Сердика и Софија=Софија, тоа е произволно.

[10] Тоарна + в = товарна; Растоарна + в = растоварна. Овие поими се 100% македонски- тн.словенски.

За Романците и Армн Македонците дека постоеле нема-ло никаков доказ:

Дионисиј Халикарнишки, кој во Рим живеел во 1 век н.е., пиши, Римјаните говореле варварски и пелазгиски.Значи, само тн.словенски-латински денес е мртов.

„**2. НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ЈУЖНО ОД ДУНАВ**

ВРЕМЕТО НА НИВНОТО ДОАЃАЊЕ.- Старите Словени ја населувале пространата низина околу реките Висла, Дњепар, Горна Волга, сè до северните брегови на Црно Море“.

Романија била 100% словенска. Ниеден автор не употребувал поим Словени.

„За реконструкцијата на најстарата историја на Словените користени се податоци кои за нив ги оставиле старите грчки, римски, византиски, арапски и други писатели (Херодот, Плиние Постариот, Тацит, Прокопие, Маврикие, Ибрахим Ибн Јакуп и други). Меѓутоа, овие податоци не се доволни. Затоа науката се служи и со други методи за истражување на историјата на старите Словени. На прво место доаѓаат археолошките ископувања“.

Херодот, Тукидид,Платон...Прокопиј...не знаеле за живисуштества Словени.

„Во својата стара татковина Словените се замимавале со земјоделство, сточарство, лов и риболов. Земјоделието им било примитивно. На тие природно- географски простори Словените живееле во родовско општествено уредување.

Заради низ фактори, а пред сè поради продорот на Хунските племиња, доаѓа до големо померување на многу племиња дотогаш населени северно од Азовското Море, Црно Море и Долниот Дунав, меѓу кои биле и словенските племиња, кои во интервалот меѓу V и VII век започнале да се селат. Особен интензитет словенската преселба на територијата на Балканскиот Полуостров добива за време на владеењето на Јустинијан.За време на владеењето на Фока (602-610) и Хераклиј (610-651), Дунав го преминала голема словенска маса што не можеле да бидат вратени назад. Со тоа, тие се населиле во Мезија, Македонија, дури до Грција“.

Фока бил полуварварин-еден родител Склавин,другиот род на Јустинијанин.

„ДАЛИ СЕ СЛОВЕНИТЕ АВТОХТОНИ ЖИТЕЛИ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ.- Некои историчари ја негираат преселбата на Словените од Заткарпатите на овие балкански простори. Тие сметаат дека Словените се автохтони жители на Балканскиот Полуостров, дури и пред доаѓањето на Христос. Трачаните ги сметаат за чисти Словени. Еден Дубровачки поет напишал и поема за ‘Србинот Александар Велики’. За докажување на оваа своја теза истите се служат со некои филолошки особености на одделни јазични изрази, кои ги користат како аргументи. Така, ‘Пелагонија’, според нивното толкување доаѓа од зборот ‘Пољанин’, односно жител на рамничарски предели; потоа, зборот ‘Беси’ доаѓа од зборот ‘Бес’- демон, ‘Долонки’ доаѓа од зборот- ‘Долинец’ т.е. жител кој живее во долина, а пак, зборот ‘Мужени’, доаѓа од зборот- Мужени- т.е. мажи. Понатаму, името на престолнината на Бесите- ‘Ускудана’ доаѓа од зборовите- Уска (тесна) и дома (куќа) и оттаму и зборот Ускудама, потоа, зборот Црна- реката во Македонија доаѓа од зборот Црна (боја). Βυλαζόρα (Вилазира) доаѓа од зборот- бела, убава и- зора = аурора, што би требало да (Велес) значи- град со убави зраци. Сите наведени толкувања на дадените поими се неодрживи,бидејќи немаат никаква основа за аргументирано докажување на тие ставови.За Βυλαζόρα (Вилазора)- сите историчари се едногласни дека има илирско потекло. Во албанскиот јазик зборот ‘Ора’ значи мост.И Турците овој град го нарекле ‘Киприли’ со значење град со мост преку река (Вардар)“.

Поимот Карпати не бил словенски туку егејски- постои острово Карпатос.

Авторот инаку не кажа. Βυλαζόρα била илирско- Илир синоним на Словен.

Велес бил тн.словенски бог, поврзано со името Власи. Албанија на Кавказ.

„ОБИЧАИ И ВЕРУВАЊЕ КАЈ СЛОВЕНИТЕ.- Населувањето на Словените на територијата на Балканскиот Полуостров претставува еден мошне сложен и долготраен процес. Така, до средината на VII век, овие балкански простори биле населени со бројни словенски племиња од Соча и Јадран- на запад, па се до Црно Море на исток и спрема југ до бреговите на Егејското Море. Словенските маси не доаѓале на овие балкански простори одеднаш во исти правци, ниту потекнувале од исти области. Тие воделе потекло од разни краишта на старата татковина и носеле разни имиња. На пример, словенските племиња во Македонија биле познати со следните имиња: Брсјаци (Берегизити), Драгувити, Струмјани, Смолјани и тн.“.

Па на Балканот и во сета Европа не биле познати живисуштества Словени.

Преселбите биле само од југ кон север-со ДНК оддалеченост од југ на север.

До денес на Балканот семејствата се повеќечлени-на него најдобра плодност

„Словените и по нивното доселување на Балканскиот Полуостров како што е наведено, живееле во родовско- племенски односи. Родот, во основа го сочинувале повеќе сродни семејни заедници- задруги. Приватни простори се уште немало. Земјата за обработка, пасиштата, како и ловиштата припаѓале на родот, а зградата, стоката и се друго, на задругата како целина. Со задругата управувал најстариот член- домаќинот. Тој ја организирал работата во задругата. Домаќинот, воедно ја претставувал својата задруга. Повеќе сродни задруги сочинувале братство. Секое братство имало старешина кој се викал челник. Неколку братства сочинувале племе, кое не морало да се заснива на крвно сродство. Старешината на племето се викал жупан на чие чело, како што е наведено стоел жупан. Жупата имала свое седиште- град.

Словените кога војувале, повеќе користеле пешадија, отколку коњаница. Нивното оружје се состоело од секира, меч и боздоган, потоа располагале со отровни стрели, а исто така и штит“.

Скитските простори биле коњарски- тн.Словени само балкански домородци.

„Словените верувале во многу богови. Верувањето кај Словените било многубожно. Според тоа, во словенската митологија се забележувал дуалистички поглед на светот, што се гледа од имињата на боговите, како Бел- бог, Црн- бог; Дајбог, Зли-бог. Врховен бог бил Перун- бог на сонцето и господар на молњата, потоа на смртта, Радгост- бог заштитник на гостите. Верувале во самовилите и вампириваркулаци“. (На Балканот не се славел Перун туку Зевс. Следи Перун=Зевс, Р.И.)

Перун го славеле и Етрурците. Тие и Русите пишеле со руни- и Перун Перу.

Склавините=тн.Словени верувале во Хорс, кој во Индија бил Кришна и Египет Хорус. Со исти обележја бил и Исус Христос. Како што Склавините=Повеќебожците се христијанизирале,тие станувале Римјани (Ромејци)=Христијани-без Армн.

„Словените верувале во натприродни сили. Сметале дека на небото постојат три региони, и тоа: Небете- регионот на облаците, Рајот- регионот на среќата и Модрен- воздушниот простор и утринските ѕвезди.

БУГАРИ.- Пределите меѓу Долниот Дунав и балканските планини биле населени со повеќе словенски племиња, кои од кон крајот на VI и почеокот на VII век го преминале Дунав. Во нивното соседство се сместиле Бугарите. Тие се сточарско-

номадско племе од монголско потекло. Нивната пратататковина била територијата меѓу реките Дон и Волга. Според името на реката Волга, се претпоставува дека го добиле името Бугари. Меѓу Бугарите и Словените, според тоа постои голема разлика. На чело на Бугарите стоел хаган (кан) кој бил опкружен со воинствена дружина.

Според едни извори првото навлегување на Бугарите на територијата на Балканскиот Полуостров настанало некаде во 485 година, за време на владеењето на царот Зенон Исаурик. За време на владеењето на цар Јустинијан, околу 530 година доаѓа до повторно продирање на Бугарите но биле разбиени и вратени преку Дунав. Во 635 година за време на владеењето на Хераклиј бугарскиот кнез Кубрат успеал да ги обедини бугарските племиња. Ханот Аспарух ја победил византиската војска во 679 година, присилувајќи го византискиот цар да им остапи земја меѓу Дунав и Балканските планини. Така, при крајот на VII век во северно- источниот дел на Балканскиот Полуостров ја формирал Бугарската држава. Затеченото словенски родовско благородништво влегло во составот на бугарската војна аристократија, која управувала со поедини области и стекнала големи воени победи. Со текот на времето Бугарите се претопиле во словенските маси, но формирале своја нација- бугарска. При тоа, тие го изгубиле својот јазик- прифаќајќи го словенскиот како свој, задржувајќи го само името- Бугари.

НЕШТО ЗА ОБИЧАИТЕ КАЈ БУГАРИТЕ И НИВНОТО ПОКРСТУВАЊЕ.- Пред покрстувањето Бугарите припаѓале на исламската вероисповед. Тие, всушност припаѓале во потполност на друг народ и друга вера. И додека Словените припаѓаа на ариевскиот род и биле сродни на Германите, Латинците, Грците, Трачаните и Келтите, дотогаш Бугарите припаѓале на Финскиот род и како такви тие биле повеќе сродни со Татарите,Хуните и Турците.(Бугарите=Татарите повеќебожци, Р.И.)

Бугарите, без сомнение, во почетокот биле примитивни. Тие немале постојани живеалишта.Живееле номадски живот, скитајќи низ руските степи. Се хранеле со неварено млеко и живо- непечено, односно неварено месо. Од черепите на убиените непријатели правеле пехари за пиење. Бугарите живееле со повеќе жени, држејќи ги истите во харем, како што бил обичај кај Турците. Мажите и жените носеле шалвари, мажите на глава носеле турбан (чалма), додека жените на лицето ставале вел. Кога би се разболел некој од нив му давале каменчиња да ги пороголта да би оздравил. Мртвите тела Бугарите ги палеле, кога умирале благородници ги закопувале заедно со нивните сопруги кои претходно биле убивани, а во одделни случаеви и живи закопувани. Постоел обичај според кој пред почетокот на некоја војна акција Бугарите приредувале посебни свечености, вршејќи при тоа, одредени вражбини. Заробениците биле убивани, или пак, осакатувани, со сечење на раце, носот, ушите и слично.[11]

При склучување на определен договор со спротивната страна се заколнувале пред западната сабја во земја образувајќи се на строго извршување на предевидените мерки. После тоа, следувало колење на едно куче и тоа претставувало опомена на спротивната страна према која доколку го раскине договорот ќе треба да следи сурова казна.

Господарот носел назив- кан. Советот, пак, бил составен од шест благородници кои одлучувале за определени прашања. Во такви односи се одвивал општествениот и економско- политичкиот живот на бугарското општество.

[11] Овде наведените обичаи не биле само бугарски=татарски- повеќебожни, и исламски и балкански.

На дворот се забележувале одредени азијатски обичаи. Гостите биле на дистанца од канот кога седнувале на маса да јадат. Тие, во такви случаи, или јаделе лежејќи на земја, или пак стоејќи простум. Овој народ при стопанска размена меѓу луѓето, таа размена ја вршел во натура, бидејќи сè уште немал ковани пари како платежно средство. Бугарското судство било варварско. За скоро никакви престапи се изрекувале сурови казни. Смртните казни често пати се примененувала врз сторителите на казниви дела.

ПОВЛЕКУВАЊЕ НА РОМАНИТЕ ПРЕД СЛОВЕНСКАТА НАЕЗДА.- Населувањето на Словените на територијата на Балканскиот Полуостров се изврши во периодот меѓу V и VII век.Во основа,процесот на населување на Словените на овие балкански простори се одвивал во одредени фази и со различен интензитет. Веќе за време на владеењето на Јустин I тие извршиле силен напад на Империјата, а од првите години на Јустинијновото владеење словенските племиња, во заедница со Бугарите, започнале сè повеќе да навлегуваат и трајно да се населуваат на Балканскиот Полуостров. Според тоа, во текот на VII век, Словените го преплавиле Балканскиот Полуостров до Јадран, до Егејско Море и до Коринсткиот залив“.

Авторот не наведе ниеден материјален доказ/наод за преселби на Словенитие северно од реката со себе на Балканот ништо не донеле: растение, животно, кола, дел од кола, колце, дел од колце, сад- че, паричка и било што. Па тие биле лага.

„Се поставува прашањето: Каква била судбината на староседелското население со доселувањето на Словените на овие природно- географски простори ?

Со доселувањето на Словените и Бугарите на територијата на Балканскиот Полуостров влашкиот елемент се повлекол на планинските предели, но најголем дел од нив се повлекол кон југ на Полуостровот во Македонија, Тесалија, Епир. Секако, на тие простори суштествувало романизирано население, кое всушност, било автохтоно но со доселувањето на овие мигрантски групи, се засилувал и освежувал тамошниот состав на влашкото население. Власите, пак, од Долна Мезија (Moesia Inferior)- денешна Бугарија, се повлекле на планината Хем (Балкан), додека Власите од Дачката дијацеза- Diaceza Dacia (денешна Србија) која ги зафаќала подрачјата на Дакија Рипенсис, Дакија Медитерана, Дарданија, Праевалис, и Горна Мезија, се спуштиле во Дијацезата Македонија, која ги опфаќала во својот состав- Македонија, Тесалија, Епир и денешна Грција“.

Бидејќи Балканот воглавно бил планински, на него би морало да има мнозинство Власи, а малцинство авторови Словени.Состојбата била само обратна, Власите како овчари биле на повисоките предели. Па затоа тие немале големо значење.

„Заради продорот на Аварите и Словените во 627 година кои извршиле вистинска инвазија до бреговите, ставен е во движење романскиот елемент од Далмација. Дел од тамошниот романски елемент се преселува на југ, во Македонија, додека останатиот дел останал на тие простори, но се повлекол во планинските предели на Далмација и Херцеговина. Според тоа, видлива е состојбата и односите, според кои, во текот на VII век, настанало најголемо преместување на романскиот елемент од северниот дел кон јужниот дел на Балканскиот Полуостров. Наместо староседелците тие простори ги зафатиле Словените, населувајќи се трајно на нив, и како такви, навлегле како клин разделувајќи ги Армн Македонците со нивните собраќа кои се настанати во јужните делови на Карпатските планини и во Влашката низина до реката Дунав“.

Аварите биле Монголи. Кога тие дошле на Пелопонез, таму Склавините ги нашле- тие биле домородци.Како тие се христијанизирале, тие станувале Римјани.[12]

„Според тоа, старите римски колонисти донесени од Италија населени во Македонија од времето на Паул Емилие се вклопиле во новите и силни романизирани маси истиснати од десниот брег на реките Сава и Дунав и оформиле еден ист народ Македо- Романи, односно Арман Македонци“.(Непознати во историјата,Р.И.)

Нема никаков материјален доказ/наод за преселби во Македонија- без Армн.

„Најверојатно низ наредните векови од различни фактори, а пред сè, заради наездата на варварските племиња и нивното преминување на реките Дунав и Сава, започнува и пустошењето на Византиската империја, а со тоа и до резретчување на влашкиот елемент на Балканот. Како што е наведено, во текот на времето до VII век доаѓа до конечно населување на Словените на тие простори што условило и делба на Романскиот народ. Со тоа, дел од нив останал во северните делови на Балканскиот Полуостров, а дел се повлекол кон јужниот негов дел (Македонија, Тесалија, Епир, Албанија). Во текот на XII и XV влашкиот елемент на овие простори бил многуброен“.

Романски народ на Балканот немало- Римјаните говореле само тн.словенски.

„КОИ СЕ ТИЕ ВЛАСИ И МОРАЛЦИ.- Кога императорот Каракала во 212 година им дал право на ‘римски граѓани’ на сите народи во сите земји на Имерија-та, без разлика на народносната припадност и вера, целиот дотогаш познат свет нив ги именувале со единствено име- Ромејци. Дури и самите Грци се викале ’Ρωμανοι (Ромеи), додека Грција била позната со името Ромеа. Според тоа, Романите од сите области на целиот балкански простори од најстари времиња меѓу себе биле познати по името Романи, односно Армни. Странците, а пред сè, Грците романизираното население го познавале под различни имиња до доаѓањето на Словените, како: Мезијци, Беси, Даки, или како номади. После доаѓањето на Словените на Балканот тие се познати со името Валахи, или Влахи, а тие во Далмација беа наречени Морлаци. Тоа име доаѓа од словенскиот збор ‘Море’ (влашки Маре) и ‘Влахи’- Романи, односно Романи од крајбрежието на морето, или приморски Романи- Власи“.

Граѓаните на Римската Империја Римјани=Ромејци, но не Армн Македонци.

Стои: „Според тоа, Романите од сите области на целиот балкански простори од најстари времиња меѓу себе биле познати по името Романи, односно Армни“.

Наведеното не е вистина, затоа што и сите авторови Словени биле само Римјани=Ромејци. Тоа биле и Еладците со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Кога Џорџ Фергусон Бовен, во 1849 година, ја посетил државата Елада, во неа имало само Ромејци- со главен град Константинопол- Власите биле гркомани...

Па Власите биле 100% само одродени тн.Словени- само со мешан јазик.

„Врз прашањето на зборот Влах има различни мислења.Сите романски историчари, како Хасдеу, Ончиу, Тоцилеску, се едногласни во тврдењето на една вистина дека зборот Валах кај Германите, односно Валах кај Словените се однесува на жители- народ од романско потекло, било да се Гали, било да се Италијани, или пак да се Романи. Во словенските документи, повеќе пати Италијаните се наречени со името Влахи“.

Wallach скопен пастув, а и според поранешното име на романски предел.[13]

---

[12] Ристо Ивановски, „Склавините=тн.Словени домородни на Пелопонес“, Битола, 2012 година.
[13] Horst Klien, Der Große Duden, VEB Bibliographisches Institut, Leipzig, 1971, стр. 530.

Само Влах=Влав=Влас, според Велес, словенски бог на рогатиот добиток.

„Во однос на зборот Морлах- Моралци, одделни извори зборуваат дека името на овие Власи по потекло од Далмација им доаѓа од црната волнена облека што истите ја носеле и оттука е сочувано името Морлак- Моралци, Грците со името Мауро Влахјос, во сите случаеви ги означувале- Црните Власи“.

Стојан Прибичевиќ,[14]на стр.223, пиши: „Посебна група сочинуваат Власите ...Во поодамнешните векови тие на запад биле познати како Морлаци, резултат на распад на Мауро- Власите или Црните Власи...“.[15]

Па се говори и за Мауро- Власи. Тие биле Црнци- поимот Влав бил за овчар.

„**3.БУГАРСКИ ЗЕМЈИ**

БОРИС (852-888).- Од инвазијата на Бугарите на овие балкански природно-географски простори, па сè до нивното покрстување, настанале серија крваво војни. Бугарското племство на Балканот воспоставило еден режим проследен со брутален терор непознат дотогаш на овие простори. Најпознатиот бугарски владетел познат со својата бруталност и варварство бил Крум.

Бугарите започнале да се цивилизираат откако биле покрстени, односно по нивното преминување на христијанството, за времето на владеењето на Цар Богор или Борис (852- 888). Тој застанал на царскиот престол во 852 година. Значајно е тоа што за времето на неговото владеење, Бугарите во 864 година, ја примиле христијанската вера. Всушност, прво тој се покрсти, а после него поголем дел од народот преминал во христијанската вера.

КИРИЛ И МЕТОДИ.- Христијанството сред словенското население е прифатено за време на владеењето на Борис и тоа не само во Македонија, туку и во Моравија и Панонија.Христијанството сред овие Словени го ширеле браќата Кирил и Методиј. По потекло биле од Солун. Татко им Леон заземал висок ранг во Солун.

Пред нивното заминување во Моравија браќата Кирил и Методиј извршиле подготовки за создавање на словенска азбука и писменост за да можат полесно да ја шират христијанската вера, бидејќи како Солунци го знаеле словенскиот односно старословенскиот јазик. (Не Словени туку Склавини-немало старословенски, Р.И.)

Кирил најпрво ја составил глаголицата, а потоа двајцата браќа припремале нужни богослужбени книги. Откако ги подготвиле потребните преводи Кирил и Методиј со група ученици отишле во Велика Моравија каде што ја започнале својата дејност во организирање просвета на словенски јазик кој што им бил разбирлив на Великоморавците.

Судбината на солунските браќа Кирил и Методиј била трагична. Гонети од германската власт и оклеветени од нивните противници, Кирил оди во Рим каде го затекнала смртта (869), а потоа умрел и Методиј (885).

Двајцата апостоли на словенската писменост и богослужба, со нивниот талент во познавањето на повеќе јазици, како: грчкиот, латинскиот, јазик на Хазарите, потоа словенскиот и високата култура што ја поседувале, со извонредното дело што тие го извршиле за словенскиот род во даденото време и простор, со нивната дејност во поврзувањето со Римската црква, може да се претпостави дека родовско-

---

[14] Стојан Прибичевиќ, Македонија нејзините луѓе и историја, Македонска книга, Скопје, 1990.

[15] Љубомир Кљакиќ, на стр. 117, пиши: ...староседелците Власи, кои самите се потомци на уште постарите ‘Мауровласи’; ‘Мауровласите’ се потомци на Маварските црнечки легии во служба на Римското Царство...“.

то потекло на Кирил и Методиј било латинско, од некогашните римски колонии во Солунското пристаниште“.

Солунските Браќа не биле Грци, никако со латинско потекло- латинско било/е предрско.Па тие биле само едно-Римјани (Ромејци). Тие не познавале Словени.

„ЦАР СИМЕОН (893-927).- На бугарскиот престол после смртта на цар Борис доаѓа Симеон. Како цар на Бугарите тој се одликувал со посебна енергичност. Престолнината на цар Симеон му била во Преслав (Марчианоплис). Била оддалечена од Шумен четири саати од (до денешно Ески Стамбул).

На Византијците им нанел тежок пораз кај локалитетот наречен Булгарофигос. Царската круна ја примил од Рим. Притоа тој ја зел титулата цар на Бугарија и автократор на Власите.

Симеон бил најголем бугарски цар.

ЦАР ПЕТАР (927-968).- Петар бил син на цар Симеон од неговата втора жена, сестра на благородникот Сурсубул. Додека бил малолетен, неговиот татко Симеон го доверил на воспитување кај вујко му Сурсубул. Под непосредно влијание на вујко му Сурсубул, Петар не стекнал некоја посебна моќ. По природа Петар бил мирољубив човек. Тој немал некоја сила да презема некоја експанзија врз соседните земји. Според тоа, забележителна е појавата во неговиот карактер која ја потврдува константацијата дека во неговите жили не течела татковата крв. Уште во почетокот на неговото владеење меѓу Бугарија и Византија бил склучен мир (927). Мировниот договор не ги засегнувал многу зафатените бугарски позиции во Македонија. Завладеаната територија од страна на бугарските цареви- Пресијан, Борис и Симеон, сега била официјално призната од страна на Византија за бугарска провинција. Од тој момент биле преземени ред мерки за да се претворат потчинетите Словени во послушни бугарски поданици.

Мировниот договор склучен меѓу Бугарија и Византија траел 40 години и тој е најдолг мирен период. Како и татко му и Петар царската круна ја примил од Рим. За време на неговото владеење христијанството во Бугарија попримило мошне широки размери. Од друга страна, во тоа време, силно се развил и аскетизмот сред масите во земјата. Оваа појава толку се раширила што немало планински пештери каде не престојувале аскети. Најпознат аскет бил Јон од Рил. Тој 20 години поминал во својата пештера, живеејќи аскетски живот сè до неговата смрт. На местото на неговата пештера е подигнат Рилски манстир.

БОГОМИЛСТВОТО.- За време на владеењето на цар Петар, паралелно со ширењето христијанството се појавува и нова вера, која содржела елементи од паганската и христијанска верописповед, познати под име БОГОМИЛСТВО. Богомилството, како движење, се ширело во поголем дел од балканските земји. Најголем развој богомилството достигнало во текот на XII до XIII век.

Тоа движење е познато со повеќе имиња, како: богомили, бабуни, патарени, манекеи. Центрите на овие движења се наоѓаа во Прилеп, Мелник, Бабуна (оттука и бабуни), Меглен и тн. Една Црква на богомилите се наоѓаше во околината на Костур, во Пиндските планини.

Богомилите верувале дека Господ-Бог имал два сина- едниот, поголемиот наречен Сатана, кој се дигнал против татка си; другиот, помалиот Михаил- идентификуван со Христос. Сатаната паѓајќи од небото ја создал земјата и целата природа што ги опкружува луѓето. Човекот е создаден од Сатаната и од Господ. Човечкото

тело е дело на Сатаната, додека душата е дело на Господ. Стариот тестамент го обврзува верникот да ја обожува Сатаната. Кога Михаил се исправил под името Христос, Сатаната бил фрлен во Тартар каде продолжила да чини понатаму зло. Враќањето на Христос е дело на ѓаолот. Иконите, моштите, светците, обредите се дело на Сатаната. Сатаната најпрво живеел во Ерусалимскиот храм, потоа во црквата Света Софија во Цариград. Богомилите постеле во деновите- понеделник, среда и петок. Тие ја учеле само молитвата 'Оче Наш'. (Икона + л = ликона=лик он а- слика, Р.И.)

Богомилското движење се проширило во сите земји на балканските простори- Рашка, Босна, за да подоцна се прошири во земјите на Западна Европа.

РУСИТЕ ВО БУГАРИЈА.- Во 967 година на брегот на реката Дунав се појавиле Русите предводени од кнезот Светислав со 10.000 војници. Бргу ја зазеле Силистра и се зацврстиле во Преславец (Малиот Преслав) покрај Дунав.

Во тоа време, меѓу византискиот цар Никифор Фока и бугарскиот цар Петар бил склучен сојуз со задача да се истераат Русите. Пролетта, 969 година Светислав се вратил назад во Русија, бидејќи Печенезите започнале да навлегуваат во неговата земја.

Меѓутоа, откако ги протерале Печенезите од Русија, летото истата година тие повторно ги спуштиле во Бугарија. Светислав во војната против Борис II, наследникот на Петар успеал да го заземе Преслав. Го освоил и Филипополе крунисувајќи ја со тоа својата победа.

Византискиот цар Никифор Фока бил убиен. На негово место на царскиот престол во Византија дошол Еременецот Цимиските. Тој водел војна со Светислав кај Адијанопол, нанесувајќи им пораз на Русите. Победникот Цимиските го нападнал и Преслав, и го натерал рускиот командант во бегство, притоа бил ослободен цар Борис II. Светислав бил затворен во Силистра каде бил под удар на Византијците три месеци. Русите биле принудени да се предадат, а потоа откако платиле за својата слобода им било овозможено да си заминат.

Со постигнатите победи на Цимиски, Борис II и бугарскиот патријарх од Силистра биле детронирани, а пак, Бугарија била присоединета кон Византија. Борис II бил принуден во црквата Света Софија во Цариград,- со свои раце да ја симне царската круна од главата, а кралската одежда од себе. Со тоа, после 293 година од воспоставувањето на царството од страна на Аспарух заврши еден период на царското владеење во Бугарија.

4. БУГАРО-ВЛАШКО ЦАРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

ЦАР ШИШМАН.- Во 963 година Шишман со четири свои синови- Давид, Арон, Мојсеј и Самуил се дигнале на востание против Петар. Како не успеале да го симнат од престолот се упатиле во Македонија каде живееле Словени и Власи. Таму образувале свое царство кое се одржало 55 години".

Таткото на Давид, Арон,Мојсеј и Самуил се викал само Никола,не Шишман.

Во Македонија никогаш немало Словени ниту Власи- Власите Москополе.

Власите како одродени тн.Словени ги имаат сите тн.словенски гласови...

„После смртта на Шишман на неговиот престол застанал Давид. Во една битка со Власите меѓу Костур и Преспа кај месноста 'Убави дабови' Давид бил убиен. Во тоа време Унгарците пет пати навлегле на територијата на Балканскиот Полуостров. Во тие акции Унгарците стигнале се до Тракија, пустошејќи ја земјата и носејќи се пред себе. Една Унгарска колонија се закрепнала близу до Охрид.

ЦАР САМУИЛ.- После смртта на Давид престолот го наследил неговиот брат Самуил. Тој владеел 40 години. Во 976 година Византискиот цар Цимиските умрел. Со неговата смрт, на византискиот престол дошле браќата Василие II и Константин VIII. Во тоа време во Азија војсководецот Барда Склер се побунил и се порогласил за император на Византија. Самуил ја искористил таа побуна и го проширил своето владение врз цела Македонија, Тесалија, Албанија и Епир. Неговата престолнина едно време била во Преспа, која денес не постои, а потоа ја преместил во Охрид. Царската круна Самуил ја примил од папата во Рим. Се оженил со Влаинка од Лариса". (Василие II Македонски; Самуил само се оженил во Лариса, Р.И.)

Балканот бил тн.византиски- римски=ромејски. Лариса била само ромејска.

„Византискиот цар Василие II, кој се заколнал уште од своето детство дека ќе делува на истребување на Бугарите, веднаш по смирувањето на состојбата на Царството во Азија, се упатил во правец према внатрешноста на земјата, кон Македонија. За овој византиски цар се прикажува дека бил мошне строг и живеел дисциплинирано. Не бил женет, во својата исхрана не употребувал месо, ниту алкохол (вино). После три преземени воени акции, најпосле успеал да го уништи Бугаро-Влашкото царство во Македонија. На 29 јули 1014 година стратегот на Филиполе, Никифор Ксифиас ја опседнал бугарската војска на планината Беласица, убивајќи голем број војници успеал да зароби 15.000. Василие II наредил да се ослепат заробените, само на секој стоти војник да му остави по едно око за да ги води кај Самуила, кој напуштајќи го бојното поле заминал во Прилеп. Кога Самуил ги видел унесреќените војници од јад, на 15 септември 1014 година, умрел.

Неспосредно после тоа се случило уште една битка крај дворецот, крај Вардар, каде биле убиени многу Евреи".

Поимот булгар бил општ: булгар=булг ар, булг=болг=волг=волк=Volk=фолк =полк (мноштво луѓе) до полка- народна (музика); бург=булг- тврдина со народ...

„Бугаро- Влашкото царство во Македонија" никогаш немало- тоа само лага.

„РОМАН И ВЛАДИСЛАВ.- По Цар Самуил престолот го наследил Габриел Роман, кого Бугарите го викале Габриел. Василие II во своите походи, сред зима стигнал во Македонија при што го запалил царскиот дворец во Бутолион (се мисли на Битола), а потоа по ред ги освоил градовите- Прилеп, Штип и Воден. Отако ги зазел тие места и краеви се упатил кон тврдините во Меглен и Нанта и ги зазел, нив ги бранел влашкиот командат Илица".

Само Ромејци, а никако Словени и Власи- Власите се одродени тн.Словени.

„Владислав ги убил својот братучед Роман и неговата сопруга. Василие II победоносно се упатил и стигнал до ѕидините на Охрид.

Во 1018 година Владислав, последниот бугарски цар од Македонија при нападот на Драч бил заробен, а потоа убиен.

Василие II после овие победи се упатил кон Девол, каде ги запалил дворците Буси и Сетина, основани од Самуил. Еден значаен дворец бил и во Campulung (долго Поле) во Демир Хисар.

Со право, Василие II бил наречен 'Бугароубиец'.[16] Како таков триумфално бил дочекан во Цариград".

Ј. Аргинтеану, на стр. 60, кажа: „...Борис II и бугарскиот патријарх...биле детронирани", а Кометопулите востанале дури во 976 година,Самуил не бил Бугарин.

[16] Василие II Македонски не бил Бугароубиец туку Булгатоктонос: окто=окото- окото да се окати...

Па тој не можел да има било што со дунавската татарска Бугарија во која тогаш немало бугарски цар нити бугарски патријарх- Бугарија подпаднала под царот од Цариград. Против него се борел Царот Самуил кој имал своја патријаршија. Кај него царски јазик бил македонскиот јазик коине, кој во Александрија за време на Птоломеите бил составен, и тоа само од 300- та г.п.н.е. Црковен јазик бил македонскиот јазик на Македонецот Константин Филозоф. Тој бил со солунскиот говор. Солун бил во Македонија. Исто така, Пелагонија, Преспа и Охридско била само во Македонија. Тие и денес се само во Македонија. Бидејќи Цар Самуил не го познавал бугарскиот (чувашки) јазик,ниту ерменскиот, тој бил само брсјачки Македонец.

„5. УЛОГАТА НА ВЛАСИТЕ

ЖИВОТОТ НА ВЛАСИТЕ ПОД БУГАРСКАТА ВЛАСТ.- Низ целото бугарско владеење се до доаѓање на Унгарците во Панинија, кон крајот на IX век, животот на влашкиот елемент на балканските природно- географски простори бил релативно поволен. Власите, во основа, се занимавале со сточарство. Својата дејност тие ја развивале на планинските предели на Карпатите, и Балкан (Хем). Зиме ги минувале патиштата од Карпатските планини и Хем (Балкан) во правец на Олимп, за да се вратат повторно на своите стари места“.

Власите имале врска со Карпатите откаде потекнале авторовите Словени. Па тие северно од реката Дунав на Балканот ништо не донеле. Власите биле овчари.

„Власите живееле во родовски заедници. Родот го сочинувале мошне развиени патријахјални семејства, на чие чело стоел најстариот и најинтелигентен член. Повеќе родови сочинувале племе, кое било раководено од племенскиот стрешина.

Како и Словените, исто така и Власите, населени јужно од Дунав биле под бугарска власт. И покрај тоа тие учествувале во сите борби кои се воделе на тие простори. Симеон, Петар, Самуил се нарекувале ‘Цареви на Бугарите и Власите’. Нивната држава се викала ‘Држава на Бугарите и Власите’. Византијците, Бугарското царство го нарекувале и со името ‘Царството на Мизите (т.е. на Власите) и на Бугарите“.

Мизи само Мизи, а не Власи. Бугарите и Власите да се одлучат само за едно.

„Во која мера бил броен и значаен влашкиот елемент во Самуловата држава, може да се види и во фактот што, според издадените повелби (хрисовуљи-сигилиони) на Василие II, во полза на Охридската архиепископија под нејзина, покрај Словените биле ставени и Власите“.

Словените не биле познати,а Власите биле пастири (Г.Острегорски). Јазикот на Склавините бил варварски=пелазгиски, на кого говореле и Римјаните. На таков јазик се говорел во Македонија и Епир- Епирци=Бриги биле Власите и Скиптарите.

„Според некои извори се верува дека Власите зеле учество во ширењето на богомилството.

Факт е дека Бугарите го примиле христијанството низ непосредните контакти со влашкиот елемент. Кирил и Методиј и неговите ученици го ширеле христијанството во Македонија, Бугарија, Србија, Моравија и Панонија“.

Македонија=Македонија со Браќата Македонци, а никако Армн Македонци.

„Бугарскиот цар Борис делувал активно во ширењето на христијанството, фаворизирајќи ја христијанската вера. Секако, влијанието на Власите врз прифаќањето на христијанството од страна на Бугарите е значајно. Оттука, одделна терминологија од верски карактер во словенските јазици има латинска основа, како крст

= cruce, свети = sântâ (stâ), коледе = colinde (лат. Colendae) итн. Јасно ја потврдува поставката, според која, Бугарите го примиле христијанството преку Власите“.

Власите како овчари на планински предели немале никаква верска важност.

Власите биле само одродени тн.Словени, чиј јазик бил варварски=пелазгиски, кој бил тн.Хомеров=тн.Платонов јазик,на кого говореле Римјаните (Дионисиј). Коине (тн.старо-грчки) бил Александријски Птоломејов јазик, кој содржел семитски и пелазгиски (битолски) зборови. Латински бил на Греикот Лив Андроник- 240 г.п.н.е. Бидејќи латински бил беден со зборови, биле внесени уште околу 10.000 коински зборови. Тие биле битолски (бригиски).Па следи Власите биле само Бриги.

„ДЕЛЈАН И АЛУСИЈАН.- После смртта на Василие II, во Византија, во целата Империја настанало големо безредие кое траело цели 25 години. Безаконијата, злоупотребата и грабежите станале честа појава.Положбата на народот се влошила. Заради тоа избувнало востание на чие чело застанале Делјан и Алусијан (1040). Во тоа востание учествувал армнскиот елемент во Македонија. Во својата акција Делјан од како бил признат за „цар“ од многубројната војска која се била насобрала крај Белград (Berat) се упатиле кон Ниш и Скопје. Во исто време се дигнало друго востание раководено од Тихомир. Ова востание било насочено од Византија со цел да се оневозможи дејствувањето на Делјан. Двете групи на востаници се состанале во Скопје“. (Оттаму востаниците продолжиле кон север сè до во Белград, Р.И.)

Стои: „Во тоа востание учествувал армнскиот елемент во Македонија“.

Па „армнскиот елемент во Македонија“ не било познат- тоа е без основа.

Неговата збрканост е и во „Белград (Berat)“- Белград само до реката Дунав.[17]

„Делјан свикал голем народен собир и одржал говор во кој пред насобраниот народ рекол: ‘На небото не можат да светат две сонца, како што не можат да раководат народ на востание два спротиставени водачи’. По тие зборови народот го истерал Тихомир, а со востанието продолжил да раководи Делјан.

Делјан застанал на чело на многубројна војска составена од многу места од Македонија, а пред сè, од Тесалија и Епир, каде Армн Македонците (Власите) со својата бројност биле присутни во голема мерка, и заедно со останатите извојувале победа над Византијците нанесувајќи им тешка загуба“.

Само бригиски=брсјачки Власи, а никогаш никаде некакви Армн Македонци.

„Во тоа време востаниците предводени од Делјан му се приклучил и Самуиловиот внук- Алусијан. Заедно под команда имало 40.000 војници. Делјан го испратил Алусијан за да го освои Солун. Градот бил добро утврден и бранет од опитна војска под команда на управникот на Солун. Отпорот на Византијците бил голем. Во таа битка Алусија изгубил 15.000 војници. Мал број од нив се спасил, меѓу кои Алусијан. Наскоро доаѓа до раздор меѓу востаниците. Доаѓа и до борба меѓу Делјан и Алусијан за превласт.Алусијан бил обвинет од Делјан за изгубената битка по што бил ослепен. После тоа и Делјан им паѓа во раце на Византијците по што е ослепен и фрлен во затвор.[18]

---

[17] Самуиловиот син и наследник Гаврил Радомир паднал во 1015 година. Петар Делјан бил син на Гаврил и во востанието бил во 1040 година прогласен цар во Белград (Г.Острогорски).

[18] Петар Делјан имал братучед Алусијан, синот на Иван Владислав и внук на Арон. Алусијан, како стратег и Византиец, живеел во градот Теодосипол во Ерменија. Царот Михаил V го повикал Алусијан. Тој, според историчарот Михаил Псел, „скокнал, го фатил својот братучед Петар Делјан за гуша, му го исекол носот, му ги ископал очите“ и го ослепил.

По задушувањето на востанието Византија станала апсолитен господар на пространство од Дунав до Егејско Море и од Драч до Црното Море во време од еденипол век, се додека браќата Власи- Петру и Асан не создадоа една империја со која го потресе од темел Византиското царство“.

Како што Брсјаците немале врска со Бугарите, истото важело и за бригиските=брсјачките (епирски) Власи со дунавските Власи, блиски на дунавските Бугари.

„ТЕМАТСКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ВИЗАНТИЈА.- Во интервалот меѓу V и X век доаѓа до реорганизација на Византиското царство со воведување на тематското уредување. Зборот ‘тема’ во прво време значел воен одред, а потоа, почнал да се употребува и за означување на војно- административните окрузи. Во основа, на создадените теми се населувале војници. Војниците кои ја завршувале војната служба, како и војниците кои служеле во тие места, добивале земјишен посед, што подоцна станувал војнички имот. Всушност, царот Константин Порфорогенит ја поделил земјата на теми, кои се ускладувале со определена провинција, и воените трупи кои ја обезбедувале.

На исток биле формирани 17 теми, на Запад- 12 теми. Во Европа егзистирале темите, Елада која се протегала од реката Пенеј сè до реката Стримон, темата Стримон опфаќала простор од реката Стримон до реката Марица, темата- Македонија го имала како центар Адријанпол и темата Тракија која се протегала вдолж ѕидините на Цариград.

Од таа поделба која е извршена според војните потреби, народите биле распарчени, не претставуваа целина и како такви биле ослабени. На чело на темата стоел шеф, кој се ословувал со титула ‘стратег’. Определени делови на една тема носела име- ‘турма’ и ‘бандос’ или ‘вексилум’.

Со текот на времето, тематското уредување го изгубило својот воен карактер. Во таа смисла власта на стратезите на темата била ограничена. Покрај нив, се повеќе се истакнувале преторите, како преставници на цивилната управа во односните теми“.

Авторот пиши само Словени и Армн Македонци. Па тие не биле познати.

Со крстоносните војни, дело на Ватикан, Источното Римско Царство беше поделено и оплачкано. Па следи да се појават независни владетелства на Балканот.

ВЛАШКОТО ЦАРСТВО ОД БАЛКАНСКИТЕ ПЛАНИНИ

„1.ВЛАДЕЕЊЕТО НА БРАЌАТА ПЕТРУ И АСАН

ВЛАСИ И ВИЗАНТИЈЦИ.- Брзото опаѓање на Византија што уследи после смртта на Василие II и неговите наследници, била спречена половина век покасно од страна на Алексеј I Комнен- основач на новата династија Комнени, која раководела со судбината на империјата цел еден век.

Епохата на Комненовци е последна сјајна епоха во византиската историја. Византија ги искористила крстоносниците и за извесно време повратила некои од своите азиски земји. Печенезите биле од порано уништени на Балканскиот Полуостров, на Унгарците им наметнала војна и успеала да ги исфрли од Босна и Далмација.

Целиот тој подем што го доживеала Империјата носеше само надворешен изглед. Тоа, пред сè, се должеше на личните квалитети на првите три Комненовци.

Од друга страна, социјалните противречности кои се манифестираа во Империјата незапирливо растеа и сè повеќе се заострува. Ситното земјоделство сè повеќе пропаѓаше и селанството било изложено на постојано осиромашување. Тоа имало за последица слабеење на воената организација и нејзиното пропаѓање. Некогашната армија составена од здрави селани, сега се јавува како армија на несигурни наемници. Опаѓа и моќта на византиското поморство. На негова сметка се издигнува флотата на италијанските трговски републики. Според тоа, Италијаните со текот на времето постепено стануваат господари на стопанскиот живот на тие простори. Сето тоа, има за последица слабеење на политичката и воената моќ на Византија.

Внатрешната криза која се заострувала во Византија за време на владеењето на Комненовата династија, дошла до израз уште во првата година по смртта на императорот Мануел I Комнен (1180). Во империјата настанале внатрешни судири помеѓу наследниците, што условило слабеење на државата.Во тоа време, Византија била нападната од Унгарците, но најопасни биле Норманите во Јужна Италија и Сицилија. Тие го зазеле Драч и преку Албанија и Македонија стигнале до Солун, кој исто така, паднал во нивни раце.

Во создадените услови и односи, учеството на влашкиот елемент во општествено- политичкиот и економскиот живот на Византија, имајќи ја во предвид, бројноста на овој елемент во даденото време, а забележителна. Така, во војската на Алексеј Комнен бројот на војниците- Власи бил значаен. Во експедицијата на Визатија против Сарацените од Сицлија во 1027 година, бил значаен и бројот на војници- Власи. Кога Унгарците презеле напад против Византија, преминувајќи ја реката Дунав, биле нападнати од страна на Молдавците (1168), со што е оневозможено нивното напредување во внатрешноста на Балканскиот Полуостров, во Византија“. (Влав е само општ поим без никакво етничко значење, Р.И.)

Авторот не пиши дали Ана Комнена навела некои Власи- Армн Македонци.

„НЕЗАДОВОЛСТВОТО НА ВЛАСИТЕ.- И покрај тоа, што Власите учествуваа во сите воени акции на страната на Византија во даденото време и простор, кај нив се јавува определено незадоволство кон самите Византијци, бидејќи византиската власт не ги почитувала доволно Власите и спрема нив се однесувала со омаловажување. Посебно византиската власт ги обврзувала со големи даноци, токму Власите, бидејќи тие располагале со неброени стада добиток- овци“.

Власите биле само Римјани (Ромејци). Наведеното на авторот е без основа.

Авторот потврди, Власите биле само овчари, а никако свињари и говедари.

„Незадоволни од својата положба на византиското царство, влашките- челници избрале свои пратеници во ликот на браќата Петру и Асан, кои ќе ги бранат нивните права. Тие биле познати како смели и одлучни личности. Како такви, Петру и Асан требало да ги застапат нивните барања пред византискиот цар Исак Ангел. Затоа, браќата Петру и Асан отишле во Кипсела каде во тоа време византискиот цар Исак Ангел се наоѓал во лов. Од царот тие побарале да им се исполнат барањата, и тоа:

1. Да им се даде едно мало место на планината Хем (Балкан) каде тие, самите ќе стопанисуваат, како со ‘пронија’. (Веројатно прашањето на тоа место се однесува за градот Трново, кој уште во тоа време се јавува како нивнен центар), и

2. Да не се прави разлика во составот на војската меѓу Грците и Власите и заедно, како такви да ја сочинуваат ‘ромејската војска’. (Сите биле Ромејци, Р.И.)

Овие поставени барања ги поднеле до византиската власт за да не испадне дека ќе се дигнат на востание без никакви причини. На овие барањеа поставени од страна на Петру и Асан, царот одговорил грубо, не сакајќи да им исполни ниедно поставено барање“.

Власите имале челници-само тн.словенско.Власи само одродени тн.Словени

„РАЗГОРУВАЊЕ НА ВОСТАНИЕТО.- Враќајќи се во нивниот роден град, браќата Петру и Асан го поттикнале народот да се дигне на востание. Како нивниот повик не бил прифатен од народот масовно да се крене на востание против византиската власт, тие се послужиле со користење на народните верски чуства. Браќата Петру и Асан во Трново изградиле црква посветена на Свети Димитрија, светец славен од сите балкански народи и прогласен за заштитник на градот Солун.

На денот на осветувањето на црквата ‘Свети Димитрија’, пролетта 1186 година, пред насобраниот народ Петру и Асан објавиле вест дека дошло времето за да се изборат за својата слобода и независност. Ова од причина што за одстварување за тој сенароден идеал светец свети Димитрија го напуштил својот град Солун и е дојден токму сред овдешниот народ, за да им помогне за остварување на ова дело, за што и самиот Господ Бог ги благослови. Овие зборови имале мошне силен ефект сред насобраниот народ. Еден голем дел од благородништвото, заедно со сточарите го зеле оружјето в рака за да се борат против византиската власт.

За да се претстави како крал, пред насобраниот народ, Петру ставил на главата една златна круна, и мнозинството од насобраниот народ го прогласиле за ‘Цар на Власите’. Иако Асан не ставил круна на главата, тој имал исти права, што ги поседувал неговиот брат Петру.

Така, отпочнало востанието на Власите, заедно со Бугарите, против византиското ропство.[19] Според тоа, на чело на една поголема чета јуначки сточари, браќата Петру и Асан се спуштиле во Тракија. Во Цариград се уплашиле востанието да не се прошири на тој простор. Самиот импертатор Исак Ангел се ставил на чело на своите војски, и успеал да ги истисне востаниците, протерувајќи ги преку реката Дунав. Но, на Петру и Асан им дошле Куманите и Романците од северната страна на реката Дунав и заедно со нив се вратиле во Бугарија, со цел да го воспостават Бугаро- влашкото царство“.

Не биле познати Романци за авторот да говори Романци- Римјани (Ромеји).

„Бугаро- влашкото царство“ било ем на Бугарите (Татарите) ем на овчарите.

Па поимите булгар, влах, србин, арбан... не биле етнички туку само општи.

„За борбата против востаниците Исак Комнен го назначил за командант на својата војска- Јован Кантакузен. Тој бил човек кој се одликувал со јунаштво, добар стратег, но човек со своја посебна суета. Императорот нему му доделил титула- Цезар. (До денес има тн.словенски презимиња Комненови- Комненовиќи, Р.И.)

ПРВИТЕ ПОБЕДИ НА ВОСТАНИЦИТЕ.- Дознаваме дека Власите и Куманите се повлекле на планината Хем (Балкан), севастократорот Јован Кантакузен се улогорил во подножето на планината Хем. Ноќта, Петру и Асан ги нападнале улогорените Византијци, нанесувајќи им тежок пораз. Јован Кантакузен во овој судир едвај се спасил, оставајќи ги своите војници на милост и немилост пред на востаниците на Петру и Асан. Во овој судир, сите веони знамиња на Византијците паднале во рацете на востаниците.

[19] Кај авторот нема извор каде се говори за ропство- со ослободувањето повеќе нема царски данок...

БОРБА СО ИМЕРАТОРОТ.- Во 1187 година во Византија настанале внатрешни немири и меѓусебни судири. Командантот Врана се побунил против императорот, околу Цариград се водела крвава борба меѓу Грците и Латините. Внатрешните немири во Византија и состојбата предизвикана од дејствувањето на крстносните војски, ги искористиле Петру и Асан. Застанувајќи на чело на своите војници -ентузијасти кои биле желни за слава, Петру и Асан во своите акции, се спуштиле во Тракија, пустошејќи сè пред себе. Така победоносно се нашле пред вратите на градот Агатополе, каде се улогориле.

Насетувајќи ја опасноста од востаничките напади на браќата Петру и Асан, кои со своите дејствија се спуштиле на југ, спрема Цариград, Исак Ангел со бројна војска се упатил кон Адрианопол. Таму Исак Ангел е информиран дека Власите се бројни доброволци се враќаат во правец на својата земја- Влашко.Точно на полноќ, Византијците се упатиле во правецот на движењето на влашките војници со цел да ги нападнат, но до судир не дошло. Кај локалитетот Вастерна Исак Ангел застанал три дена, а потоа, се упатил кон Берое, кој се најдувал во подножјето на Хем.

Штотуку Исак Ангел со своите војски направил пет милји пат, со голема брзина кај него пристигнал еден коњаник кој го известил дека Власите се наоѓаат на мало растојание од нив. Затоа тој набрзина се упатил кон планината каде се наоѓале Петру и Асам. Петру и Асан ги забележиле своите непријатели и се повлекле длабоко во планината, заземајќи поволна позиција за борба против Византијците.

Во битката што се водела меѓу војските на Петру и Асан од една, и на Исак Ангел, од друга страна, смелите коњаници на Петру и Асан им нанеле тежок пораз на Византијците. После оваа извојувана победа, цела Тракија се нашле под власта на востаниците.

ДВОГОДИШЕН МИР.- Пролетта- 1189 година, императорот Исак Ангел повторно презел воена акција против Власите. При тоа, тој ги соединил војските кои преку зимата престојувале во Тракија. Три недели го држел во опсада утврдениот град- Лобица, кој се наоѓал на северниот дел на планината Хем, но утвдениот град неможел да го освои. Откако преземената акција не завршила со успех, Исак Комнен се вратил во Цариград. Таму, и покрај доживеаниот неуспех во таа војна акција, го чекаа свеченостите посветени на ловот. Тие беа проследени со спектакуларности. Особено тие игри беа интересни за благородниците од царскиот двор.

Во меѓувреме на Асан му се случи една непријатност. Не е познато под кои околности од страна на Византијците била заробена сопругата на Асан. Заради тоа, бил склучен двогодишен мир меѓу Византијците и Асан. За ослободувањето на заробента сопруга, Асан го дал како засложник, својот помлад брат Јоница“.

Јон + а = Јоан + в = Јован=Иван- Јон=Јован=Иван било/е само тн.словенско.

„ЗА ЦАРСКА КРУНА.- Меѓутоа, вистински мир не бил склучен, на двете страни им било јасно дека вистинска војна меѓу нив допрва престои. И едната, и другата страна, чекаа погоден момент за обновување на борбите.

Летото- 1189 година Царот Фридрих I Барбароса, поминал преку Србија, усмерувајќи ја својата многубројна војска во правец кон Мала Азија и Блискиот Исток. Меѓу него и Исак Ангел бил склучен договор, со кој Византија била задолжена да им обезбеди слободен премин на крстоносниците но и да ги снабдува со потребна храна. Меѓутоа, Византијците имале неповолен став и однос кон кртстоносниците. Тие не им обезбедиле мирен премин преку нивната земја. Создадената

ситуација, сакал да ја искористи српскиот жупан Стефан Немања. Кога пристигнал Фридрих I Барбароса во Ниш, тој се јавил со декларација со која бил готов да го признае неговото врховништво и даде воена помош, во случај да се поведе војна против Византија. Во Ниш, Петру и Асан му испратиле пишани предлози на Фридрих I Барбароса со кои се обврзувале да му дадат 40.000 војници заради заземање на Цариград, под услов да го признае Петра за цар кој ќе ја носи грчката кралска круна. Меѓутоа, од Фридрих I Барбароса тие не добиле никаков одговор.

Со оглед на тоа што Фридрих I Барбароса не добиле никакв одговор, Петру и Асан, во согласност со загорскиот епископ,како и со останатото благородништво, одлучиле да испратат делегат кај папата во Рим. Од римскиот папа барале соединување на влашката црква со римската, условно доколку на Петру му биде испратена царска круна. Во посебно писмо, се истакнуваа изјаснувањата на Петру и Асан, дека тие имаат влашко потекло.

Папата не одговорил цели единаесет години дури на престол не дошол Јоница.

БИТКАТА КАЈ БЕРОЕ.- После двегодишен мир, Власите соединети со Куманите и Бугарите, започнале да ја пустошат Византија. Византискиот командант Константин Аспиета одбил да се бори, изјавувајќи дека се плаши од две работи, и тоа: од глад и од Власите. Заради тоа, тој бил затворен и ослепен“.

Аспиета=а спиета=спиет а: кога некој не се бори и е слеп, тој спиет=спи ет.

„Императорот Исак Ангел, формирал моќна армија и се упатил према Влашка, во подножјето на планината Хем, каде се наоѓаа влашките воени сили, во најдобра положба. Тврдините биле до таа мера добро заштитени, што создавале основа за пружање на долготраен отпор. Во тие акции, влашките војници, брзи како дивокози и итри како елени, секогаш се држеа за планинските страни и висини, трчајќи од една до друга планина.

Императорот со својата војска во 1192 година се упатил кон Берое. За да се стигне до споменатиот пат, постоеле два пата: едниот пат бил подолг, но посигурен и полесен, погоден за неговата коњаница; а другиот бил пократок, но потежок. Императорот го одбил пократкиот, потешкиот пат. Претходницата била предводена од Мануел Ламет и од Исак Комнен. Заштитницата, пак, му била доверена на севастократорот Јован Дука, а пак, центарот со својата елитна трупа го штител самиот император со братот Алекс.

Влашките војници се движеле покрај висините на планината, од нејзината лева и десна страна. Кога византиската војска настапила према влашките војници, тие ја пропуштиле претходницата да навлезе длабоко, чекајќи при тоа погоден момент за да го нападнат и да го заробат царот Исак Ангел. Штом центарот влегол во теснецот, Власите со голема брзина вешто ги нападнаа Византијците толку силно што истите останати немоќни да се спротистават. Тие, всушност, биле затворени во планинскиот теснец, како стадо овци во трло. Многу од нив избегале, оставајќи го царот со неколку свои офицери, скоро незаштитен. Византиските војници, кои не успеале да избегаат биле заробени. И генералот Дука, кој раководел со заштницата избегал.

Според тоа, поразот на Византјците кај Бероа бил страотен. Во Цариград и во цела Византија се пренела веста дека императорот е мртов. За да ја увери јавноста дека е жив, тој повеќе дена излегувал во градот.

НОВИ УДАРИ ВО ТРАКИЈА.- После извојуваната победа над Византијците во местото Берое, во 1192 година, Власите овенчани со слава, како и со богатиот плен, поминале во мир и задоволство цела зима (1192/1193).Пролетта- 1193 година, Власите одново се спуштиле во Тракија. Нивните напади врз Тракија личеле на поток од вода, пустошејќи сè пред себе. При тоа, тие ја опљачкале Анхиала, потоа ја освоиле Варна, во голема мера ја разориле Триадиз (Сердика- Софија), и се упатиле и кон Наисус (Ниш) пљачкајќи го истиот.

Не знаејќи како да постапи со Власите за да ја истисне Византија, императорот Исак Ангел ги раздвоил своите трупи и ги ставил под команда на повеќе свои генерали. И покрај тоа, Власите однеле нови победи, нанесувајќи им на Византијците нови порази. Византијците во тоа време претрпеле пораз со Србите на реката Морава.

Враќајќи се поразен кон Цариград императорот Исак Ангел ја обиколил планината Хем, избегнувајќи го судирот со Власите. Во Филипополе тој го поставил за гуверенатор Константин Ангел кому му оставил голем број на војници со цел да се одбрани од нападите на Власите.

Со право се смета дека 1194 година била година на големи несреќи за Византиското царство. Војсководците Гуиде и Василе Ватас биле разбиени од Власите кај Аркадиополе. Ватас, со голем број негови војници бил убиен. Веста за претрпените порази на војските,императорот Исак Ангел многу го натажила. Затоа, тој подготвувал војска зголемувајќи ја нејзината бројност со наемници, со цел конечно да се пресмета со Петру и Асан и еднаш за секогаш, да бидат уништени. Во март 1194 година, императорот Исак Ангел тргнал од Цариград на чело со својата војска. За да биде успешно изведен потфатот против Власите тој побарал помош од Унгарскиот крал. Меѓутоа, во негово отсуство неговиот брат Алексис го симнал од престолот и на негово место самиот се прогласил за крал на Византија. При тоа, тој ја примил кралската круна. Против својот брат Исак Ангел презема акција при што е заробен, а потоа ослепен и затворен. (Васил=ва сил=с ил Ил, Р.И.)

АСАН И ИМПЕРАТОРОТ АЛЕКСИС III.- За време на овие бурни настани во Цариград, Власите презеле акција и во тоа дејство доспеале до Сер, нанесувајќи им на Византијците тешки порази. Во тие судири меѓу војските на Петру и Асан, од една и византиската војска, од друга страна, паднал во заробеништво командантот Алексис Аспиета. Продолжувајќи ја победносно војната против Византијците тие освоиле повеќе крепости на тие простори.

Новиот византиски крал Алексис III испратил свои пратеници до Петру и Асан да моли за склучување на мир. На овие барања, Петру и Асан, поставиле многу тешки услови, кои биле неприфатливи за новиот крал. Всушност, Асан не покажал желба за прекунување на непријателствата. Затоа, воените акции на Асан продолжиле натаму. Повторно тие се појавиле во Серската област, нанесувајќи им на Византијците порази. Меѓутоа, иако целата Серска област била завземена од Власите, силно утврдениот Сер бил неосвоен.

ПОБЕДАТА КАЈ АМФИПОЛЕ- СМРТТА НА АСАН.- Во таа- 1196 година, после величенствените победи кои ги постигнал Асан над Византијците, тој се најде во Амфиполе. После извојуваните победи над Византијците, околу планината Хем немало ниеден грчки војник. Асан овенчан со слава и со богат плен се вратил во Трново каде бил пречекан со големи почести.

Меѓутоа, наскоро после овие бурни настани сврзани со неговите успеси на бојното поле, Асан паднал како жртва на еден заговор. Според сознанијата, Асан бил убиен од страна на еден бугарски офицер по име Иванко. Во суштина, заговорот било дело на определен број на благородници кои биле незадоволни со строгото управување на царот и неговата принципелност во управувањето со државата. Неговите соборци во ослободителните борби против Византијците не можеле да се помират со ограничувањата кои во името на вишите државни интереси ги поставувал царот Асан. Иако заговорниците го зазеле престолот, народот ги презрел сторителите на ова гнасно дело.

Кога Петру дознал за смртта на својот брат Асан, од Преслав набрзина се вратил во Трново. Иванко, кој ја приграбил царската круна бил опколен во Трново. Настојувал да го спаси животот. Откако ги закрвавил рацете со извршениот престап, тој не се поколебал да стане и предавник на својот народ. За да се спаси, Иванко се обратил до византискиот цар во Цариград, со молба за брза воена помош со цел да завладее со Трново со Бугарија и Влашко (Valachia). Алексис III одзивајќи се на молбата, испратил војска под команда на војсководецот Мануел Комизе. Кога војската пристигнала на границата спрема Влашки (Валахија), во подножјето на планината Хем, зборувајќи: '...Ја познавам оваа планина. Многу наши другари ги оставиле коскитево овие планински предели. Да се оди в планина, да се оди значи во сигурна смрт...'И така, Визатијците одбиле да влезат во судир со Петру. Иванко, пак, дознавајќи дека ја нема помошта од Визатијците, пребегнал во Цариград. Тука се жени со вдовицата на севастократорот Исак, кој умрел во Трново, окован во синџири.

После овие бурни историски настани, Петру триумфално влегол во Трново, заземајќи го повторно престолот како цар на Власите. Меѓутоа, по извесно време и Петру паѓа како жртва на заговор од страна на еден Бугарин.

Петру го наследил најмалиот негов брат Јоница. Тој успеал да пребегне од Цариград каде бил испратен како заложник за заклучениот двогодишен мир. Јоница бил познат и со името Калојан, со значење- Добриот Јон".

„2. БИТКА И ВОСТАНИЈА

БИТКАТА КАЈ БИЗОЕ.- Смртта на Асан и Петру предизвикала анархија во Влахија. Пролетта 1190 година, некои влашки старешини се ставиле на чело на некои чети составени од млади и храбри луѓе, желни за авантуристички експедиции. Тие се упатиле во Тракија. Во своите акции тие напредувале кон Бизое, близу Црно Море до местото Родосто спрема Пропонтида. Дознавајќи за тој препад на влашките чети, гувернаторот на Тракија- Теодор Врана го известил калуѓерот Ракутиде за да ги растревожи сите христијански верници од тоа место со цел тие да си одат дома. Калуѓерот од определени причини не направи така како што му нареди Врана, известувајќи ги своите верници дека не ќе бидат нападнати од Власите. Меѓутоа, влашката чета презела акција за да го нападне местото. Кога ја примил веста дека четата се наближува кон населбата насобраниот свет го зафатил голем страв. При упадот на влашката чета во населбите, многу од насобраниот свет на тоа место, успеал да избега, некои паднаа во заробеништво, а пак некои биле затворени во црквата. Власите, пак, пљачкајќи ја сета стока што била изложена на продавање, се вратила во Бизое.Во тие свои акции, влашката чета нападнала една византиска единица при што и нанела тежок пораз.

ВОСТАНИЕТО НА ИВАНКО.- За да го спречи навлегувањето на Власите во Тракија, императорот Алексис III го поставил Иванко за управител на Пловдиската област, како началник на византиските воени сили (1200 година). Иванко сакал на секој начин да ја оправда довербата од императорот. Тој ги одбивал нападите на Власите и Куманите кон Тракија. Заради тоа, императорот уште повеќе ја зголемил довербата кон Иванко, сметајќи го за свој верен човек. Добивајќи неограничени овласувања и права во доверената провинција, тој барал да се зголеми бројноста на војската, надополнувајќи го составот, првенствено со припадници од месното население. Воедно тој се грижел за вооружувањето на војниците и нивна обука.

Овие активности кои ги спроведувал Иванко, на одреден начин предизвикале сомнение кај некои Византијци. Меѓутоа, императорот Алексис III не обрнувал внимание на тие укажувања. Со текот на време Иванко и не ги криел своите намери. Тој се одметнал од Византија и се прогласил за самостоен господар во споменатата провинција. При тоа, Иванко ги протерал сите византиски војници не само од Пловдиската провинција, туку и од Источна Македонија. На тој начин под негова власт биле сите територии од средниот тек на Арда, се до устието на Места. Но исто така, и до планината Кушница (Прнар-Даг) недалеку од Орфанскиот залив.

Според тоа, сите усилби на Византија да ги зачува под своја контрола бугарските територии јужно од Хем, со овој акт на откажување на послушноста спрема импетаторот од страна на Иванко, пропаднале“.

Сите на Балканот биле Римјани (Ромејци). Сите тие биле еден православен народ. Овој сакал да го раздели Ватикан- ненадлежен се мешал во православието.

„3. **ВЛАШКАТА ПРОВИНЦИЈА ВО СТРУМИЦА**

КАКО СЕ ФОРМИРАЛА.- Во создадените односи и услови Византија се најде во уште потешка положба. Тоа од причина што поголемиот дел од Македонија за неа бил изгубен. Во тоа време, во Македонија стапил на сцена Добромир Хрис, кој според едни извори, се смета дека бил внук на Јоница. Испратен од Петру и Асан уште во 1186 година, со дружина од 500 Власи, Хрис со помош на месното население успеал да ја отргне од Византија и Струмичката област. Бил управник на Струмица. Потоа го освоил Просек, што се наоѓал во Демирхисарската клисура“.

Па Добромир=добро мир бил тн.Словен. Исто биле и Петру, Асан и Јоница.

„Добромир Хрис бил човек со ниска става, но со воинствен темперамент. Како смел и одличен човек тој се спртотиставувал на византиската власт. Византија во одделни периоди успеала да ја зацврсти својата власт во земјата. Со својот бунтовен карактер Добромир Хрис успевал повторно да се осамостои. Затоа Алексис III во 1199 година со многу војска тргнал против Хрис. На патот кон Просек тој разуранал многу тврдини и ги уништил посевите на населението. Хрис бил сигурен во силните ѕидини на Просек и спокојно го следел движењето на византиските војници. Кога непријателските војски стигнале во Просек, нивниот император веднаш наредил да се нападне тврдината. Снабдени со опсадни справи, вооружени со мечеви, копја, лакови стрели, тие се качувале по стрмнините на Просек со намера да го освојат градот. Некои од војниците успеавале да се искачат и на ѕидиштата на крепоста, но, тука Власите- бранители ги фаќале и фрлале во бездна“.

Бидејќи Добромир Хрис бил само тн.Словен, немало ништо влашко.

Авторот пиши само влашко, а влашки народ со свој посебен јазик немало.

„Со доаѓањето на ноќта византиската војска изморена ја напуштила борбата и отишла на починок. Тоа го искористиле војниците на Хрис, кои тајно ја напуштиле тврдината и ги уништиле опсадните направи на Византијците. Страв и паника ги опфатило византиските војници.

Кога видел дека не може да го заземе Просек, византискиот император Алексис III стапил во преговори со Хрис и го признал за независен господар на Просек, Струмица и околните места, како и Родопските планини и областа Меглен. Таа област била позната со името Влахиа.

После тоа императорот му ја дал за жена ќерката на својот постар внук протостаторот Камитзе (1199)“.

Народен јазик на тн.Византијци, Бугари и Власи бил само тн.словенски.

ВЛАШКИОТ ЦАР ЈОНИЦА

„1. ЈОНИЦА И ГРЦИТЕ

РАЗОРНУВАЊЕТО НА ВАРНА.- Во текот на целото време на неговиот престој, како заложник на Цариград, Јоница имал можност да ги запознае поблиску Грците, нивниот живот, јазик и обичаи. Расправите кои се воделе на византискиот двор, овозможиле да се запознае со сите односи на општесвениот живот на Грците, заради што кај Јонците била создадена одбојност кон нив. Особено одбојност кај Јоница се јавила кон грчкиот елемент настанет во Тракија.

Веднаш штом застанал на царскиот престол (1197) Јоница се ставил на чело на една воена единица и ја нападна тврдината Константина, крај Родопите. При тоа, Јоница ја разорил тврдината. Потоа се упатил кон Варна. На самиот ден Велика Сабота, наспроти Велигден, Варна паднала во негови раце. После освојувањето на градот,некои жители на Варна успеале да се спасат бегајќи пред војската на Јоница. Додека останатиот дел од населението Јоница го фрлил во јамите, каде биле живи закопани, а потоа покриени со камења. При овој напад Јоница го разорил градот, градските бедеми биле уништени, а потоа тој се вратил назад.

ХРИС И КАМИТЗЕ.- Отако Иванко го ставил во синџири, Камитзе го продал на некои Трачани на Јоница. Камитзе потоа бил откупен од страна на Хрис за 200 ливри злато. Со оглед на тоа што Александар III не сакал да го откупи Камитзе, тој се здружил со Хрис и почнале заедно да ја пустошат Македонија. При тоа, тие ја освоиле Пелагонија со градовите Битола и Прилеп. Со тоа тие ја прошириле својата власт се до Тесалија. На овие територии тие станале господари, заземајќи ги полињата и планините кои ја делат Тесалија од Грција. После тоа Хрис се помирил со императорот Алексис III. Заради тоа Хрис му ги повратил сите освоени земји (1201) на Алексис III на што овој му одобрува да ја земе за жена Теодора, вдовицата на Иванко.

2. ИМПЕРАТОРОТ ЈОНИЦА И ПАПАТА ИНОЌЕНТИЕ III

КОРЕСПОДЕМЦИЈА.- Репутацијата на Калојан (Јоница)[20] стигнала до Рим. Римскиот папа Иноќентие III му испратил писмо на Јоница (1199) во кое му јавува дека има желба да се сретнат бидејќи неговата црква има римско обличје, а особено

[20] Латините Јоница го викаат обично со името “Johanniciusi”, Романците, Власите со името Калојан и Јоница. Бугарите, пак, го викаа- Калојан, а пак Грците “Joankios” и “Scylojahannes” со значење-кучето Јон. (Според Cf. Lavisse et Rambaud, Hist. Generale, 11, p. 837). (Само Грци=Ромејци, Р.И.)

поради тоа што Јоница води римско благородничко потекло. Јоница, пак, на тоа му одговорил дека писмото го примил со големо задоволство и дека тој за него вреди повеќе од целокупното злато и дијаманти на светот, потсетувајќи го папата дека тие се потомци и по крвта и по татковината, односно дека двајцата имаат заедничко потекло.

Во врска со тоа, Јоница изразил желба дека би сакал врската меѓу двете цркви да биде толку цврста колку што му е силна желбата за очекувната кралска круна од Рим. На овие изразени желби од страна на Јоница преку испратени писма, папата му одговорил дека го почитува влашкиот углед не само по крв, туку и по црквата и обичаите кои се сродни.

И епископот од Загора- Василие, испрати писмо до папата со молба да му даде согласност на Јоница за добивање на кралска круна, исто како и на другите Романи (Власи) кои се од романска (влашка) крв. Воедно, тој целосно ја потврдува својата оданост кон латинската црква. Всушност, и во овој случај Јоница ја искажува својата преданост и верност кон римскиот престол и готовноста да го постави својот народ под врховна власт на римскиот папа, молејќи да го признае за цар“.

Рим не бил надлежен во православието. Рим во него само се мешал- злостор.

Очигледна измама- Романи од Римјани (Ромејци).Па такви биле Балканците.

„Почитувајќи ги нормите на римската црква како своја со целото свое семејство под покровот на Рим се стави влашкиот принц Белота. За тој чин го известил папата со посебно писмо. Во одговорот на ова писмо, папата го известуива Белота дека со задоволство ја примил веста за неговото прифаќање на нормите на римската црква“. (в-н-т: белово=белоно- белото, Белота, Р.И.)

Името Белота било само тн.словенско- Власите 100% одродени тн.Словени.

„Во 1203 година, Јоница пак му пишува писмо на папата. Со тоа писмо Јоница му јавува на папата дека Цариградската патријаршија го понудила да го круниса за цар, иако тој е наклонет на Римската црква.

Видливо е, според тоа, ривалството меѓу римската и цариградската црква за влијание на овие балкански простори. Улогата на влашките владари во сите дејствија е големо. Секако, независно од поставените интриги кои ги подметнуваа грчките духовни и световни личности, Власите останаа верни на Римската црква“.

Власите само одродени тн.Словени и непријатели на своето православие итн

„Испратените од Јоница свештени лица- Сергеј и Константин кои требале да одат во Рим во посета на Светата столица, заради интригите кои им ги подметнале грчките свештеници, биле принудени да се вратат од Дурус (Драч). Дознавајќи за овој случај, римскиот папа повторно му праќа писмо на царот Јоница, но исто така и на епископот Василие со изрази на благодарност што тие останале верни на Римската црква“.

Власите станале и одметници,соработувајќи со Рим, македонски непријател.

„Во 1204 година, папата дава пристанок императорот Јоница да носи скептар, круна и да кова свои пари. Него го крунисал за цар папскиот пратеник Леон. Во исто време и епископот загорски Василие бил признат и подигнат на ранг ‘Митрополит на Бугарите и Власите’ “.

Власите- одметници- го изгубиле правото да имаат било што со Македонија.

„СОЕДИНУВАЊЕ НА БУГАРО-ВЛАШКАТА СО РИМСКАТА ЦРКВА.- Влијанието на Римската над Бугарско- влашката црква за време на владеењето на

императорот Јоница било изразито големо. Со тоа, за одредено време било отстрането влијанието на Цариградската патријаршија врз населението на Бугаро- влашки царство.Сето тоа произлегло од поволно воспоставените односи меѓу Трново и Рим

На 7 ноември 1204 година, преку кардиналот Леон, кој бил испратен од папата, на Јоница му беа доставени сите царски симболи (прстен, митра, скептар), за да би на 8 ноември 1204 година, на самиот христијански празник Свети Михајло, тој свечено му ја става круната на главата, прогласувајќи го за император на Бугарите и Власите. Притоа, Јоница примил царска диадема, скептар и знамето на Свети Петар.

На самиот ден кога бил крунисан за имератор Јоница објавил хрисувуља, според која, сите цркви на Бугарија и Влахија (Valachia) биле ставени во потчинетост на римската црква. Дадената положба на црквата немало само формален, туку сушински карактер. Самиот чин на прогласувањето на Јоница за император, бил проследен со значајни и интересни манифестации кон религиозниот култ, кои во себе содржеле определени обележја на римската црква. Архиѓаконот на Бриндизи бил задолжен да ја уреди положбата на црквите во Бугарија и Валахија.

Тоа имаше свое влијание и во Унгарија. Желбата на папата му била '...прастарите обичаи да имаат свој престиж во божјиот култ, но исто така, да ја засили не само манифестацијата на спируталните туку и на временските односи...', на тие простори. Соединувањето на Трново и Рим било проследено со особено внимание и уважување и тоа претставувало значаен научен, политички и религиозен чин. Посебно што Трновскиот митрополит Василие стекнал примат над сите земји во кои владеел Јоница, со право да 'крунисува влашки и бугарски цареви'. За одбележување е и тоа што знамето на Свети Петар кое му било предадено на Јоница требало да му послужи против сите оние кои биле против втемелникот на верата, за да не може никој да триумфира против него. Тоа свето знаме на папата требало да се вее, во прв ред, против крстоносниците испратени токму од папата за да го ослободат Христовиот гроб".

Рим се извалкал од сам почеток на крстоносните војни и подоцна- до денес.

„СУДИРОТ МЕЃУ ЈОНИЦА И УНГАРЦИТЕ.- Меѓу Јоница и унгарскиот крал Емерик избил еден конфликт околу гранични прашања. Всушност, Јоница претендирал на сите земји на старото Влашко- бугарско царство. Задржувајќи некои делови од земјата унгарскиот крал Емерик му го оспорувал тоа право. За овој случај Јоница го известил папата од Рим. Ценејќи ја ситуацијата папата испратил пишани пораки до кралот Емерик во кои не им даваше за право на Унгарците за претендирање на тие подрачја, фаворизирајќи го правото на влашкиот цар Јоница.

3. ВОЈНИТЕ СО ЛАТИНИТЕ

ЧЕТВРТАТА КРСТОНОСНА ВОЈНА.- Крстоносните војни биле освојувачки походи на Западна Европа во земјите на Блискиот Исток. За нив биле заинтересирани сите слеви на феудалното општество. Општиот интерес за крстоносните походи на Исток го искористила католичката црква за да ја обнови својата власт над христијанското население на Исток. Раководена од својот практичен интерес, католичката црква на овие војни им дала религиозен карактер и ги прогласила, за свети војни за ослободување на Светиот град- Ерусалим од неверниците Турците- Селџуци".

Селеук=Селјук=Селџук- во Селеукија од Персија влегле и Монголи=Турци.

„Цариград низ времето на сите крстоносни војни било предмет на напади на крстоносниците. Да би се објаснило зошто Запад се свртел против Цариград постојат повеќе претпоставки. Пред сè, од времето на црквениот раскол, а особено од почетокот на крстоносните војни антивизантиско расположение на Запад постојано растело. Манојловата агресивна политика во Италија и Андрониковиот антилатински став му дале на антивизантиското расположение нова острица со цел да се освои Византија. Со тоа мислење се занесувал Роберт Гвискар и неговиот син Боемунд, а во втората крстоносна војна тоа се експонирало и кај Луј VIII. Замислата на освојување на Цариград за малку не се остварила за време на Фридрих I Барбароса. Исто така наследникот на Фридрих Барбароса- Хенрих VI, си ставил во задача да го освои Цариград. Кога Венеција ги остварила своите трговски интереси и политички аспирации мислата за освојување на Цариград станала стварност“.

Судирот бил за примат на папата над патријархот во Цариград. 750 год. бил факсификат направен во Рим со тн.Константинова даровница во име на Константин Велики.Па со Ватикан се завршило со Готите...-Јустинијан бил надлежен за папите.

Рим соработувал со исламот.И сите крстоносни војни биле само пљачкашки.

„Во 1197 година кога Јоница стапил на престол, папата Иноќентие III се заложил за организирање на нов крстоносен поход. За време на IV крстоносна војна крстносниците се собрале во Венеција од каде што Венецијанците требало да ги превезат на Исток. Но, бидејќи крстоносниците немале пари да го платат превозот, Венецијанците вешто ги искористиле за проширување на својата трговија на источниот дел на Средоземјето.Крстносниците за сметка на Венеција прво го освоиле Задар,а потоа,по нејзин наговор му помогале на бившиот византиски цар Исак Ангел“

Ватикан со своите крстоносци го уништил православниот центар- Цариград.

„ЗАЗЕМАЊЕТО НА ЦАРИГРАД И НЕГОВОТО РАЗОРУВАЊЕ.- Со оглед на тоа што синот на Исак Ангел не можел да ги исплати ветените пари, крстоносниците решиле, за своја сметка да го освојат Цариград. Така, пролетта- 1203 година флотата на крстоносниците се упатиле кон Византија. Во составот на тие сили се наоѓал и венецијанскиот дужд (кнез)- старецот Дондоле. Во јуни 1203 година огромната флота од 400 бродови се најде пред Цариград. При тоа, тие се усидриле крај ракавот Свети Ѓорѓи до Скутари, византиската војска зафаќала положај на другиот брег. Во тој судир крстоносниците ја зазеле Галата и го пробиле синџирот што го затворал влезот во Златниот Рог. Така бродовите на крстоносниците влегле во Цариградското пристаниште. Тогаш отпочнала борбата од копно и од море и крстоносниците на јуриш се упатиле кон градските ѕидишта. Иако византиската посада давала силен отпор, на 17 јули 1203 година Цариград паднал во рацете на крстоносците. Преплашениот цар Алексис III носејќи го со себе државното благо побегнал во Тесалија.

На негово место крстоносците го поставиле слепиот Исак II, а како совладар добил кралска круна неговиот син Алексис IV, штитеникот на крстоносците. Затоа, во јануари 1204 година во Цариград избувна побуна. Алексис IV го изгубил престолот и главата, а неговиот татко бил ставен во затвор каде наскоро умрел. На царскиот престол потоа бил доведен Алексис Дука Мурзуфул.

Така, конечно Цариград, кој со векови бил непообедив, паднал во рацете на крстоносците и Венецијанците. Три дена и три ноќи освојувачите го пљачкале градот и вршеле насилство над народот. Скапоценостите на најголемиот културен це-

нтар на дотогаш познатиот свет биле расфрлени на сите страни, а дел од нив искршени и дивјачки уништени.

Во сите настани кои се случиле со дејствувањата на крстоносните војни во Византија не беше поштедена ни Бугаро- Влашкото царство. И на територијата на оваа земја се одвивале определени акции на крстоносниците, кои на одреден начин влијаеле на состојбите на Византија.

СОЗДАВАЊЕ НА ЛАТИНСКОТО ЦАРСТВО.- По освојувањето на Цариград крстоносниците зазеле голем дел на Византиската империја, главно, тие подрачја каде се наоѓале на Балканскиот Полуостров. Гроф Балдуин Фландриски бил избран за император, додека Монтферат го зазел Солунското кралство кое се протегало од Струмица се до Пенеј во Тесалија.

На 16 мај 1204 година Балдуин се крунисал во црквата Света Софија за Римски цар. Церемонијалот при неговото крунисање е извршено според западниот вкус и со пеење на латински црквени песни. Воедно, според Мартовскиот договор, со оглед на тоа што за император е избрано лице од редовите на крстоносниците, прв латински партријарх станал Тома Морозини.

Како цар на Латинското царство Балдуин добил четвртина од Византиската империја. Останатите делови им припаднале на Венецијанците, кои понатаму ги раздробиле во низа мали државички.

За да ја осигура својата власт Балдуин презел поход против Алексис Дука Мурзуфул. Во Андријапол тој успеал да го зароби Мурзуфул каде и го погубил“.

Бидејќи тн.влашки простори не биле во латинското царство, Власите за време на царството не можеле да бидат латинизирани, а Римјаните говореле тн.словенски јазик. За ова да се потврди се наведува доказот што во Италија немало латинизирање. Па и затоа се правеле вулгарни латински јазици. Такви биле на сенатите- Јоан синот на Ѓорѓи Кастриот го учел јазикот на сенатот на Венеција и латинскиот.

И францускиот бил вулгарен латински- тој не бил народен во 15, 16... век.

„СОЈУЗОТ НА ГРЦИТЕ СО ЈОНИЦА.- Французите и Венецијаците се однесуваа мошне лошо со месното население. Посебно, меѓу Латините и месното население постоеше верска спротивност што имаше негативен одраз врз расположението на народот од тие простори. Така, Грците од Адријанпол, како и од останатите градови од Тракија го известиле Јоница, дека сите ќе преминат на неговата страна и ќе го признаат за свој император, доколку ги заштити од латинската власт. На ова барање Јоница поволно одговорил, ветувајќи им помош доколку се укаже потреба за тоа. Окуражени од ветената помош Грците од Тракија се дигнале на востание против Латините.

Првиот напад бил извршен врз Дидикимотиковиот дворец, при што ја уништиле француската коњица. Во Андријанопол Грците го протераа францускиот гарнизон, прогласувајќи се за независен. Примерот на Андријанопол го следеле и останатите градови од Тракија.

Францускиот витез Рениер де Трит, кој се наоѓал во Филипополе избркан од братот и неговиот зет, со една единица од 30 коњаници се упатил кон Цариград. На патот кон Цариград, Французите биле заробени од Грците и предадени на влашкиот цар Јоница и потоа сите биле погубени сем витезот за кој бил платен откуп.

БИТКАТА КАЈ АНДРИЈАНОПОЛ.- Положбата на крстоносниците на византиската територија со текот на времето се влошувала. Чуствувајќи ги нивните те-

гоби и несреќи што ги следеле, Иноќентие III му доставува писмо на Јоница, молејќи го за пружање на помош на Латините.

Меѓутоа, Јоница со своите војски наспроти очекуваната помош претставувал пречка за стабилност на Латинското царство. Заради смирување на положбата Балдуин со својата единица од 140 коњаници се упатил во правец на Андријанопол за да ги казни востаниците. На градските ѕидини на Андријанпол Балдуин ги забележал развеаните знамиња на Јоница. За да му се олесни дејствувањето на Балдуин со цел да го заземе градот на помош му пристигнал и Венецискиот дужд Дондоло со своите Венецијанци. Наоѓајќи се во тешка положба, Јоница со бројна војска потпомогната од 14.000 Кумани ги нападнал Французите, кои за да се заштитат презеле посебни мерки за одбрана на нивните напади.

Развивајќи го знамето на Свети Петар, на 14 април 1205 година, Јоница со своите војници и Куманите го отпочнал нападот врз Балдуиновите војски. Во биткатата Јоница применил своја стара воена тактика. Во прво со одбрани јунаци слегол до поставените шатори на непријателот, а потоа божем бегајќи се повлекол назад. Тогаш Латините го нападнале, за потоа враќајќи го противударот, Куманите во содејство со Власите, силовито ги разбиле војските на Балдиун и неговите сојузници, нанесувајќи им тежок пораз.

Во битката животите ги изгубиле: епископот Пиер Бетлем, потоа Стефан де Перќе, братот на грофот Геофарои и некои други благородници. Венецијанскиот дужд Дондоло побегнал во темната ноќ спасувајќи го својот живот. Царот Балдуин паднал во ропство, од каде повеќе и не се вратил. Меѓу загинатите благородници се наоѓал и претендентот на Никеја, Луј од Блоа. Во врска со оваа битка, во една стара француска хроника, меѓу другото стои и ова: ‘тогаш видоа кои се тие Власи’. Ова, посебно што влашко- куманските групи на Јоница во таа сјајна битка во која е извоевана победа над Французите и Венецијанците станаа господари на цела Тракија се до портите на Цариград.

Поразот на крстоносците кај Адријанопол болно одекнал кај Венецијанците. Не можејќо да го преболи поразот стариот Дондоло умрел. Тој е погребан со голема помпа во црквата Свети Софија во Цариград.

За да би се сочувало христијанството на тие простори, Француските барони испратиле три делегации до папата во Рим, да побара од Франција, Фландрија и западноевропските земји помош.

НОВИ ПОБЕДИ НА ЈОНИЦА.- Во својот победоносен поход од Адријанопол, Јоница се упатил во Солун со цел да ги истисне Французите и да го ослободи Солун. Маркизот Монтферат дознавајќи за доаѓањето на Јоница, како и за поразот на крстоносниците кај Адријанопол, презел сериозни мерки за одбрана на својата територија. На патот кон Солун, Јоница го зазел Сер. Во борбата за овој град францускиот гарнизон му се предаде на Јоница. Заробените војници Јоница ги разоружал и ги испратил, некои во Цариград, некои во Унгарија, а нивните водачи ги погубил. Според тоа, војските на Латините кај Сер претрпеле големи загуби.

Императорот Јоница после извонредната победа кај Сер се упатил кон Солун. Меѓутоа, со оглед на тоа што Солун бил мошне добро утврден не го нападнал градот. Во тоа време Јоница примил делегација од градот Филипополе, која му изјавила желба да го заземе градот со неговите војски. Дознавајќи за доаѓањето на Јоница, Рениер де Трит го запалил градот и избегал во тврдината Естенемак, која ја

штител свои луѓе. Од страв од Јоница, Латините со Рениер де Трит останале во тврдината 13 месеци, без храна, заради што биле приморани да јадат коњско месо. Јоница го освоил Филипополе при што Грчкиот епископ кој се затекнал таму, како и богатите личности ги ликвидирал. Некои од нив живи ги запалил, а тврдината до темел потполно ја разорил.

НАТАМОШНИ СУДИРИ НА ЈОНИЦА СО КРСТОНОСЦИТЕ.- После паѓањето на Балдуин во заробеништво, собраните барони во Цариград. го избрале за регент на Империјата неговиот брат Хенрих. Воедно, тие одлучиле да ги повратат изгубените територии под своја власт. Енергичниот и способен Хенрих се зафатил да ја оствари оваа задача, заради што презел и посебна акција на тој план. При тоа, тој го искористил отсуството на Јоница кој во тоа време бидејќи бил зафатен со војна во Македонија не се наоѓал во Тракија. Заради тоа, повеќе градови и крепости во Тракија повторно се најдоа во рацете на Латините. Така, градот Неапол (Кавала) го држел под негова власт грчкиот генерал Врана, кој бил оженет за сестрата на францускиот крал. Затоа, Врана бил одан кон Латините и нивната власт.

Меѓутоа, Јоница со свои војски повторно се вратил во Тракија. Близу до Русе една трупа крстоносци се судриле со војската на Јоница. Од 120 коњаници се спасиле едвај десетина. Сите останати биле искасапени. Судирот се случил на 31 јануари 1206 година. Со тоа на крстоносците им е зададен првиот пораз.

Од Русе императорот Јоница се упатил во Кавала (Неапол) кој се наоѓал под власт на генералот Врана. После извршениот напад на Кавала, градот бил заземен од Власите. Војсководителот на Латините под чија власт се наоѓаше спонатиот град- Франгурес, бил заробен и заедно со останатите благородници пред очите на Јоница убиен. Останатото население- жени и деца биле заробени и испратени во Влахија, а пак градот Кавала (Неапол) разорен до темел.

Венецијанците кои беа стационирани во Родесток, на број околу 2.000 војници, кога дознале за судирот и што ги снашла крстоносците оставајќи го градот се дале во бегство. Затекнатото население и во овој случај паднало во заробеништво, а градот до темел бил разорен. Од Родестек, Јоница се упатил во Панедор, кого исто така, го разорил, а пак населението го претворил во заробеници. Потоа се упатил во градот Хераклеа од каде одвел еден голем број на луѓе како заробеници.После овие победи, Јоница се упатил кон тврдината Димотика, која била заземена и разорена. Иста судбина ја снајде и населбата Чорлу. И жителите на оваа населба биле одведени како робови на планината Хем.

Голем дел од грчкото население од разорените градови се разбегал, спасувајќи се од нападите на војските на Јоница. Во меѓувреме Јоница добил писмо од папата со молба да склучи мир со Латините.

ГРЧКО- ЛАТИНСКИ СОЈУЗ.- Нападите на Јоница против Латините во Тракија, каде биле заземени низа градови и тврдини, како- Арпи, Родосто, Ираклија (денешна Ерегли), потоа Чорлу, Трајанопол (во устието на Марица) и многу други места се одвивале во текот на 1206 година. Единствено градовите Адрианопол и Димотике не успеал да ги освои. Силно укрепените тврдини на спомнантите градови не му дале можност да ги покори. За да се одбранат од војските на Јоница, Грците стапиле во сојуз со Латините. Тоа го сториле заради преземање на заедники дејствија против Јоница. Предлогот на Грците за нивно сојузништво против Власите и нивниот импертатор Јоница, со задоволство е примен од Хенрих. Заради тоа Хе-

нрих отпатувал од Цариград за да му пружи помош на градот Димотика, кој бил нападнат од Власите. Јоница не успеал да го заземе и запали и затоа се повлекол. Тогаш еден латински одред успеал да се повлече низ источните Родопи и го ослободи блокираниот Рениере де Трит, кој 13 месеци се наоѓал опколен во тврдината.

Додека Хенрих се враќал во Цариград каде ја примил кралската круна, на 20 август 1206 година со голема помпа, Јоница го освоил градот Димотика и до темел го разорил. Таму заробил голем број на мажи, жени и деца и ги одвел како робови.

Дознавајќи за препениот пораз самиот Хенрих се ставил на чело на една трупа и тргнал за да го нападне Јоница. Го следел четири дена по ред, но, никако не можел да го најде. Дошол до градот Берое, кој се наоѓал во подножјето на планината Хем. Населението на тој град се засолнило во планината. Од Бероа тој се упатил кон Близме, од каде исто така, населението се повлекло во планините. На три милји далеку од Близма покрај еден потоп, се наоѓал Јоница, заедно со својата војска, заробеници и неброена стока.

За дадената положба и распоредот на војските на Јоница бил информиран францускиот цар. Затоа, тој со две војни грчки трупи од Адријанопол и Димотика и бројна латинска војска започнал да ги напаѓа Власите. Битката започнала да се води на самото поточе, каде влашката војска ги имаше своите положаи. Во битката која се водела со голема жестокост, загинале голем број луѓе од обете страни. Јоница го напуштил бојното поле оставајќи 20.000 заробеници и неброена стока. Потоа, Хенрих се вратил во Цариград. При тоа, тој ги ослободил сите заробеници, покажувајќи им го патот 'во државата на Јоница'.

РАЗОРЕНИ ВЛАШКИ ГРАДОВИ.- Хенрих повторно се вратил и со своите војски ги нападнал подрачјата кои се наоѓале под власт на Јоница. Така, без никаков напор го зазел градот Ферма, а потоа, го разорил. Таму се задржал три дена, пљачкајќи ги сите околни места. Ја нападнал тврдината Аквила, која откако ја освоил ја разорил до темел. Четвртиот ден се вратил од Ферма со опљачканата стока во Цариград каде ја провел целата зима. Во февруари 1207 година тој се жени со Агнес, ќерката на маркизот Монрферат.

СОЈУЗОТ НА ЈОНИЦА СО ТЕОДОР ЛАСКАР.- Со Никејската држава во Мала Азија владеел Тодор Ласкар. Во уредувањето на државата, како пример му служело уредувањето на старата Византија. Следејќи ги традициите на Византија, Теодор Ласкар се идентификувал како претставник на византиската држава, и во 1208 година, се крунисал за цар на Никеја. Во Никеја беше преместено и седиштето на прогонетата од Цариград, Цариградската патријаршија.

За да ја сочува својата земја од нападите на Латините, Теодор Ласкар склучил сојуз со Јоница. Веднаш потоа Јоница се спуштил во Тракија, а пак, Куманите напредувале кон Цариград, пљачкајќи се пред себе. Јоница ги насочил своите напади на Адријанопол, при што започнал да ги поседува ѕидините.

Кога требало да го освојат градот, Куманите му јавиле дека бидејќи не можат да ја издржат летната горештина се враќаат во својата земја. Тогаш Јоница се откажал од нападите на Андријанопол.

СМРТТА НА БАЛДУИН.- Хенрих го управувал Латинското царство со многу енергија и вештина. Успеал да ја зајакне разнишаната Латинска владевина во Тракија. Но не можел да ја заборави смртта на својот брат Балдуин. За смртта на овој несреќен цар постојат бројни легенди. Според една легенда се зборува дека ко-

га Латините склучиле сојуз со Грците, Јоница го извадил од затворот, му ги извадил прангите од нозете и жив го закопал во јама, каде умрел по три дена во страшни болови. Се прикажува и тоа, дека Јоница од лобањата на Бадуини направил пехар, исто така, како што направил Крум пехар од лобањата на Никифор. Според друга легенда, пак, се зборува дека Балдуин е усмртен заедно со жената на Јоница-Куманката, која сакала да го спаси и заедно почнале да бегаат, но биле откриени во таа намера и затоа бил убиен.

Во војна со Јоница загинал и Монтферат (1207).

После неговата смрт, го наследил неговиот син Деметро, кој поради својата малолетност владеел со намесништво составено од двајца благородници, и тоа: Бизндрат и Буфа. Тие имале за цел да ја окупираат целата територија од Црно Море до Драч. Во исто време, Јоница се стремел да го заземе Солун.Заради тоа со својата војска се улогорил покрај градските ѕидини на Солун.

Една ноќ Јоница бил смртно ранет со стрела во својот шатор. Утредента од задобиените рани умира. Во посмртните часови открил дека убиецот бил куманскиот војвода Манастрас. За убиството на Јоница постои легенда, според која, тој е погоден со стрела од солунскиот светец Свети Димитрија, кој како светец е прогласен за заштитник на градот Солун.

Царувањето на Јоница се одликува со мошне изразити дејствија за државно обединување на Бугаро-влашкото царство и неговото владеење претставува едно од најсветлите епохи во историјата на таа земја.

БУРИЛА.- Императорот Јоница бил жртва на заговор. На чело на заговорот врз Јоница стоела неговата жена- Куманка и неговиот внук од сестра Бурила. Всушност, убиениот цар Јоница немал директни наследници на престолот, па, по, правило, требало да го наследи постариот син на Асан I- Иван Асан. Откако ја пограбил царската круна Бурила гледал непријатели во сите благородници и блиски роднини на Јоница, кои му останале верни на покојниот цар и неможеле да се помират со свирепоста на неговите убијци.

За да се ослободи од нив, Бурила презел мерки за нивно ликвидирање. Синовите на Асан I- Иван Асан и Александар од страв да не бидат убиени пребегнале во Русија, а братучедот на Бурила- Слав, се утврдил во крепоста- Цетина и се прогласил за независен господар на планинската покраина која ги опфаќала Родопите и Пирин“.

Авторот говори за Власи, кои биле наследници на Римјаните или биле латинизирани домородци, а овде стои „братучедот на Бурила- Слав“. Токму Слав + к = Склав произлегол од поимот Склавини, чиј јазик бил само варварски=тн.словенски.

„Иако во земјата настапило растројство, Бурила на чело на една трупа составена од Кумани и Власи навлегол во Тракија. Во тоа време Хенрих склучил двогодишно примирје со Никејскиот цар Теодор Ласкар. Обезбедувајќи ја границата кон Азија, ја искористил целата своја воена сила против Власите. Затоа тој се упатил во Андријапол со цел да го придобие пријателството на кнезот Слав. Кога доспеал до влашкиот град Алин, кој бил расположен на планината Хем, жителите го напуштиле и се повлекле во планината. Императорот Хенрих се улогорил наспроти градот, а мнозинството на војската се дало на пљачкање, одведувајќи ја пред себе грабнатата стока- овци, крави, кози и др. Во еден теснец Власите ги нападнале Хенриковите војници и еден голем број бил убиен.

Од Алин, Хенрих се упатил кон Берое, каде преноќил. Вториот ден дошло до битка меѓу неговите војници и Власите предводени од Бурила. Многу француски војници а грчки сојузници останале мртви на бојното поле.

После овој судир Хенрих се повлекол во Филпополе (Пловдив). Северно од Филипополе на ден Свети Петар во 1207 година се одиграла пресудна битка меѓу Францусклата војска и Бурила, при што им е нанесен пораз на Власите. Потоа, Хенрих го завзел градот и планината Круцемонте.

Битката на Филипополе (Пловдив) ја отстранила опасноста по Слав од узурпаторот Бурила, но затоа се јавила друга опасност- опасноста од Латините. За да ја отстрани таа опасност, Слав-наречен од Латините- Есела, побарал од нив мир. Слав отишол сам до шаторот на Хенрих, молејќи го за мир и послушност. Потоа му ја запросил ќерката, прикажувајќи се како мошне богат со непреценливо благо- злато и сребро. Свадбата на Слав со ќерката на Хенрих била мошне раскошна. Со голема помпа траела цела недела.

Зависноста на Слав од Латините била привидна. Тој ги сочувал добрите односи со Цариград се до смртта на Хенрих (1216), при тоа знаел да ја сочува спрема Латините слободата на дејствувањето и односот кон определените настани, раководејќи се во тие акции од сопствените интереси.

4, КАРАКТЕРОТ НА БРАЌАТА ПЕТРУ, АСАН И ЈОНИЦА

НЕПРИНЦИПЕЛНИ ОБВИНУВАЊА.- Сите историчари кои го проучувале животот и делото на тројца браќа- Петру, Асан и Јоница, биле во одредена мера неправични и непринципелни во прикажувања во карактерот на нивната владавина. Посебно, неправично биле кон личноста кон Јоница, бидејќи го прикажуваа како превртлива и незрела личност. Меѓуто, не треба да се заборави дека во својата војска Јоница, покрај Власи, имал и бројни Кумани, Бугари, варвари родени со посебни мани и недостатоци, како и со свои разорни особини што се заедно создавало претстава за Царот како за незрела личност. Од друга страна, смртта која ја носеа и разорнувањата кои ги вршеле крстоносците во Цариград, биле толку грозни, што не можат да се споредат си разорнувањата кои ги вршел Јоница“.

Се бореле само Белци со варварски=тн.словенски јазик и Монголи(Кумани).

„Во врска со тоа, и самите латински хроничари, кои зеле учество во тие крстоносни походи не можат да се задржат, а да не зборуваат за извршените пљачкања на крстоносници, кои носеле сè пред себе, во прв ред, злато, племенити метали, сребро, свила и други богатства, и да не ги осудат дадените постапки. Колку се осиромашило населението и земјата воопшто од тоа плачкање не може да се замисли, посебно што крстоносците за време на тие војни вршеле невиден терор и пљачкања на сите споменици во Византија. Богатиот плен, го носеле во своите земји. Хроничарот Ничета, кој го прикажува тоа време, ги именува Французите и Венецијанците како ‘...бандити кои станале господари на Цариград, кои со својата алчност за злато и племенити метали толку се компромитирале, така што нивното варварство не може да се спореди со разорнувањата кои ги вршеле војниците на Јоница...’ “.

Па крстоносните војни биле уништувачки...-тие биле дело само на Рим=Ром.

„И покрај тоа,помалу се знае за незаконските дејствија на Латините и нивното варварско поведение, отколку на бруталноста на Јоница, од причина што византиските и латинските историчари не ги пренесуваа во права светлина разорувањата кои ги врешеле нивните сонародници. Наспроти тоа, кога пишувале за акциите на

Јоница и неговите војски тие не биле објективни и критични и затоа неправилно ја прикажувале состојбата и односите во даденото време и простор.

Стравот кој им го всадил Јоница на Грците бил толку голем што при споменувањето на името на Јоница кај нив се јавувале уплав и ужас. Ова од причина што на местата од развиените градови и плодни ниви и градини, од нивните меѓусебни судири на територијата на Тракија останале урнатини, а наместо луѓе, како што забележува Ничета, се шетале sверови. Овие разурнувања што Јоница ги вршел над грчкото население се резултат од неговата омраза кон сѐ што има грчко потекло и припаѓа на Грците. Тој се пресметувал со Грците заради тоа што нив ги сметал за узурпатори на империјата на Константин Велики. Наспроти тоа, Власите ги сметал за единствени наследници кои имале право на таа империја“.

Имало Хелени со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик- Власи=овчари.

„Јоница се прославил со титулата ‘Romaiocton’ или ‘Гркоубиец’, исто како што Василие II бил прославен со титулата ‘Bulgarocton’ или ‘Бугароубиец’ “.

Василие II Македонски не бил Бугароубиец туку Булгатоктонос: окто=окото - окото да се окати. Па ова се потврдува што на ниеден јазик октон не значи убиец.

„Според тоа, во однесувањата на браќата Петру, Асан и Јоница, јасно беше определен ставот на односот кон Грците. Оттука, омразата што тие ја манифестирале кон Грците, во основа, била изразена низ постојаните битки на романизмот против грцизмот. Заради создадените спротивности омразата се пренесувала од генерација во генерација“.

Со завладувањето на Македонското Царство од Римјаните, имало само Римјани (Ромејци). Народен јазик им бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски, а службен коине. Римјаните говореле исто (Дионсиј)- Власите одродени тн.Словени.

„Во основа сите дејствија на Јоница во себе содржеле елементи на слободољубивост и според тоа, тие имале ослободителен карактер. Чуствувајќи ја опасноста од грчкото влијание, дејноста на Јоница имала строго античгрчки карактер“.

На Јоница народен јазик му бил тн.словенски- латинскиот не бил народен.

„Од анализата на карактерните одлики на царот Јоница, доаѓаме до сознание дека истиот ги поседувал сите квалитети на еден голем генерал на своето време, смел, одважен, активен и добар стратег и над се самоуверен во познавањето на сите војни вештини. Исто така, бил и господар со патриотски чуства. Основал нови градови, како што бил Алин, кој го населил со Власи. Од својата коресподенција со папата се забележува дека тој поседувал дипломатски дух, успевајќи при тоа да ги оствари сите поставени барања во даденото време и простор. Целта што си ја поставил била да се соедини Влашка со Римската црква, но воедно не ги запоставил приоритетните и перманентни интереси на својата држава. Користејќи ја улогата и моќта на римскиот папа, тој си поставил за задача преку организацијата на црквата да ја зајакне и државата во еден западен систем. Воведувајќи го влашкот јазик во црквата и државата, осигурувајќи при тоа основа за зголемувањето на влашкиот народ во средишта каде бил присутен словенскиот и грчкиот етнос. Уверен во сопствените сили и раководен од сопствената пасија, наместо да ги профитира Латините во Византија со што би останал фактички и вистински господар во влашка држава, тој направил непромислен сојуз со Грците. Со тоа лесно би можел да делува против Грците и нивните стремежи. Речиси, исти пропусти и дефекти во својата политика правел и Асан, иако и тој ги поседувал сите квалитети на војсководител

со посебен дух во раководењето и организирањата на државата. Петру, иако носел царска круна ја користел улогата што ја одиграл Асан“.

Јоница бил човек како сите други владетели- тие се се бореле само за власт.

Тој бил соработник на папата. Па папата не бил надлежен за православието.

Европјаните за време на крстоносните војни биле канибалисти...и арамишта.

Посебен влашки јазик никогаш немало- во Влашка се говорел тн.словенски.

Се кажа: „во средишта каде бил присутен словенскиот и грчкиот етнос“.

Словенски и грчки народ никогаш немало- на Балканот се говорел само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик,а службени биле латински и коине-само тоа.

„Независно од некои пропусти и определени негативности, тројцата браќа Петру, Асан и Јоница, поседувале посебен дух, душа полна со ентузијазам и слобода. Секојпат врз извојуваните победи се носеле витешки. После извојуваната победа во Адријанопол имаа повеќе шанса да го освојат Цариград, одколку Солун. Меѓутоа, место одмерено да расудуваат врз определени односи во својот развоен тек, повеќе се занесувале со моментален ентузијазам и сентименталност.

Без овие дефекти на царевите Петру, Асан и Јоница, влашкото царство околу планината Хем би се задржала долго време“.

Власите биле само пастири.Значи, само овчари, и ништо повеќе, ниту инаку.

ПОСЛЕДНИТЕ ВЛАШКИ ЦАРЕВИ НА ХЕМ

„**1. ГОЛЕМИОТ ЦАР АСАН II**

БИТКАТА СО БУРИЛА.- За време на краткото владеење на Бурила, создадената Влашко- бугарска држава од Асан I и Јоница, била сведена до положба на второстепена сила на Балканскиот Полуостров. Наспроти тоа, Латинската држава, и покрај многубројните кои ја опкружувале, успеале да се одржи од ударите кои и ги нанеле Власите кај Андријанопол. Освен со цела Тракија, таа владеела уште и во Јужна Македонија, се до Тесалија и Јужна Грција“.

За „Влашко- бугарска држава“ бил потребен само влашко- бугарски јазик. И во заедничка влашко- бугарска држава јазикот би требало да биде мешавина на двата. На влашко- бугарски простори се говорел вториот милениум само тн.словенски.

„Меѓутоа, Влашко- бугарското царство доживеало процут со доаѓањето на власт на Асан II. Всушност, после бегството во Русија, Асан II се вратил со бројна војска за да го симне од престол Бурила.Во првата битка Бурила бил победен и станал негов заробеник (1218). После оваа извојувана победа Асан се упатил да го заземе Трново. Во тоа време умрел Хенрих. Тој, заправо бил усмртен од некои доверливи луѓе. Едни мислат дека неговата смрт е дело на неговата жена, Влаинка, ќерка на Бурила. Асан II, пак, се жени за ќерката на Унгарскиот крал Андреј II, по име Марија.

БИТКАТА СО ТЕСАЛСКИОТ ПРИНЦ.- Во натамнишните дејствија, Асан II настојувал да ја зацврсти својата власт. Затоа тој склучил сојуз со тесалискиот кнез Теодор Комнен, давајќи ја за жена својата ќерка на неговиот брат Мануел. Меѓутоа, тоа сојузништво не траело долго. Со својата моќна војска Теодор Комнен навлегол во Тракија, пустошејќи многу населби во влашкото царство. Во селото Клокотница, близу до реката Марица во 1230 година, се повела битка. Битката завршила со страшен пораз на Епирците. Самиот Теодор Комнен заедно со многу негови

благородници и војници паднале во пленство. Меѓутоа, иако Асен II, Теодор Комнен и благородниците ги задржале како плен, заробените војници ги ослободил без никаков откуп. Враќајќи се кон својата татковина во Тесалија и Епир, војниците по патот пееле песни изразувајќи му благодарност на Асан II, воедно изразувајќи желба тој да биде владар и над неговиот народ.

После сјајна победа под власта на Асен II подпаднале градовите Адријанопол, Воден, Серес, Прилеп. Битола, Охрид, Елбасан, скоро цела Македонија и Албанија, се до Драч. Асан II, после тоа се упатил кон Голема Влахија.

Овие победи на бојното поле на Асан II се должат, колку на околностите врз кои се засниваат неговите воени дејствија во тие области каде живееле влашко население, толку и на неговиот добар однос кон заробените војници: сите заробени, како што е изнесено, биле ослободени и вратени во своите домови. Со оглед на тоа што кнезот Теодор Комнен не се придржувал на определените односи како заробеник, бил ослепен и ставен во окови. Но, после извесно време Асен II се оженил за ќерката на Теодор Комнен и тој бил ослободен од заробеништвото“.

Војни поврзани со влашко население немало- Власите одродени тн.Словени.

Со тоа што Асен се борел против Комнени, Асен бил соработник на папата.

„АСАН II И ПАПАТА.- Асан II формално настојувал да ги одржи воспоставените односи со Римската црква. Наспроти тоа, работел на прогласување на независна и самостојна Влашка црква, ослободени од секаква туѓа духовна власт. Бидејќи намерите на Асан II биле осуетени, Римскиот папа Григорие IX од причина што овој не сакал да ја признае супермацијата на католичката црква, го поттикнувал Унгарскиот крал Бела IV да преземе крстоносен поход против Асан II. Меѓутоа, акцијата на Унгарците не ја промеднила состојбата во земјата.

СОЈУЗОТ НА АСАН II СО ЦАР ВАТАЦ.- Вниманието на Асан II било насочено на настаните кои се одиграле меѓу Никејското и Латинското царство. Во создаваданите односи Асан II склучил сојуз со Никејскиот цар Јован Ватац. Целта на овој сојуз била заедно да го заземат Цариград. Затоа, тие заедно го нападнале Галиполе. За да ја зајакнат врската, Асан II ја верил својата десетгодишна ќерка за, исто така, десетгодишниот син на Јован Ватац“.

Цариград православен центар со цар под кого бил Цариградскиот паријарх.

„Во тоа време доаѓа до создавање на Патријаршија во Трново. Всушност, Еусалимскиот патријарх, како и тој од Антиохија, го прогласиле трновскиот архиепископ за патријарх. Во своите планови, Асан II и Ватац презеле акција и го опседнале Цариград, но опсадата била одбиена. Во 1236 година повторно била нападната престолнината, но без успех. Таа година бил нападнат градот Филипопол. Кога на Латините им пристигнала помош од Франција нападот бил одбиен. Во исто време сојузот склучен меѓу Асан II и Јован Ватац, бил раскинат од страна на Ватац, кој сега се здружил со папата. По извесно време и Асан II им поддал рака на Латините.

СЈАЈОТ И ГОЛЕМИНАТА НА ТРНОВО.- После битката кај Клокотница влијанието на Асан II се проширило на сите подрачја во земјата. Трново, како престолнина на Бугаро- влашкото царство претставувало огледало на цивилизацијата на влашкото и бугарското население. Треба да се подвлече дека, Трново било создадено од Власите, а не од Бугарите. Расположен на брегот на Јантра, која извира од планинските страни, градот има исклучителна погодна положба. Од левата страна се издига планината со шест кули, а после тоа се распоредени сите царски па-

лати. Тука се наоѓала резиденцијата на патријархот и катедралата со храмот 'Вознесение Христово'. Наспроти царскиот дворец се наоѓал античкиот дворец, наречен- Трпезица. Во подножјето на планината се наоѓале црквите 'Свети Димитрија', која била поставена в лице со црквата 'Свети Петар и Павле' ".

Се кажа за Власите: „Трново било создадено од Власите, а не од Бугарите".

Пак, Бугарите велат, Трново било бугарско- врска со националната историја.

За Бугарската историја влашките владетели биле бугарски- одлучи коцката.

„Освен многубројни благороднички домови на тоа место се издигнувале дваесетина помали црквички. Центарот на градот се наоѓал долго на брегот на реката Јантра, меѓу Царевец и Трапезица. На левиот брег на реката се издига црквата 'Свети 40 маченици'- изградена од Иван Асан II, како и мавзолеј на семејството Асановци. Забележително е што на ѕидовите на црквата 'Свети 40 маченици' се наоѓа натпис каде е истакнат ктиторот на црквата Асан II.

Грците, Трново го викаат 'Βασιλεύουσα πόλισ' односно 'Кралски град'.

За време на владеењето на Асан II во земјата настапило мирно време кое се одржало доста долго. Во создадените услови и односи започнало да заживува стопанството. Длабокиот мир што владеел во царството создал основа за развивање на трговските односи, пред сè, таа со надворешниот свет. Главни посредници на трговски односи биле Дубровчани. Со оглед на тоа што Власите тргувале со Дубровник (Ragusa) од каде се пренесувал сол, Асан II склучил трговски договор со тој град. Давајќи им посебна привилегија,Асан II ги означувал дубовчаните со зборови: 'тие, најскапи и сакани пријатели на моето царство', додека тие возвраќале со зборовите 'За славниот цар Јон (Иван) Асен II'. Договорот бил склучен врз база на реципрочно право на обете страни. Според овој договор влашките трговци во Дубровник имале истоветни привилегии како дубровчаните во Загорската и Бугарската империја. Овој договор бил обновен за време на Михаел Асан во 1253 година".

Се кажа:„тие возвраќале со зборовите 'За славниот цар Јон (Иван) Асен II' ".

Па името на „славниот цар Јон (Иван) Асен II" било бугарско, а не влашко.

„За време на владеењето на Асан II, Куманите кои биле истиснати од север од страна на Татарите, го преминале Дунав и во голем број се населиле на територијата на Балканскиот Полуостров".

Ние во Р.Македонија знаеме само за бугарски Асен, но никало влашки Асан.

„КАРАКТЕРОТ НА ВЛАДАВИНАТА НА АСАН II.- Владавината на Јон (Иван) Асан II се одликува со стабилност на земјата и благостојба на народот во Влашко- бугарското царство. Асан II како владетел бил еден од најславните влашки и бугарски цареви, не толку според издвојуваните победи над непријателите, колку според стекнатата благосостојба на сите народни слоеви во земјата. Бил еден од ретките заштитници на својот народ. Во тие крвави години, тој со својата хуманост и добрина бил прочуен и незаборавен. Но, омразата која ја чуствувал кон Грците била исто така голем и може да се спореди со омразата што ја имал татко му кон Грците. Бил пријател на цивилизацијата која проникнала длабоко во народот. Затоа, тој оставил длабоки траги во кулурното наследство на земјата, особено во црквената архитектура.

Бил побожен човек. Неговата побожност може да се спореди со побожноста на неговите претци- Петру, Асан, Јоница. Заради тоа, Асан II ја исполнил државата со манастири и цркви кои ги дарувал со златни и сребрени скапоцености. На сите

манастири и цркви им подарил определен мираз, зголемувајќи ги корисните институции, се за доброто на народот. Иван (Јон) Асан II бил познат од народот со прекарот 'Великиот и Побожниот цар Асан'.

2. ПРОПАЃАЊЕ НА ВЛАШКОТО ЦАРСТВО

КАЛИМАН I (1241-1246) И МИХАИЛ АСАН (1246- 1257).- Јон Асан немал возрасен наследник. Престолот го наследил неговиот седмогодишен син- Калиман I од првата жена, Унгарката Ана. Затоа, тој имал унгарско име. Поради неговото малолетство, државата била управувана од избрано регенство. Тој бил титулиран со следните титули: 'Мошне побожниот и саканиот од Христос, цар Јон Калиман Асан, Трновски автократ на Бугарите и на Власите'.

Уште од првите години на владеењето на Асан II, во длабочините на Азија се одиграле настани од светско- историско значење. Татарските орди на Џингискан, започнале да продираат кон Европа, ширејќи се према Црногорските степи.

Во време на владеењето на Калиман I, преку Дунав дошле Татарите носејќи при тоа големи несреќи, токму во Влашкото царство од Хем. Под раководство на водачот Бату, внукот на фамозниот Џингис- кан. Потоа се упатиле према Полска, а потоа во Моравија, носејќи сè пред себе, разорувајќи населби и пљачкајќи се што ќе најдат на патот.

Во 1241 година Татарите навлегле и во Унгарија, на број околу 500.000 луѓе, разорувајќи ги градовите и палејќи ги полињата. Од Унгарија ја преминале реката Дунав и минале како виор во Србија, Бугарија и Влашко каде разурнале и пустошеле сè пред себе, без да им се пружи никаков отпор. Потоа повторно ја преминале реката Дунав враќајќи се назад во своите земји.

После смртта на Калиман I, престолот го наследил Михаило Асан, синот на Иван Асан II, од неговата трета жена- Ирена, ќерката на Теодор Комнен. Како регентка на својот син, кој имал само 7-8 години, таа управувала со државата. Во време на нејзиното владеење, Никејскиот импертатор ги насочил нападите врз Влашкобугарското царство. Никејскиот император Ватац во поход го зазел градот Сер, каде запленил многу злато и скапоцени камења. После тоа го нападнал и го освоил Мелник со сите околни места. Овие подрачја останале кратко време под власта на Никејското царство. Повторно сите освоени градови и тврдини од страна на Ватац, паднале во рацете на Михаил Асан.Меѓутоа, неговата земја била предмет на напади и од Теодор II Ласкар. Војската на Теодор II Ласкар ги освоила скоро сите градови во подножјето на Родопи, освен градот Целина, кој пружил отпор. После трогодишното војување, во 1257 година, меѓу нив е склучен мир.

Меѓутоа, токму во тоа време, неговиот братучед Калиман II, со помош на своите привзаници успеал да го симне од царскиот престол, Михајло Асан, прогласувајќи се самиот за цар на Влашко- бугарското царство. При тоа, Михаил Асан е убиен од Калиман II. Но, владеењето на Калиман II било краткотрајно, бидејќи рано умрел.

Така згаснала владавината на династијата на Асановци, која дала многу славни цареви на Влашко- бугарското царство.

3. БЕЗРЕДИЈА ВО ВЛАШКО- БУГАРСКОТО ЦАРСТВО

КОНСТАНТИН (1258- 1277).- Со смртта на Калиман II, со оглед на тоа што тој немал наследник од семејството на династијата Асан, советот на благородниците одлучил да го избере за владетел на Влашко- бугарското царство, Константин,

внукот на српскиот велик жупан- Стефан Немања. Стапувајќи на царскиот престол, по советот на благородниците, тој се оженил за една од ќерките на императорот То дор Ласкар-Мариа,внука на Иван Асан II, а пак,првата жена ја испратил во Никеја“.

Со тоа што бил избран „Константин, внукот на српскиот велик жупан- Стефан Немања“, без влашко што не би било тн.словенско со црковно-словенски јазик.

„За да се докаже дека на тој начин го добил и наследното право за царскиот престол, тој го зел и името Асан. Во тоа време во земјата настанале борби за превласт меѓу Константин Асан и Мицо, кој настојувал да ја наследи царската круна. Во таа борба победил Константин Асан.

Во време на владеењето на Константин Асан во Влашко- бугарското царство навлегле Унгарците, при што, освоиле некои градови и тврдини. Константин овие напади ги одбил. Константин Асан војувал и со Никејскиот император Михаил VIII Палеолог. Во натамошниот тек на владеењето државата на Константин Асан доживувала криза, како на надворешен, но исто така и во внатрешен план.

Во втората половина на XIII век опаѓа моќта на државата на Асановци. Всушност Константин Асан немал способност да раководи со државата. Внатрешната политика во Влашко- бугарското царство во тоа време не била определена од меѓународната положба на државата, ниту од нејзините внатрешни средства и можности, туку најповеќе од родбинските чуства, како и слепата омраза на влашко- бугарската царица. Тие, во основа, биле причина за појава на меѓусебни судири во рамките на тоа царство, а често пати царевите завршувале со насилна смрт. Во така создадените односи, секако дека моќта на државата опаѓала.

КУРКУБЕТА.- Во услови на изразити внатрешни судири царот Константин се разболел. Раководењето на државата преминало на неговата жена- Марија. Тоа е време кога Татарите повторно влегле во земјата, вршејќи невидени разоруважња и пљачкосувања на населението.

Во тие тешки и судбоносни денови на земјата, во заштита на народот се ставил витезот Куркубета (со значење: тиква), познат и со името Иваило, но и со името Бардоква.Влашки: Куркубета, овчар од Балканските планини. Неговата појава во својство на заштитник го изненади сиот народ. Тој се одлучил да ги набрка Татарите од земјата, но, исто така, да го симне од царскиот престол и Константин Асан“.

Се наведе: „Влашки: Куркубета, овчар од Балканските планини“.

Па Власите биле само овчари, никако говедари, свињари и земјоделци.

„За да го убеди народот да се дигне на востание, употребил исти методи и средства, како што примениле Петру и Асан, кога се дигнаа против Византијците. Претставувајќи се во улога на пророк, со својата моќ на убедување, делувал сред народните маси за да се дигнат на востание. Вршел долги молитви а имал надворешен изглед на своето лице. На тој начин успеал да го раздвижи народот кој се одзвал на неговиот повик за борба против Татарите. Кога видел дека собраната маса расположена за борба е голема, облекол пурпурни алишта, ја оптегнал сабјата, ја ставил на главата царската диадема и со тоа станал господар на ситуацијата во земјата.

Од мнозинство на собраниот народ, со посебен ентузијазам и со акламација Куркубета е избран за цар на Власите и Бугарите. После тоа повел борба против Татарите. Двапати извојувал победа над нив. После тие неочекувани победи, приливот на луѓето во неговата војска од сите страни е голем. Во зимата 1277 година

го победил и царот Константин. Тогаш царицата Марија му понудила брак, Куркубета ја прифатил за жена, примајќи ја во својата куќа, на општо задоволство на народот. Трново, после тоа, ги отворил портите, а трупите на славниот командант трумфално влегле во градот. Женидбата на Куркубета со Марија била проследена со голема помпа. Меѓутоа, меѓу благородништвото на Вашко- бугарското царство, исто како и порано, се разгорела борба за превласт. При тоа, уделот на Византијците во разгорување на внатрешните караници бил голем. Пренесувајќи ја веста дека Куркубета е убиен во борба против Татарите, Византијците го приготвувале за иден цар на Влашко- бугарското царство- зетот на Михаил Палеолог, Јон кој го зема името Асен III, бидејќи неговата жена Ирена имала потекло и од семејството Асановци.

Меѓутоа, положбата на Асен III не била поволна. Доведен на престол со туѓи сили, тој ја држел црската круна во содејство на одделни кругови на благородништвото од Трново, врз чија подршка и се задржал на престолот. Највлијателен меѓу трновските благородници бил Георг Тертери, од Куманско потекло кој бил во родбински врски и со неколку моќни влашки благороднички семејства. Тој се одликувал со лична храброст и природен ум. Бил под големо влијание на Михаило VIII Палеолог, настојувал по секоја цена да биде негов зет, давајќи му ја за жена сестрата на Иван Асан III.

Неочекувано е извршен напад врз Куркубета но тој се одбранил, а Асан III плашејќи се, ноќта пребегнал во Цариград. Со себе, Асан III ги однел од Трново сите трофеи донесени од Грција од страна на Петру, Асан и Јоница, како и сето злато и други скапоцености од царската палата.

Затоа, наместо Јон Асан III народот го прогласил за цар Георги Тертери. Во тоа време Византијците испратиле една голема армија против Тертери, а со цел повторно да го вратат на царскиот престол Јон Асан III. Византиската армија била командувана од Маринос и располагала со околу 10.000 војници. Византската војска на патот се судрила со Куркубета. Војската на Куркубета им нанел тежок пораз на Византјците. Овие повторно испратиле војска, но и таа била поразена од страна на Куркубета“.

Се потврдува, немало национални владетели туку само семејни-династии.

„СМРТТА НА КУРКУБЕТА.- Неможејќи да се заземе Трново, кое било мошне добро заштитено и утврдено, Куркубета несмотрено заминал да го моли за помош татарскиот кан Ногаж, кој владеел во Јужна Русија. Меѓутоа, во шаторот на канот Ногаж го наоѓа и Асан III, кој отишол да побара помош за да го поврати изгубениот престол. Канот, откако ги ислушал расправите на обајцата со еднакво внимание, видно расположен, му дал знак на џелатот да го ликвидира Куркубета, личноста која неколку пати ја побредувала татарската војска. Егзекуторот ја извршил задачата. Така, заврши животот на овчарот кој со своето јунаштво и подвизи успеал едно време да го сочува народот од ужасите кои му ги нанесувале Византијците и Татарите.

После смртта на Куркубета, земјата потпаднала под власт на Татарите. Татарското господство се одразило врз внатрешните односи на царството. Централната власт, лишена од секакви средства за да може да се постави со својот авторитет и да ја наметне својата власт во земјата, била силно изложена на дејствувањето на надворешните сили.

СМЕЛЧИУ.- Во 1285 година Татарите предводени од кан Ногаж ги освоиле Унгарија и Бугарија, при што, ги преминале Балканските планини и се спуштиле до Тракија. Притоа, тие ја опустошиле целата земја. Увидувајќи ја тешката положба, Тертери ја напуштил земјата, оставајќи го престолот и народот кој го поддржувал.

Во создадените односи татарскиот кан Ногаж го поставил на Влашко- бугарскиот престол влашкиот благородник Смелчиу (во армн македонскиот јазик зборот 'смелчиу'- 'змелчу' значи 'полжав').[21] Тој имал помал брат кој се викал Бушила. Царот Андроник II барал пријателство со Елтимир, братот на Тертери, а зет на Смелчиу, чија втора ќерка била мажена за севастократорот Константин. За цело време на владеењето на Смелчиу во Влашко- бугарското царство била општа анархија. Државата повеќе не преставувала една целина. Секој дел од нејзината територија преставувал посебна целина што живеела само за себе, односно одделно од другите делови. (Елтимир=елти мир: мир=мир, Р.И.)

Последниот цар во Влашко- бугарското царство од влашко потекло бил Дансул. После него за цареви дошле личности од словенско потекло, но ниеден не ја достигнал славата на Јоница и Асан. Последниот бугарски цар Шишман чија резиденција се наоѓаше во Видин, ја даде својата сестра во харемот на султанот Мурат во 1365 година, Во 1393 година Бугарија била трансформирана во турски пашалук. Под турска власт Бугарија останала се до 1877 година".

Бидејќи Римјаните говореле тн.словенски, Влашка била само тн.словенска.

Влашко- бугарската круна бил на ненадлежниот Рим- следи таа и не важела.

„**4. ВЛАСИ И БУГАРИ**

ОДНОСОТ НА БУГАРСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПОТЕКЛОТО НА ДИНАСТИЈАТА АСАНОВЦИ. ПЕТРУ, АСАН И ЈОНИЦА СПОРЕД СВОЕТО ЕТНИЧКО ПОТЕКЛО БИЛЕ ВЛАСИ.- Прашањето за етничкото потекло на Петру, Асан и Јоница предизвика доста остри полемики во научните кругови. Додека бугарската историографија застапува мислење дека Петру, Асан и Јоница се Бугари, дотогаш некои западни извори и воопшто романската историографија тврди дека претставниците на династијата Асановци во Бугарија биле Власи. И едната, и другата страна своите тези ги засновуваат врз определени докази. Така, бугарската историска наука смета дека Петру, Асан и Јоница биле Бугари, како што биле и Борис, Симеон, Петру, Шишман и други, како и дека Власите немаат одиграно никаква политичка улога во Бугарија и Балканот воопшто. Уште повеќе бугарската наука ниту ги спомнува Власите.

Но прикажувањето на бугарското потекло на Петру, Асан и Јоница бугарската историографија користи еден извор како аргумент за докажување на тезата. Така, во преписката меѓу римскиот папа и унгарскиот крал Емерик, поради некои посебни околности, стои и наводот за потеклото на членовите на династијата Асановци. Во тоа писмо, всушност, се наведува дека Петру, Асан и Јоница потекнуваат од стариот народ на Бугарското царство. Тоа писмо, во основа, во бугарската историографија се користи како аргумент за докажување на бугарскиот карактер на родот Асеновци, не водејќи сметка пред кои околности писмото е пишувано.

Унгарскиот крал Емерик во писмото упатено до папата го обвинува Јоница дека опустошил една земја (Србија), која се наоѓала во состав на Унгарската круна ...За да не го изгуби пријателството на еден унгарски крал, папата на определен на-

[21] Само на влашки „зборот 'смелчиу'- 'змелчу' значи 'полжав'- македонскиот Смелчиу само смел....

чин спомнува дека Петру, Асан и Јоница потекнуваат од родот на бугарските цареви, кои примиле царска круна од Рим.

Наспроти тоа, некои западни извори, како и тие од романската редакција сосема децидно го определуваат влашкиот карактер на родот на Асановците. Според нив, докажувањето на влашката припадност на Петру, Асан и Јоница се толку прецизни и јасни, толку бројни и одлични, што без сомнение претставуваат убедливи аргументи за влашкиот карактер на родот на Асановци. Според тоа, во врска со ова прашање во хрисовуљата која е објавена два дена по крунисувањето на Јоница за цар, се наведува дека '...бугарските цареви Симеон, Петар, Самуил беа претходници, а не потомци или нивни претци...', што сосема јасно се потврдува поставката за нивната влашка припадност. И името на државата, односно следбениците на Петру, Асан и Јоница во даденото време и простор се именувале со Влашко- бугарска држава, секако, како одраз и израз на реалните состојби на етничките односи на населението во тоа време. Тоа е резултат на влашко- бугарскиот состав на населението во Бугарија во даденото време.

Во првото писмо упатено до папата во Рим, Јоница се титулира со името 'Цар на Бугарите и Власите'. Во оваа прилика, Јоница изјавува дека 'чуствува особена радост која не може да се спореди со неброено злато и скапоцени камења на светот, кога знае дека тие водат потекло од благородниците на римскиот народ'. Исто така, архиепископот Василие бил прогласен за митрополит и бил официјално титулиран со звањето- 'Митрополит на цела Бугарија и Валахија' ".

Следи „римскиот народ" од Римјаните (Ромејците)- такви биле и Еладците.

„И некои други извори јасно зборуваат и ја потврдуваат тезата за присуство на Власи во Бугарија. Така, после битката кај Адријанопол Хенрих, регентот на Латинската империја, упатил писмо до папата во Рим во кое го известува '...за навлегувањето на Влаот Јоница, чија војска во мнозинство е составена од Власи, Кумани и други...'. Истакнатиот историограф и секретар на византискиот император Никита Хонијат, кој земал учество во бројни битки против Власите, не запознава дека Петру и Асан потекнуваат од влашкиот род, дека третиот брат- Јоница ја презел хегемонијата врз Власите после смртта на Асан... Мошне ретко се споменува дека тие водат Бугарско потекло".

Во областа Влашка имало Власи чиј јазик бил само варварски=тн.словенски.

„Г. Де В. Хардвин, кој напишал хроника за битката на крстоносците со Власите, и самиот зел учество со оружје в рака заземајќи ранг на маршал, зборува за Романи и Валахи, додека Бугарите сосема малу ги спомнува. И многу други француски ракописи, кои ги опишуваат неприликите во Андријанопол, не ги споменуваат воопшто Бугарите, туку Власите и Куманите.

Се поставува прашање: Која е причината што словенските документи, а пред се, бугарските, не ги спомнуваат Власите ?- Одговорот на ова прашање е во едноставната нејаснотија на името Романи (читај Власи) Ρωμαις, кое за Бугарите е име со кое се идентификуваат Грците. Таму каде Словените зборуваат за Бугари и за Грци, во латинските документи го наоѓаме етнонимот 'Bulgari' и 'Blachi'. Во папските були Асан бил титулиран со звањето- 'Цар на Власите и Бугарите' ".

Авторот не ја знаел вистината: Римјани=Ромеи=Романи биле сите Балканци, а Грци само припадници на Цариградската патријаршија- авторот сè само помешал.

Авторот говори за Власи, Бугари и Словени- посебни народи. Такви немало.

„Ансбертус, хроничарот на крстоносните експедиции на Фридрих Барбароса пишува за Влаот Калопетар или ‘Калопетар, господар на Власите и Бугарите’ односно, држава која за германскиот император била наречена ‘Влашка држава’ “.

На влашката област влашка држава со свое население со тн.словенски јазик.

„Царевите Петру, Асан и Јоница претендираа на наследното право на Источното Римско царство, сметајќи ги Грците за узурпатори. Тие се наречени со името ‘Влашки цареви’, Бугарите ги именуваа- ‘Грчки цареви’, додека Грците кажуваа- ‘Влашки цареви’ “.

Се работело за народ- народен јазик бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски, а службени биле латински и коине- со царот Ираклиј останал само коине.

„ВО СЕМЕЈСТВОТО НА АСАНОВЦИ МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК БИЛ ВЛАШКИОТ.- Францускиот витез Робер де Клер, кој зел учество во крстоносните војни и во битките против Јоница, изнесува сознание дека тој, т.е. Јоница бил Влав. Наспроти тоа, Бугарите воопшто не ги споменува. И што е значајно- во семејството на Петру, Асан и Јоница се зборувбало на влашки јазик. Кога еден грчки свештеник станал заробеник од страна на војските на Асан, тој се молел за да го ослободи само затоа што знаел да го зборува влашкиот јазик“.

Во Влашка никогаш немало посебен влашки јазик туку само тн.словенски.

Во Влашка се говорел влашки јазик-тој бил говор/говори само тн.словенски.

„Сите наведени бројни автентични сведоштва и аргументи не противречат, но во основа ја потврдуваат поставката дека династијата на Асановци биле чиста влашка династија, додека државата, како и официјалниот јазик бил, колку словенскиот, толку и влашкиот јазик“.

Бидејќи Римјаните говореле варварски и пелазгиски (Дионисиј, 1 век н. е.), кој бил само тн.словенски, а латински бил само службен јазик, кој никогаш не бил народен јазик, во Влашка народен јазик бил само варварски- тој бил тн.словенски.

„Влашко- бугарската држава била дело на генијалниот Петру и Асан, на тие кои на чело на својата војска скокале од една на друга карпа како елени и кози,војувајќи по балканските и пиндските планини за својата национална слобода и слава.

Во скоро сите дејствија, поголема принципиелна помош Власите имале од Куманите, отколку од Бугарите. Всушност, Бугарите биле завидливи на моќта на Петру и Асан. Убијците на влашките цареви биле, пред сè, Бугари. Откако згасна династијата Асановци, Бугарите не дадоа некои значајни личности во нивната национална историја. Под турска власт тие ја изгубија определената автономија. Наспроти тоа, Власите јужно од реката Дунав, а посебно оние што ја населувале Тесалија, уживале одделни привилегии и право кои во континуитет се одржале во текот на целото време на турското владеење.

5. ЖИВОТОТ НА ВЛАСИТЕ ОД БАЛКАН (ХЕМ)

ПРИРОДНО- ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА.- Власите кои војуваа под раководството на Петру, Асан и Јоница биле населени во планинските предели на планината Балкан (Хем), во рамничарските области меѓу Девалтус (Бургас), простирајќи се спрема запад се до клисурата Сидера (Демир Капија), кај Анхиале и Бизое, како и во Добруџа. Целиот ланец на Балканските планини (Хем), заедно со Добруџа носел име Валахиа, позната и со името ‘Valahia ALBA’ (Бела Влахија).[22] Од крајот на

[22] **I**. Valahija, од француските хроничари е забележано под следните имиња: Blaquie, Blaequie, Blasquie, Blakie. Blackie, Blakies, Blachie.

IX век Власите бележат вистинска биолошка експанзија, што услови и нивни продор во сите делови на источниот дел на Балканскиот Полустров. Во каква димензија се движел нивниот прираст може да се види од следниот навод: патријархот од времето на царот Алексеј Комнен, во еден свој извештај (декрет) забележува дека Власите се намножиле како рој од пчели. Особено многу се намножиле тие во Тракија, но исто така и во други делови од Балканот. Нив ги имало и на Халкидишкиот Полуостров, потоа на планината Атос, каде живееле над 300 армн македонски семејства. Веќе кон крајот XIII век наоѓаме мошне голем број на Власи се до портите на Константинопол, се до Девелтус. Еден значаен број на Власи бил населен на планината Родопи и околината, потоа во Мегленската област, која е наречена 'Flachia', каде Хрис, Етцисмен и Слав, биле скоро самостојни во однос на влашките цареви од Хем.

Сите речни клисури и потоци на планината Хем биле зајакнати со кули и тврдини, поставени на стрмни места, изградени уште за времето на цар Јустинијан со цел да се спречи навлегувањето на варварски племиња. Покрај другите, такви беа: Кастело Ново, Монте Регина, Гемело Мунтес, Мауро Вале, Арина и тн. Планината Хем, Грците ја викале Αιμιμοντον. На спонатата планина биле изградени над 84 тврдини. Една планина носела име Југум (Ζύγοσ). Во некои дијалекти на армн македонскиот јазик зборот Југ е име кое се однесува на планина. На јужниот дел на Балкан се наоѓаа влашките градови и тоа: Ферма, убав град каде се наоѓале прочуени бањи, потоа, градовите- Аквила, Блисме, Блаца, Круцемонте, Алин. Градот Цепина претставувал клуч на Тракија во планината Хем. Исто така, познат бил и градот Вицина. Преку планината Хем врвел долгиот пат- сообраќајницата- наречена Виа Трајана, на која се наоѓала голема порта, изградена од четвртаст камен. Во подножјето на планината Хем, се наоѓале градовите Констанца и Берое.

На тие простори се наоѓал и градот Преслав, стариот град Марчинополе. Таму било седиштето на Петру и резиденцијата, од кога Асан се настанал во Трново, каде всушност, се наоѓале лулката на Асановци. Трново, кое е расположено на северните поли на планината Хем, бил чисто влашки град.

ЗАГОРА.- Во почетокот под името Загора се подразбирал делот на подрачјето од другата страна на планината Хем, према Тракија. Тоа поле, денес носи назив-Ески Загора. Со тек на времето 'Загора' се нарекувал целиот ланец на планинските венци на Хем, како и планината Родопи. Предлогот Загора се однесува на пространствата не само зад планината Хем, туку на сите планински предели. Високите планински платоа на планината Балкан кај Свети Никола и денес носат имеспоред бугарскиот јазик- Загора (т.е. предел над гората).

За време на владеењето на влашките цареви Петру, Асан и Јоница, Загора ја опфаќала целата Бугарија. Една француска хроника ја бележи оваа територија под името 'Загорска Империја' (Emperor de Zaguora). Неаполскиот крал пречекувал трговци од Србија, како и од Загорското царство'. Грците овој предел го викаа 'άρχωντής Ζαγόρας', Асан II носел име Загорски император (Imperator Exagorarum). Во договорот со Венеција, од 1352 година, Јон Александар бил титулиран со името: 'Во слава на Господ Бог, цар на Загора, на Бугарите и на Грците' ".

Овде нема никакви Власи. Бугарите како Татари го имале Асен, а не Асан.

„Загора во титуларот на влашките и бугарските господари во даденото време била означувана со името 'Планинско царство од Хем' односно Мунтенија.

ЗАНИМАЊЕ НА ВЛАШКОТО НАСЕЛЕНИЕ.- Главното занимање на влашкото население од Хем било сточарско. Одгледувањето на овци, кози, крави, потоа на трговија со волна и волнени производи, односно млеко и млечни производи претставуваа основни дејности во животот на Власите на просторот на Балканскиот Полуостров. Прочуеното сирење од планината Атос беше изработено од Власите. Транспортот на стока од едно место на друго, исто така, претставувало значаен извор за националното богатство. Влашките каравани го пропатуваа целиот Балкански Полуостров, и тоа од Јадранското Море до Црното Море. Транспортот на солта бил монопол на Власите од Хем. Со Дубровник се одржаа тесни трговски врски и односи. Во тие трговски односи Власите од Хем таму носеа олово, а донесуваа сол. Асан II склучил значаен договор со Дубровник".

Па Власите биле најглавни како да немало други- Власите овчари со сирење.

„Власите се занимаваа и со земјоделство. Како такви тие се одликуваа со свое богатство. Тие одгледуваа и житни култури. Шумите ги крчеа и обезбедуваа погодни места за орање, наречени 'Румкури'. Власите поседуваа богатство од житни култури, како и винова лоза".

Ако некој се занимава со свињи, говеда...земјоделство, тој не е Влав (овчар).

„Кога императорот Хенрих дошол во градот Елин неговите војници одвеле бројна стока, како: волови, крави, овци, кози. Ист бил случајот и со нападите на крстоносците кај Андријанопол, кога тие се спуштиле во плачкање на богатата влашка држава. Тие од таму одвеле разни сточни и житни производи.

Сето тоа не упатува на заклучок дека Власите со својата работливост биле вклучени во сите стопански активности, што ги правеа богати и моќни. Секако, особено богатство поседувало и благородништвото. Така, кнез Слав, кога ја побарал за жена ќерката на Хенрих, се претставил како многу богат, во прв ред, како земјопоседник, но исто така и човек со огромно богатство во сребро и злато. Царот Јоница му испратил на папата разни скапоцености, како: злато, сребро, свила, восок; а пак, митрополитот Василие исто така, на папата му испратил скапоцени предмети. Кога ќерката на Бурила се мажела за Хенрих, латинскиот цар од Цариград, зела како мираз од Бурила 60 коњи натоварени со злато, сребро, свила и други скапоцени предмети.

Силната економска моќ не се однесува само на благородништвото. И народот со својата работа стекнувал богатство. Според тоа, насекаде каде беа присутни Власите, земјата се одликувала со развиено стопанство. За странците биле прочуени богатите области, како- родопските предели, потоа Мегленската област, подрачја населувани со Власи низ вековите.

ЈАЗИКОТ И ОБИЧАИТЕ КАЈ ВЛАСИТЕ.- Власите населени на планинските предели на планината Хем (Балкан) имаа сознание дека потекнуваат од Римјаните и дека нивните предци се доселени на овие простори како колонисти од Италија. Го зборуваа народниот говор на Римјаните, со трансформацијата на - се (че), ci (чи) во- tsi (ци), tse (це), pi (пи) во chi (ќи), d (д) во z (з). На тој начин во XI и XII век ги наоѓаме имињата: Vitsina (Вицина), Tsepina (Цепина), Tsintsiluchi (Цинцилуќи), генералот 'Tsipureli','vezite' наместо латински 'viditis', армн македонски 'vâzute', 'vidzute' (vâzuratsi) и тн.". (XI и XII век се само време на крстосниците, Р.И.)

Римјаните говореле само тн.словенски- Власите биле одродени тн.Словени.

Поимите се со тн.словенска основа.Нпр:Везите=везит е; видитис=видит ис...

„И обичаите кај Власите имале, речиси, римски обележја. Дури и во нивните војни со непријателите употребуваа стари тактики. Така на пример, скокајќи одеднаш на коњот, коњаникот применувал различни начини за да го намами непријателот. Биле толку итри и брзи што непријателот не можел да ги стигне, ниту да им ја открие трагата. Успевале вешто да ги излажат непријателите, за повторно брзо да напаѓаат нанесувајќи му загуби“.

Старата тактика не била римска- Македонците биле коњари, коњаници ...

„СУДБИНА НА ВЛАШКИОТ ЕЛЕМЕНТ ОД ХЕМ.- Влашкиот елемент од планинските предели на Хем, кој за време на славното владеење на царевите од династијата на Асановци, бил моќен и изразито броен, како пчелин рој, не даде ниеден знак на сериозен политички живот, после смртта на последниот член на тоа благорничко семејство.Византиските хроничари, во наредниот период, веќе не спомнуваат Власи, ниту, пак, Влашко царство. Напротив, после тоа зборуваат за Бугари и Бугарско царство“.

Па дотогаш бил битен поимот Власи. Потоа, со нив се завршило- без народ.

„Ова од причина што немајќи своја национална династија, во тоа време, Власите не се интересираа за судбината на државата и не ја манифестираа својата политичка волја и интерес за определена држава. Друга причина била таа, што Власите од планината Хем бројно се намалиле. Тие од XIII век започнале да емигрираат од спомнатите области. Дел од нив се преселиле на север, од левата страна на Дунав, другите пак, на југ- во планинските предели на Пинд, каде се наоѓа областа наречена Загора. Истата област носи назив и ‘Влахорија’. Таа до XVIII век исцело населена со Власи. Дел од нив се денационализирале под кулурното и политичко влијание на Словените“.

Преселбите биле само од југ на север. Власите само одродени тн.Словени.

„Востанијата на Куркубета и Смелчиу се манифестираа изолирано, без да се одржи континуитетот на влашкиот живот кој суштествувал за време на владеењето на династијата на Асановци. Покрај тоа, политички развиток не се забележал ни во областа Загора. Од друга страна, подрачјата населени со Власи со оглед на богатствата биле предмет на напади од страна на татарските племиња. Така, за време на владеењето на Калиман, Татарите ја опустошиле Тракија до таа мера што таа била потполно разорена. За време на владеењето на Тертери иста судбина ја снашла и Бугарија.

Сето тоа придонело за намаување на влашкиот елемент на планината Хем. Под речиси исти влијанија се наоѓаа Власите на останатите балкански простори.

ВЛАСИ ВО АЗИЈА.- Власите со своето присаство биле забележителнина целото подрачје на Балканскиот Полуостров. Нив ги има и во Азија. Во близина на Цариградските ѕидишта кон крајот на XIII век живееле бројни Власи. Тие располагале со мошне богати стада овци, како и крупен добиток. Кон крајот на XIII век Татарите ја преминале реката Дунав и повторно во бранови навлегувале на Балканскиот Полуостров навлегувајќи се до Тракија и Македонија.

За да се заштити византиската престолнина од татарските напади, царот Андроник Палеолог, покрај другите мерки, презел предстрожни мерки на иселување на Власите од близината на пресолнината во Азија за да не им дава можност да им дадат рака на напаѓачите. Таа принудна преселба која се извршила по налог на византиската власт била проследена со огромен притисок. Власите биле приморани

да ги напуштат старите места, оттуѓувајќи ја својата стока во бесценетост. Преселувајќи ги во Азија, поради неповолните климатски услови, остатокот од стоката пропаѓал по патиштата, а влашкото население во Азија било изложено на постепено пропаѓање и исчезнување“.

Па се говори за Власи во Азија- и во Азија имало Власи со значење овчари.

ГОЛЕМА ВЛАХИЈА И МАЛА ВЛАХИЈА

„**1. РОМАНИ И АРМНИ (ARMÂNJ)**

АРМНИТЕ (ВЛАСИТЕ) ВО СТАРАТА ТАТКОВИНА.- Староселделското трако-илирско население, кое било населено на северните делови на Балканскиот Полуостров, посебно покрај реките Сава и Дунав, било во голема мера романизирано пред Дакија да биде освоена од страна на Римјаните. Тоа овозможило да се колонизира романизираното население од внатрешноста на Полуостровот во Трајанова Дакија. Според тоа, за целото време на окупацијата на таа провинција од страна на римските цареви, колонии од десната страна на реката Дунав биле во непрекината комуникација со римскиот елемент од левата страна на реката Дунав, учествувајќи заедно и подеднакво крај бреговите на таа река во формирањето на истоветниот народ- народот Романски.

За време на владеењето на цар Аурелиан, некои римски населби, односно нивни колонисти, кои биле населени на левата страна на Дунав биле преселени на неговата десна страна, зголемувајќи го со тоа романизираното население на тие природно- географски простори, но исто така, делувајќи на довршување на процесот од романизацијата на староселделското население“.

Домородците говореле само еден варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Римјаните со варварски и пелазгиски јазик (Дионисиј)- латинскиот службен.

„Словенската инвазија на Балканскиот Полуостров во интервал меѓу V и VI век, внесе мошне длабоки промени во составот на населението на овие балкански простори. Голема и бројна маса на Романи била истисната од своите стари места северно од Дунав од страна на Словените и расфрлена кон југ, во внатрешноста на Балканот, во Македонија, Тесалија, Епир. Треба да се напомене и тоа дека во споменатите подрачја се наоѓаа остатоци на стари римски колонии доведени овде директно од Италија, уште од времето на Републиката, кои се споиле со романската популација која дошла од Дакија Аурелиана.

На тој начин, со спојувањето на претходно романизираното староселделско население во Македонија, Епир и Тесалија со новодојденото романизирано население од Дакија е создаден етнички елемент на Балканскиот простор наречен- Армњ (Armânj). И денес тој стар елемент егзистира на просторите на Балканскиот Полуостров“.

Нема материјален доказ/наод за преселби на било каков народ Словени. Пак, тн.словенски јазик бил варварски=пелазгиски- тој бил Хомеров и Платонов јазик.

Преселбите биле само од југ кон север-и ДНК оддалеченост од југ кон север.

Македонците со ДНК блискост на Критјаните, но не на Дунав и Заткарпати.

На Балканот немало ништо од Влашка или Италија-пишењата се без основа.

„ЕДИНСТВО НА ЈАЗИКОТ.- Најсилен доказ дека Армн Македонците (Власите), според своето потекло, припаѓаат на тие од Дакија и дека долго време про-

веле заеднички живот со Дако-романите, е јазикот. Навистина, фондот на армн македонскиот јазик има толку сличности со јазикот на Дако-романите што слободно може да се рече оти формираат еден те ист јазик. При една споредба меѓу денешните говори на Армн Македонците и јазикот на Романците во Мунтенија и Молдавија од XVI век, се доаѓа до сознание дека постојат зборови и форми кои носат чисто армн македонски обележја кај говорот на тие Романи од Мунтенија и Молдавија, како што се на пример: Dreptu, Mârturisescu, Sâ-I, Hie, Dosao, lasta, Aua, Câtusha, Smelciu, Yiptu, Zuâ, Mumâ, множина Mumile итн. Меѓу другите се и следните зборови кои се идентични со тие на јазикот од Молдавија и Мунтенија: -io, армн македонски - iu (каде), потоа, voao = avao (вам), invescu = ânvescu (се облекувам). Во Молдавија се слуша оваа изрека- 'dracul in vale', армн македонски: draclu ân vale', изрека што често се слуша во армн македонскиот говор. Зборовите во армн македонскот дијалект, како: pept = chept (гради). потоа fer - her (железо), mer - njel (јагне), vin - yin (вино), (надвор од гласовите, односно буквите: lj č) ги наоѓаме и во дако- романскит говори, пред се, тие во Трансиолванија. Наставката- 'ул' на место- 'лу' ја наоѓаме на многу места во Македонија. (Дракул=д ракул=ракил= рака, Р.И.)

За да се согледаат релациите помеѓу армн македонскиот и дако- романскиот јазик ќе проследиме една народна поезија од Молдавија:

Frunză verda şi ear verde
Ce am iubit nu se mai vede
Cât să eat earbă verde
Prin grădini şi prin livede
Şi prin cositura verde.
Cătai earla câte un fir
Şi găsii un trandafir,
Trandafirul Domnului
Cu mirosul dorului

Освен меѓу зборот 'iubit' на молдавски, армн македонски 'vrut' (сакан), се среќава и формата alaghit (драг, мил), како и 'gasii' армн македонски 'aflai' (најдов), кај другите зборови не постои некоја посебна разлика. Во XV век, еден византиски хроничар, ни пренесува сознание дека Власите од Пинд зборуваат ист јазик, како тие од Дакија и не се разликуваа, скоро, во ништо. И едните и другите се викаа Влахи (Vlachi)".

За наводот авторот се најдува на стр. 130, во Извори и литература, под 7: „А Xenopol смета дека Армн македонскиот јазик се разликува од Дако- романскиот јазик и дека овие се два посебни народи (A. Xenopol, Teoria lui Roesler, laşi, 1884)". Па ова не е во врска со наводот: „Во XV век, еден византиски хроничар, ни пренесува сознание дека Власите од Пинд зборуваат ист јазик".Следи објаснување: „**II**. Д. А. Ксенопол смета дека армн македонскиот јазик се разликува многу од дакороманскиот јазик и дека Армн Македонците (Власите) и Дако- романите се два различни народи според своето потекло (Xenopol, Teorie Lui Roester, laşi, 1884, p. 224)

Во прилог на таа теза ги наведуваме следните примери:

Дако- роман	Латински	Армн Македонски	Латински
Tanar	Taner	Ghione	Juvenis
Cerere	Qaerere	Dimândare	Demandere
Stricare	Strigo	Rupere	Rumpere

Поновите научни сознанија зборуваат дека јазикот на армн македонците е посебен јазик, Мошне рано се одвоиле разни наречја, бидејќи влашките групи се развивале независно. Армн Македонците за себе кажуваат дека зборуваат- **армнеаште. (Ова објаснува, Власите биле само армнеаште народ- не Македонци,** Р.И.)

Сличноста меѓу армн македонскиот јазик и 'диалектите' на романскиот јазик посебно од Молдавија, Б. Стефаноски ја гледа како резултат на колонизацијата на тие простори извршена во време на Цар Трајан.

Имено, од 500.000 колонисти кои преди се потекнувале од просторот на Балканскиот Полуостров и Мала Азија, 300.000 биле од Мала Азија од областите населени со Фригијци. Како Фригијците по потекло биле од Македонија и биле дел кој се одвоил од античкото македонско племе Бриги, тоа сосема природно е сочуваниот јазик да се манифестира во Молдавија каде истите биле донесени со цел од формирање на 'Воена краина', 'Трајановиот ѕид', кој требало да ги спречи упадите на варварските племиња од север. (Б. Стефаноски, 'Трако- дачкиот јазик основа на индо- европските јазици', 1993 г.)".

Се бара врска со Бригите-Власите биле само едно: одродени Бриги=Брсјаци.

„РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ).- Населението во Македонија низ средновековието не било компактно. Покрај Словени на таа територија живееле и Власи, познати со името 'Armânj Makedonj', односно 'Армн Македонци'. Армн Македонците (Власи) биле присутни, преди се, во планинските предели каде ги напасувале многубројните стада овци, додека Словените живееле во рамничарските предели".

Во Македонија немало Армн Македонци туку Власи (овчари)- паселе овци.

„Најповеќе Армн Македонци (Власите) ги имало на јужниот дел на реката Бистрица, се до близината на планината Парнас. На оваа територија бројот на Армн Македонците (Власите) бил изразито голем. Во северниот дел на Македонија, особено во Призренската област и на Шар Планина постоеле многу влашки населби и затоа Србите тие предели ги означуваа со името 'Влашка земја'. Во Тесалија и Епир, Власите формираа компактни и пространи маси. Грците, главно, биле присутни покрај приморските предели. Во средишна Албанија армнскиот (влашкиот) елемент бил поброен отколку кон крајот на XIX век. Градовите Берат, Охрид, Прилеп, Битола, Преспа биле населени со многу Армн Македонци (Власи). Власите биле присутни и на Пелопонез, на планината Тајгет. Французите кои ја освоиле и владееле долго време со Мореја низ XIII век, една баронија ја нарекле 'Влашка Баронија'. (Во Р.Македонија постои Овче Поле- Влашко Поле, Р.И.)

Голем број на Армн Македонци (Власи) низ средновековието придонел за развивање на стопанските активности на овие балкански простори. Со извонредна вредност и претприемништво Армн Македонците (Власите) делуваа на развојот на стопанството во сите места каде биле присутни. Затоа тие одиграле значајна улога, како на стопански, но исто така и на културен и политички план, особено во јужните делови на Балканскиот Полуостров.

ГОЛЕМА ВЛАХИЈА, МАЛА ВЛАХИЈА И ГОРНА ВЛАХИЈА.- Уште во XII век, Епир и Тесалија биле познати со името Vlahia. Била поделена на два дела: Голема Влахија (Marea Vlahie- Μεγαλη Βλαχια) или Тесалија и Мала Влахија (Njica Vlahie- Μικρά Βλαχιά) или Епирска деспотовина. Всушност, понекогаш под името Влахија се подразбирала Тесалија, понекогаш Епирската деспотовина. Епирската

деспотовина била позната под името Влашки принципат. Жителите на Тесалија, пак, се викале Мегало- Влахи. Од Србите, Епирската деспотовина била позната под името 'Влашка земја'. Дури и денес Јужна Албанија од Србите се именува како Стари Влах. Јанинскиот регион и целата негова околина, која во основа, е некогашната Загора и стара Долопија, кои како центри ги имале Јанина, Мецова, Армиро, Сирако, Каларитес се викал Горна Влахија (Vlahia di Sus- Ανώβλαχα).

ГРАНИЦИ.- Од крајот на XII век Голема Влахија од Тесалија, на југ се граничела со реката Сперкиос и градот Ламиа (Зејтун), на север се граничела со планината Олимп и Камбунарија. Во првата половина на XIII век, под владеењето на принцот Јон, чиј прекар бил Бастар, границите на неговиот принципат се протегал на југ до Парнас, на север до градот Сервија (Серфиџе), опфаќајќи ги провинциите Тесалија, Фтиотида, Пелазгистис и Локрица. Главни градови во односните провинции биле- Трикала, Лариса, Алосона, Домоко, Фарсала, Нова Патра (Патраџик).

Епирската деспотовина или Мала Влахија, која се формирала во почетокот на XIII век, го опфаќала самиот Епир. Во времето на принцот Никифор, таа се протегала на север до Драч, на југ до Коринтскиот залив, опфаќајќи ги во својот состав Етолија, Акарнанија, Долопија, Епир, Теспротија, Крф, Кефалонија и Итака. Главни градови биле- Драч, Белград (Берат), Агрикастро, Арта, Наупакт (Коринт).

АРМИН МАКЕДОНСКИ (ВЛАШКИ) КНЕЖЕВИНИ.- Со потпаѓањето на Цариград под Латинското царство во IV крстоносна војна, целата Византиска империја била окупирана и поделена меѓу Французите и Венецијанците. Венецијанскиот дужд (кнез) Дондоло се титулирал со следната титула: 'Господар на четвртината и половина (од четвринатa) на римското царство'. Маркизот од Монтферат, кој заминал од Солун за да ја освои Мореја, се конфронтирал со извесен Сгура, кој бил по потекло од Науплија. Сгура, господар на Голема Влахиа профитирал со предизвиканите нереди во Цариград во времето на цар Исак Ангел.При тоа, тој ги проширил границите на кнежевината до Коринт и скоро до Атина. Меѓутоа, иако ја нападнал Атина со голема војска не успеал да ја освои. Францускиот гарнизон, оставен од Бинифацио од Монтферат во Коринт, бил нападнат ноќно време од Сгура и бил приморан да се повлече со големи загуби.

Епирската деспотовина добила големи значења за време на владеењето на Михаил I Ангел (1204-1214). Тој со својата енергичност го потчинил под негова власт целото подрачје од Драч сè до Коринт. Со тоа, покрај Епир, под негова власт потпаднале и Етолија и Акарнанија и како господар на самостојна држава ѝ се спротиставил на Латинската држава. Во тоа време, Армн Македонците (Власите) и Албанците го прогласиле Михаил Ангел како свој деспот. За да ја осигура својата власт Михаил I Ангел се оженил со ќерката на еден армнски (влашки) благородник и се декларирал како вазал на Никејскиот (грчки) император Теодор I Ласкар, признавајќи ги неговите врховни права". (Место Ангел во книгва стои Анѓел, Р.И.)

Бидејќи никогаш немало Армн Македонци,авторот го става и поимот Власи.

„По смртта на Михаил Анѓел, него го наследил неговиот полубрат Теодор (1222- 1230). Тој откако дошол на власт решил да ја освои Голема Влахија и Македонија сè до Драч. Потоа ја нападнале солунската кралевина. После долга опсада, кон крајот на 1224 година, влегол во Солун. Со тоа Латинските кралеви во Македонија и Тесалија престанаа да постојат. По овие настани, неговата држава се протегала од Егејско до Јадранско Море, опфаќајќи добар дел на Македонија. При тоа,

него го крунисал за цар Охридскиот архиепископ. Станувајќи дефинитивно независен, тој го раскинал договорот со Никејскиот цар. После тоа, во своите натамошни акции со силна војска окупирал многу градови од Тракија, меѓу кои и Адријанопол. Во битката со Асан II кај Клокотница бил победен и станал заробеник на Асан II.

Со оваа победа Асан II ја зајакнал својата власт на тие делови на земјата. Тој се упатил кон Македонија, заземајќи ги градовите- Прилеп, Битола, Елбасан, избивајќи на Јадранско Море. Во тој поход ја освоил и Голема Влахија, без да пролева крв. На овие простори Асан II бил пречекан со радост од словено- влашко население, кое го прифатило за свој цар, наместо дотогаш Теодор. Тие места биле под власт на Асан II долго време. После Теодор Ангел на власт дошол неговиот брат Мануел Ангел (1230- 1240),како и двајца безначајни кнезови- Јон и Деметру Анѓел.

Михаил II (1237- 1271) синот на Михаил I ја освои целата Тесалија и Епир и во почеокот ја почитувал државата на Никејскиот цар. Подоцна се прогласил за независен, заради што имал бројни судири со царот Михаил Палеолог.

ДЕСПОТОТ НИКИФОР И СЕВАСТОКРАТОРОТ ЈОН.- По смртта на Михаил II, него го наследиле неговите два сина- Никифор I Анѓел и Јон. Двајцата браќа живееле во неслога, бидејќи Никофот го наследил Епир и дел од Тесалија, а откако Јон го добил прекарот Бастарда, доби само дел од Голема Влахија. И покрај големите караници меѓу браќата, севастократорот Јон успеал да ја прошири својата држава спрема север до Серфиџе, а на југ до планината Парнас со градот Неопатра. Повторно оди во Цариград, покорувајќи му се на царот Палеолог, искажувајќи му почити. Воедно тој барал помош за борба против својот брат Никифор. Жената на Ниќифор, била ќерка на Никејскиот цар Ласкар. Ниќифор дознавајќи за договорот меѓу севастократорот Јон и Михаил Палеолог, склучил договор со Гвилаум Атински. Според договорот Никофор подготвило моќна војска за борба против својот брат- Јон.

Двете војски, на Јон и Никифор, се судриле во Прилепското Поле, кај месноста Борила Лонга. Ноќта Јон Бастарда му пратил тајна порака на Никифор. Кога требало да почне борбата, Јон го напуштил бојното поле од причина што браќата можеле да се спогодат лесно за делба на Влахија на два еднакви дела. Кога Гвилаум увидел дека е издаден од страна на Јон, не се обескуражил, но ја прифати битката сам. Во таа битка бидејќи непријателот имал јаки воени сили Гвилаум бил победен и заробен. Поголем дел од француската коњица бил уништен, а дел се спасил. При тоа, за претрпениот пораз тие зборувале дека нивните војници биле уништени од ‘Власите од Тесалија’.

После неколку неуспешни обиди за да го потчини Никифор, Цариградскиот цар, спремил моќна војска еднаш за секогаш да им стави крај на деспотите на Мала Влахија и Голема Влахија. Јон Бастарда со помош на Вилхем де ла Рош, кој владеел во Ливадија (во Грција) успеал да ја одбие византиската војска, нанесувајќи и големи загуби. После таа битка, во Тесалија настанало неколкугодишно примирје.

Византиското царство било подложно на сепаристички тенденции. Меѓу Епир и Тесалија владееле затегнати односи и во повеќе случаи дошло до вооружени судири.

После смртта на Јон, него го наследил неговиот син Константин Ангел (1296 -1303), додека после смртта на Никифор него го наследила неговата жена- Деспина Ана. Таа управувала во името на нејзиниот малолетен син Тома (1296- 1318).

Еден дел од Епир бил под власт на Тарент затоа што една ќерка од ќерките на Никифор била омажена за Карол, синот на кралот од Неапол.

Константин Ангел од Тесалија владеел околу седум години. Пред неговата смрт тој ги повикал армнските (влашки) барони, молејќи ги да го признаат неговиот малолетен син Јован II (1303-1318) за негов наследник, кој во почетокот било под туторство на атинскиот војвода Гуи де ла Рош. Армнските (Влашките) благородници ја исполниле желбата на Константин Ангел. По смртта на Гуи де ла Рош (1303), Јован II се приближил кон византискиот цар и се верил за неговата ќерка Ирина. За време на неговото владеење Тесалија била на издишување. Со земјата господареле големите тесалиски челници. Од големата сила која Тесалија ја имала за време на севастократорот Јован I, останал само спомен".

Се наведе: Константин Ангел „ги повикал армнските (влашки) барони".

Армнски немал врска со македонски. Пак, Армн бил само од Армн=а Роман.

„ФРАНЦУСКА АДМНИСТРАЦИЈА.- Војводата Гуи де ла Рош ја организирал Влахија(Тесалија) според системот на француската адмнинистрација.Еден гроф (вице- конте) назначил за маршал на Влахија. Тој бил шеф на целокупната војска во Тесалија Монсињорот Жан де ла Фламемл бил назначен за администратор на целата држава, додека Антони Фламенк најмудриот меѓу своите луѓе, го назначил за делител на правдата во Влахија. Кнезот Јон II Ангел носел титула 'Војвода и севастократор на Голема Влахија'. Кога атинскиот војвода заминал од Тесалија, војводката Ана од Епир го нападнала и го завзела дворецот Фанари, кој претставувал дел од границата на Голема Влахија. Бидејќи бил известен за тој напад од арманските (влашките) благородници Гуи де ла Рош тргнал против војводката на Мала Влахија. Се соединил со војската на Маршал од Тесалија, кој располагал со над 1000 армнски (влашки) благородници- сите коњаници. Во составот на војската се наоѓаа околу 6000 јавачи од Влахија и Бугарија, околу 900 латински коњаници и 30.000 пешаци. Кога дознала дека е образувана моќна војска против неа, војводката Ана се повлекла, изјавувајќи дека се откажува од тврдината Фанари, заради што се смирил конфликтот без да се пролее капка крв.

За да се оневозможи повторно избувнување на сличен конфликт меѓу Влахија и Мала Влахија, благородниците за да ги задоволат своите воени страсти поттикнале поход на византиската територија. Во своите походи тие слегле до Солун, каде владеела Ирина, вдовицата на цар Андроник II со ќерката на маркизот Монтферат, кој го имаше во наследство Солунското кралство со околните градови. Таа носела титула 'царица' и била мошне мирољубива. Ирина испратила порака до војводата Гуи де ла Рош,изјавувајќи му дека е срамно да војува со невооружена жена. Тогаш војводата се вратил назад. Видливо е дека, што Византија се држела за начелото на државно единство и за време на владеењето на Андроник II, структурата на државата била сè послаба, врската меѓу центарот и провинцијата исто така била слаба. Всушност, провинците, Голама Влахија и Мала Влахија беа поврзани со централната власт уште со личноста на провинцискиот намесник и затоа за намесници се поставуваа, најчесто цареви роднини или дворјани од најблиската царева околина. Често пати, се менувале бидејќи довербата брзо исчезнувала и доклку таа врска се прекинела, провинцијата фактички потпаѓала под власт на локалните велможи".

Авторот само го употребува поимот Власи. Тие немале историска важност.

„АНАРХИЈАТА ВО ЕПИР И ТЕСАЛИЈ.-Опаѓањето на византиската држава се манифестирало со постојани внатрешни судири. Судири се јавуваа во сите делови на Византија. Нив ги имало и во Епир и во Тесалија. Кога Неаполскиот крал Карол II сакал да го прошири своето влијание во Епир, го испратил својот син Филип да го освои Јадранското крајбрежие.Меѓутоа, тој се врати без успешно да ја заврши работата. Во даденото време, постоела пракса на одделни благородници да им се доделуваат титули и определени податоци. Тоа бил случајот и со благородништвото од Епир. Така, одделни титули им биле доделени на епирските благородници, како што биле Спата, Сгура, Калсиана и тн. Во тие прилики, кралот едните ги назначил за кнезови, на другите им доделувал звања- барони, војводи, сењори и слично. Со доделување на такви звања тие стекнувале симпатии кај домашното население. Во 1307 година, Филип станал господар на Пелопонез. Тогаш стекнал звања: ‘Суверен на Ахаја, Албанија и Влахија’ “.

Елада била Пелазгија,Тесалија пелазгиска и Епир тн.словенски. За Епир пиши и Макс Фасмер.Па варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.Во Франција францускиот во 15 век не бил народен јазик- Власите биле само одродени тн.Словени.

„Во 1318 година, по смртта на Тома Анѓел настанала голема анархија во Епир. Тогаш Византијците се устремиле кон Валона, дури и кон Арта- престолнината на Епир, ставајќи ги тие места под нивна власт. Сењор Јани Серѓиани, бил западен свештеник. Со волјата на Цариградскиот гувернер, тој станал ‘Господар над Берат и Јанина’, претворувајќи го вториот град во мала независна република. На епископот на тој град му ги признал привилегиите со кои на населението им се гарантираа бројни права. Во јуни 1321 година Серѓиани објавил една хрисовуља во која била фиксирани селата на општините од околината на Јанина, определувајќи им, при тоа,одделни права.Сите овие места му биле отстапени на византискиот цар. Цар Андроник II го назначил некој Ѓовани Насчингуера, капетан на тврдината во Јанина, за господар на тој град во 1323 година.

И во Тесалија, после смртта на Јон II Ангел (1318) настанала анархија, како во Епир. Армнските (Влашките) благородници карајќи се меѓу себе заради делбата на нивната држава, отишле до таму што воделе борби околу делбата на земјата. Особено тешки судири имало околу градот Лариса. Меѓутоа, иако и Цариградскиот патријарх ги молел за почитување на византиската власт, неговото барање не се исполнило. Тоа предизвикало натамошни немири во земјата. Каталонските трупи кои биле во служба на атинскиот господар Валтер де Бриен предводени од Јон Кефалонски, му понудиле помош на Византискиот цар против Турците во Мала Азија.

Меѓутоа, каталонските наемници после извојувната победа над Турците започнале да ја пустошат околната земја, пљачкајќи сѐ по ред, како Турци, така и Византијци наместо да војуваат со Турците тие ја нападнале Византиска Магнезија. После тоа, тие упаднале и во Тесалија, пустошејќи при тоа многу градови и села. Јон Кефалонски успеал да ја наметне својата власт над градовите Стагон, Трикала, Домашни и Класан.

ВОСТАНИЕ НА АРМНИТЕ (ВЛАСИТЕ).- Во услови на разгорување ма меѓусебните судири меѓу благородништвото, и во областите каде Армните (Власите) со своето мнозинство биле доминанти, населението било изложено на пљачкање, а земјата на пустошење. Цар Андроник III Палеолог испратил една војна единица во

Тесалија за да стави крај на нередите кои се одиграа на тие простори. Притоа, тој му нанел пораз на Јон Кефалониски, заземајќи, при тоа, добар дел од Тесалија.

Во новосоздадените односи избувнало големо востание на Армните и Албанците. Тие, во своите востанички акции ги зазеле градовите Берат, Костур, Скрепарион, Клисура. Цар Андроник III Палеолог презел акција со бројна војска имајќи во состав и една војна трупа од 2.000 Турци и триумфално навлегол се до Драч. Многу Армни (Власи) и Албанци паднале во заробеништво. Покрај тоа, тие се дале на пљачкање на освоената земја, одведувајќи пред себе стока и сѐ што ќе нашле. Во Берат Византискиот цар склучил договор со Ана Палеолог. Со тој договор е призната автонимијата на Епирската деспотовина. Спрема тој договор, царот имал право да назначи еден гувернер за Епир, кој би поседувал право на подрачјето на деспотовината.

Првиот гувернер бил Синоден. Армните (Власите) и Албанците не можејќи да го поднесат мешањето на претставникот на византискиот гувернер во нивниот живот дигнале востание. Водачи на востанието биле Василиците и Кабасилие. Гувернерот Синоден го прогласиле за нивни заробеник. Потоа ослободиле многу населби во Епир. Настаните кои се одиграле во Епир и Тесалија, во основа биле предизвикани заради неповолните односи во византиското општество, каде Армните (Власите) не биле задоволно со својата положба. Всушност, класните борби во тоа време зафатиле широки размери. Византискиот застапник Кантакузен со големи напори делејќи им почести и функции на челниците и востаниците успеал да го згасне востанието.

После смртта на Анроник III Палеолог на царскиот престол во Византија дошол Кантакузен. Овој во 1342 година го назначил за префект на Епир својот брат Јован Ангел, за време на неговиот живот, под услов тој да биде пријател на сите цареви пријатели. Под исти услови бил поставен и префект на Тесалија“.

Ништо немало на влашки јазик. Па Власите биле само одродени тн.Словени.

„**2. СРБИ И АРМНИ (ВЛАСИ)**

ХРИСОВУЛИТЕ НА СРПСКИТЕ ЦАРЕВИ УРОШ II СТЕФАН ДУШАН.- Арминскиот (Влашкиот) елемент со своја присутност бил забележителен во помала или поголема мера на целата територија на Балканскиот Полуостров. Секако, низ периодот на средните векови, бил во знатно поголема мера. За тоа зборуваат бројни историски извори. Така, во XIII и XIV век, во делови на Косово и Метохија и Северна Македонија среќаваме Армни (Власи) во доста голем број. Во Призрен и неговата околина, а најповеќе на Шар Планина постоеле компактни армнски (влашки) населби, образувајќи на тие простори ‘Влашка земја’. Српскиот цар Урош II, кој ги држел под своја власт Скопје, Призрен, Ѓаковица, Пеќ издал своја хрисовула посветена на манастирот Бањска, во која му подарува неколку српски села и осум армнски (влашки) катуни, од кои еден носел име Урсулеши (споредi на српски Медвеѓа).

Во документите кои се однесуваат на одделни населби и нивните жители, среќаваме и многу имиња на богати Армни (Власи), меѓу кои: Букур, Пелегрин, Микул, Неагул, Шарбан, Борила, Будила, Станила, Бунила. Каште- Вара, Раиул, Урсул и други. Во тие драгоцени документи дознаваме, исто така, дека Армните (Власите) имаа свои старешини на своите населби, наречени промиќури. Покрај одгледување на овци и крупен добиток, се занимавале и со земјоделие. Затоа, тие би-

ле задолжени покрај квалитетни сточни производи да им даваат на манастирите и жито.

Српскиот цар Душан во една хрисовула од 1348 година, му подарил на манастирот Свети Архангел Михајло крај Призрен, повеќе села, метохи и катуни. Во тие документи-даровници се забележуваат наповеќе армнски (влашки) имиња,како: Сурдул, Димитру Муре, Миху Брадец, Марку Фочор, 'Власи од Доброшинец', 'Власи од Балтец', 'Влашка Планина', Балда на Лиле, Милтеан, Драгина Влахиот, Драгота на Тате, Винишор, Неката, Опаритул и други. Селата во наведените документи требале да произведуваат восок, волна, биле задолжени да даваат одреден број глави добиток на определените манастири".

За авторот се било влашко, а Власите одродени тн.Словени. Па Влав=Овчар.

„СРПСКА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА, ТЕСАЛИЈА И ЕПИР.- Брзиот развој на Србија за време на владеењето на кралот Стефан Урош I, а особено за време на владеењето на неговите наследници, условило проширување на српската власт кон Македонија. Србија доживеала највисок подем за време на владеењето на Стефан Душан (1331- 1355). Во историските извори и литература на средновековна Србија, а пред сè, документите кои се однесуваат на Србија за време на владеењето на Стефан Душан, присуството на Армните (Власите) и армнските (влашките) земји се забележителни. Во еден договор склучен со Византискиот цар Кантакузен од 26 август 1340 година, Стефан Душан е признат за стопан на освоените места во Македонија и во голема мера во Тесалија и Епир. Со смртта на немесникот на Тесалија и Епир- Јован Ангел (1348), цар Стефан Душан навлегол во Епир и ги запоседнал градовите Јанина и Арта и другите градови до границата со Латините. Во 1349 година цар Душан носел титула 'цар на Србите и Власите, деспот на Арта и кнез на Влахија' (Влахија се однесува на Тесалија). Војсководителот Прељуб ја запоседнал Тесалија. Епир го добил младиот полубрат на Душан, Симеон. Тој воедно владеел и со Етолија. Меѓутоа, тие области останале под нивна власт малку време, со оглед на тоа што цар Никифор II ги протерал од Епир и од Тесалија.

После смртта на цар Душан (1355) во Македонија, меѓу градовите Охрид и Прилеп владеел Волкашин, а во Епир владеел Душановиот полубрат Симеон. Симеон за деспот во Епир го поставил својот зет Тома Прељубовиќ. Тој воедно бил гувернатор на градот Јанина. Владеел со Епир околу 17 години. Тома Прељубовиќ, како владар на таа област се претставил мошне лошо. Во времето на неговото владеење областа била подложна на пљачкање и разорување. Црковните простори и манастири биле претворани во касарни за војска и коњушници за коњи. Во тоа време Епир го зафатила чума. Чумата при тоа однела многу животи. Тома Прељубовиќ наредил вдовиците да се премажат за неговите војници, а имотите на жртвите да бидат конфискувани. Особено лошо со оваа болест поминал градот Јанина.

Заради мошне неповолните односи сред населението, жителите на градот Јанина се дигнале на востание под раководство на Варда. Востанието било задушено во крв.

3. ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ)

ДО XVIII ВЕК.- Армнскиот (Влашкиот) народ од Тесалија и Епир за сите времиња, бил народ чија главна преокупација во животот му било сточарството. Тие располагаа со безбројни стада стока. Живееле низ периодот на средните векови како и натаму низ XIX век, организиран во племиња. Всушност, нивниот опште-

ствено- економскиот живот имал родовско- племенски карактер. На чело на родовите стоел родовскиот старешина, а на чело на племето племенскиот старешина, во двата случаеви тие носеле име- челник. Нивните заповеди морале безусловно да се исполнуваат, во сите случеви. Односите на релација челник- членови на родот биле исто како што ги имал феудалецот со своите закрепостени селани- кметови. Сепак, Армните (Власите) кои живееле во Епир и Тесалија, пред сѐ, оние кои престојувале во планинските предели од старите времиња живееле сопствен живот, кој може да се окарактеризира како самостоен и независен. Доколку тие се наоѓале под византиска власт, тие биле само формално под власта на Цариградскиот император. Ист бил односот како и на Власите од Хем, кои во дадено време и простор живееле самостоен живот низ балканските планини".

Никогаш немало амн (влашки) народ со посебен јазик различен од тн.словенски. Тој „бил народ чија главна преокупација во животот му било сточарството"

„Од крајот на XII век наваму Армните (Власите) од Тесалија биле, речиси, во сѐ, независни. Учениот патописец Вениамин од Тудела, кој ги пропатувал овие области во 1170 година, ни пренесува сознание дека Армните (Власите) биле толку моќни, што ни еден крал не можел да ги стави под своја власт.

Распалогајќи со безбројни стада стока и развивајќи ја широко трговијата со кожа, волна, памук, како и со разновидни сточни производи, тие биле луѓе кои формирале своја благородничка класа во Тесалија и Епир Племенската аристократија на определен начин го претставувале кремот на општеството на наведените провинции. Неа ја признавал со добра волја грчкиот принц Михаил Ангел, кој ја основал Епирската деспотовина. Армнското (Влашкото) благородништво, со тоа било задоволно да даде определен број на луѓе за војска, како што било порано задолжено да дава, и тоа, војници за царот, исто така да плаќа одреден нанок, секако, после тоа ги остварувало преку своите совети на старците избрани од нив и тн. Вакви привилегии во Грција (Ахаја) која била запоседната од Латините имале само жителите на планината Тајгет каде што живееле Армни. Додека останатите беа простодушни кметови кај француските сењори. Принцот Михаил Ангел за да ја осигура својата власт, се оженил со ќерката на еден армнски (влашки) благородник и од тогаш таа династија станала, пред сѐ, армска (влашка) и заради тоа одиграла значајна улога во Епир.

Армнските (влашките) кнежества во Епир и Тесалија имаше свои советници, составени од локалните благородници или барони. Без нивни одлуки не смеело да се преземаат никакви акции. Без одобрение од своите несмеело да се влезе во војна или да се склучи сојуз и слично. Армните (Власите), над се, биле тие кои одлучувале за одредени судбински прашања на земјата. Според тоа, улогата на Армните (Власите) во Тесалија и Епир во даденото време била значајна. Војската на Јон Бастарда, која ја разбила византиската војска раководена од Јован Палеолог, односно стратегот Алексиј била составена од 'трупи избрани од Мегало- Власите'.

После смртта на Тесалискиот кнез Константин Анѓел, тестаментарни извршители биле, во повеќе случаи, армнски (влашки) барони, кои го повикале атинскиот водач Гуи де ла Рош за да го преземе намесништвото.Притоа, бароните го дале уверувањето на регентот на што Гуи де ла Рош се заколнал дека 'ќе ги респектира нивните слободи и привилегии. Атинскиот водач ги сметал тесалиските Армни (Власи) како 'свои скапи пријатели'.

Се до XIV век Армните (Власите) биле задоволни со правата и слободите што ги поседувале во Византиската империја. Заради тоа, тие биле наречени ‘народ без газда’ (άβασιλευτοι). Кога Андроник III презел поход за да ја покори Тесалија, една делегација од 12.000 Армни (Власи), му искажале почит, покорувајќи се на неговата власт. Тогаш тие ја крстиле својата земја ‘несреќна земја’. Дури и после покорувањето на Тесалија армнските (влашките) водачи биле задоволни со одделните права определени со одлуката на царот Кантакузен. Кој притоа, го поставил својот брат Јован Ангел како гувернер на Голема Влахија. Императорот Кантакузен се титулирал како крал на Елините, на Бугарите, на Асановците, на Власите и тн. Заради своите војнички квалитети хроничарите ги истакнувале Армн Македонците (Власите) како војници со извонредна храброст и јунаштво. Според тоа, Армн Македонците (Власите) и Босанците биле истакнати како витези над сите народи на овие балканскио простори. Во грчките народни песни Армн Македонците (Власите) од Тесалија биле споредувани со националните јунаци.

МАЛАКАШИ, БУИ И МЕСАРИТИ.- Армн Македоците (Власите) од Тесалија и Епир во XIV век биле организирани на три големи племиња. Тие биле раководени од своите водачи. Тие се викаа: МАЛАКАШИ, БУИ И МЕСАРИТИ.

Сè до потпаѓањето на Тесалија под Византјците, Армн Македонците (Власите) биле задоволни со своите остварени широки автономни права што ги уживале. Армн Македонците (Власите) од околината на Јанина биле познати со името ЗАГОРИЦИ.Тие заедно со Малакашите одиграле значајна улога во историјата на Епир и Тесалија“.

Па „МАЛАКАШИ, БУИ И МЕСАРИТИ“ биле само Бриги=Брсјаци. Ова се гледа кај Месарити=месар ит и: месар=месар ит=ит- трето лице еднина да месарит.

„УПРАВИТЕЛИТЕ АРМН МАКЕДОНЦИ (ВЛАСИ) И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ.- Положбата на Армните (Власите) под српското господоство била неповолна. Заради тоа, Арманите (Власите) од Тесалија и Епир воделе огорчена борба против нив. Значајните семејства кои стоеле на чело на племињата, всушност, се истакнувале во тие битки против српското господство биле: БУЈА, СПАТА, СГУРА, ЛИОША и МУШАТ.

Семејството Буна или Бухија, се чини, дека потекнувало од Северна Македонија. Познато е дека армнскиот (влашкиот) елемент во овој дел на Македонија бил поброен сè до XIV век. Претставници на семејството Бухија со својата способност се истакнале како енергични раководители. Тие одиграле значајна улога за време на владеењето на Цар Стефан Душан, и тоа во Тесалија. Членовите на тие благороднички семејства биле присутни се до XVIII век во Москополе. Во 1358 година Армните (Власите) од Аспропотам, како и во градот Агрикастро биле под господство на Ѓин Буја. Тие биле признати под форма на сузеренство во однос на Српското царство. Симеон Петру Буја успеал да го освои целиот Епир. После неговата смрт неговото место го наследил неговиот син Ѓин Буја Спата. Тој бил самостоен и ослободен од секакво сузеренство“.

Арм Македонците (Власите) ништо не оставиле- сè било само тн.словенско.

„БИТКАТА ПРОТИВ ТИРАНИНОТ ТОМА ПРЕЉУБОВИЌ.- Во Епир, за време на владеењето на цар Стефан Душан, положбата на армнското (влашкото) население била непоповолна. Особено неповолен однос кон населението имал српскиот тиранин на Јанина- Тома Прељубовиќ. Тој извршил нечуени свирепости над

месното население. Населението плаќало безбројни даноци. Заради тоа, Тома Прељубовиќ бил омразен во Епир. Тоа сакало да се ослободи од неговото туторство. Затоа Месаритите и Малакашите под раководство на Петру Лиоши ја нападнале Јанија. Притоа во тие акции го опколиле градот и ја опустошиле целата околина на Јанина. Под ударот на нивните сили градот бил принуден да се предаде. Бидејќи не бил во можност да се одбрани Тома Прељубовиќ молел за мир. За таа цел тој ја дал својата ќерка за жена на синот на Петру Лиоша. Непосредно после овој настан Петру Лиоша умрел. Него го наследил син му Ѓин Лиоша“.

Авторовите Срби и Власи имале ист јазик- Србите од срп, а Власите овчари.

„Ѓин Спата, старешина на Армните (Власите) од Аспропотам решил да го истисне младиот Лиоша, за да остане сам господар на целиот Долен Епир. За оваа благородничка личност се зборува дека бил пријатен и енергичен човек, личност со позитивни квалитети. Тој се упатил во Јанина за да војува со Тома. Меѓутоа, овој се смирил давајќи му дарови, а воедно му ја дал за жена неговата сестра- Елена Прељубовиќ. Ѓин Лиоша, кој во тоа време бил повлечен во еден манастир именуван како Братот Ѓин (влашки Ghin Frate: добриот брат; на македонски), ја соблекол калуѓерската мантија, ја опашал сабјата и застанал на чело на Малакашите. При тоа, тој презел акција напаѓајќи ја Јанина (1377). Го нападнал градот и ја освоил кулата од тврдината која се наоѓала на островот во езерото. Неговата намера била со нападот на Јанина да го присили Тома Прељубовиќ на предавање. Меѓутоа, Ѓин Лиоши бил победен и заробен од страна на Тома Прељубовиќ (14. септември 1377 година). Тиранинот Тома, заробениот Ѓин Лиоши го продал како роб. Оттогаш наваму семејството Лиоша наполно исчезнало. Се чини, дека од неговиот род водеше потекло Константин Месарет, принц на Костур, и Ематија или Меглена“.

Историјата,овде од авторот наречема влашка, за Албанците е само албанска.

Наведените простори останале македонски, а Власите биле од Москополе...

„Ѓин Спата, старешина на Армните (Власите) од Аспропотам, сакајќи да го присили Тома да му го даде ветениот мираз, со бројни трупи се упатил кон Јанина. Ја нападнал тврдината. Три дена и три ноќи го држел градот опколен во текот на месец септември 1379 година. Околу градот се водела крвава битка. Градот требало да падне во рацете на Ѓин Спата. Меѓутоа, според народното верување, градот го спасил Архангел Михаило, кој интервенирал спасувајќи го градот од разорнување.

Во текот на месец мај 1380 година Ѓин Спато повторно го нападнал градот. Притоа, тој ја опожарил околината на Јанина. Во тоа време во градот се дигнало востание. Под удар на востаниците биле градските благороденици. За да се спаси од континуираните напади на Армните (Власите), Тома Прељубовиќ ги повикал на помош Турците. Во 1381 година Турците го преминале Пинд за прв пат. Под раководството на Тимур- таш, Турците зазеле некои некои места и тврдини, како: Вурсина, Драгоми, Велициста, Крецуниста и други. Тие тврдини биле ставени под команда на тиранот Тома. Армнскиот (влашкиот) егумен Есан од Мецова, бил подложен на големи страдања. За да му овозможи откуп, Тома побарал од побожните луѓе големи парични средства. Откако ги добил парите, Тома мошне лошо постапил со егуменот. Најпрво го ослепил, а потоа продал за голема сума пари. Притоа, сите црковни имоти од Мецово биле конфискувани од страна на Тома Прељубовиќ.

Како се манифестирале феудалните односи на просторот на Епир и Тесалија можат да ни послужат бројни примери. Така, на пример. Тома и ги дал во мираз на

својата сестра Елена Прељубовиќ, инаку жена на Ѓинј Спата, армнските (влашките) села- Беала, Дринопол и Вегенација се до Катун, населби во околината на Јанина. Сите овие населби биле во посед на Малакашите. Овие отстапки Тома ги направил за да се спаси од заканите на Ѓин Спата.

На 23 декември 1385 година, Тома Прељубовиќ бил убиен од некои негови луѓе во својот дворец. Народот, на веста за смртта на Тома својата радост ја манифестирал собран пред црквата. Притоа, тој му изразувал благодарност на Господ-Бог заради тоа што ги ослободил од стегите на овој тиранин. Неговата вдовица-Марија се омажила за принцот од Кефалонија-Есау де Буонделмонти, познат по неговата благост и мудрост. Тој потпишал мир со Спата и го стабилизирал поредокот на градот. Ги ослободил сите затвореници кои доспеале во затвор без некоја сериозна причина. Исто така, ги поканил сите протерани лица од Јанина да се вратат повторно во градот.

ВОЈНИТЕ НА СПАТА.- Храбриот Спата, љубителот на војната и на постигнатите успеси во неа, не можел да се помири. Со својата војска составена од Малакаши се упатил да ја нападнат Јанина. Есау де Буонделмонти донел бројни трупи од Загори и му излегол во пресрет на Спата. Во негова придружба се наоѓал и епископот од Беала. Меѓу нив се развила крвава битка. Оваа битка меѓу Есау и Спата завршила со победа на Спата. Заради заштита Есау ги повикал на помош Турците. Меѓутоа, и овие биле одбиени од силните удари на Спата.

После овие судири и битки во Јанина настапило четиригодишно спокојство и благосостојба. На 5 април 1399 година, Ѓин Спата започна да војува против гувернаторот на Дебре- Зеновиси. Војската на Ѓин Спата била составена најповеќе од Армни (Власи)- Мелакаши и Месарити, жители на Палинго, Дринополи, Голема Загора. Во оваа битка Ѓин Спата бил победен од Зеновиси. Притоа, тој станал негов заробеник. Откако платил 10.000 златници бил ослободен. Ѓин Спата загинал во битката со турскиот командант на Бер, Сариѓе- паша“.

Па „Армни (Власи)- Мелакаши и Месарити“ биле само едно:Бриги=Брсјаци.

„После смртта на Ѓин Спата, на негово место дошол неговиот син Паул Буна Спата. Неговиот брат Моричу Буна ја освоил Јанина (1403). Успешно војувал против деспотот ‘Србоалбанитовлахот’[23]- Задари, кој му нанел голема несреќа на населението во Епир, и против Венецијанците (1407) кои ги држеле приобалните области“.

За Авторот бугарскиот=татарскиот Асен бил влашкиот Асан, иако Романија била само тн.словенска. Дури Спата бил Влав- Власите биле одродени тн.Словени.

„ЗНАЧАЈНИ МАНАСТИРИ ВО ТЕСАЛИЈА.- Додека во Епир владееле нереди и крвопролевања предизвикани од тиранијата на Тома Прељубовиќ, дотогаш во Тесалија било присутно црковно спокојство. Српскиот крал Симеон Урош бил одан на црквата и христовата вера. Како таков тој посветил особено внимание на градењето на цркви и манастири. Така, во 1367 година го изградил најубавиот комплекс манастири во Тесалија, Метеоре. Овие манастири се одликувале со необична складност и убавина.

Пред смртта, Цар Симеон се повлекол во манастир и се закалуѓерил добивајќи го името Татко- Јоасаф. На негово место е поставен Алексеј Ангел. Тој со тоа го добил звањето Цезар на Голема Влахија.

---

[23] Авторот не наведува извор за „Србоалбанитовлахот“=србо албанито влахот- 100% тн.словенски.

Во Тесалија во армнските (влашките) населби биле изградени и други манастири и цркви. Тие низ вековите на своето постоење примиле бројни поклони од страна на одделни дарители. Затоа, тие се одликувале со големо богатство во имот и стока. Такви биле манастирите Макриниза и Хиларион од Алмиро.

Градителската активност на планот на подигнување на цркви и манастири во Епир и Тесалија низ изминатите векови бил доста интезивна. Особена активност на тој план појавувал калуѓерот Никодин (од татко Армн и мајка Србинка), кој живеел во XIV век. По потекло бил од Прилеп. Во почетокот на својот живот делувал во Македонија, а потоа делувал и во Влашко (Романија), каде изградил доста цркви и манастири".

На авторовите влашки простори нема ништо влашко-цркви без влашки јазик

4. АРМН МАКЕДОНЦИТЕ И ИТАЛИЈАНИТЕ

ИТАЛИЈАНИТЕ ОД БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ.- Армните (Власите) од Тесалија, Епир, Албанија и Македонија низ средните векови одржувале тесни врски со Италијаните населени на територијата на византиската империја. Високи италијански функционери имале познанство и соработка со влашки првенци и барони на овие простори. Така, високиот функционер Сергиани, по потекло Армн (Влав), за цело време на неговото службување на запад бил обвинуван за организирање на завера против државата. Тој бил под сомнение дека одржувал тајна соработка со тесалиските барони за организирање побуна против Византија. Затоа бил затворен во цариградскиот затвор, од каде бил ослободен со определена гаранција. По неговото ослободување од затворот, заминал на островот Евбеја. Од таму отишол во Тесалија каде бил пречекан со големи почести од локалните старешини и видни луѓе со кои имал старо пријателство.

Армните (Власите) во дадено време се сметале за сонародници со Романите (дојдени од Италија) од византиската империја. Основната причина за тие пријателски односи меѓу Италијаните и армнскиот (влашки) народ не можело да биде друго, освен сличноста на јазикот, носијата, обичаите, традициите. Во XIV век тие сличности според одделни извори биле големи. Според едни извори се доаѓа до сознание дека '...јазикот на Власите од Дакија е еден ист, како тој на Власите на Пиндските планини, а особено со Италијаните, бидејќи и едните и другите го зборуваат истиот јазик, јазикот на Римјаните ио имаат римско потекло".[24]

Во Италија народен јазик не бил латинскиот- Власите одродени тн.Словени.

Ако би имало посебен влашки јазик, како што авторот и наведува, тогаш на тој јазик би морало да има таква оставштина. Па таква досега и никој не пронашол.

Густав Вајганд (1924) пиши за Тракијци на Албанците,Власите и Романците.

Г. Вајганд, исто така, пиши: Албанците и Власите се „браќа"- само Епирци.

„ГОЛЕМА ВЛАХИЈА ОД ЕВБЕЈА.- За да го насели островот Евбеја со население, венецијанскиот сенат со посебен декрет определил услов, според кој, секој граѓанин кој имал желба да се насели таму, потребно било да достави формално барање. Почнувајќи од 1402 година, на сите жители од Голема Влахија кои искажувале желба за населување на Евбеја им биле дадени коњи и потребни обработлива земја. Воедно тие биле ослободени од плаќање на даночни обврски. Според тоа, Армните го населиле островот, уживајќи определени привилегии, исто како и домородното население.

[24] Авторот кај Извори и литература, под 84, наведува: „Chalcocondylas De Rebus Turcicis, pp. 77.

Грците и Евреите немале пристап на островот Евбеја. Наспроти тоа, посебни привилегии во работата имаа Армните (Власите) и Албанците. Заради дадените погодности бројот на Армните (Власите) кои се населиле на Евбеја бил толку голем, што условите северниот дел на островот да го носи името Голема Влахија.

Армните (Власите) и Албанците, пред сè, благородниците и богаташите кои ја стекнале титулата барони и кои примиле подароци од венецијанскиот сенат, доспеале до високи положаи на островот, односно во градовите и населбите каде истите биле населени.

Исто така и на островот Крф (Corkyra) емигрирале доста Армни (Власи). И тие на тој остров добиле бројни привилегии. Во ноември 1356 година царот Роберт ги потврдил старите привилегии на свештенството на островот, преку Јон Влаот, представникот на црквите од Крф.

ЕМИГРИРАЊЕ НА АРМН (ВЛАСИТЕ) ВО ИТАЛИЈА.- Сè до почетокот на XIX век Венеција претставувала град со посебен раскош и сјај за народите на Балканскиот Полуостров. Убавината на градот, слободите и правата на кои се радуваа граѓаните на Републиката, како во нејзините внатрешни граници, а и надвор од нив, богатството и златото што се слевало во Венеција, науката и културата која цутела во неа, сето тоа создало основа и услов за привлекување на многу жители од блиските држави како во едно прекрасно и среќно средиште на тогашниот свет. Посебно, развојот на трговијата и нејзиното проширување до сите значајни пристаништа на Балканскиот Полуостров, условило продор на политичкото влијание и население од Италија на исток.

Меѓутоа, после паѓањето на Цариград под Турците се забележува појава на преселување на деловните луѓе во обратен смер, спрема запад. Според тоа и многу Армни (Власи), како деловни луѓе ги напуштиле градовите на територијата на Европска Турција и мигрирале, пред сè, во Неапол, Венеција, Ѓенова и други. Учените Армни (Власи) биле добро познавачи на италијанскиот, а исто така и на грчкиот јазик. Образованите Армни (Власи) оделе во Венеција за да ги печатат своите книги. Богатите трговци, најповеќе од време на анархијата на турското царство мигрирале во Венецијанската република каде наоѓале спокојство и сигурност. Стариот барон Сина од Москополе, кој живеел во XVIII век, имал палата во Венеција“.

Авторот, секогаш, пиши: „Армни (Власи)“- тој го наметнува поимот Армни.

„**5. ВЛАДАРИТЕ НА МУШАТИТЕ (МУСАКИЈА)**

КНЕЖЕСТВОТО МУСАКИЈА.- Еден од најзначајните Армн Македонски родови, кој одиграл значајна улога во Албанија, Епир и голем дел од Македонија бил големиот и славен род Мусаки. Тој се прочул и истакнал од крајот на XIII, па сè до почетокот на XVI век. Првите членови на овој род биле познати со името Mušati-us (со значење ‘УБАВИ’ на македонски), покасно со името Musachius и Musachi, од каде потекнува и името на нивната кнежевина Musachia. Главен град на ова армнско (влашко) кнежество бил градот Vilardi- (Берат). Со овој значаен армнски (влашки) род се одродуваа, пред сè, богатите армнски (влашки) и албански семејства од Епир, Албанија, како што беа: Спата, Буја, Сгура, Лиоша, Топиа, Балша и тн.

Основачот на династијата на кнежеството Мусакија бил Андреј Мушат (Мушат=убав; на македонски), кој владеел од 1280- 1281 година. Тој носел титула севастократор и бил принц на Берат, Селеница, Томорница, Опар, Девол и Корица (Корча). Него го наследил Теодор I (1281) кој во 1318 година го заслужил звањето

протовестиар. Ѓин Мушат (1274-1281) (ЃИН=Добро; на македонски, доаѓа од зборот ‘ѓине’=‘добро’) владеел во делови на Албанија. Него го наследил Ментул Мушат, кнез на Клисанија (1318), како и Андриј II, еден од најзначајните принцови од родот на Мушатите (убавите)“. (Мушатит=мушат ит- бригиско=брсјачко, Р.И.)

Наведените личности и поими биле тн.словенски-влашки род и јазик немало

„КНЕЗ АНДРЕЈ II МУШАТ (АНДРЕЈ II УБАВ).- Покрај наследената претходна државна територија, принцот Андреј II водел крвави борби со Србите. Во една битка преземајќи го, од Крали Марко, го освоил градот Костур. Потоа градот Костур му бил даден на неговиот зет Балша II.[25]За да ги зацврсти своите поседи Андреј II војувал против српскиот крал Волкашин. На чело на едно бројна трупа на Мусаќиари, во која зеле учество сите роднини и пријатели на родот Мусаки, пред сè, неговиот зет Балша II, а потоа господарот на Охрид- Гропа, тргнал во голема битка против Србите. Битката се водела на планината Пелистер, кај месноста Dobrida, (Ѓавато) каде се наоѓала границата меѓу Србија и кнежеството Мусакија. Во таа битка Волкашин паднал како заробеник. После оваа битка Мусаќарите го прошириле своето кнежество до Битолско Поле, се до близината на Прилеп. Дознавајќи за поразот кој им го нанеле Мусаќарите на Србите, византискиот цар, задоволен, во знак на пријателство му предал на Андреј II Мушат висок орден, и други значајни одликувања со драгоцени камења и злато. Со тоа официјално го признал Андреј II за деспот на Епир, со сите привилегии“.

Мусаките биле само Бриги (Брсјаци) со дативно у- еднина трето лице ет=ит.

„Андреј II умрел 1372 година. Погребан е во Драч. Неговата жена била Ефтимија, ќерка на севастократорот Паул Гора“.

Бриги (Brighi) имало во Епидамнос (Драч)- Кај Хесихиј Бригијада (Brygias).

„Наследниците на Андреј II биле, Ѓин I, кој владеел од 1371- 1379. Тој ја наследил областа Томорица, наречена Мала Мусакија (Musachia Minore). Исто така, од тој род била и Комита (1372-1396), владетелка во градовите Валона и Канина. Овие предели таа ги стекнала како мираз од својот брат Ѓин. Комита се омажила за кнезот на Скадар- Балша II. Кирана (Chirana) се омажила за охридскиот господар Андреј Гропа. Теодор II го наследил градот Берат и Мусакија. Од овој род потекнува и Стоја, господар на Костур (1389). Стоја умрел без да остави наследници.

Ѓин I оставил зад себе 5 сина и две ќерки, и тоа: Андреј III (1389- 1407). Тој во 1407 година ја зел во мираз Грабоса од својот дедо Ѓин Зеновиси, господар на Агрикастро, потоа, Матерангу (Ѓин Матерангу, господар на Гора), Богдан (синот Ѓин Богдан), господар на Мерлона во Таморница); Бласиус (1376- 1392) кој имал 5 сина, а сите биле заробени и убиен од Турците. Петтиот наследник на Ѓин I бил Лалди,чиј син Андреја се оженил за Теодора од Гора.

Наследниците на Андреј III Мушат биле: Ѓин II, оженет со Ана Матерангу од Гора. Таа била лишена од својата баронија од Скендер- бег; Теодор (1447- 1457) и други две ќерки.

---

[25] „**IV**. Родот Балша има влашко потекло. Родоначалникот на родот Балша= БАРБАТ БАЛША бил роден во влашко село Ѓурашевци или Сремјани околу 1330 година (Дечанска повелба, 53, 125). Личното име Барбат има влашка основа (во влашкиот јазик зборот барбат значи-маж, мажествен). Овој род се издигнал за време на владеето на цар Стефан Душан во моќни феудалци. Тие биле господари на Зета и Северна Албанија. Во својата историја тие станале влијателни благородници во даденото време и простор. (Според К. Јиричек, Историја Срба, Београд, 1952, I. стр.)“. Сè само тн.словенско.

Синовите на Ѓин II биле- Јон Мушат. Овој ја напишал хрониката на својата фамилија (во 1510 година). Неговото кнежество- Томорница била дестабилизирана од Скендер- бег, а потоа од Турците. Јон Мушат умрел во 1510 година. Погребот бил во Грчко православната црква во Неапол. Вториот син на Ѓин II, бил Андреј II, кој се оженил за Јела Топија, внука на Скендер- бег.

Јон Мушат оставил зад себе три сина: Теодор, кој ги наследил Берат, Мусакија и Канина (1510), Андреј кој наследил Томорница, Опар, Големиот Девол, и Константин I (1510-1550), кој ги наследил Малиот Девол и Костур. Исто така, имал и две ќерки, од кој едната- Порфида била почитувана госпоѓа на дворот на Неаполската кралица.

ПРЕСПАНСКИОТ ВОЈВОДАТ.- Во составот на областите кои се наоѓале во поседот на Мусаките (Мушатите) во делови на Албанија и Македонија биле и други бројни предели што ја сочинувале целината на нивната земја. Така, господар на Охридското војводство, бил Андреј Гропа, зетот на Андреј II Мушат. Ова војводство (дукат) се одликувало со мошне богати и пространi села и градови. Тие му носеле огромна добивка на војводството во износ од 12.000 златни дукати.

Војводството Преспа опфаќало значајни и бројни села. Тоа се наоѓало под власт на Арианит Комнен. По неговата смрт него го наследил неговиот син Тори. Тој, бидејќи немал свое наследство, бил наследник од близок роднина, близок и со мајка му на Јон Мушат, Карина. Оваа наследна област- војводствотоп Преспа, со тек на време се споило кон државата на Мушатите.

Значајна улога во животот на државата одиграл и Андреј Мушат, наречен Слепиот (Orbul). Тој имал звање- господар на Гопеш. Неговата жена Теодора Комита од Гора, била сестра на Кирана, мајката на Јон Мушат. Тие се ородиле со родот на Мушатите. Таа имала 4 деца, и тоа: Миѓирија, Паул, Бласиус и Ана (или Кирена).

Некои членови на родот Мушати го примиле исламот. Какви такви зазеле високи функции во турската држава. Таква била Ана, ќерката на господарот на Гопеж- Андреј Слепиот. Таа се омажила за Хајдар- бег од Свирина. Една од внуките на Ѓин I се омажила за Константин Мисарет од Гуасити. Таа родила еден син. Тој одраснал на султановиот двор. Кога пораснал султанот му дал за жена една од неговите ќерки и тој бил познат по името ‘Паша од Романија’.(Мисарет со ет=ит,Р.И.)

КОСТУРСКО КНЕЖЕСТВО.- Градот Костур бил едно време во состав на Голема Влахија. Јон II Ангел (1318) носел звање ‘Војвода на Неопатра, Голема Влахија и Костур’ (‘Duce di Neopatra, Vlahia shi Castoiria’)

Во 1332 година Серѓани го зазел Костур и Солун и го основал Кнежеството Костур и Ематија (Меглена), прогласувајќи се за независен. После Серѓани, овие области ги загосподариле Србите, а потоа подпаднале под власта на Мусакија. Прадедото на Скендер-бег, Константин Кастриот, наречен Месарет, стоел на чело на тоа кнежество до крајот на XIV век, кога конечно истото паднало под Турска власт.

Костур и неговата околина од секогаш носеле назив- Влахија“.

Објаснување за „Месарет“: „**V**. Скендер-бег, преку својот дедо Константин Кастриот води потекло од родот Месарети. Како претходно видовме Месаретите се по потекло Армн Македонци“.

Се потврдува,Власите биле Месарети=месар ет и-само едно: Бриги=Брсјаци.

Власите не можат да бидат Македонци- Македонците се со пелазгиски јазик.

АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ) ПОД ТУРЦИТЕ

„**1. ПРАВА И ПРИВИЛЕГИИ**

ТУРСКОТО НАВЛЕГУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ.- После заземањето на Едрење- 1361 година, на султанот Мурат I му се отвори патот за нови освојувачки походи спрема Балканот. За Турците била создадена нова ера на слава и моќ, освојувајќи нови балкански простори. Тимур- таш на чело на својата армија ги зазеде градовите на Родопите и крај Вардар, а во 1382 година упаѓа во Македонија и ги освојува, без никаков отпор, градовите: Штип, Прилеп, Битола и Охрид.(Битолчани се борела-само во Битола 100% цркви и манастири рушени,Р.И.)

Меѓутоа, при нападите за заземање на Епир, турските освојувачи наидоа на отпор. Всушност, кога Турците тргнале да му пружат помош на Есау де Буолделмонти, тие претрпеле пораз од страна на Малакашите на Спата кај Дрискос. Во битката меѓу Малакашите и Турците се спасиле само 300 Турци. Затоа, командантот на Турците Евренос- бег со нови сили повторно го нападнал Спата и успеал да го совлада.

После Косовската битка (1389) кога турскиот султан Мурат паднал како жртва на Милош Обилиќ, војските од сојузот на христијаните биле потполно разбиени. Со тоа, Турците продолжиле со своите натамошни освојувачки планови. Во 1393 година Бугарија била транформирана во турски пашалук. Србија, во основа, била само сенка од некогашната самостојност. Наследникот на Мурат I, Бајазит за жена ја зел сестрата на српскиот деспот Стефан Лазаревиќ- Милева, одземајќи скоро три дела на Србија како мираз. Српскиот деспот Крали Марко, станал турски вазал. Стапувајќи во нивна служба, тој загинал во битката кај Ровине, меѓу Бајазит и влашкиот војвода Мирче. (Милева=миле ва со в-н-т до денес на македонски, Р.И.)

На чело на една бројна војска Бајазит успеал да ја заземе Мореја. Врвејќи низ Тесалија, сите градови, како: Лариса, Трикала, Домоко, Фарсала им ги отворија портите, поклонувајќи им се на Турците. Од покорените градови, султанот одвел 35.000 заробеници. Нив ги однесе во Азија, а оттаму донел колонисти- Турци, Татари, наречени Коњари. Нив ги населил спрема границата кон Албанија и Тесалија. На овој потез тие формирале еден венец на 12 села кои служеа како одбрамбен ѕид од нападите на албанските банди.

ЗАЗЕМАЊЕТО НА СОЛУН.- Солун е заземен од Турците во 1387 година. По заземањето од Турците, градот добил определена автономија. Меѓутоа, после смртта на Бајазит, Византијците ги повратиле назад градовите- Солун, Серфиџе, Верија и некои други, ослободувајќи ги од под турска власт.

Во 1404 година Византискиот цар Андроник им го одзел Солун на Венецијанците за сума од 50.000 златници. Сулејман, претендентот на царскиот престол после Бајазит, се откажал од тој град. Мурат II го оставил Солун да биде Венецијански гувернат, под услов тој да исплати определени давачки. Во 1430 година, Турците повторно ги усмериле своите напади врз Солун и неговото пристаниште и откако ги усмерите своите напади врз Солун и неговото пристаниште и откако го освоиле одвеле од таму над 7.000 заробеници. Поголем број од нив ги продале во Азија. По заземањето на Солун, Турците сите цркви, освен четири, ги претвориле во џамии“.

Па Турците биле само исламизирани православни кои изобилувале со цркви.

„КАПИТУЛАЦИЈА НА ЈАНИНА.-После заземањето на Солун, турскиот султан Мурат II им испратил на првенците на Јанина,писмо со кое им дава до знаење, дека, доколку ја прифаќаат нивната- турска власт, под одредени услови, градот и неговите жители ќе можат да сметаат дека ќе ја уживаат својата слобода. Карло II Токо, кој владеел во тоа време со Јанина, испратил една делегација која требало да им ги предаде клучевите на градот. Воедно делегацијата склучила формален договор врз чија основа била призната султановата власт. Потоа, 18 Турци, дошле во Јанина за да го примат градот во името на султанот. Првите работи што требало да се извршат по барањето на султанот била потребата од рушење на црквата- 'Свети Михаило' која се наоѓала во средината на градските ѕидини, како и да се мажат девојки- христијанки за Турци. Во создадените односи жителите на Јанина се разбегале од градот. Султановата војска продрела во градот и ги грабнала најубавите девојки, претворајќи ги во муслиманки- Турчинки. Конечно, на 9 октомври 1431 година, во Јанина дефинитивно се зацврстиле Турците- Османлии.

АРМН МАКЕДОНЦИ (ВЛАСИ) ВО АЗИЈА.- Бајазит, а исто така и Мурат II, преселил во Азија голем број на заробеници, меѓу кои и голем број на Армн (Македонци) (Власи). Бројот на робовите заробени од Мурат II на јужниот дел на Балканскиот Полуостров изнесувал 40.000. Голем дел од нив биле транспортирани во Азија, а на нивно место Турците доселиле турски колонисти. Близу Бруса и денес постои населба Пистикоши, каде сред нивните жители се среќаваат армнски (влашки) зборови како и армнски (влашки) овчарски обичаи како оние на Армн Македонците (Власите) од Епир".

Историски немало Армн Македонци- имало само Власи, со значење овчари.

Сите православни на Балканот се бореле, но не само Власите со привилегии.

„КАПИТУЛАЦИЈА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ) ОД ТЕСАЛИЈА.- Армн Македонците (Власите) од Тесалија биле задоволни со некои привилегии кои им биле дадени од страна на Турците. Од причина што христијаните од другите делови на Балканскиот Полуостров не уживале, речиси никакви права. Предвидувајќи ги опасностите што им престоеле за укинување и на тие кои ги уживаа, Армн Македонците (Власите) преземаа потребни мерки за да ја зачуваат својата слобода. Затоа настојуваа со ништо да не ги провоцираат Турците, искажувајќи ја секогаш лојалноста кон султановата власт. Кога султанот Бајазит поминал низ Тесалија за да ја покори Мореја, ниту еден старешина од Тесалија не им се спротиставил на неговите војски. Според тоа, жителите на градовите од Тесалија на Турците им искажувале почест со желба тие меѓусебно да склучат еден пакт со кој би се загарантирал мирот во тие области. Воедно, Бајазит им ги признал старите права и слободи, во замена за исполнување на определени обврски кои требало да ги подмират кон Турците. Тие права и слободи биле признати и за време на владеењето на Бајазитовиот наследник- Мурат II, кој откако ја транформирал Грција во определен турски пашалак, се вратил во Голема Влахија за да ги потврди дадените права.

Привилегиите што ги поседуваа Власите од Тесалија и Епир се одржале во текот на целото време на владеењето на Турците на Балканскиот Полуостров.Вакви слободи и привилегии во рамките на определената автономија не поседувал, скоро, ниеден поробен народ на овие балкански простори. Армн Македонците (Власите) од Тесалија биле задолжени да плаќаат определен годишен намет кој бил повеќе симболичен и се плаќал повеќе во знак на искажување на одредена почит кон др-

жавата, а не како данок што инаку го плаќало поробеното христијанско население во Турција. (Само Власите со привилегии од Крстоносниците и Османите, Р.И.)

Данокот што се плаќал во пари се слевал во паричната каса на султановата мајка Валиде Султан, во фондот 21 на тефтердарот наречен Инстанбул Мукатеси каде бил заведен под името на Малакашите.Армн Македонците(Власите) од Аспропотам, потоа од Калари и Мецова не плаќале повеќе од 1.400 пиастри. Сите села и градови биле управувани и раководени врз база на определена внатрешна самоуправа, без право да се мешаат турските власти од надвор. Избраниот совет на старци вршел улога на орган за решавање на сите прашања во селото, односно градот, врз база на обичајното право. Епископот претставувал највисок правен авторитет. Еден од армн македонските (влашките) водачи кој бил назначен за автономен капетан за времето на Мурат II, бил Василомитру“.[26]

Се говори само за „Малакашите“, ни никако Армн Македонците (Власите).

„Мехмед II, пак, вовел нова организација. Во решавањето на спорните прашања прв глас имал кадијата, потоа доаѓал гласот на архиепископот заедно со капетанот кој бил одредуван од државната управа.

Во 1445 година Армн Македонците (Власите) заедно со Албанците се изјаснале за византискиот император- Палеолог од Цариград и престанале да го признаваат вазалството на султанот. Со тоа, цела Тесалија се ставила во покорност на еден армн македонски (влашки) кнез, кој се спогодил со атинскиот владика и се спротиствувал на турската воена сила. Оваа положба не се одржала многу време. По определено време, речиси, сите градови на тие простори ја признавале турската власт“.

Имало Власи (овчари), но никако било какви Армн Македонци- овие се лага.

„**2.ПАЃАЊЕТО НА ЦАРИГРАД**

ОДНОСОТ НА ГРЦИТЕ И ЛАТИНИТЕ.- Додека Турците постојано се наоѓаа во перманентен растеж на својата моќ, вршејќи продор во сите делови на Балканскиот Полуостров, оставајќи цели држави, дотогаш во Цариград се воделе континуирани кавги на религиозна основа и никако не можеле да најдат разбирање, околу прашањето на причестата. Едните сметале дека причестата треба да преврие, другите, пак, тоа не го признавале. Латините молеле за соединување на црквата со Рим, за да се спасат од опасностите кои им престоеле. Грчкиот патријарх Генадиус ги отфрлил антиеретичкото учење. Великиот адмирал Лука Нотара јавно се изјаснувал дека му дава предност на турскиот турбан и бил спремен тој да го стави на својата глава, отколку да ја има тророгата капа на еден кардинал. Од друга страна, народот бил расположен да се соедини со папата, само да се спаси од Турците. Во тоа време ниеден верник не стапнал со нога во црква. Колку било големо влијанието на исламот внесен преку свирепоста на турските освојувачи, може да ни послужи појавата, според која, една калуѓерка се движела по патот со турбан на глава, мрсела на велигденски пост и му се молела на Мухамед. Во создадените односи сиот свет бил заситен од кавги и просто немал надеж во својот спас.(Мразен Рим,Р.И)

Со смртта на Мурат II на царскиот престол во Турција дошол Мехмед II. Овој презел опсежни мерки да го освои Цариград. Во месец февруари 1453 година од Едрење тргнал огромен топ во правец на Цариград. Него го тргаа 150 чивта волови. Скоро 2.000 души оделе по него за да ја одржуваат рамнотежата на тој мон-

[26] Василумитру=василo митру; василo=ва сило=с (Σ) ил о; ил=ИЛ- „Ил врне, ил грме“; дативно у.

струм, додека други 200 војници и 50 каруци оделе напред и ги обезбедувале условите на патот, истиот да биде добар и погоден за да го пренесат градиозниот топ во правец на Цариград. За пат кој може да се помине за два дена, било потрошено време од два месеци. Овој гигантски топ го изработил Армн Македонецот (Влаот) Орбиу, кој незадоволен од исплатата на грчкиот император, за услугите кои му ги направил преминал на страната на Мехмед II“.

Орбиу не бил Влав, туку само едно- Унгарец Орбан.[27]Без Армн Македонци.

„АРМН МАКЕДОНЦИ (ВЛАСИ) ВО ТУРСКАТА ВОЈНА.- Мехмед II за да го освои Цариград обезбедил мошне голема воена сила. Цариград бил нападнат со 207.000 војници. Меѓу војниците кои зеле учество во нападот на Цариград, 15.000- биле од Серес, Верија, како и Скопје, потоа, 7.000 од Охрид и Костур; 4.000- од Авлона, Гребена, Штип, Радовиш, Арта и Јанина со нивните околии. Сите тие места дале илјадници млади војници, а армн македонските (влашките) населби од Тесалија, како Лариса, Трикала, Фарсала, Фанара, Зитун (Ламија) Домоко, Салона, Ливадија, Хелада, Патра, Аграфа, Велуќи и Протолио имаат дадено над 25.000 момчиња. Една стара грчка песна во метрички стих, под наслов: ‘Жалоста на Цариград’ го опишува падот на Цариград, истакнувајќи ја пожртвованоста и јунаштвото на Армн Македонците (Власите) во борбите за Цариград“. (А и без Битола, Р.И.)

Никогаш немало никакви Армн Македонци туку само Власи- само овчари.

„НАПАДОТ НА ЦАРИГРАД.- Првите денови на април 1453 година, Мехмед II со огромна воена сила се нашол пред Цариград. Пред нив, во Цариград имало мал број на грчки, како и уште помал број на латински бранители: главниот контигент на латински војници, составени од 700 Ѓеновјани, на големо одушевување на Византијците, на две галии стигнал во Цариград пред почетокотна опсадата. Наспроти малиот број на војници кои го бранеле Цариград, имало огромен број на турски војници, кои напаѓале врз бедемите на градот. Извонредната стратешка положба на Цариград и јачината на неговите ѕидини, често пати, го спасуваа овој град, како и Византија од нивното пропаѓање. Но, турската надмоќ во воена техника не ја спасила Византија и нејзиниот град од пропаѓање. Во случајот топовите ги решиле сите прашања.

Опсадата на Цариград траела цели 53 дена. Ѓеновјаните се бореле како вистински херои, бранејќи ја Галата. За 29 мај 1453 година, Мехмед II наредил генерален напад на градот. Денот пред нападот, додека султанот ги спремал своите трупи за борба, бранителите на градот- Грците и Латините за последен пат се собрале во Света Софија. После божјата служба војниците повторно ги зазеле своите положаи. Рано утрото, започнал јуришот на градот. Херојската одбрана долго време ги одбивала нападите. Меѓутоа, кога султанот ги активирал своите елитни трупи градот паднал во нивните раце. Три дена и три ноќи траело пљалкосувањето.

Мехмед II потоа влегол свечено во освоениот град. Цариград станал престолнина на Османовото царство. Со тоа престанало да постои Византиското царство.

ВЕРСКИ ПРИВИЛЕГИИ.- И покрај паѓањето на Цариград под турска власт, христијанското население во турското царство уживало одредени верски привилегии. Во почетокот на јуни 1453 година, султанот Мехмед II, пристапил кон согле-

[27] „...преминал од царот во султановата служба еден унгарски топилничар, по име Орбан, а овој обилно го наградил и му обеќал необична богата награда, ако излие огромен топ кај би бил во состојба да ги разбие ѕидините на царскиот град“ (Јозеф фон Хамер). Авторот бил и произволен за влашкото.

дување на правото на избор за нов патрјарх, со истите церемонии кои се манифестирале при изборот на високи црквени великодостојници во Византиското царство. Според тоа, турската власт го одобрила изборот патријархот искажувајќи желба дека со неговиот избор би требало да се радува христијанското население, бидејќи тоа ќе ги ужива истите права што порано ги уживало.[28] Изборот на новиот патријарх се извршил во присуство на определени паши и везири во црквата Свети Апостол, бидејќи Света Софија била претворена во џамија. Воедно, султанот издал декрет со кој се определувало правото на патријархот во обавувањето на својата дејност. Сите обичаи кои се обавувале при женидба, или при смртни случаеви, требало да се изведат според принципите на грчката црква.Според тоа, и Велигденските празници требало да се прославуваат како што се прославувале пред доаѓањето на Турците. Во таа смисла и портите 'Фанари' за време на прославувањето на Велигденските празници три ноќи биле отворени. Освен 8 цркви кои биле претворени во џамии, другите цркви во градот не смееле да се претворат во џамии. Меѓутоа, покасно во Цариград биле претворени во џамии уште 9 цркви.

АДМИНИСТРАТИВНАТА СИТУАЦИЈА ВО ТУРСКОТО ЦАРСТВО ЗА ВРЕМЕ НА МЕХМЕД II.- Турското царство за време на владеењето на Мехмед II било поделено на четири провинции, и тоа: Румелија, Анадолија, Египетска и Багдатска провинција. Според тоа, државата се делела на големи военоуправни подрачја, т.е. провинции- ајелати, на чие чело стоеја беглербегови. Подоцна тие подрачја се викаа пашалаци. На чело на овие пашалаци стоеја паши или везири. Сите балкански земји, па според тоа и подрачјата каде беа присутни Армн Македонците (Власите), влегуваа во Румелискиот ејалет. Седиштето на овој ејалет се наоѓа во Софија. Подоцна седиштето на Румелискиот ејалет било преместено во Јанина.[29]

Румелија била поделена на 16 епархии. Од нив во Битолската епархија влегувале 40 села, потоа Прилепската епархија- 36 села, во епархијата Грипани,- со седиште во Костур влегувале- 70 села, Хрупишта- 15 села, Деволската епархија со седиште во Плеаса- 20 села, Преспанската епархија со 6 села и тн.

Правата и привилегиите на владеачката класа и обрските на рајата се одредувале спрема системот на користење на земјата и природните богатства. Тие, по правило, припаѓале на Алах, а со нив располагал султанот, како Божји намесник. Сопственоста на освоените земји била поделена на три големи категории, и тоа: сопственост определена за црквите и џамиите, таканаречени вакуфски поседи; потоа, сопственост определена за победничките војници на кои им била призната приватната сопственост и земјоделското население, кое сочинувало најголем дел на рајата, која била задолжена да плаќа данок- десеток.Покрај тоа, тие на султанот му плаќале данок- харач на секоја машка машка глава, како и многу други видови на даноци.

АРМН МАКЕДОНЦИ (ВЛАСИ), ТУРЦИ И БУГАРИ.[30]- Армн Македонските (влашките) општини во Македонија, Епир и Тесалија биле задоволни со благона-

---

[28] „**II**. На Турците во периодот на натамошното освојување на Балканскиот Полуостров, им била потребна помош од страна на православната црква, тие смислено постапуваа со православните цркви во армнските (влашките) населби, кои беа под јурисдикција на Царигадската патријаршија. Некои цркви во поголемите армн македонски (влашки) центри, имале посебни привилегии кај турските власти".Објаснувачот ја крие вистината-...Македонија, Тесалија и Епир биле под Охридската црква.

[29] Седиштето на Румелија од Софија било преместено во Битола- само под Битола со Св.Димитрија.

[30] „**III**. Авторот во Бугари, ги вбројува и сите македонски Словени, односно Македонци".

клоноста на турската власт во однос на определените такси кои биле наменети за држават. Тука спаѓала таксата наменета за султановата мајка. Словенско- македонските односно Бугарската земја била претворена во феудални поседи, кои покасно станале чифлици. Кметовите, а покасно чифлигарите им ја обработуваа земјата на агите и беговите“

Без Словени Власите не би биле Македонци. Власите биле и вон Македонја.

Името Македонија било само според богот Македон,а поимите Бугар, Србин и Влав биле општи поими без било какво етничко значење. Следи без народ Власи.

„Чифлиците и чифлигарските населби имале форма на паралелограм, односно четвороаголник, каде на бочните страни биле формирани по еден ред на сиромашни колиби и истите имале изглед на утврдување. Од тој простор не можело да се излезе, односно да се влегува, освен низ портата. На едниот агол на четвороаголникот се наоѓала беговската куќа и кулата, од каде се пружал поглед врз целото селско подрачје на определениот чифлик. Бугарското (односно словенско- македонското) население не поседувало никакви автономни права. Само четири села во Родопските Планини имало определени привилегии, во однос на нивната внатрешна управа. Жителите на дадените села имале право да носат оружје и да плаќаат мал данок.Тоа биле следните: Копривица, Панаѓуриште, Котел и Целина. Овие населби, со тек на време биле исламизирани.

ГРАДСКА САМОУПРАВА.- Во самиот почеток на турското владеење на балканските простори, Турците дале широка автономија на градската самоуправа. Жителите во градовите во Турција биле слободни во изборот на своите преставници на градската управа. Изборот на претставници на градската самоуправа се вршел секоја година. Граѓаните, обично во неделата или на некој празничен ден, после одржаната божја служба во црквата, се собирале под сенката на некој разгранет даб, или пак во црквениот трем, при што се договарале за можните избори кои требало да се одржат во определениот ден, или по други прашања од животот на градот. Ваквата организација на животот на градот, во одредена мера, била поставена подобро, отколку организацијата на животот во градовите во време на византиското владеење.

ДРЖАВА ВО ДРЖАВА.- Со Хатишерифот донесен од страна на Мехмед II грчкиот патријарх имал ранг на везир. Јаничарскиот ред, пак, ја формирал својата гарда. Митрополитите и епископите во Цариград, сите заедно го образувале великиот трибунал. Тој се состанувал два пати неделно. На тие состаноци беа разгледувани разни прашања, меѓу кои, прашања во врска со определени граѓански расправи, потоа, за женидбата и мажење, разводи на бракови, одлучување врз прашања за наследството- тестаменти, кражби, одредување на казни врз некои деликти и тн.

Патријархот имал и еден Капу-кихаје, постојан агент преку кој однапред ги примал званичните објавени фермани. Синодот управувал со црквените приходи на својата народна црква. Од тие парични средства се плаќал годишниот данок на султанот, во износ од 25.000 пиастри одредени како персонална такса одобрена за православното свештенство. Поединечните годишни приходи на патријархот изнесувале 100.000 франци.

Со тоа, донесениот хатишериф на султанот Мехмед II ги определувал правата и обврските и на грчкиот патријарх во даденото време и простор“.

Народот со својата црква се борел против турското исламско ропство 5 века.

КАПЕТАНИИТЕ ВО ЕПИР И ТЕСАЛИЈА

„**1. ФОРМИРАЊЕ И ЗНАЧЕЊЕ**

ТРИ ФАКТОРИ ЗА НИВНОТО ФОРМИРАЊЕ.- По паѓањето на Цариград под турска власт, Турците, на одреден начин, воспоставиле односи со кои се регулирале прашањата во врска со давање на определена автономија во одделни подрачја (Тесалија) одобрена од страна на султанот Бајазит и Мехмед II. Наместо капетаниите дадени на Армните (Власите) во Тесалија од страна на Бајазит, Мехмед II предвидел дека управувањето на земјата треба да се раководи според три факти, и тоа: а) од определениот шеф- капетан на една национална милиција заради заштита на поредокот и мирот; б) од архиепископот кој ја претставувал највисоката правна инстанца во дијацезата; и в) од еден кадија кој го презентирал царскиот авторитет во земјата.

БРОЈОТ НА КАПЕТАНИИТЕ.- Од времето на владеењето на султанот Сулејман Величенствени, турскиот везир Ибрахим- паша (1529- 1565), се забележувал определен развој на земјата проследен со организационо зајакнување на капетаниите. Во врска со тоа, Јужна Македонија, Тесалија и Епир се поделени на 15 капетании, како управни единици, од кои 5 капетании биле во Епир и Акарананија (Малакаши, Цумерку, Ксеромеру, Лидорики и Венетик); пет капетании биле во Тесалија (Олимп, Аграфа, Касија, Мавровуни, и Патраџик), а останатите пет биле во Јужна Македонија (Верија, Серфиџе, Аласона, Гребена и Милиа).

Во народната песна, пак, посветена на влашкиот капетан Зидру, се прикажува дека на овие простори имало 12 капетании.

КОНПЕТЕНЦИИ НА КАПЕТАНИИТЕ.- Капетанијата претставува едно воено подрачје раководено од определен шеф, наречен капетан. Војниците подредени на дадената капетанија се викаа арматлози. Тие биле задолжени да го одржуваат поредокот и мирот во одделните градови,односно општини и некои планински превои. Капетанот бил поставен со одлука на пашата и тој бил задолжен во извршување на поставените задачи во рамките на даденото подрачје.

Според деденото право од султанот Сулејман Величенствени се потврдува признаените специјални права кои им биле дадени на Армните (Власите). Формирањето на капетаниите, според тоа, било извршено, како што е наведено, да се заштитат Армните (Власите) од нападите кои ги вршеле Албанците- мухамеданци кои ја преминувале границата и во своите пљачкашко акции одеа дури до Мореа. Арматолозите биле задолжени да го осигурат мирниот живот и спокојството на населението. Тие биле во улога на државни џандари поставени веднаш по заповед на пашата. Во замена за дадената покорност тие не плаќаа никаков данок на турската власт. Еден капетан на мартолози претставувал еден вид кнез на определено подрачје- град, населба и слично. Оваа служба преминувала од татко на син, според наследното право. Знакот на тој залог била сабјата која се пренесувала од генерација на генерација. Во одделни случаеви сабјата се доделувала на лице кое се истакнувало со своето јунаштво: ‘На оној кој не се плаши од тираните, кој живее слободен во светот и на оној чиј живот е овековечен со слава му припаѓа оваа сабја’. Посебно градниот дел бил накитен со повеќе леи, закопчени со сребрени копчиња. Секој капетан имал свој поверен араматолотор, наречен ПРОТОПАЛИКАР. Тој носел сребрена мастилница својствена за секретар на определен оддел. Секое собирање на

арматолозите за преземање на некоја акција се викало pagana (пагана). Често пати заради преземање на големи експедиции на едно место се собирале повеќе чето на арматолози.

ПРИВИЛЕГИИТЕЊ НА МЕЦОВА (АМИНЧУ).-Армнскиот (влашкиот) град Мецова, расположен на падините на Пинд, од крајот на XVI век, добил посебни, специјални привилегии добиени по една случајност. Имено, кога везирот западнал во немилост на султанот, пребегнал во Тесалија. Везирот бил прифатен во куќата на армнскиот (влашкиот) челник- Флока. Бидејќи везирот бил благороден од односот на Флока, тој наредил ниеден Турчин да не може да се насели во Мецова. Воедно целото подрачје со околината било под заштита на Армните (Власите). Нивниот годишен данок да изнесува 113.000 аспри. Секој кој ќе пребегне во Мецово, било тоа да е христијанин, или муслиман, да не биде проследен, да биде слободен, бидејќи земјата во Мецово, за Турците се сметала како 'света земја'. Кога Турчинот ќе поминел низ атарот на Мецово бил приморан да го истресе правот од потковиците на коњите за да не однесе ниту грам земја од Мецово. Мецово имал негов егзарх. Тоа право овој град го поседувал до крајот на турското владеење".

Се кажа „армнскиот (влашкиот) челник- Флока"- ЧЕЛНИКОТ тн.словенски.

Не била привилегијата на овчарите само заради везир, кои биле ослободени да плаќаат пашарина, туку биле против говедарите. Овчарите како најсиромави морале да се штедливи-земја од подковици.Мецово било само тн.словенско со овчари.

„БИТКАТА НА АРМАТОЛОЗИТЕ ВО АЗИЈА.- Во 1635 година, дошло до битката во Азија, меѓу Турците и Персијанците, султанот Мурат IV ангажирал околу 12.000 арматалози од Тесалија и Епир за борба против Персијанците. Војната била жестока. Во почетокот на судирот Турците се дале во бегство. Арматолозите, напротив, не отстапиле, туку застанале да се борат. Застанувајќи лице в лице со непријателот го развиле знамето со ликот на Свети Ѓорѓи, го направиле знакот на крстот, ги вперие очите во небото и се дале јуначки во борба со Персијците, наметнувајќи им тежок пораз. Оваа голема победа на капетаните- христијани одекнал надалеку. Наспроти тоа, Турците биле ожалостени. Турските генерали, поради тоа, се заплашиле, бидејќи по враќањето на арматолозите со своите места, тие сметаа дека овие ќе прогласат независност, откажувајќи му, при тоа, покорност на султанот. Затоа, турската воена власт предложила да не се врати ниеден арматалог во својот роден крај додека не го прими исламот. Под закана на смрт, сите капетани со своите војници преминале во исламот. Заедно со нив, се исламизираке и нивните семејства.

2. СОСТОЈБИ НА ПОБУНИ КАЈ АРМНИТЕ (ВЛАСИТЕ)

ПРИЧИНИ.- Оформените капетании од страна на турската власт во 1537 година, стекнале толку моќна и силна автономија, што први кои изразиле претпазливост и страв да влезат во армнските (влашките) населби низ Епир и Тесалија, биле токму Турците. Султан Мурат IV настојувал таа автономија да ја укине. Во половината на XVIII век, турската власт создаде едно целосно тело на жандарми- муслимани од турски и албански состав. Тие требаа наместо армнските (влашките) арматолози кои дотогаш ја вршеле таа должност да ги заштитат планинските превои во Тесалија и Епир.

Турско- албанските жандарми имале свои офицери, наречени дервенџи-аги, а највисок над сите дервенџии- аги бил дервенџи- баш. Оваа одлука на турскиот гу-

вернер предизвикала големо незадоволство меѓу арматолозите. Многу од нив, заради тоа, пребегнале во планините и започнале буни против нив, напаѓајќи ги и убивајќи ги турските жандарми.

Кога Портата го согледала разбранетото движење на побунетите арматолози, ја повлекле донесената одлука. Притоа, биле назначени капетани од самите арматолози чувари на планинските превои, со право на собирање на такси од стока и минувачи (Селиамет параси)

Многумина од нив согледале дека тој живот е подобар, да се биде целосно слободен, отколку араматолошкиот начин на живеење според наредбите на пашите, кои не воделе сметка за нивното заслужено јунаштво, па тие и натаму останале верни на тој нивен статус.

Од тогаш започнало ајдутството сред Армните (Власите) од Тесалија. Цели села беа зафатени со востанички движења, во кои не се признавал никаков авторитет и во таа смисла не се плаќал никаков данок. Тие населби Грците ги викаа 'бандитски села'. Кон нив никој не се доближувал.

Армнските (влашките) востаници од Тесалија и Епир останаа, во одреденена апсолутна независност се до 1821 година, кога тргнаа да ја ослободат Елада од турско ропство. Во тие ослободителни борби на грчкиот народ, армнските (влашките) арматолози биле опеани од Грците и грчките поети како вистински национални херои".

Елада ја ослободите само Русите со помош на Венецијанската флота.

„ЖИВОТОТ НА АРМНСКИТЕ (ВЛАШКИТЕ) ВОСТАНИЦИ.- Арматолозите и востаниците никојпат не биле признати во Грција, освен во Тесалија и Епир, каде нивната активност секогаш била ценета. Многу востаници биле некогашни арматолози. Незадоволни од некоректните постапки на пашите, тие се одметнувале во планините за да издејствуваат слобода. Многу арматолози станувале ајдуци заради тоа што одредени авторитети ги привлекувале, давајќи им дарови, а потоа, тие биле наградувани со некоја добра служба. Арматолошката служба била фаворизирана кариера".

Стои „тие се одметнувале во планините". Па нели Власите биле планинци ?!

Нивниот народен јазик бил тн.словенски со в-н-т: Влахава-Влахана-Влахата.

„Планината Олимп било главното место каде се собирале армнските (влашките) востаници. Преку зима тие се повлекувале на Јонските острови, кои се наоѓале под власт на Венецијанците. Пред да ја напуштат планината востаниците го криеле оружјето по планинските пештери и други скривалишта, а потоа се појавувале сред Грчкото население во дадените места. Меѓутоа, се разликувале од Грците според питоресната носија, која со својот изглед и отменост ја чинеше убава и интересна. Нивните портрети се наоѓале во сите градски деловни простории во Грција, додека песните посветени на овие армнски (влашки) јунаци се разнесувале насекаде, бидејќи нивното јунаштво и храброст во борбите против албанските банди во сите случаеви биле опеани. Често чесноста за арматолозите претставувала света работа. Жената, исто така била објект на строго почитување и претставувала култ, и како таква никој не смеел да ја навреди. Исто така, кај нив билно силно развиено религиозно чуство. Тие во сите можни случаи со внимание ја слушаа божјата служба, секако, во определени храмови. Колку било силно тоа религиозно чуство кај нив, може да се види од односот на капетанот Влахава, кој во својата 76 годишна возра-

ст, заедно со својот секретар со пушката на рамото отишол пешки до Ерусалим, на Христовиот гроб, каде и завршил неговиот живот“.

Се кажа: кај Власите „може да се види од односот на капетанот Влахава“.

Во „Влахава“ (=влаха ва) завршницата ва тн.словенска- Власите тн.Словени.

„Биле простодушни и груби, но сепак великодушни и достоинствени луѓе во својата средина. Нивната исхрана била разновидна, но сепак омилени им биле печените јагнења и овнови. Гозбите ги потполнувале со песни и игри. Се идентификувале со хероите на Хомер. Што од тоа има ‘по живописно и по поетично’ “,

Па „Нивната исхрана...сепак омилени им биле печените јагнења и овнови“.

Исхраната со „печените јагнења и овнови“ била на овчареи- Власи=Овчари.

„ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВИТЕШКИ ИГРИ.- Востниците, како и араматолозите организирале разни витешки игри интересни за даденото време. Обично игрите се изведувале со трчање и скокање. Витезот Нико Чиора скокал преку седум коњи поставени еден до друг. Други, пак, скокале преку три коли наполнети со слама во вистина од 6- 7 м. Постоеле арматолози кои оделе толку брзо што нивниот од можел да се спореди со коњска трка во галоп. Арматолозите организирале напревари во гаѓање со пушка, особено ноќно време под светлоста на запалените огнови. Тие игри се викаа ‘оган на оган’ (влашки: FOC PI FOC).

Армните (Власите)- арматолози биле прочуени во одмерување на силата во поднесување на глад, жед и замор. Беа во состојба да војуваат, непрекинато, три дена и три ноќи и на четвртиот ден да ја прославуваат победата. Ги поднесуваа, исто така, маките и страдањата со нескриена резигнација. Трпеа без да пуштат солзи од своите очи, без да искажат болка на своите страдања. Најпријатна смрт за араматолизите била таа- која завршувала на бојното поле“.

Власите биле премногу штедачи: тие не јаделе и не пиеле, дури и без солзи...

Бидејќи Власите биле најборбени..., никој ним не им создал влашка држава.

„АРМАТОЛОЗИТЕ ВО ПЕСНИТЕ.- Песните на араматолошките капетани, како и тие на армнските (влашките) востаници, претставуваат, речиси, единствен извор за информирање во врска со животот и работата на овие православни јунаци. Со својата литературна убавина овие песни можат да се споредат со српските ајдучки песни, или со шпанските романси, односно шпанските јуначки песни. Во основа, тоа е херојска епика, базирана врз патриотски чуства. Карактерните одлики на јазикот, воинственоста, дијалозите, потоа апострофите кои се упатени на планините, на реките, како и на некои други елементи од народниот живот, во основа, ја сочинуваат убавината на таа поезија.

Грците, армнските (влашките) востаници во почетокот ги нарекувале бандити. Покасно тоа мислење било изменето. Армнските (Влашките) востаници и арматолози биле опеани како нивни национални херои. Тоа била причина што многу ајдучки песни се сочувани во грчкиот јазик. Од нивниот природен стил, од концепцијата и нивниот дух, тие според нивниот карактер и бит, можат да припаѓаат само на ајдучките армнски (влашки) песни“.

Стои „многу ајдучки песни се сочувани во грчкиот јазик“- без влашки јазик.

„3. НАПАДИ НА АЛБАНСКИТЕ БАНДИ

АРМНИ (ВЛАСИ) И АЛБАНЦИ.- Меѓу Армн Македонците и Албанците, од секогаш постоеле најинтимни традиционални односи. Сличноста во обичаите, потоа во јазикот, се до точката во врска со нивното етничко потекло, најубаво ја по-

тврдува оваа констатација. Во нивниот живот не постоела никаква омраза и нетрпеливост на еден етнос со друг, како што постоело отсекогаш меѓу Грците и Армните (Власите)“. (За Густав Вајганд, Албанците и Власите биле „Браќа“- Епирци , Р.И.)

Власите и Шкиптарите биле под Охридската црква. Бидејќи таа во 1767 година ја укинал султанот, останала само Цариградската патријаршија. И затоа сите православни од Македонија (Македонците), Власите и Шкиптарите биле само Грци -Битола бил центар на Румелија. Па црквите во Македонија, Тесалија и Епир биле само под црквата Св. Димитрија-Битола.Се потврдува, имало само црковни народи.

„Меѓутоа, одкога добар дел на Албанци преминале во ислам, религиозниот фанатизам присутен кај исламизираните Албанци, произведе одредени промеливи односи меѓу Амните (Власите) и Шкипетарите од Албанија. Пред се, арминските (влашките) центри долж границата на одделни провинции, познати со името Москополе и Грамоса, имале страшни загуби, токму од страна на разбојничките банди на албанските муслимани.

МОСКОПОЛЕ.- Најголем армнски (влашки) центар во Турција, кој домиминирал со својата моќ и величина, скоро еден век и половина, бил Москополе. Градот Москополе бил расположен близу Корча, на десниот брег на реката Девол.

По окупацијата на Цариград од страна на Турците во 1453 година, еден голем број на Геновјани пребегнале од Цариград во Москополе и неговата околина. Со тоа тој град го претвориле во жариште на културата и цивилизацијата за цела Грција и Турција.

Москополе добило од Турците бројни привилегии признати од царски фермани. Имало 12.000 куќи, изградени од камен со 60.000 жители- сите Армни (Власи). Градот бил резиденција на архиепископи, а имал многу цркви. Постоела градска самоуправа. За заштита на градот делувала народната милиција. Во близината на Москополе постоеле повеќе армнски (влашки) центри, меѓу кои: Биткуќи, Шиписка со по 30.000 Армни (Власи). Тие населби заедно со Москополе нестанале под притисок на албанските разбојнички банди.

РУСКО- ТУРСКАТА ВОЈНА- 1769 ГОДИНА И ПОСЛЕДИЦИТЕ.- Војната меѓу Русите и Турците во 1769 година, која завршила со Кучук- Канарџискиот мир 1774), имала за последица разрабранување на муслиманското население. Тоа условило и појава на мошне неповолни односи кај христијанското население. Во тоа време од страна на албанските разбојнички банди под удар се нашле богатите армнски (влашки) центри. Русија ги испратила своите емисари на чело со Орлов, фаворитот на Екатерина II, за да ги побунат Грците од Мореа (Пелопонез) да се дигнат на востание против Турците. Тие испратиле и мала флота која влегла во Наварското пристаниште.

До тогаш Грците од Мореја биле толку понизни пред Турската власт, што ја условило и нивната неповолна положба, заради што и германскиот цар Фридрих II му зборувал на Волтер: ‘Грците се толку опаднати, што не заслужуваат да бидат слободни’ (Les Grecs sont si avilis qu’ils ne méritent pas d’âtre libres).

Сигналот на востанието го дадоа силните Мајонити од планината Тајгет; На таа вест албанските разбојници се упатиле како река во Грција. Биле над 150.000 башибозуци, што условило мошне тешка и неповолна ситуација за тоа население. Армни, Албанци, Грци и Турци се убиваат едни со други. Целата Мореја била претворена во пуста земја. Патра и Наварин биле опљачкани и опустошени. Бројни

други развиени центри на тој простор биле разрушени, полињата биле изгорени, реките станале црвени од крв.Кој не бил убиен од сабја,умрел од глад, или од чума.

Против Турците решил да војува сам витезот- Андруцу- Армн (Влав) од Ливадија. Андруцу бил мажествен, висок, убав, бил вистински јунак. Тој сакал да оди во Русија за да побара помош за борба против Турците. Во Котор бил предаден од Венецијанците на Турците и како противник на Турците бил погубен. За неговите јунаштва се испеани број и песни. (Ливадија според ливада-само тн.словенско,Р.И.)

Албанскиот башибозук за целото време на неговиот престој во Грција ги зголемувал даноците, задржувајќи ги за себе, без да внесува во државната каса ниту една пара. Тогаш беа искасапени над 50.000 Грци. Во 1776 година, Капудан- Паша отишол со бројна војска на Пелопонез, каде заради односот на албанските банди кон Турската власт, кај Триполица се судрил со башибозукот. Притоа, во Цариград ги испратил главите на 120 водачи на тие разбојнички банди, од главите на 4000 башибозуци била изградена пирамида на градската порта.

РАЗОРУВАЊЕТО НА МОСКОПОЛЕ.- Создадените односи во Турското царство, причините со слабеењето на централната турска власт, условиле појава на разни арамиско-качански банди, кои внесувале општа несигурност во земјата. Бројни албански банди профитирајќи од безредијата во Грција и од општата анархија во целото Турско царство, ги нападнале богатите армнски (влашки) центри во Западна Македонија кои тогаш доживуваа силен економски развој, пред се, со развојот на индустријата и трговијата и воопшто цивилизацијата. Напаѓајќи ги тие богати армнски (влашки) населби, албанските банди и турскиот башибозук се оддавале на пљачкање и тероризирање на арманското (влашкото) население.

Меѓу другите населби, предмет на напади бил и најголемиот армански (влашки) центар во Западна Македонија- Москополе. Башибозукот составен од Албанци и Турци , раководен од Али- Паша, го напаѓал градот повеќе пати. Меѓутоа, храбрите Москополски чети ги дочекаа тие напади смело, одбивајќи ги нив. Нив ги помогнале и Армните (Власите) од другите блиски до Москополе, армнски (влашки) населби. Крвавите битки меѓу бранителите на Москополе и албанските банди и турски башибозук траела една година. Тие го напаѓаа градот со нови сили, искалувајќи го безот врз невиното население. Конечно во 1789 година градот бил освоен и потполно разурнат. Затоа населението било приморано да мигрира. Едните мигрирале во правец во Битола и околните села, но најмногу се преселиле во Австроунгарија. Во тоа време биле разорени и останатите армнски (влашки) населби на тој простор, како- Биткуќи, Бирина, Никулица, Грамоста, Линотопа, Вартени и други. Во тоа време, армските (влашките) населби во Централна Македонија, како Маловишта, Гопеши, Крушево, Невеска, Клисура од рамничарските места, каде дотогаш биле расположени,заради заштита од нападите на албанските банди и турскиот башибозук се повлекле на планинските предели.

4. АЛИ- ПАША ЈАНИНСКИ

АРМНСКИТЕ (ВЛАШКИТЕ) АРМАТОЛОЗИ И АЛБАНЦИТЕ.- Додека во Македонија Армните (Власите) трепереа од албанските банди и турскиот башибозук, во Тесалија и Епир армските (влашките) арматолози ја бранеа со оруже в рака државата и нејзините права. Тие станаа толку моќни што им внесле страв на Албанците, дури и на Турците. Еден од постарите капетани на Олимп- Зидру со својот хероизам ги понудил да се тресат од страв турските паши, аги и бегови, а и сите ба-

нди и башибозуци. Затоа, Турците презеле мерки за да ја скршат нивната смелост и моќ.

Од 1740- 1784 година Високата порта во Стамбул им даде на Јанинските паши четири шефови- водачи, сите Албанци, познати противници на Армните (Власите) и смртни гонители на арматолозите. Прочуениот Али, наречен во 1784 година -Јанински паша, со титула- Rumeli Valesi, им има нанесено најголемо зло од сите паши на Армните (Власите). Доспеал до толкава моќ, што лично кореспондирал со Напалеон I преку својот конзул од Јанина- Пуквил. Со неговиот живот се врзува и животот на Армните (Власите) од Епир и Тесалија во време од цели 36 години.

КАРАКТЕРОТ НА АЛИ-ПАШИНОТО ВРЕМЕ.- Али- паша Јанински со својата брутралност, перетлукот и корумпираност ќе остане незаборавен во историјата на сите балкански народи. Тој, ноќе се преоблекувал во алишта на бакалин, или на ѕидар и се движел во градот. Непристојно се однесувал само да дознае нешто што го интересира него лично. Дење, пак, се облекувал во женска облека, ставал врз неговиот образ вел и одел в црква. Бидејќи бил откриен, жените три години не стапнале в црква. Во неговиот харем имало жени од сите народности. На последната своја миленичка- Василики и дозволил слободно да ја обавува својата христијанска вера.

На востаниците од Босиград, кои не можел да ги покори со оружје, со измама им ветувал преку специјални трговци дека ќе им даде скапоцени поклони во знак на восхит кон нив за нивната храброст, само доброволно да се предадат. Кога се предале сите биле намачкани со смола и живи изгорени, а пак, некои од нив толку многу измачени со клешти им ги корнел ноктите така да во страотни маки го завршувале животот.

АЛИ- ПАША И АРМАТОЛОЗИТЕ.- Пред да биде назначен за паша на Јанина, Али ја освои патната станица од Дервенџи-баш во 1783 година. Од востаниците барал сите да се предадат. При тоа, тој им ветувал дека ќе им прости и за нивните престапи. Сите биле поробени, освен Стерју и Леаску.

Откако станал паша, Али побарал да се скрши моќта на албанските разбојници и нивниот башибозук. Тоа од причина што албанските банди во своите дејствија успеале да ги заземат градовите Корча, Битола, а при тоа да не признаваат никаква власт што ја воспоставиле во заземените градови, тој се обраќа до арманските (влашки) арматолози за помош. Многу ја ценел славата и јунаштвото на арманските (влашките) арматолози. Така, при заземањето на градот Корча од страна на Али-пашината војска, се истакнале арманските (влашките) јунаци- Влахава, Буковала и Кристаќи од Превеза. Охрид, пак, бил заземен на јуриш. При заземањето на овој град, влашките капетани останувајќи на чело на своите чети, со јатаганите во раце, јуришале храбро и сурова борба го зазеле градот. Неочекуваното јунаштво на Блахава и Буковала предизвикало завист и љубомора во душата на тиранинот Али- паша.Затоа, после неговото враќање во Јанина, со намера да се ослободи од арматолозите, тој ги убива нивните водачи. (в=б: Влахава=Блахава, Р.И.)

РЕПУБЛИКАТА СУЛИ.- На крајот од XVII век, жителите на Гардики, град во Јужна Албанија, не можејќи да се одбранат од постојаните напади и разорувања на албанските башибозуци, пребегнале со своите стада во планината која викала Амуре. Оваа планина се наоѓа наспроти островот Крф. Со тек на времето на тоа место се собрал еден голем број на бегалци од сите околни страни. Главното сре-

диште на овој предел се вика Сули. Во 1792 година Сули станал центар на републиката Сули.

Во околината на Сули биле расположени 22 села. Четири села од нив се наоѓале на врвот на планината Тетрахорион, а пак други 7 села се наоѓале во подножјето на планината Хептахорион. На територијата на републиката Сули постоеле уште 11 села. Во нив живееле вкупно 7000 жители. Сите тие села припаѓале на републиката Сули. Интересно е да се каже дека населбите на тоа подрачје биле расположени една до друга на неколку километри. На определеното растојание од едно до друго место се наоѓала кула која ги штитела населбите од евентуалните напади.

Селата кои се наоѓале на врвот на планината Тетрахорион можеле да дадат 1000 борци, додека Хептахорион давал 500 борци. Во борбата против албанските разбојници и турскиот башибозук учествувале и жените од републиката Сули.

БИТКИТЕ СО АЛИ- ПАША.- Сулиотите во битките кои ги воделе против Али- паша се одликувале со особено големо јунаштво.Тоа условило истите битки да бидат забележани во учебниците по историја. До која мера се значајни овие битки кои се воделе меѓу Али-пашините сили и Сулиотите може да се посведочи податокот, според кој околу 15000 војска на Али-паша водела десегодишна битка и истата била разбиена од Сулиотите.

Не можејќи да ги победи Сулиотите со сила, Али- паша се обидел да ги пробие со измама. За да ја оствари таа своја замисла тој доставил апел до Сулиотите за да му испратат помош за да го освои Агрикастро, ветувајќи им голема награда. Чуствувајќи желба да добијат определена награда за помошта што тие ќе му ја испратат на Али- паша, позитивно одговарале на барањето. Сулиотите испратиле помош од 60 луѓе предводени од Чавела. Но, Али- паша и во овој случај се покажал безверник. Сите испратени луѓе како негова помош, тој ги усмртил, освен Чавела, кого го ставил во затвор.

Али- паша не помислувал да го ослободат Чавела додека Чавела не ги убеди своите земјаци за да ги доведат своите борци и истите бидат предадени на Али- пашината власт. За да биде ослободен Чавела го дал како заложник својот син. Враќајќи се во својата татковина, Чавала му јавил на тиранинот дека татковината е поскапа од синот и дека Сулиотите не знаат што е тоа покорност и понизност.

Три години Чавела со својата жена Моску војувал против Али- паша, нанесувајќи му секогаш страшни порази. Во 1803 година, под притисок на Високата порта, Али- паша бил принуден да склучи мир со Сулиотите. Мирот бил склучен преку еден формален акт со кој им беа опростени сите нивни дејствија, условно доколку војската се предаде на Турците.

Хероите- Сулиоти заморени од многу војување не можејќи да ја поднесат својата бедна положба која од ден во ден се влошувала, се покориле и така ја изгубиле својата скапа татковина.

Кога Али- паша на еден планински теснец нападнал еден број на собрани луѓе, жени и деца, тие согледувајќи ја својата безизлезна положба одбиле да се предадат. Тогаш, 60 жени со своите деца в рака, скокнале во бездна и така го завршиле животот.

НАРОДНОСТА НА СУЛИОТИТЕ.- Сули била независна република, расположена на местото каде наоѓаа засолниште сите бегалци и изчезнати лица, кои имале изгубено се, освен животот и честа. Тие станале моќни во време кога албанските

разбојнички банди и башибозукот започнале да ги разоруваат бројните армнски (влашки) населби. Тогаш, многу Армни (Власи) од Албанија се преселиле во Сули со што се зголемило старото население составено од Армни (Власи) и Албанци-христијани. Денес Сулиотите се грцизирани.

АЛИ- ПАША ПРОТИВ АРМНИТЕ (ВЛАСИТЕ).- Откако ги покорил и смирил Албанците, Али- паша ја насочил неговата акција кон уништување на армнските (влашките) капетани и нивните востаници од Тесалија и Епир. Со примена на разни методи и средства тој настојувал, со измама, ветувајќи им разноврсни работи, со дволичен износ, да ги ликвидира армнските (влашките) капетани и нивните востаници. Целта му била најпрво да ги обезглави востаниците. Желба му била да ги усмрти сите капетани.

Во 1805 година Али-паша ги свикал на состанок сите капетани и водачи во Карпенис (Етолија). На тој состанок сакал да им ја изрази желбата за смирување на односите. Тоа го чинел, наводно, заради обезбедување мир и спокојство во државата. На определениот ден и место на состанокот присутвувал и Јусуф Араб, генералот на Али- паша со бројни свои трупи. Од страна на араматолизите, пак, учествувале одбрани претставници. (Карпенис од карпен- само тн,словенско, Р.И.)

Со оглед на тоа што на тој состанок не била постигната согласност за поставените прашања, битката меѓу нив продолжила. На 12 април 1806 година, капетанот на арматолозите на кантонот Касиа- Блахава се покорил. Притоа, тој на дадениот збор од Али-паша се упатил кон Јанина. Меѓутоа, и покрај дадените ветувања и гаранција за неговата безбедност, Али-паша вероломно и sверски се однесол кон јунакот Блахава. Пред влезот во дворецот на Али-паша во Јанина тој бил врзан за еден столб. Притоа, бил изложен на невидени маки и страдања. Армнскиот (влашкиот) јунак- Блахава ја дочекал смртта со голема резигнација во неговата душа. Така завршил животот на големиот јунак- Блахава. Слична смрт имале и другите армнски (влашки) капетани.

КРАЈОТ НА АЛИ-ПАША ЈАНИНСКИ.- При крајот на своето владеење Али -паша толку се засилил што Високата порта започнала да стравува од неговиот однос кон турската царска власт. Од добро известените извори султанот претпоставува дека Али-паша заради прогласување на негова независност сакал да ги задржи силите со капетаните и нивните востаници во борба против турската царска власт. Чуствувајќи дека сеуште не е изгубена надежта за остварување на замислата, Али-паша испратил до сите капетани соопштение да бидат подготвени за востание- пролетта 1819 година. Сите задоволни одговориле на прокламираната слобода на христијаните. Меѓутоа, неговиот потфат завршил без успех.

Во 1820 година, Али-паша бил заробен од царската војска и убиен. Неговата глава била балсамирана, ставена во сребрена кутија и доставена на султанот во Цариград. Така заврши животот на најголемиот непријател на Армн (Власите) Али-паша.

5. ИСТОРИЈА НА АРМОТОЛОЗИТЕ

БИОГРАФИЈА НА АРМАТОЛОЗИТЕ.- Хроника со прецизни податоци за животот и дејноста, а пред се, борбата на капетаните од Тесалија и Епир, се уште не постои. Преданијата и народните песни опеани во нивна чест и слава, се два основни извори, врз кои се засниваат информациите за животот на тие храбри борци, кои сиот свој живот го посветиле за независноста на Елада во 1821 година.

Еден од најстарите капетани од планината Аграфа бил Кристу Милиони (1690), кој јуначки влегол во Арта и го заробил Ада со два сина. Буковала го победил Вели, дедото на Али-паша (1715). Јон Стала, зетот нас Буковала, бил исто така, значаен и прочуен капетан. Гифту, чија жена била од родот на Буковала, паднал во битката со војските на Јусуф Араб, наречен 'крвопиец'. Прочуени и значајни капетани биле и Плиаску и Диму. Исто така, и Зидру бил еден од најстарите капетани на планината Олимп. Неговата резиденција била во Аласона (Еласона = Ласун). Тој бил прочуен со својата мудрост и храброст. Од неговото име се плашеле подеднакво и Турците и Албанците. Контаѓиани бил капетан на Неопатра. Андруцу, бил прочуен капетан од Ливадија. Тој се истакнал во битката која се одиграла во 1770 година во Грција против Турците и албанскиот башибозлук. Фамилијата Шилодиму од Акарнанија има дадено најповеќе капетани. (Буковала=букова ла, Р.И.)

КОЧИАНДОНИ.- Водач на востаниците на Аспропотам бил јунакот Качиандони. Тој е најголемиот и најсилниот револуционер од почетокот на XIX век. Али-паша, кој го зазеде значајниот центар кај Дервенџи ага, бил најгрозниот непријател на армнските (влашките) капетани. Тој им наметн големи такси на стоката, што на одреден начим имало мошне неповолно влијание врз положбата на населението. Качиандони бил жртва на овие високи даноци. Не можејќи да ги поднесе тие неправди, тој ги продал сите свои овци и со парите купил оружје. Првите негови соборци и другари во борбата што ја започнал биле неговите четири браќа. Уште во почетокот на неговите дејствија бројот на борците се зголемил. Во борбите со Турците неговата бројна дружина им нанела пораз на војските на Али-паша. Наспроти тоа, Грците во борбите против Турците во тоа време поминале многу лошо.

Населението во Акарнанија било изложено на терор и пљачкање од страна на Али-ага кој сметал дека тоа население го помага Качиандони. Али-ага и неговите приврзаници му испратиле писмо на Качиандони од кого барале да се сретнат до Криавусис каде го чекаат. Во судирот Али-ага и Вели-ага биле победени од Кочиандони.

Кочиандони бил, според своето етничко потекло, Армн (Влав) ф'рширот. Неговото семејство преку лето одело по планините на Македонија, а преку зима се повлекувало со своите стада овци во Тесалија, во нејзините рамничарски предели. Од кога станал востанички водач во Епир и Тесалија одел на Јонските острови за да ги лекува задобиените рани. Во 1805 година, на островот Сант Маре, кој во даденото време се наоѓал во руски раце, се формирало едно тајно тело. Во неговиот состав зеле учество сите армнски (влашки) капетани на арматолозите, како и востаниците од Турција. За водач на таа востаничка дружина бил избран Качиандони, бидејќи иако тој бил низок по својот стас, се одликувал со необично големо јунаштво.

Качиандони во својата неуморна активност, организирал една група составена од одбрани арматолози, со цел да ја освои Превеза во која имало гарнизон од 6000 Турци. Меѓутоа, во тоа време тој се разболел од заушки. Заради тоа, одлежал неколку месеци во планината Аграфа. Бил предаден од страна на еден грчки калуѓер. Али-паша, испратил група од 60-тина **Геги** кои го нападнале. На подмолен начин, тој и неговиот брат Георги биле нападнати и во нерамна борба двајца браќа биле заробени и подложени на страотни маки. Тие јуначки ја поднеле тортурата, завршувајќи го својот живот како вистинските јунаци".

Имало Албанци и Шкипетари, а и Геги (Азијати)- 18 в. во Северна Албанија.

„НИКУ ЌИАРА.- Нику Ќиара бил еден од најголемите армнски (влашки) водачи од Тесалија. Тој храбро војувал против Турците и албанските разбојнички банди во почетокот на XIX век. Нику Ќиари е роден во Алсона. Негов татко и дедо биле прочуени јунаци и востаници. Негов учител бил калуѓерот Антим од манастирот Свети Треме. Од него тој ги научил почетните знаења и првата писменост. Младиот ученик бил толку интелигентен без некои посебни тешкотии ги превел Илијада и Одисеја на Хомер.

После смртта на татко му, Нику Ќиари се ставил на чело на една востаничка дружина, каде ја покажа својата храброст и јунаштво. Веќе во 1805 година, под неговото раководство се образувала една бројна чета од 300 војници и со неа тргнал за Србија за да им се придружи на востаничките движења од тие простори. На патот кон Србија, во Струмица се сретнал со 3.000 турска војска која го штитела мостот од Прави. Се развила тешка битка цели три дена без прекин, без одмор и храна. Четвртиот ден одлучил сами да го пробијат патот, принудувајќи ги Турците на повлекување. Кога стигнал на Родопи, Нику Ќиара наишол на месности и теснеци кои биле добро заштитени со големи сили. Затоа тој се повлекол назад. Потоа, станал водач на пирати. Во неговата активност тој одлучил да образува мала флота од заробените бродови. Со нив се дал на пустошење на бреговите на архипелагот на дадените месности. Умрел во својата 36 година. Бил мошне пријатен и убав.

ГРЧКОТО ВОСТАНИЕ- 1821 ГОДИНА.- Улогата на Армните (Власите) во Грчкото востание во 1821 година е мошне голема. Рига од Фера, претставуваше значајна историска фигура, кој даде огромен продонес во духовната подготовка на Грчкото востание. По потекло бил Армн (Влав) од Велестино (Тесалија). Задоен со идеите од големата Француска буржуарска револуција од 1789 година, се обратил од Букурешт, каде бил професор по грчки јазик, до армските (влашки) арматолози од Тесалија и Епир со песна ‘Дојдете Елински деца’, која остана ден- денешен марсељеза на грчкиот народ“.

Власите се бореле за хеленството со хеленскиот јазик коине (тн.грчки). Тие останале граѓани на Источното Римско (Ромејско) царство и Грци како припадници на Цариградската патријаршија- Охридската црква била укината во 1767 година.

„После смртта на Али- паша Јанински, армнските (влашките) капетани од Епир и Тесалија во 1820 година, преминале во Грција каде ја продолжиле борбата против Турците. Ајдутските дружини, како и арматолозите се трансформирале во одлична релуларна војска, која како во планинските теснеци на Тесалија, а и во полињата низ Грција повела вистинска војна против турската власт. Истакнувајќи се како големи стратези тие го одушевиле целиот тогашен свет. За нивната храброст и јунаштво биле испеани многу песни во Грција. Всушност, легендарните херои на Грчкото востание беа токму Армните (Власите). Во борбата за ослободување на Атина учествувале 2.000 арматолози под команда на армнските (влашките) команданти Диму и Милети. Тие со својата храброст и хероизам ги прескокнаа ѕидините на Атина и го истераа турскиот гарнизон од градот.(Милети=милет и: ...ет=ит, Р.И.)

Бројни јуначки дела извршил и капетанот Чионгу. Неговите подвизи биле истакнати од странските патеписци. Диак, пак, со 300 борци војувал во Ливада. После 14- дневни опсади Турците се предале. Со право забележува еден француски учен дека ‘Грчкото кралство се образувало со помош на непреценливата крв армнските (влашките) арматолози од Тесалија ’ “.

Турците биле заинтересирани само за патот Вардар- Морава- Дунав..., но никако за овчарските планински... Тесалија со Епир. И следеле слободни простори.

„ТУРЦИТЕ И ВЛАШКИТЕ ЦРКВИ.- По ослободувањето на Грција, во 1830 година, Турците се заплашиле, бидејќи големи маси на христијани сакаа да емигрираат во Грција. Заради тоа, султанот Махмед II презел низа мерки за подобрување на пложбата на поробените народи. Познато е дека по заземањето на Цариград па се до ослободувањето на Грција, им беше оневозможено на христијаните да градат цркви и манастири. Од 1830 г. односот на Високата порта кон христијаните и нивните сакрални објекти видно се изменил. Така, Решид- паша при градбата на црквата Свети Димитрија во Битола, дал доброволен прилог во износ од 80.000 пиастри. Затоа Армните (Власите) зборуваа: 'Ако Решид живее уште десет години, Турците ќе постат во посните денови, а пак христијаните ќе вечераат заедно од Турците во рамазанските денови', Доброволни прилози Турците дале и за изградбата на црквата Свети Никола во Крушево во 1835 година".

Црквите им припаѓале само на Цариградската патријаршија со своите Грци.

„Во 1837 година султанот Махмуд II пропатувал низ своите провинции. Во сите градови и села каде минувал се задржувал одредено време, за да се прочита царскиот ферман со кого се прокламирала рамноправноста при изразувањето на верските чуства. Според тој ферман од сите се барало да се прави разлика меѓу христијанини и муслимани.

На 16 февруари 1859 година, Турската власт издаде публикација под наслов: Хати Хумаиум (Возвишено писми), една врста на статут со кој се признавале старите права и привилиегии на христијаните".

Имало Муслимани и Православни (Цариградската) патрјаршија- без Власи.

ЖИВОТОТ НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ) ПОД ТУРЦИТЕ

„**1. СТОПАНСКИ ЖИВОТ**

ОВЧАРСТВОТО.- Најстара и најзначајна гранка на дејноста на Армн Македонците (Власите) од Македонија било овчарството. Богатите пасишта на македонските планини, како и сочните ливади и погодните природно-географски услови на Тесалија, овозможило да се развие оваа гранка на дејност сред Армн Македонците. Влашкото сирење служело како монета за размена. Армните (Власите) располагаа со толку многу стада и без овчари во толкав број, што за странците поимот Влав и овчар означувал еден ист субјект. Армните (Власите) исто така, се занимаваа и со коњарство. Коњите ги употребуваа за транспорт на стоката од едно место на друго. Влашките каравани од мазги и коњи биле проучени со својата сила и издржливост. Тие, како такви, го пропатувале целиот Балкански Полуостров, и тоа, од Јадранско до Црно Море и до Грција на југ, до Виена на север, и обратно. Транспортот на солта, потоа на оловото, јагленот, памукот во времето кога не бил воспоставен железниот сообраќај, бил речиси, исцелосно во рацете на Армните (Власите)- кирации. И после тоа, Армните (Власите) одеа до Лајпциг, и Берлин".

Па се кажа „за странците поимот Влав и овчар означувал еден ист субјект".

„Освен сточарство, на Армните (Власите) им биле познати и ги користеле производите од свилена буба, како и свилата, памукот и памучните производи, и пчеларството како нивна стопанска дејност. Армните (Власите) и Грците од Сер из-

везувале во Германија по 30.000 бали памук. Ни земјоделието не им било непознато. Армните (Власите) од Мегленската обласат, како и тие од Музакија, се занимавале од земјоделието. И Армните (Власите) кои живееле во планинските населби во Македонија крчеле шуми за добивање на плодородни ниви. Тоа, секако, претставува доказ дека тие подеднакво одгледувале пченица, и одгедувале стока, односно дека биле развиени сите стопански дејности“.

Па Власите најпрво биле само овчари-тек потоа се занимавале и со трговија.

„ИНДУСТРИЈА.- Во почетокот Амните (Власите) продавале волна и памук во странство. Од таму, пак, со преполовена цена купуваа роазлично обоени штофови. Нивното сфаќање на природната убавина, овозможило тие самите да ја преработуваат волната и памукот и да ги изработуваат многу бараните штофови. Посебно многу беа ценети и барани јапунџиите (еден вид шињел) во Италија и Шпанија. Морнарите на бродовите на Медитеранот ги облекуваа влашките гуни (шинели). Кројачката уметност, исто така, била значајна гранка на нивната дејност.

Уметноста како и златарскиот занает претставувале, всушност, монопол на Армн Македонците (Власите). Изработените предмети од злато, отсекогаш биле насекаде познати, посебно што истите со својата финоќа и убавина претставувале предмети од посебно значење. За нивниот вкус кон уметноста во изработка на златни и сребрени накит со право Армните (Власите) биле наречени Геновјани на турското царство. Тие знаеја, исто така, да го преработуваат и железото, изработувајќи пиштоли и пушки, според вкусот на Арматолозите“.

Геновјаните во Москополе се населиле во 1453 година- следи и наследство.

„Армн Македонците (Власите) биле познати по архитектурата. Во Цариград и во Белград тие го имаат монополот во градежнаста дејност. Самните Армн (Власи) се истакнуваа како најинтелигентни артхитекти во Турција и Грција. Како такви тие знаеја да изведуваат работи при градба на мостови со повеќе арки, згради со куполи и сводови слично.

Палатите на Али-паша Јанински ги изградиле мајсторите- sидари Армни (Власи) од Мецова. Поседуваат наклоност и кон сликарството, посебно кон зографирањето на икони. Во скулптурата на дрво беа ненадминати. Затоа биле насекаде барани, бидејќи биле вредни, интелигентни и секогаш корисни.

Заради нивната умешност во работата, индустријата и уметноста Армн Македонците (Власите) беа слични на ‘...еден рој на вредни пчели кои знаеја да прават мед во пукнатините на ќелиите.’

ТРГОВИЈА.- Сите странски патеписци кои доаѓале во допир со Армн Македонците, ги познаваа како народ со извонреден дух и претприемништво, со ретко квалитетни вредности, народ кој поседувал способност за трговија и индустрија. Одважните трговци и вешти индустријалци- Армн Македонци (Власите), секогаш настојувале да го претворат својот дом, имот и фамилија среќни и благопријатни, и секогаш богати.

Власите од Епир и Тесалија развивале посебна трговија со волна, овчја и козја кожа. Уште во времето на Луј XIV Франција имала едно складиште во Каларити за купување на козината (козино влакно) и сточни кожи.

Заради општата несигурност што владеела во земјата, се организирале панаѓури каде населението се снабдувало со потребните производи на една година. Таков бил панаѓурот во Прилеп. Таму се собирале по 100.000 луѓе. Таму, како и на

други места каде се одржувале панаѓури, Армните (Власите) ги изнесуваа своите производи. Со нивно посредништво се вршеа разни трансакции.

Панаѓурите од Аласона и Москолури биле посетувани од трговци од сите европски земји. Таму се купувал памук во вредност од 2.000.000 франци. Англија во 1706 година во Лариса свој вице- конзулат за да ги заштити своите англиски производи, француските и венецијанските трговци им плаќале регуларен данок на арматолозите за да ја заштитат својата трговија.

Трговијата на Армните (Власите) во текот на XVIII век и почетокот на XIX век, доживеала толкав развој што условило потреба во сите медитерански пристанишни места да оснивaат свои колонии. Многу од нив беа сопственици на бродови и развија трговија со Неапол,Ливорно,Ѓенова,Сардинија, Сицилија, Кадикс, Малта, Венеција, Анкона, Дубровник и други, конкурирајќи им на многу индустриски градови од Европа. Мецова со својата развиена трговија и индустрија, овозможило во овој град да живеат до 20.000 жители. Побогатите отворале свои финансиски куќи во Цариград, Москва, Виена. Во Унгарија, Саксонија и воопшто во цела Германија не постоел ниту еден трговски град, во кој немало армн македонски трговец. Посебно, Москополците ја развивале трговијата во најважните градови на Европа. Како и во одделните земји на Азија и Африка. Армн Македонците (Власите) заземаа високи функции не само во турската власт, но исто така, и во Влашко и Молдавија. Откако ќе се збогатеа во тие земји, тие повторно се враќаа во своите родни места.

Ја извезуваа својата стока во рамките на грчките павиљони а повеќе од нив и во француските павиљони. Во 1816 година бројот на бродовите кои транспортирале индустриска стока од Турција на запад бил- 600, тие биле заштитениод 17.000 вооружени морнари и 6.000 топови. Од средината на минатиот век (XIX) век армнската (влашката) трговија започнала да опаѓа бидејќи странците изградиле фабрики кои изработувале разновидни волнени штофови и свила и истите стоки се продавале за поефтини цени.

2. ЦРКВИ И УЧИЛИШТА

ВЕРСКОТО ЧУСТВО КАЈ АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ).- Сè до XVIII век црквите од Москополе, Костур, Шатишта, Гребена и Битола се наоѓаат под јурисдикција на Охридската архиепископија (митрополија). Во Охрид се наоѓало и црковното седиште на Јустинијана Прима, како и на цела Бугарија. Во Тесалија, пак, седиштето на митрополијата се наоѓаше во Лариса. Под нејзина јурисдикција се наоѓаа архиепископите од Скотуса, Гомфи, Трново и Трикала.

Армн Македонците (Власите), без некои посебни тешкотии, ги заземаа поважните црковни места од односните места. Така, архиерејот Диоклеа Крисанту од Домоко бил Армн (Влав) од Самарина. Роден бил во 1789 година. Протосингелот од Лариса, бил исто така, Армн (Влав). Бројни свештеници- Армни (Власи) поседуваа висока култура. Такви биле Данаил Кавалиоти, калуѓерот Прокопие, Калчеу, Грегорие од Москополе и други. Колку моќна била христијанската вера и чуство кон таа вера кај Армн Македонците најубаво ги потврдуваат изградените богати и убави цркви и манастири во армнските (влашките) населби низ Македонија, Епир, Тесалија. Само во Москополе имало над 70 цркви. Охридскиот патријарх Јоасаф се школувал на Академијата во Москополе. Москополските трговци и подариле на Охридскат архиепископија една величествена круна изработена во Венеција“.

Москополе било под Охридската црква- Власите биле одродени тн.Словени.

„За време на владеењето на Мурат II, кога Турците заради отпорот на Скендер-бег биле разјарени бидејќи се водела борба против исламот, многу христијани од Епир, под закана на сабјата,биле приморани да ја прифатат муслиманската верописповед. Бројот на оние кои ја прифтиле исламската вера бил според Кантемир, огромен.Голем број на цркви од Албанија и Македонија биле претворени во џамии. Се чини дека, меѓу тие кои се исламизирале биле и неколку стотини влашки семејства од Премети, Фрашари, Костртеци, Косина и други.

На крајот на XVIII век бројни крџалиски банди ги пљачкале христијанските села од Румелија и Тракија. Под притисок биле потурчени (исламизирани) најповеќе селата во областа на Родопите. Исто така, биле потурчени и Армните (Власите) од Нанта.

УЧИЛИШТА.- Со заземањето на Цариград од Турците, па сè до почетокот на XIX век, најобразован народ на Балканскиот Полуостров биле Армн Македонците. Жариштето на византиската класична култура од Цариград била преместена во Москополе. Академијата во Москополе била најреномираната школа на целиот Балкански Полуостров. Таму се негуваше грчкиот и латинскиот јазик и литература врз поширока основа. Во втората половина на XVIII век под влијание на хуманизмот и ренесансата од употреба е исфрлен ‘елинскиот алфабет’ и за пишување на армн македонски е прифатен латинскиот алфабет. Во Москополската печатница се печатеа голем број на филозофски, морални и високи научни дела, кои ќе останат како значајни сведоштва за културата и цивилизацијата од минатото на армн македонскиот народ. Во Москополе имало богата библиотека, диспозиција на публицирани изданија, што може да се види, според сочуваните книги, кои стоеле на определените полици и регистерски броеви“.

Најобразован народ може да биде само на своја школа. Па влашка и немало.

„Друг културен центар на класичната култура била Јанина. Таму имало една реномирана гимназија, која добила своја предност после разорнувањето на Москополе. Таа е отворена од средината на XVIII век, од Балано. Професорот Ламброс Фотиадис од Јанина, бил повикан во Букрешт во 1795 година од Александар Морузи. Псалида, следбеникот на Кант ја отпечатил на грчки и латински јазик Vera Fidelitas. Еден помал елино- латински центар на култура бил Костур“.

Никогаш ништо немало на влашки јазик. На тој јазик немало ниту школа.

„УЧЕНИ АРМН МАКЕДОНЦИ.- Армн Македонците со својата култура и наука станале познати во целиот свет во XVIII и почетокот на XIX век. Познати културни дејци и научници биле- Неофит Дука од Епир, Стеван Комита од Кофи (Тесалија), Грегори Палиура, Константин Хума (Лариса), Теодор Раку (Трикала), Деметру Гувдела (Олимп, Рапсани), Деметру Пуљо, Георге Шаќелару од Кожани, Деметру Дарвари, прочуен филозоф од Клисура (овој објавил десет тома, со филозофска и морална содрќжина).

Во Германија биле истакнати учителите Армн Македонци (Власи): Дионисие Мантука од Клисура, Јон Калчу, Константин Тарпу и други. Сите тие биле личности со широко познавање на елинскиот, латинскиот и италијанскиот јазик, на филозифија и теологија. Деметру Пампери и Константин Зупан биле лекари и филозофи. Учен бил и Колети. Тој докторирал медицински науки во Падова. Бил личен лекар и секретар на Али- паша Јанински. Исто така и Константин Кехани од Москополе бил личност со широко познавање, посебно од областа на математиката

и филозофијата. Тој објавил бројни научни книги од областа на филозофијата. Познат е по тоа што му пружил бројни информации на Тунман.

3. ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ

ПРИЧИНИ.- Значајната политичка улога која ја одиграла Армн Македонците (Власите) од Тесалија, Епир и Македонија, може да се објасни со фактот што истите претставувале национален елемент кој се одликувал со својата надмоќност во земјите каде престојувал. Дадените состојби и односи го потврдуваат соопштението на истакнатите историографи. Од друга страна, правата и привилегиите кои ги уживаа Армн Македонците (Власите) под турска власт, имајќи поволна политичка ситуација, за разлика од другите христијани, било богатството со кое тие располагаа. Од прчина што Армн Македонците (Власите) ја имаа во свои раце трговијата и индустријата, а посебно стекнатите основи на култура и наука како елементи на создадената цивилизација непосредно од самите Армн Македонци (Власи). Тоа најубаво зборува дека уделот на Армн Македонците (Власите) во општата историја на народите на Балканскиот Полуостров е огромен.

Основната причина која, на одреден начин, ја намали оселивоста на армн македонскиот елемент од Турција кон својата национална индивидуалност, било нивното емигрирање во странските земји. Жителите од Москополе, Николица, Грабова, Шиписка, Бирина, Грамоста, Фуша, Вартено и тн. претставуваа еден народ од околу 400.000 души од кои 200.000 емигрираа, во Грција, Италија, Романија, Србија, Бугарија, а најповеќе во земјите на Австро-Унгарија. Многу Армн Македонци (Власи) од Тесалија, заради притисоци што ги вршеле Турците врз нив, емигрираа на грчките острови, на Крф, Занте, Св. Мауре, Евбеја. Сè до денешните дни се наоѓаат Армн Македонци (Власи) на северните брегови на островот Евбеја (Голема Влахија), како и на јужниот дел од планината Делфи.

Основна причина која и зададе удар на моќта на Армн Македонците (Власите) била денационализација која ги зафатила во големи размери. Оваа денационализација настанала заради околноста на сè поголемото влијание, пред сè, на странската култура, што било условено од нивните постојани контакти со словенскиот и грчкиот народ. Активноста на планот на нивното погрчување се одвивало преку три основни фактори, и тоа преку училиштата, преку црквата и званичната власт“.

Елада била Пелазгија, каде се говорел варварски=пелазгиски- тн.словенски.

Грцизирање било можно само преку македонскиот Птоломејов јазик коине.

„ГРЦИЗИРАЊЕ ПРЕКУ УЧИЛИШТЕТО.- Во Москополе, метрополата на Армн Македонците (Власите) од Македонија, елинската култура цутеше во мошне широки димензии. Се наоѓаше основа за развој преку јавната работа, пред сè, во трговијата, низ обичниот разговор и слично. Така, грчки се зборувало не заради општата потреба, туку заради корисната доктрина на училиштето. Армн Македонскиот (влашкиот) говор можел да се слушне во кругот на семејството, како и при определени интимни прилики. Во Академијата и типографијата од Москополе се учеше, односно се печателе најповеќе литературни и научни изданија на грчки, а сосем малку на латински јазик“.

Се говори само за коине и латински јазик, а влашкиот се говорел само дома.

„Сите учени Армн Македонци (Власи) од Македонија,кои заради своите филозофски и научни дела стекнале европска слава, своите дела ги пишувале и објавувале на грчки јазик. Каква корист би имал фолозофот Димитрие Дарвари, се вели

во еден армнски (влашки) календар од 1821 година, ако издаде една книга на армн македонски.

Жариштето на византиската култура во Москополе овозможила основа на погрчување на сите Москополци а можеби и на сите Армн Македонци (Власи) кои биле присутни во околината, ако тие населби не беа опљачкани и разурнати од албанскиот башибозуци. Во градовите Костур, Шатишта, Јанина, каде грчката култура се развивала непрекинато, без да биде спречена од некого, армнскиот (влашкиот) елемент бил изложен на силни влијанија заради што тој западнал во очај и резигнација.

КАЛУЃЕРОТ КОЗМА.- Покрај културното влијание на елинската култура што се остварувала преку училиштата, грчкото свештенско започнало да ја шири панелинската пропаганда за погрчување на Армн Македонците (Власите), Албанците и Словените. Најголем пропагатор за погрчување на негрчкиот елемент бил калуѓерот Козма (1777). Заради неговата неуморна работа на тој план, Грците го вброиле во редот на маченици и светци. Патувајќи од село до село, тој ги поттикувал Армн Македонците (Власите) да го остават својот варварски јазик, својата национална носија, своите обичаи, бидејќи на Господ- Бог му се допаѓал само грчкиот јазик и грчки народ.Неговата пропаганда била подржана од Али- паша Јанински, кој се претставувал како протектор на грчката култура и цивилизација“.

Стои „својот варварски јазик“. Тој бил јазик кој го говорел народот- „грчкиот јазик и грчки народ“ бил коине на Цариградската патријаршија со своите Грци.

„Патувајќи низ Албанија за да ја шири пропагандата за денационализација на негрчкиот елемент на тие простори, Козма бил осомничен од Курт-паша дека е агент на неговиот противник Али- паша, и како таков бил фатен и обесен.

Бидејќи активноста на Козма дала еден реален и долготраен ефект во неговата дејност, свештеникот Данаил отпечатил во Венеција, во 1802 година, еден речник на четири јазици, и тоа: армнски (влашки), грчки, бугарски (читај македонски) и албански јазик, каде се среќава учењето на грчкиот јазик.

До која мера оваа публикација (четиријазичниот речник) имал свое влијание во даденото време, може да се види и од следната песна која во тоа време се пеела:

‘...Албанци, Власи, Бугари, радувајте се
И спремајте се и станете сите Грци,
Оставете го вашиот варварски јазик-
Бидејќи на вашите внуци ќе им изгледа необичен и тн.“[31]

Произлегува, се говори само за Власи, никако Армни и Армн Македонци.

„ПОГРЧУВАЊЕ НА ВЛАСИТЕ ОД ЗАГОРА.- Грчката култура и грчката пропаганда во текот на XVIII и почетокот на XIX век била силна особено во околината на Јанина, така што цели армнски (влашки) племиња под тоа влијание биле денационализирани. Такви биле Каракунците, Копачкарите, како и Армните (Власите) од областа Загора. Таму биле скоро 40 чисто армнски (влашки) села. Носијата и обичаите на тоа население останале сè до ден денес армнски (влашки). Во јазикот на Армните (Власите) од Загора се сочувани многу зборови, кои според своето потекло се армн македонски. Тие зборови се непознати за Грците од Елада. Такви зборови се: αγκουσα = angusâ (болка, бол); άριτσιους = ariciu (еж); άστράχα = astriahâ (влез); βόχα = voahâ (тежок мирис); γκοϋβα = guvâ (дупка); γκουσα = gushe (врат);

[31] Во Извори и литература, под број 57, стои: „Danail, Четиријазични речник“.

δόμνα = doamnâ (госпоѓа); κάσσιαρα = cashera (куќичка); κατσουλα = câciula (капа); κοπή = cupii (стадо); κουρι = curie (корија); κριπιτουρα = cripâturâ (пукнатина); λάβα = lavâ (бука, вика); λαίους =laiu (црн); μαναρι =mâner (дршка, рачка); μοϋργοζ = murgu (мрак, црн); μουτους = mut (нем); μπαλιος = bajlos-baljos (бањошлија коњ); μπάλτα = baltâ (низиско езеро); μπισμπιλο = bisbilie (каменест); μπουμπουιζω = bundunidzare (грмотевица); υοϋννος = nun (кум); οϋρδα = urdâ (урда); οϋρσα = ursâ (мечка); σάρκα=saricâ(јапунџија-огртач);σιόποτο=shopot (чешма) и тн.“(Чешма шопоти, Р.И.)

Зборовите од јазикот се наметнуваат- Власите се со сите брсјачки гласови...

„Развојниот процес на активноста за денационализацијата на Армн Македонците (Власите) и на останатите негрчки елементи во Епир, условило грчкиот јазик кој овде се зборува цел еден век, од овдешното негрчко население, толку да се измени под влијание на автохтониот армнски јазик, така што сега се смета како еден дијалект на грчкиот јазик. Еден жител на Јанина не бил во состојба да се разбере со еден Грк од Тракија или од Кипар. Колку бил специфичен овој говор, таканаречен дијалект од Епир и Тесалија, што до половината на XIX век, за странските патници кои патувале низ тие простори се создавала престава дека постои сличност со италијанскиот јазик. Исто така, грцизирани се и Армн Македонците (Власите) кои емигрираа во странски земји. Многу од нив во тие земји се претставуваа како Грци. Масовно се погрчувани Армн Македонците (Власите) од Солун, Нигрита, Сер и некои други населби. Наместо Малакашите од Амфилокија и Акелоида денес таму живеат, пред сè Грци (грцизирани Малакаши).

ПОГРЧУВАЊЕ ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ВЛАСТА.- Грчкиот јазик бил употребуван од страна на турската официјална власт, како втор службен јазик по сите прашања и работи кои се одвивале меѓу државата и христијаните, дури и врз одредени политички односи со странските држави. Султан Мехмед II примил писмо од венецијанскиот дужд во 1457 година пишувано на грчки јазик. Али- паша Јанински зборувал и пишувал на грчки исто како на свој мајчин јазик. Наредбите и писмата упатени до арматолозите биле редактирани на грчки јазик.

Со непосредните контакти на Арм Македонците (Власите) од Тесалија и Епир со Грците се забрзал процесот на денационализација на значајни делови на армнскиот (влашкиот) етнос кој престојувал на јужниот дел на Балканскиот Полуостров, посебно во Епир и Тесалија.

СЛОВЕНИЗИРАЊЕ НА ВЛАСИТЕ.-Во Македонија, каде армн македонскиот (влашкиот) елемент се наоѓал во непосреден контакт со словенската маса, истиот бил словенизиран. Во Велес, Скопје, Призрен и Прилеп некогаш се наоѓаше развиена армнски (влашки) колонии. Денес тие во потполност се раселиле. Денешните Бугари во Македонија (читај Македонци), пишува П. Шафарик, не се ништо освен мешавина на Словени, Армн Македонци (Власи) и Татари.[32] Дадената поставка се базира врз одредени взаемни влијанија кои се манифестирале во македонско- влашките и бугарски односи. Во Елбасан, Тирана, Кавала, Берат и многу други делови, голем број на Армн Македонци (Власи) биле албанизирани“.

Според Дионисиј (1 век н.е.), Римјаните говореле варварски и пелазгиски јазик.Па тој бил само тн.словенски. Латинскиот не бил народен и затоа мртов јазик.

„И покрај оваа денационализација, сепак, армн македонскиот (влашкиот) елемент во Турција денес повторно формира еден моќен и силен етнографски фа-

[32] Бидејќи во Прилеп имало многу малку Власи, а ниеден Татарин, Шафариковото било за Бугарија.

ктор кој се наоѓа на чело на секаков општествено- економски и кутурен живот во развојните текови на земјата.

4. ПРВИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ НА НАЦИОНАЛНАТА КУЛТУРА

УПОТРЕБА НА ГРЧКИ БУКВИ.- И покрај постоењето на активна пропаганда на планот на ширењето на панхеленизмот, сепак, армн македонскиот (влашкиот) говор не престанал да се слуша во црквите и училиштата. Учените свештеници и калуѓери од Москополе и околните армнски (влашки) населби пееја определени мотиви на народен армн македонски (влашки) јазик, држеа проповеди на армнски (влашки) јазик во црквите, кои се сочувани до денес. Заради пишувањето на односниот дијалект се користеле грчки букви, а пак, за посебните армн македонски (влашки) се употребувале одредени знаци, односно групи од две или повеќе букви“

Се кажа: „на планот на ширењето на панхеленизмот, сепак, армн македонскиот (влашкиот) говор не престанал да се слуша во црквите и училиштата“.

Во црквите и училиштата службен бил само романскиот. Во Битола гробиштата, црквата и школата биле само романски-денес во црквата се пее на романски.

„Така, гласот, односно буквата â, â=a; ts = tζ; ζ = σσ; (италијански: gl)lj=λλ; gh = γκ; ge = ντζ; d = ντ; b = μπ; (италијански gn)nj = νν; и тн. Пример: γκαλλινα = galjina (кокошка); μανα = mânâ (рака); άλαβντου = alavdu (фалам); ννιάρι = njeare (мед); ννιέλου = njel (јагне); ντζινιρε =dzinire (зет); ντζόνε = gione (јунак), во преносна смисла младоженец; μμπετάρε = mbitare (пијанчење)“.

Стои „μμπετάρε = mbitare (пијанчење)“. Ова не се совпаѓа со македонскотопианиш=пианис=дианис=дионис- богот Дионис. Следи Власи- без Арм Македонци. А и „ννιάρι = njeare (мед)“. Ова и=j. Токму ова j било дело на Вук Караџиќ- 19 век.

„Таков начин на пишување се среќава во повеќе ракописи и армн македонски книги, кои се сочувани кај Армн Македонците (Власите). Истовремено тие се употребуваат и денес кај армн македонскиот (влашкиот) народ. Народот, сам по себе, јасно ја потврдува поставката за постоење на армн македонска народна книжевност. Дел од тоа национално богатство останало закопано во урнатините при разорувањето на Москополе,а пак дел од тоа богатство било уништено од страна на грчките калуѓери, кои поседуваат моќ да ги уништат сите ракописи и документи за животот и делата на Армн Македонците (Власите) на Балканскиот Полуостров.

ТЕОДОР КАВАЛИОТИ.- Една од првите личности кои ја запознале Европа со армн македонскиот (влашкиот) народ во Македонија бил првосвештеникот Теодор Кавалиоти од Москополе. Зборувал повеќе јазици. Тој ја познавал филозофијата и математиката. Напишал многу научни филозофски книги. Добар дел од нив не се публикувани. Зборувал грчки, албански, италијански и др. јазици“.

Презимето Кавалиоти останало италијанско-тоа се задржало од 1453 година.

„Негово најзначајно дело,кое е сочувано,е делото Πρωτοπειρία(Протопириа). Тоа вредно дело создржи 1.070 зборови на грчки, армн македонски (влашки) и албански јазик. На крајот објавил и латински абецедар. Овој речник долго време се сметал за најценетиот споменик на армн македонскиот јазик. Со своја содржина истиот поседувал значајна вредност и е препечатен од повеќе странски научници“.

Во дневната метода на ASSIMIL,Англиски без мака- на германски јазик, Париз, во лекција 103, се наведува: „1. Според еден англиски часопис илјада зборови се доволни за потребите на обичен разговор во селски предели. 2. додека на читачот на весници и добри книги му е потребен речник од отприлика 3000 зборови…“.

Професорот Андре Мазон, познат француски научник- лингвист, во 1936 година во Париз ја издаде книгата ‘Документи, приказни и песни словенски од јужна Албанија’. (Documents, contes et chansons slave de l’Abanie du sud’). Тој собрал „повеќе од 3000 зборови од тие краеви и со француски објаснувања“. Со наводот се потврдува влашкиот јазик бил нов,а не народен како на неодродените Бриги=Брсјаци.

„МИХАИЛ Г. БОЈАЏИ.- Вистинско културно движење, со национална тенденција било изведено од страна на Армн Македонците (Власите) кои се преселиле во Унгарија и Австрија. Во тие земји ја претставиле и илустрирале класичната наука и цивилизација од Москополе. Во контактите со големите патриоти од Трансилванија, како- Шинкаи, Петру Мајор, Клаин, учените москополци кои биле задоени со армнската национална идеја публикувале одредени написи преку кои манифестирале една моќна национална свест.

Меѓу големите учени Армн Македонци (Власи) бил и Михаил Г. Бојаџи. Тој бил професор на грчката школа во Виена. Познавал десет јазици. Ја напишал првата стручна граматика на армн македонски (влашкиот) јазик ГРАМАТИКА МАКЕДО- РОМАНА, печатена во Виена во 1813 година на грчки и германски јазик. Овој потфат и ова вредно дело, Болинтеану го означува како ‘...еден достоен монументален споменик на Аурелианските Романи...’.

Во предговорот на својата книга Бојаџи ги поттикнува Армн Македонците да си го познаваат и негуваат својот мајчин јазик како долг кој треба да го посадува секој поединец на еден народ, па и варварин да е кога станува збор за неговиот јазик. На крајот на ‘Граматика’, објавил 40 поговорки како и басната ‘Волкот влакното го менува, но наравот- мислењето- не’ LUPLU MUTÂ PERLU, MA NU MINTEA), или, ‘облеката не го прави човекот’ STRANJA NU-L FATSE OMLU и тн.

Првата стручна ‘Граматика’ на Армн Македонците имале своја слава и чест, иако била проколната и анатамисана од грчкиот патријарх во Цариград. Тој испратил циркуларно писмо во името на патријаршијата до сите епископи на грчката црква на Балканскиот Полустров со кое ги анатемисува сите оние кои ќе ја купат и читаат граматиката на Михаил Бојаџи. Во 1819 година ја публикува познатата педагошка вредна книга на Ј.А. Комески ‘Шарениот свет’ (ORBIS PICTUS) Ова значајно педагошко дело било преведено на десет јазици, и тоа: на латински, романски, армн македонски, класичниот грчки, модерниот грчки јазик, руски, српски, унгарски и германски јазик. Отпечатил повеќе книги на српски јазик. Со своето широко познавање Михаил Бојаџи израснал во вистински научник.

ГЕОРГЕ РОСА.- Оваа извонредна личност бил доктор на Универзитетската болница во Будимпешта. Тој ја напишал првата ‘Историја на Армн Македонците’ на грчки јазик, под наслов: ‘Истражување за Власите или на таканаречените Влахи кои се населиле на таа страна на Дунав’.

Георге Роса повеќе пати го наведува Тунман, истакнувајќи ја притоа во кратки црти и политичката улога што ја одиграле Власите од Тракија и од планината Хем. Секогаш, чуствувајќи носталгија за да ги види своите земјаци, потполно еманципирани од грчкото влијание, објавил книги за уметноста во читањето на армн македонски (влашки) јазик со латински букви, под наслов: ‘Вештината на читањето на влашки со латински букви’, во кое според изнесеното мислење дава објаснение како да се пишуваат и читаат сопецифичните гласови во армнскиот (влашкиот) јазик при користење на латинската абецеда, како: -â, ă.

Во 1819 година отпечатил еден учебник под историја, под наслов: ‘Кратка историја на армнскиот(влашкиот) народ во Дакија и Македонија од Георги Монтан’, напишана на германски јазик. На крајот на учебникот на корицата фигурираа имињата на овие претплатници кои дале свои прилози за печатење на книгата. Бројот на претплатници изнесува, скоро, 70. Најповеќе претплатмници биле Армн Македонците кои биле населени во Будимпешта. Меѓу претплатниците се наоѓаат и следните имиња: Роса, Мушику, Козакович, Мочиу, Грабоцски и други.

АРМНСКОТО ЖЕНСКО ДРУШТВО ВО ПЕШТА.- Во 1811 година австрискиот цар издал одобрение за отворање на три учителски училишта за учители во Будимпешта, и тоа: едно за потребите на Власите од Арад, другата- за Власите од Србија, а пак, третата за потребите на армн македонската (влашката) колонија од Будимпешта. Во 1815 година жените Армн Македонки (Влаинки) од главниот град на Унгарија оформиле свои друштва за зајакнување на фондот потребен за издршка на училиштата. Во тоа друштво беа зачленети вкупно- 33 членови. Во 1819 година, одборот на тоа друштво отпечатил на германски јазик известие. По повод на новата година, тоа известие го упатиле до ‘...сите господи и госпоѓи, граѓани и граѓанки од армн македонската (влашката) народност од Пешта’ за да се види напорот од армн кои го вложуваат армн македонските колонисти во Унгарија, за да се негува и осветли минатото, да се запознае армн македонскиот (влашкиот) род во туѓина.’

Романскиот календар издаден во 1821 година во Пешта, искажува крајна благородност и изразената љубов кон армн македонскиот (влашкиот) народ и јазик. ‘...Огледајте се, пишува во односниот календар на Армн Македонците (Власите) од Македонија, потчинети под унгарското кралство, кои иако не живееле меѓу Армн Македонци (Власи), со голема радост брзаат кон својата национална култура...’

Армн македонското училиште, кое отпочнало со работа во почетокот на изминатиот век (почеток на XIX век), финсирано од фондовите на женското друштво во Пешта, се одржа до денес.

АРМН МАКЕДОНСКИ РАКОПИСИ.- Во библиотеката на Романската академија на науките во Букурешт се зачувани повеќе армн македонски ракописи кои ја докажуваат националната и интелектуалната вредност на армн македонската колонија во Будимпешта. Тоа се: а) Збирка на материјали за еден арм македонски речник со апликација на грчки и германски јазик; б) Армн македонската граматика со одговори на армн македонски од романски текст; в) Армн македонската граматика со германски текст; г). Армн Македонски катехизми CATECHISMUL ATSEL MARE; д) Армн Македонскиот превод од светите книги- Lunarium (Месечник) кој содржи преводи на песни,Апостолог,Евангелието,Животот на светците TREINARIUL SHI TSINDEZETSINARIUL, (ТРИОДОТ И ПЕТАОДОТ) како и повеќе црковни молитви“.

Се кажа: „б) Армн македонската граматика со одговори на армн македонски од романски текст“- романскиот и влашкиот јазик се два посебни различни јазици.

„5 УЛОГАТА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ) ВО СТРАНСКИТЕ ДРЖАВИ

УЛОГАТА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА.- Армн Македонците ги задолжиле Грците со непроценливи услуги, и тоа, од своите најстари времиња. Поетот Герасим Влахул од Крит бил извонреден научник. Тој во 1659 година со-

ставил речник на четири јазици, и тоа на: грчки, латински, модерен грчки и италијански јазик. Тој упатил бројни писма на латински јазик до суверените на странските земји за да ја помагаат Грција“.

Па никаде нема било каков влашки јазик на некаков посебен влашки народ.

„Во своите народни песни од Мореја (Пелолонез) и од околните острови до денес се пеат песни за многу влашки херои, како што бил Михаил Влахул.Меѓутоа, најголеми заслуги на Власите од Епир и Тесалија се што го дадоа олтарот на хеленизмот од времето на револуцијата на грчкиот народ од 1821 година, во борбата за ослободување на Грција од турското ропство. За херојството што го покажаа армнските (влашки) капетани во тоа време, тие биле ценети од Грците до нивната смрт. Армните (Власите), според тоа, извршиле огромно влијание врз политиката на Грција многу време по нејзиното ослободување. Во својата сочувана национална облека со пиштол во појасот и пушка на рамо, тие свечено стражарат во Атина, следејќи ги арматолозите“.

Стои само за „олтарот на хеленизмот од времето на револуцијата на грчкиот народ од 1821 година, во борбата за ослободување на Грција“- без ништо влашко.

И денес во Елада,Р.Македонија и во Шкиптарија Власите се најголеми Грци.

Власите како припадници на Цариградската патријаршија биле само Грци. Денес во Елада се Еладци.Во Шкиптарија тие немаат своја црква туку одат во Шкиптарската со поглавар Грк. Во Р.Македонија- Битола- има само Романска црква во која се проповеда на романски јазик. Па до денес гркоманите дома говорат еладски.

„КОЛЕТИ.- По смртта на Али-паша Јанински, неговиот секретар Колети на чело на четите на арматолозите преминал во Грција. По смртта на Капо од Истра, Колети бил назначен за еладски регент, потоа за министер за внатрешни работи и прв- министер (премиер). Колети бил најспособна политичка личност која грчката револуција од 1821 година и го даде на Елада за својата политичка сцена. Неговата фигура и неговите настапи секогаш биле карактеристични, неговите говори и настапи во јавниот живот содржеле нешто што го возбудувало слушателот. Кој го гледал или слушал, на одреден начин било понесен и привлекуван со некоја магична моќ. (Колети=колет и: колет=колит=кол ит-само бригиско=брсјачко ит, Р.И.)

Колети е од Мецова. Бил амбасадор на Грција во Париз. Така се запознал со Јон Ѓика. Во своите настапи, тој се изјаснувал за Армн Македон. Според неговите искажувања дознаваме дека неговите родители зборувале исклучиво армн македонски (влашки).

АРМ МАКЕДОНЦИ ЛИТЕРАРИ И ДОБРОТВОРЦИ.- Меѓу бројните имиња на Армн Македонци, кои со своето пишување ја задолжиле грчката литература и наука се истакнувал Залокоста, потоа поетот Валаорити и Кристаќи. Овие личности биле вистински креатори на јазикот и литературата на модерна Грција. Пантази, ректор на Универзитетот во Атина и автор на многу познати опери бил Армн Македонец (Влав) од Крушево. Научникот, Ламброс, пак, бил Армн Македонец (Влав) од Каларит. (Каларит=калар ит, Р.И.)

Најголем број на фондации во областа на културата, и добротворни друштва во Грција опстојувале со издашните парични и други средства од дародаватели Армн Македонци. Георг Сина ја основал Академијата Беле- Арте во Атина за што потрошил два милиони драхми. Аверов ја основал Политехничката школа во Атина и направил бројни други добротворни дела во Грција. Исто така, богати армн маке-

донски (влашки) фамилии, како Стурнари, потоа Тушица и некои други, во минатото се спомнуваат како големи добротвори на својот народ“.

Па книгата на Јон Аргинтеану била за Власите, а не за Еладците и Грците.

„ПОЗНАТИ АРМН МАКЕДОНЦИ (ВЛАСИ) ВО АВСТРО- УНГАРИЈА.- Меѓу најпрочуените армн македонски фамилии во Унгарија била фамилијата на браќата Наум и Аврета Шагуна. Тие потекнуваат од Грабово. Браќата Шагуна, развиле интезивна трговија во земјите преку Сава и Дунав низ Австро- Унгарија. Тргувале најповеќе со вино. Од Унгарија тие го известувале виното во Полска. Нивни сродници биле и фамилиите Грабовски и Мутовски. Овие презимиња- Грабовски, Мутовски, тие ги добиле под влијание на полскот јазик, бидејќи најповеќе тргувале со Полска. Познати моќни фамилии биле и фамилиите Мучи и Економу“.

Власите имале привилеги и станале богати. Па тоа за тн.Словени не важело.

„Андреј Шагуна е роден во 1808 година во Будимпешта. Уште како дете го зборувал мајчиниот- армн македонскиот јазик. За своите заслуги тој станал митрополит. Со неговата активност успеал да издејствува од царот автономија за романската црква. Романската црква дотогаш била под јурисдикција на Српската православна црква. После смртта на Андреј Шагуна тој оставил над 600.000 леи за културни цели“.

Се говори само за Цариградската патријаршија со своите Грци и Романската црква со своите Романци. Никаде ги нема Еладците со Атина, а никако и Власите.

„Значајна личност бил и Емануел Гожду. Роден е 1801 година. Бил член на Унгарскиот дом на магнати во Будимпешта. И Гожду оставил неброено богатство за културни потреби на младите Армн Македонци (Власи).

ФАМИЛИЈА МОЧИОНИ.- Една од најпознатите армн македонски фамилии, била и фамилиата Мочиони. Таа потекнува од Москополе. Од оваа фамилија потекнуваат бројни членови, кои донесоа, и се уште носат, огромна корист за националната казуза. Јон Мачиони пружил огромна помош во востанието на Романците во 1848 година. Јон Мочиони бил образован човек. Зборувал десет јазици. Неговата ќерка Екатерина изродила шест сина. Сите негови внуци биле оженети за унгарски баронеси. Најзначајни од нив биле Александру и Евгениу, обајцата доктори по правни науки. Тие биле прочуени по своето богатство доктори по правни науки. Тие биле прочуени по своето богатство и добродетелство. Но, во прв ред тие биле прочуени по својот партритизам.

ФАМИЛИЈА СИНА.- Фамилијата Сина потекнувала од Клисура, таа одиграла голема улога во Виена. Симон Георге Сина, во средината на XVIII век, оснивал своја банка, која во натамошниот временски период била позната на сите тогашни светски пазари. Неговиот син Георги, кој ја раководел трговско- банкарската дејност од 1920 до 1856 година, успеал да стекне толку големо богатство, што Банката Сина од Виена станала позната во целиот свет. Од страна на австрискиот цар, Георг Сина бил прогласен за барон. Тој имал големи симпатии од своите сонародници. Во даденото време, се знае дека во нивната фамилија се зборувало на армн македонски јазик.

После смртта на Георг Сина, неговото богатство го наследил неговиот син Симеон Георг Сина. Тој имал симпатии кон филхелизмот. Затоа владата во Атина го назначила за амбасадор на Грците во Виена. Со средствата на баронот Симеон Георге Сина се основала школата Бела- Арта во Атина. Исто така, дал повеќе пари-

чни средства за подвижниот мост во Будимпешта. Заради тоа и барон С.Г. Сина се вбројувал во унгарските магнати во Будимпешта. Тој, исто така ги помагал и Србите. Единствено за својот народ не направил ништо. Умрел во 1875 година. Со неговата смрт згаснала славата на оваа прочуена фамилија“.

Се кажа: „... Симеон Георг Сина. Тој имал симпатии кон филхелизмот“.

Се говори само за филхелизмот со македонскиот Птоломејов јазик коине.

„Уште побогата фамилија од спомнатиот армн македонски (влашки) род Сина, била фамилијата на браќата Каржа. Овие биле познати како банкари на царскиот двор во Виена, од почетокот на минатиот век. За нивното богатство се зборуваат бројни легенди како за куќата Ротшилд.

ФАМИЛИЈА ДУМБА.- И познтата фамилија Думба има одиграно значајна политичка улога во Австрија.По потекло биле од Блаца. Најстакнатиот член на оваа фамилија бил Никола Думба. Бил интимен советник на царот Франц Јосиф и член на Магнациската куќа. Исто така, се одликувал со наобична трудољубивост и како протектор на Армн Македонското (Влашко) друштво во Виена, Бил непомирлив противник на грчките фанатици, кои биле пречка за развојот на националната култура на Армн Македонците“.

Австрија се залагала за Епирците(Власи и Шкиптари),но не за Македонците.

„ПОЗНАТИ АРМН МАКЕДОНЦИ ВО СРБИЈА.- Армн Македонците кои емигирале во Србија одиграле, исто така, значајна улога во политичкиот живот на таа земја. Војвода Јонко, кој бил еден од раководителите на Првото српско востание во 1804 година, а се истакнал во битките во Краина, бил од Беала. Живи се сеќавањата сред српскиот народ за неговото јунаштво. Бил погребан со големи почести во манастирот Раваница.

Храброст и патриотизам покажаа Армн Македонците (Власите) од Македонија и во настаните кои се одиграа во 1862 година. Познати Армн Македонци во Србија се и Владан Ѓорѓевиќ, потоа научникот Николиќ, Васа Поповиќ и други. Сите тие беа чисти Армни (Власи) од Македонија. Во Србија има села населени со армн македонско население. Такви се селата Сусневица (1093 жители), потоа Барду (657 жители) и некои други со над 6.000 Армн Македонци.

АРМН МАКЕДОНЦИ ВО РОМАНСКАТА ДРЖАВА.- Армн Македонците, посебно тие кои припаѓаат на Москополската група, кои од секогаш поседуваа цивилизација и култура, одиграа значајна улога во романската држава. Посебно активни беа Мунтенија и Молдава.[33]Во сите случаеви, Армн Македонците заземаа високи функции во државата.Меѓутоа, некои од нив, со оглед на тоа што го употребуваа грчкиот јазик и писмо, се изјаснаа за Грци. Никола Зервули, кој раководел со граѓанската школа во Јаш, бил од Мецова. Милетие, првиот типограф во Романија бил од Моловиште. Старвин, кој е опеал херојската поема за јунаштвото на Михаил Војвода, бил Влав од Малсиана (Епир). Буржоската класа на денешната романска држава е формирана, повеќе од Армн Македонци, отколку од Грци“.

Да не се изуми, Геновјани со себе носеле богатство, богатство што останало и во следните векови, чии традиции се одржале понатаму, а Македонците страдале.

Власите како припадници на Цариградската патријаршија биле Грци. Тоа име станало национално за Еладците. Следи Власите како Грци и Еладци ги оспоруваат Македонците, на протераните Македонци имотите ги презеле, и трае денес...

[33] Именките се правеле со в- н- т: Атина: Ватина- Натина- Татина (од татко); Молдова=молдо ва.

НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ

„**1.ПОЧЕТОЦИ НА НАЦИОНАЛНОТО ДВИЖЕЊЕ**

НАЦИОНАЛНАТА СВЕСТ КАЈ АРМН МАКЕДОНЦИТЕ.- Во сите времиња Армните (Власите) од Македонија, Епир Тесалија поседуваа своја национална свест. Тие, на одреден начин, ја истакнуваа пред странците својата армн македонска припадност. Покрај тоа, тие сметаа дека потекнуваат од римските колонисти кои биле доведени на овие простори директно од Италија. Високата личност на грчката држава-Колети, бил смртно омразен од фанатизираните Грци, само затоа што јавно се декларирал дека е Армн Македон (Влав).

За нивното потекло, Армн Македонците (Власите) од Тесалија веруваа дека влечат корени од Помпеиевите војници, кои побегнале во планините, после битката кај Фарсала. Армн Македонците (Власите) Москополци, како и тие од нивната околина, пак, биле убедени дека водат потекло од колоните стабилизирани во времето на Квинт Максим од Таулантија (Мусакија), од каде пребегнале во планините после навлегувањето на варварските племиња“.[34]

За преселби нема ниеден материјален доказ. Бидејќи темниот вокал го немал коине и латински, а тој го имааат Романците, Власите и Шкитарите, сите тие биле одродени тн.Словени- Римјаните имале варварски и пелазгиски=тн.словенски.

„Наведените мислења, кои се засновани на усните преданија, не се поткрепени со ниеден историски доказ и одредени сознанија дека тие се од римско потекло. Армн Македонците низ целиот среден век, немаа никакви сознанија за нивната братска сродност со Романците од Дакија и за нивната голема заедничка должност за негување и заштита, пред сè, на јазикот, обичаите, во условите на заедничкиот соживот со другите националности кои ги опкружуваат. Сите Армн Македонци (Власи), кои судбината ги натерала да ги напуштат своите стари места на живеење, во странски земји каде се населувале се изјаснувале за Грци. За странците, постоеше уверување дека Власите населени на левата страна на реката Дунав, се сродни со оние кои живеат на нејзината десна страна. И самиот Георге Роса во својата историја, наречена ‘Истражување за Романците или таканаречени Влахи, кои се населени на левата страна на Дунав’, издадена во почетокот на минатиот век (почетокот на XX век), тврдеше со определени историски докази дека Македонските Власи се браќа на Романците од Дакија и дека се потомци на римските колонисти. Армн Македонците биле од Дакија и од страна на цар Аурелиан истите биле населени од десната страна на Дунав. Нивниот оддалечен глас, сепак, одзвонува во Пиндските долини.

РОМАНСКИТЕ ХРОНИЧАРИ И ‘КУЦОВЛАСИТЕ’.- Во некои сеќавања на одделни хроничари во земјата, за Армн Македонците наоѓаме по податоци во една ‘Анонимна хроника’. Во неа се зборува за постоење на нецелосно причинско сознание за нивното потекло. ‘Сепак овие се Куцовласи’, вели авторот на споменатата хроника, како се искажуваат нивните соседи- ‘тие се луѓе кои според изгледот, обичаите и градбата на телото, се исти со оние од Романија. Според тоа, ист е нивниот јазик- романскиот, помалку расипан и измешан со обичниот грчки и турски јазик...’.[35]

---

[34] Во Извори и литература, под број 3, е авторот- Pouqueville, Voyage, II, pp. 324- 396.
[35] Бр. 6: V.A. Urechia, Shiţe de Istora Literaturei Române, Bucureşti, 1885, pp. 100, 111.

Во почетокот на XVIII век, Димитри Кантемер, за Армн Македонците пишуваше: '...Затоа и тие Власи исто од Влахиа од нас потекнуваат...'. Владетелот Хрис се именувал со името 'Господар на Куцовласите'.

Бесмртниот романски патриот Јон Хелиаде- Радулеску, во 1850 година, зборувајќи за грчката револуција од 1821 година, им изразил ретка посвета на нивните следбеници- ентузијасти упатено на адреса на армн македонските (влашките) капетани. Тој ги искажува следните зборови за прекарот 'Куцовласи': '...Армни од Македонија, браќа на моите браќа, ве поздравувам! Вашето име одзвонува во моите уши и моето срце кое чука од возбуда. Слава за Вас слава за Армните. Вие ја ослободивте пропаднатата Грција. Вашето јунаштво и вашата оданост ве праќа во освета на херојски начин, против сите кои ве навредиле'.Патриотот Хелиаде Радулеску, исто така, се занимава со проучување на армн македонскиот јазик.

ПРЕБЕГНАТИ РОМАНЦИ ВО ТУРЦИЈА.- Вистинска причина која предизвикала моќна струја во Романија за благонаклонетоста кон националниот препород на Армн Македонците, бил развојот на настаните од 1848 година. Едни од пребегнатите Романци во Турција тоа го сториле од познатството со Армн Македонците и полни со ентузијазам од она што го виделе. Затоа тие се одлучиле да се вратат во земјата на апастолите заради реализирање на една возвишена идеја- остварување на културното единство меѓу Романците од Дакија со Армните од Македонија

Димитрие Братиану ја посетил западната страна на Епир и ја сочувал до крајот на својот живот симпатијата за армн македонската кауза. Цезар Болиак во Узунгиова од Романија, запознал Власи од сите страни на Балканскиот Полуостров, пишувајќи топли статии во романските весници за тие впечатоци.Јон Јонеску од Брад, еден од двигателите на востанието во 1848 година, отишол до Цариград и побарал да биде назначен за одминистратор на познатите поседи на Решат-паша, запоседнати на пространствата во Тесалија. Таму запознал еден броен народ, кој бил сроден со името Роман и зборувал јазик лесно разбирлив. Сепак, најмногу и најдобар од сите зел учество во дејноста на армн македонската кауза познатиот патриот-Димитрие Болинтеану. Тој поминал повеќе месеци во срцето на Македонија и најдобро знаел да ја изрази бесмртноста на армн македонската душа.

Сите околии во тоа време биле благонаклонети кон побудување на националната свест сред Романците на Балканскиот Полустров. Настаните од 1856 година дадоа поволни резултати за Романците кои успеаја да реализираат повеќе значајни национални акти, како што се: соединување на кнежествата, изборот на Куза како господар на Молдавија и Мунтенија, даден им е достоен почит на политичките личности во државата и тн.

ПРВИОТ АРМН МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ.- Најзначаен акт кој, на одреден начин, ги прикажува интересите на Армн Македонците во Турција, чиј акт најде простор во печатот, се почетоците на движењето на Армн Македонците стабилизирани во престолнината (Букурешт), каде е образуван акционерен комитет чија задача била да врши национална пропаганда за своите сонародници, со векови заспани под влијание на грчката култура.

Големиот патриот Козакович, кој според искажувањата на Грандеа '...ја персонифицира идејата на романизмот од Пинд...', во 1860 година, успеал да оформи Комитет во чиј состав влегоа: браќата Гога од Клисура. М. Николеску од Трново, Зозу Сидери од Сер и Тома Трикопул од Крушево.

Првиот нивен акт (на манифестацијата на овој комитет) беше испраќање на апел до сите Армн Македонци од Турција за да го исфрлат грчкиот јазик од училиштата и од црквите и на нивно место да го воведат армн македонскииот јазик. Апелот бил напишан на грчки и на армн македонски јазик и отпечатен во повеќе илјади примероци. Во прилог на идејата за развој на националниот препород сред своите сонародници. Г. Гога и Д. Козакович ја отпечатиле и армн македонската граматика, чиј автор бил Масиму. Во споменатата граматика доволен простор и бил посветен и на историјата на Армните (Власите) од Хем.

ПРВАТА ПОМОШ.- Во прилог на одстварување на армн македонската кауза, треба да се истакне преземањето на секуларизацијата на манастирските имоти во Романија кои беа управувани од грчките калуѓери. На 22 декември 1863 година, министерот Крецулеску достави до Собранието закон за секуларизација, кој бил изгласан со голем ентузијазам. Романскиот печат пишувал дека со освојувањето на овој закон, во основа, е освоен најзначајниот национален акт што бил донесен по обединувањето на кнежествата на Романија. Воедно се истакнуваше дека Армн Македонците треба да бидат задоволни со односите на романската држава кои нивните национални интереси.За состојбата сред Армн Македонците во Македонија, исто така, нашироко пишуваше романскиот печат.

Актот за секуларизација на манастирските имоти, како и други законски акти во Собранието на Романија биле изгласани, меѓутоа, нивната примена заради појавената тешкотија најдоа примена дури после една година. Всушност, овој законски акт најде примена кога големиот патриот Михаил Когалничеану бил министер за култура во Романската влада, додека секретар на тој оддел бил В.А. Уреќа.

За време на овие ресорни личности во владата на Романија се одлучило за потребите на армнската култура од Македонија се одреди државен фонд, односно одредени парични средства. Покрај собранието парични средства, како и други средства на одделни дарователи, заедно со определените буџетски средства од Министерството за култура, се создаде основа и услов за реализација на поставената национална цел. Првата помош предвидена со буџетот изнесувала 14.000 леи.

Новоизбраниот комитет од кој влегоа истакнати политички и културни дејци во 1862 година се состоел од Д. Болинтеану, Цезар Болиак, А. К. Росети, Кристиан Тел. Д. Козакович, Јордаќи Гога и Зизу Сидери, испратиле еден апел до ‘браќата Армн Македонци од Епир, Македонија, Тесалија и Албанија’, во кој беа содржани основните програмски задачи на Комитетот. Во апелот, покрај другото, беа изнесени барањата според кои, во поставените задачи и цели на оваа организација се предвидуваше ‘сите Романи и Армн Македонци меѓу Дунав, Јадранско Море и Архипелагот да ги слушаат религиозните и верските проповеди на својот мајчин јазик, односно да се воведе националниот јазик во сите цркви во градовите и селата каде живее романскиот народ сè со цел 14 милиони Романци да имаат култутрен јазик- јазикот на Трајановата Дакија’. Исто така, се отпечатила книгата на Димитрие Болинтеану под наслов: ‘Патувањата кај Армните од Македонија и планината Атос’, која имаше силно влијание на странство, бидејќи со публикувањето на оваа книга беа прикажани вистините за Армн Македонците во Турција“.

Романија се залагала само за романскиот јазик во школите и Романска црква само со романски јазик. Во Битола имало Романски гробишта и Романска црква во која се проповедало и пеело само на романски јазик-и денес во црквата е романски.

„**2. АРМНСКАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА**

ПРВОТО УЧИЛИШТЕ- Есента 1864 година тргнал од Букурешт првиот армн македонски учител- Димитрие Атанасеску. Тој отворил училиште во своето село Трново во близината на Битола.

Тешкотиите и пречките на кои наиде овој прв апостол на Армн Македонците биле огромни. Грчкиот архиереј од Битола- Бенедикт, ги натера свештениците од Трново да одат од куќа во куќа и да им соопштуваат и закануваат на родителите чии деца посетувале романски училиште, дека ќе бидат екскомуницирани доколку не ги повлечат децата од тоа училиште. Меѓутоа, возрасните деца продолжиле и натаму да ја посетуваат наставата во тие училишта. Бидејќи нивната акција не вродила плод сред армн македонското население, тоа почнало да му се закануваат на учителот Д. Атанасеску да го затвори училиштето. Затоа, Атанесеску бил приморан да оди во Цариград. Таму успеал да издејствува наредба од турската власт, со која му се овозможило да го отвори училиштето во истото село, доколку постои желба за тоа кај родителите од учениците.

Според тоа, и покрај прејавените тешкотии и пречки кои му беа поставени заради оневозможување на нејзиното функционирање, ова беше регистрирано кај турските власти во Цариград и истото постигна забележителни резултати во неговата работа. И уште нешто: ова училиште одекна мошне поволно сред армн македонскиот етнос во Турција и постигна повеќе успеси отколку што се очекуваше.

УЧИЛИШТЕТО НА СВЕТИТЕ АПОСТОЛИ.- Во 1865 година, чуствувајќи ја потребата за обезбедување на учителски кадри за армнските училишта во Македонија, во просториите на црковниот двор на Свети Апостол во Букрешт, се основа и отпочна да работи училиште за подготвување на учителски кадри за Македонија. Училиштето работело според посебна програма на државните училишта.

За обезбедување на учениците за идни учители, бил задолжен калуѓерот Аверхие, по потекло од Авдела. Тој, за време на процесот на секуларизацијата на манастирските имоти, пристигнал во Букурешт, како претставник на манастирот Свети Павле и Ивир од Света Гора. Заради неговата способност во обавување на службата достигнал до степен игумен. Во Романија тој се прочул со зборовите: ‘И јас сум АРМН’ (shi eu hiu Armân!), зборови кој ги изговорил по повод дефилето на романските трупи на платото Котрочени пред кнезот Куза во 1862 година.

Аверхие донел од Епир 12 момчлиња, 12 МЛАДИ АПОСТОЛИ. Тие го посетуваа училиштето за учители есента 1865 година. Со тоа учителско училиште раководел професорот Масиму. За наставата по општообразование и дидактичко- педагошки предмети биле задолжени најдобрите професори од Букрешт, кои ја изведуваа наставата бесплатно. Се изучуваа следните наставни предмети: латински јазик, романски јазик, француски јазик, историја, математика, географија, цртање и музика. Во 1867 година Аверхие донел уште една група момчиња од Македонија, Епир и Тесалија. (Овде нема влашки- армн македонски [влашки] јазик, Р.И.)

Учениците кои ја посетуваа оваа школа биле облечени во посебна униформа, со сабја и пушка. Тие беа почестени да бидат примени и од кнезот Куза.

Со цел да се завршат курсевите според државната програма во 1871 година ова училиште било укинато. Едниот дел од учениците кои го посетуваа биле прифатени во училиштето Свети Сава, а другиот дел во Матеј Бесараб“.

Обединување на Романите било можно со романски јазик и Романска црква

„УЧИЛИШТЕТО ВО ГОПЕШ.- Второ училиште што се отворило во Македонија било училиштето во Гопеж. Тоа отпочнало со работа во 1867 година. Во ова село училиштето го отворил учителот Димитрие Космеску. Во првата учебна година училиштето го посетуваа над 50 ученици.Армнското училиште во Гопеш привлекло голем број на ученици што јасно зборува за прејавената љубов на родителите и учениците кон својата народна школа, на свој јазик. Исто така, беа преведени на армнски јазик и книги за богослужба во црквите.

И во Гопеш грчките црковни власти настојуваа да ја оневозможат работата на училиштето. Сите интриги на грчкиот архиереј Милетие од Битола да го дескридитира учителот од Гопеж, претставувајќи го како бунтовник и опасен агитатор, останаа без никаков успех. После една година бројот на учениците во ова училиште се зголемил на над 100. Во црквата, пак, богослужбата се вршела на армн македонски јазик.

АРМНСКИ УЧИЛИШТА ВО АВДЕЛА, ВЛАХО- КЛИСУРА, ОХРИД, КРУШЕВО, КАЛИВЕ, НЕВЕСКА И ПЕРИВОЛИ.- Третото училиште кое се отворило во Македонија било училиштето во Авдела.Прв учител во ова училиште бил Шому. После беа отворени уште три училишта, и тоа во: Влахо- Клисура, каде учителствувал Маргарит Апостол. Него го помагал Тулиу Тацит. Потоа, училиштето се отворило во Охрид каде учителствувал Г. Тамара. Овој учител е значаен по тоа што го преведе на армнски јазик Евангелието и Апостолот и успеал да го воведе армнскиот јазик во богослужбата во армнската црква во Охрид. Во Крушево, пак, училиштето го раководел учителот Стерју Чонеску“.

Романскиот јазик бил различен од влашкот- бил потребен и влашкиот јазик.

„Покрај наведените населби- градови каде проработија армнски училишта, училишта беа отворени и во следните места: во Каливе каде учителствувал Д. Бардалеску, во Невеска (1775) роботел учителот Јонеску Кирана и во Периволи- (1877) учителот Георги Пердиќи.

Во сите спомнати училишта на армнски јазик работеа учители кои го завршиле училиштето за учители во Свети Апостоли во Букурешт. Тие, всушност, се и првите учители- основачи на првите армнски училишта во Македонија. Во својата работа, армн македонските учители претрпеле мошне големи непријатности од страна на панелинските агитатори. Училиштата беа отворени, па кусо време, пак затворени, а првите учители биле изложени на разни и невидени притисоци во обавувањето на својата просвитетелска работа“.

Во Букурешт се учеле: „латински јазик, романски јазик, француски јазик...“.

„ПОДЕМОТ НА АРМНСКИ УЧИЛИШТА ВО 1878 ГОДИНА.- Посебно значајна година, година на прогрес во националната армн македонска кауза била 1787 година. Победата на романската војска кај Плевен, придонела за силно развивање на националната свест кај Армните на Балканскиот Полуостров. Тоа овозможило да се создаде основа и да се подготви терен за напредокот на националната кауза воопшто“.

Па „напредокот на националната кауза воопшто“ на Романите со романски.

„Една група на млади Армн Македонци, апсолвенти на лицеите во Романија се вратиле во Македонија со полн ентузијазам и со неверојатна верба во триумфот на светата кауза на која апостолите ѝ беа посветени. Тие со својата неуморна работа, успеаја да отворат училишта во Прилеп,Битола,Магарево,Самарина,Фурка,Ни-

жополе.Во 1880 година се отвори лицеј во Битола.Првиот основач на овој лицеј бил големиот патриот од Трансилванија- Глодарин. Во 1882 година, лицејот бил ставен од управа на учениот националист свештеник Јон Георгиади- Мурну,на кого секунданти му беа незаборавените патриоти-Андреј Багав,и К.Каироти.Тие оформиле една плејада на учени дејци кои подоцна се во сите области на вишото школство во Македонија. И денес овие создале една елита на Армни од Македонија која делува на ширењето на народниот дух среде Армн Македонците.(Глодарин=глодар ин,РИ)

Во 1880 година се отворила гимназија во Јанина, а пак, во 1889 година бројот на училиштата во Македонија изнесуваше- 32 основни училишта, еден лицеј и две гимназии.

АРМН МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО ДРУШТВО.- Учеството на 'Културното друштво на Армн Македонците' во развојот на школството и просветата во Македонија, без сомнение е големо. Културното друштво на Армн Македонците во Букурешт е основано во 1879 година. Главните протагонисти кои стоеја на чело на Друштвото биле значајните личности на јавниот и политичкиот живот на Романија. Меѓу другите биле и следните- Јон и Димитру Ѓика, Кампинеану, Александар Одобеску, Димитрие Струдsa, Генерал Тел, И. Риуриану, Т. Мајореску, Л. Катарџи, Г. Ѓицу, Н. Крецулеску, В.А. Уреќа, Д. Братиану и некои други. Исто така, покрај наведените во друштвото делувале и најдобрите армн македонски колонисти од престолнината, како: Гога, Пишка, Котади, како и некои други.

Во 1880 година, заради покажаната активност на културно- просветно поле меѓу армн македонското население во Македонија 'Друштвото' било признато од значајните кулурни институции во Романија. Грчкиот патријарх во Цариград, интервенирал до Отоманската порта за да издаде наредба до сите власти во провинциите со задачада се стопира активноста на 'Романската пропаганда' во Македонија. Едноставно, испратил циркуларно писмо до сите архиреи, со кои истите се известуваа за опасноста од основаното 'Кулурно друштво на Армн Македонците' од Букурешт и неговата дејност во поттикнување на армн македонскиот етнос во борба за остварување на националната кауза. Грчкиот конзул од Букурешт бил преместен заради тоа што не успеал да го парализира почетниот правец во ширењето на благонаклоноста на Романците кон Армн Македонците. Од средствата на доброволните дарители од Романија друштвото со својата активност успеала во почетокот да издаде над 60.000 книги, кои понатаму биле испратени, и тоа, едниот дел до училиштата во Македонија, а другиот дел до романските и армнските манастири на Света Гора.

3. ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ

ЦЕЛТА НА АРМН МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ.- Од самиот почеток на формирањето на културното друштво, Армн Македонците делувале во правец на остварување на своите национални цели. Затоа тие побарале од Отоманската власт да го расветлат прашањата околу целта на културно- просветната активност на Армн Македонците наспроти делувањето на 'Романската пропаганда'. Д. Болинтеану, во врска со тоа, испратил на адреса на Фуад- паша еден подолг мемоар (документирано известие) за значајот на Армн Македонците во граничните места на Империјата. Исто така, тој ја потенцирал улогата што ја играа Армн Македонците, како чувари на планинските теснеци во Македонија, Епир и Тесалија, како што биле некогаш арматолозите. Слични извештаи испратиле и Костаќи Негри и Јон Ѓика на

своите познаници и пријатели од Турција заради обезбедување на подршка за армн македонската кауза. Воедно им давале до знаење да не обрнуваат внимание на интригите на грчките агенти. Михаил Когалничеану во врска со идејната состојба меѓу Армн Македонците зборуваше: 'Будењето на армнискиот етнос во Македонија ќе претставува фактор пред сè, за зајакнување на односите во Романија.' Значајната државна личност во Романија и патриот Јон Братиану, пак, пишуваше: 'Будењето на Армните од Македонија ќе ја зајакне Турција, и ние имаме потреба да го подржиме затоа што подржувајќи ги ни ние самите зајакнуваме.

БОРБАТА НА ГРЦИТЕ ПРОТИВ АРМН МАКЕДОНЦИТЕ.- Најголемите тешкотии за развојот, како и напредокот на армнските училишта во Македонија, од својот почеток па се до денес, доаѓаат од грчките калуѓери и конзули. Тие делуваат на сите можни начини за да се дискредитира 'Романската пропаганда', претпоставувајќи ја како поттикнувач на неработа и хаос во турската држава. Првата личност која ги демаскира тие интриги бил неумерниот деец Д. Атанасеску. Со трите свои патувања до Цариград, со апел до везирот Али- паша доставувајќи му петиција со која го молеше да му се даде писмена, а не вербална дозвола, успеал да овозможи услов за отварање на училишта. Исто така, Армн Македонците изготвиле еден меморандум во кој нашироко се изнесуваше значајот на армнскиот етнос во Македонија, неговиот број и целта на грчките агенти за децанилизација на Армн Македонците, укажувајќи при тоа, дека целта на грчката пропаганда била, на рушевините на Турската империја да се создаде Грчко царство. Спомнатиот меморандум бил објавен во Цариградскиот, а исто така, препечатен и во Парискиот печат. Врз основа тоа, турските власти набрзина издале формална наредба упатена до валијата со која му се дозволува на учителот Атанасеску да може да отвори армн македонско училиште, каде и да има желба.

Меѓутоа, панхеленските агенти не се поколебаа. Со уште поостра борба се впушти против 'Романската пропаганда'. Архирејот Милетие од Битола го постави свештеникот Наум од Гопеж, во 1869 година со задача да ги проколнува тие родители кои ги праќаат своите деца во армнските училишта. Во недела, при вршење на служба во црквата, спомнатиот свештеник, во една рака држејќи света причест изјавил: 'Во името на ова тело и на оваа крв на Христоса што ја гледате во моиве раце, ги анатемисувам сите оние кои се издвоени од Христоса и кои се викаат Армни и на кои децата им учат на армнски јазик'. Меѓутоа, овие зборови никого од присутните не возбуди. (Само Армни- без Армн Македонци, Р.И.)

Скоро сите институции и армнски свештеници од Македонија повеќе пати биле екскомуницирани од Грчкото високо свештенство. Училиштето од Клисура пропатило најтешки прогони од страна на архиерејот од Костур. Тој лично, но придружен од еден вод на жандарми отиде да го затворти армското училишта. Маргарит, побара заштита од страна на Австрискиот конзул до патријархот од грчкото свештеништво. Архиерејот поднел извештај до патријархот во врска со случајот, заради што тој успеал да го премести мутесарифот. Потоа, од страна на власта во Костур, Маргарит повторно бил повикан, меѓутоа, состојбите биле поволни за армн македонската кауза. Следствено на тоа, училиштата на армнски јазик можеле несмета и слободно да работат".

Маргарит се борел само за Романската црква и Романите, а против Грците.

Имало судир само меѓу Цариград и Букурешт-без Атина и Армни (Власите).

„Училиштето во Крушево што го отворил Стерие Чонеску, исто така, по неколку месечна наставна работа, било затворено. При одењето во Битола, Чонеску му пренесе една петиција на валијата со барање да се овозможи училиштето слободно да работи. Меѓутоа, со интервенцијата на архиерејот Бенедикт дозволата за неговото фуинкционирање била повлечена и училиштето останало затворено повеќе години. И училиштето во Невеска, отворено во 1875 година, имаше иста судбина. По едногодишно негово функционирање било укинато, а пак учителката Кирана Јонеску затворена.

Цариградскиот силог, образуван во 1875 година заради грцизирањето на Армн Македонците и Албанците, водеше огорчлена борба против армнските училишта и армнското национално движење. Членовите на тој силог биле борци за грцизирање на Балканскиот Полуостров, во која битка во првите редови стоеја архиереите, кои вложиле огромни парични средства и кои како ‘раководители на темните души’ не бираа средства за да го задушат целосниот национален препород на Армните во Македонија.

ВЕЗИРОВАТА НАРЕДБА.- Во 1787 година, после големото настојување на министерот за надворешни работи на Романија- Михаил Когалничеану, како и расположението на турската власт, издадена е наредба на турскиот везир Сафет-паша до сите валии за слободно функционирање на армнските (‘романските’) училишта во Македонија. Според таа наредба ‘функционирањето на училиштата треба да се оствари во потполна слобода заради негување на културата и од потребата за помош на армнските (‘романските’) учители...’. Врз база на таа наредба во наредните години беа отворени бројни училишта во Македонија и сите уживаа зналајни погодности“.

Па „функционирање на армнските (‘романските’) училишта во Македонија“ означувало само Романски училишта само со романски јазик, а без ништо влашко

„ПЉАЧКАЊЕТО НА ТЕСАЛИЈА.- За време на војната од 1877 година, владата од Атина испратила во Тесалија и Македонија побунети банди (андарти) за да предизвикуваат неред.Бунтовничките банди нападнале бројни армн македонски населби. На Берлинскиот конгрес Атинската влада побарала Тесалија, со оглед на нејзината непосредна близина до Грција, врз база на историските права да биде Грчка. Државните личности на Романија загрижени за положбата на своите сополеменици, одржале советување со армнскиот етнос од Тесалија, и решиле да го постават прашањето на конгресот во Берлин. Тоа барање потпишано од илјадници потписници го поделиле на членовите на конгресот во Берлин. Барањето (Меморандум) содржело барања, според кои, турската влада имаше право и должност да ги прикаже работите и односите во вистинско светло и да го постави барањето пред Големите сили за да се одредат правилно правата на одделни провинции каде се присутни Армн Македонците, Албанците и Турците, кои се супериорни во сите провинции, особено според нивната бројност, во однос на Грците“.

Мнозинство биле/останале тн.Словени- другите биле/останале малцинство.

„Меѓутоа, тоа барање не даде никаков ефект. Грците при тоа успеале да го наметнат нивното мислење дека домородечкото население во Тесалија по својата крв и потекло е грчко и според тоа има желба да се соедини со Грците. Грчките делегати на конгресот- Далианис и Рангабе изјавуваат желба за соединување на Крит, Епир и Тесалија, со Грција.

Големите романски патриоти Јон Братиану и Михаил Когалничиану решиле да го бранат Меморандумот на Армн Македонците во Тесалија, иако било невозможно. Тоа од причина што целата нивна грижа во одбрана на виталните интереси на Романија се состоеле во заштита на Бесарабија од нејзино приграбување од страна на Русите.

Во време на Турско- грчката војна од 1879 година Армн Македонците од Тесалија направиле нов протест до големите сили со цел, тие да останат во состав на Турција. Нивното барање предизвикало сензација во странскиот печат.

Но тоа немало никаков одек во диполоматските кругови.[36] За да се има поголема контрола врз развојот на школството во Македонија, Романската влада во Битола во 1892 година, отвори конзулат, чие инаугурирање имаше вистинско национално значење".

Па само едно: романско со романски јазик на Романија и Романската црква.

„**4. АРМН МАКЕДОНСКО КНИЖЕВНО ДВИЖЕЊЕ**

ПЕДАГОШКИ КНИГИ.- Секаде каде постоеја поволни услови за развој на културно и национално движење од 1860 година наваму, условило и објавување на бројни изданија од книжевен и дидактичко- методски карактер на армнски и романски јазик. Многу со својата вредност останаа се до денешни дни. Еден од значајните дела од дидактичко- методски карактер била армн македонската граматика од И. К. Масиму, објавена во 1862 година. Бидејќи авторот не го познавал добро армнскиот јазик, нејзината содржина не даде некоја посебна научност. Меѓутоа, оваа публикација даде доста смел дијалектички потфат во негување на јазичната култура".

Стои: „авторот не го познавал добро армнскиот јазик".

Ова не важи кај брсјачкиот говор- него добро го познаваат сите Брсјаци.

„Д. Атанасеску, оснивачот на првото армнско училиште исто така е автор на повеќе педагошки книги на армн македонски јазик. Прва негова книга била- Армнската ('романската'(граматика за Армнците ('Романите') од десната страна на Дунав (1865) (GRAMATICA ROMANEASCA TRA ROMANLJI DIN DREPTA DUNARILJEI). По својата вредност оваа публикација се издигаше над граматиката на Бојаџи и Масиму во повеќе погледи. Во 1867 година е отпечатена кратка историја на Армните ('Романите)' од десната страна на Дунав, во чија содржина имаше определени прашања и одговори. Оваа публикација требаше да послужи за развојот на националните чуства кај младите. Таа се однесува на политичкиот живот на Армните (Власите) од Хем, а не се споменува ништо за политичкиот живот на Армните од Македонија".

Не се работело за никакви Армни и Армн Македонци туку само за Романи.

„Исто така, во спомнатата- 1867 година е отпечатена 'Светата кратка историја' (ŞCURTARE DE ISTOIRIA SACRA), пишувана според текстот на 'SFÎNTEI SCRIPTURI'.

После тоа е објавена географија, како и бројни прирачни книги и буквари (Абецедари) за почетните одделенија, 13 на број. Тоа е всушност, публикацијата под наслов: 'Катихиза или кратки познавања од христијанската религија', работено од Д. Атанасеску. Покрај овој труд, истиот автор има пишувано и други текстови со поучна содржина. Една книга пригодна за читање напишал и А. Баган и ја обја-

[36] „**III**. ...се до 1905 г. кога согледувајќи ја грешката со 'Хатишериф издаден од Султанот' Армн Македонците беа признаени за посебен 'милет'- нација...". (Па само Романци со Романска црква, Р.И.)

вил во 1877 година под наслов: ‘CARTE DEALGERE’, Букурешт, 1887 година. Ова дело била негова највредна работа.

НАРОДНА ПОЕЗИЈА.- Армн Македонците се, релативно, мошне богати со дела од народната поезија. До денес објавената народна поезија далеку е од вистински создадена поезија. Првите армн македонски народни песни се собирани од учениот Турчин, Мехмед Саид и објавена во ‘Пиндска пчела’ (ALBINA PINDULI) во 1868 година. ‘…Во нив најдов, пишуваше спомнатиот поет муслиман, чуствителни и имагинарни толку убави, што не дозволував да мине ден, а да не преведам на турски по две до три армнски песни…’.

Јон Карагиану објави во 1869 година во списанието ‘Книжевен разговор’ (CONVORBIRE LITERARE) десет песни на армн македонски јазик, проследени. (здружени), во една историско- лингвистичка студија.

Народни песни имаат собрано, пред се, Вангелие Петреску, потоа Ташку Илиеску, Вајганд, Теодор Бурада и Перикле Папахаџи. Последниот собрал и објавил, покрај народни песни, и други видови на литерарни творби на армн македонскиот народ.

Креативност на книжевното творештво кај народниот гениј малку е присутно. Првиот творец- Михаил Николеску со успех успеал да се обиде во книжевното творештво. Својата поезија ‘Цвеќе од Македонија’ (Lilica de Macedonia) претставува вистински бисер во армн македонската литература. Песните се полни со нежност и со патриотски чуства. Многу од нив, како ‘Робот’ (Sclavul), ‘Орото на единството’ (Horo a Unirei), потоа, ‘Јунакот Армн’ (Gionile Armân) се слушаат во сите армнски населби“.

Бидејќи Власите во Македонија се од крајот на 18 век, тие немале ништо со Македонија.Па тие не биле Армн Македонци туку само Власи-и Римјани (Ромејци).

„Еден друг народен и талентиран поет е К. Белимаче. Неговата поезија со насловот ‘Родителскиот завет’ (Pârinteasca dimândare):

Голема клетва да има в’ куќи = Blastem mare s-aibâ ân casa

Кој јазикот свој- си го остава... = Cai di limba alui s-alasâ,

... инспирира вистински ужас и грозоморство во душата на секој противник на нациионалната кауза. Значајни се бројни млади дела, движејќи се кон еден повисок степен, преобразувајќи ја литертатурата на армн македоинскиот јазик.

СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ.- Првото литературно списание е ‘Пиндска пчела’ (Albino Pendului)- (1868- 1870). Преку тоа списание се овозможуваше основа и услов читателите да се запознат со биографиите на повеќе армн македонски капетани од Епир и Тесалија. Исто така, извадени се во светлоста од пишуваните дела на Роса, Данаил, Кавалиоти и други. Овие заслужни публикации ги охрабрувал и самиот крал Карол.

Во 1880 година, В.А. Уреќа презеде иницијатива за публикување на еден македонски албум (Album Macedo- Român), упатувајќи апел до сите истакнати литерати од земјата и странство, објавувајќи конкурс за соработници. Апелот имаше позитивен ефект во јавноста. Во списанието соработуваа следните јавни и културни работници: П.С. Аурелиан, Д. Братиану, Б.Х. Хасдеу, Т. Мајореску, Јон Ѓика, М. Когалничеану, К.А. Росети, епископот Мелхиседек и тн. Од странство имаа примено статии од: De Quatre, Fages, Litré, Jules Simon, Edgar Quinet, Levasseur, Victor Hugo, Fr. Miclosich, Miler и тн.“.

Се кажа: „македонски албум (Album Macedo- Român)“.

Власите биле само Римјани (Ромејци)- Романи, но никако Аромани=Армни.

„Во 1868 година се појавува списание ‘Македонија’ во кое соработуваа значајни литерати. Како: Багав, Каирети, Михаелеску, Мурни и други. Списанието, во голема мера, се уредуваше на дијалектот на Армн Македонците и содржеше богат фоклорен материјал“.

Власите пишат, тие биле преселени од Италија- не можеле да се Македонци.

„Првото политичко списание ‘Братство помеѓу Правото ’ (Fratililia intru Dreptate)- (1880) се уредуваше на армн македонски јазик и на грчки јазик. Во 1893 година се појави весникот- ‘Балкански Полуостров’ (Peninsula Balcanica) редактиран од професорот Стефан Михаелеску. Тој водеше бескомпромисна борба против денационализацијата на својот народ гонејќи ги противниците, а со цел за остварување на националните интереси на својот народ во Македонија. Во 1897 година се објави весникот ‘Македонски весник’ (Gazeta Macedoniei) во уредништво на Јон Аргинеану, со редакција составена од најзначајните професори Армн Македонци“.

Јон Аргинеану бил учесник за Армн Македонците- тој книгата ја дотерувал.

„**5. БОРЦИ И ДОБРОТВОРЦИ**

СВЕТИАПОСТОЛИ (ПРОПАГАТОРИ).- Првите учители биле големи борци за националната кауза. Храброста, стрпливоста и истрајноста беа карактерни особини што им овозможија извршување на нивната мисија. Тоа сосема го означува и самиот збор- ‘апостоли’. Успехот, го оправдувал името што го носат. Таков бил Д. Атанасеску за населбата Трново, браќата Димитрие и Никола Космеску за Гопеж, Н. Попилиан за Битола, Тамара и Филип Апостолеску за Охрид, Маргарит и Тулиу Тацит за Клисура, Чонеску за Крушево, Јонеску Кирана за Невеска, Пердиќи за Перивол, Шому за Авдела, Бадрилекси за Каливе и тн. Првите учителки- Елиза Н. Космеску, Агата Апостоеску и Викторија Потилиан со својата сесрдност и самопрегорност оставиле неизбрпшливи траги во историјата на женското армско учителство во Македонија.

Гимназијата во Битола во почетокот била раководена од истакнати професори, кои со своето знаење и патриотизмот и дадоа силен импулс на армската казуза во Македонија. Такви беа, пред сѐ, Глодариу- Романец од Трансилванија, енергичен свештеник, потоа, Јон Георгијаде- Мурну, К. Каирети, Андреја Багав и други“.

Па „армската казуза во Македонија“ е од 19 век, а не пред тоа- Македонци.

„Еден од челниците од Армните во Македонија, кој скоро цел век делувал во ширењето на влијанието на движењето на армн македонската национална кауза, бил Апостол Маргарит (1832- 1903)“.

Апостол Маргарит бил само за Романци, Романска црква со романски јазик.

„Во 1877 година Романската, признавајќи ги неговите заслуги, како директор на училиштето во Влахо- Клисура, го назначил за директор на училиштето во Македонија. Во борбата против денационализацијата водеше остра кампања против Грците. Заедно со фило-романецот Фавојриал ги демаскираше интригите и плановите на агентите на панхеленизмот во странскиот печат, како и во одделни списанија и брошури, како: ‘Les Valaquies du Pinde’ ‘Les Grecs, Valaques, les Albanais et l’ Empire Ottoman.’ Бил дописен член на Романската академија на науки во Букурешт. А Маргарит бил извонредено интелегентен човек, поседувал железна волја, бил голем говорник со мошне голема способност. Националното движење меѓу Армн Ма-

кедонците, било толку раширено и силно предводено од оваа енергична личност, така што се чуствувало неговото, силно влијание на овие простори“.

Се работело само за Романија, Романска црква и романски јазик-без влашко.

Имало само Власи, никако Армни ниту Армн Македонци.Следи Влав=Влав.

„ДИМИТРИЕ КОЗАКОВИЧ (1790- 1866).- Армн Македонскиот патриот од Македонија, Димитрие Козакович, преставувал забележителна фигура на армн македонското национално движење. Роден бил во Мецова во 1790 година. Таму завршил основно образование. Бил усвоен од својот вујко во Будимпешта каде се посветил на изучување на странски јазици. Тој бил вистински полиглот. Делувајќи заедно со Петру Мајор и Шинкаи се поврзал во активна дејност со истакнати личности во борба за остварување на армн македонската национална идеја.Потоа отишол во Романија, каде со подршка на Александар Ѓика, (1834- 1842) стигнал до степен капетан и аѓутант на својот претпоставен. Откако се демобилизирал од војската се вклучил активно во борба за отварање на армнски училишта во Македонија“.

Презимето Козакович било со тн.словенски ч-Власите одродени тн.Словени.

„После настаните од 1856 година, кога Романија се стекнала со своја целосна внатрешна автономија, Козакович поврзувајќи се со познати личности на Романија, целосно се вложил во борбата за остварување на националната идеја. Заради тоа, стапил во блиски односи со браќата Братиану, потоа, со Цезар Болиак, Хелиаде -Радулеску, К. Негри, Д. Болинтеану и други. Објавил бројни статии во весникот ‘Buciumul’, каде ја образлагал тезата за потеклото на Армн Македонците“.

Презимињата се со тн.словенски значења- Власи само одродени тн.Словени.

„Во својата куќа Козакович створил место каде доаѓале и се собирале сите Армн Македонци од Букурешт. Во 1860 година станал член на Академијата на науките на Романија. Со тестамент го оставил целото богатство од над 100.000 франци за армнското училиште во Гопеш“.

Димитрие Козакович работел само за Романија со нејзиниот романски јазик.

„**6. БОРБА НА НАЦИОНАЛИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

ГРЧКА, БУГАРСКА, РОМАНСКА И СРПСКА ПРОПАГАНДА.- Грчкиот елемент бил мошне слабо застапен во Македонија. Нешто поброен бил во Јанинскиот вилает. Меѓутоа, грчката национална пропаганда во Македонија е најмоќна. Таа се шири преку панхеленските агенти. Тие низ верското и културното влијание делуваат на погрчување на армн македонското и албанското население на овие простири.

Другата по ред пропаганда е бугарската.[37] Таа се остварува и преку моќно религиозно влијание. Трето по ред е романската пропаганда, а на крај е делувањето на српската пропаганда“.

Биле само црковни народи: Цариградска,Бугарска,Романска и Српска црква.

Никогаш немало етнички народи- се говорел пелазгиски=тн.словенски јазик.

„ИДНИНАТА НА АРМН МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ. -Сите странци кои го пропатуваа Балканскиот Полуостров се единствени во мислењето дека армнскиот елемент во Македонија се одликува со посебни квалитети. Неговата интелегенција, вредност, стрпливост, внимателност, желбата за културно издигнување, скромноста со која се одликува, на крајот и сите морални вредности и интелектуални квалитети се карактеристики со кои се одликуваат Армн Македон-

[37] Па покрај Цариградска патријаршија со Грци имала и султанова Бугарска егзархија со Бугари.

ците. Во поглед на нивната интелегенција Армн Македонците одскокнуваат над сите народи на Балканскиот Полуостров, дури и над Грците“.

На Балканот има повеќе држави. Таква немаат само најпаметните- Власите.

„Грчката култура во Македонија е потпомогната во најголема мерка од армнските фондови, и тие претставуваа голема опасност за армнскиот елемент на југот од Балканскиот Полуостров“.

Власите биле најверни Грци во Елада, Албанија и Р.Македонија- и Романци.

„Националниот препород кај Армн Македонците започнаст во 1860 година се разводнува најповеќе од споменатата опасност. Реализираниот напредок на тој план, спореден со тие тешкотии, доволно јасно зборува за тие односи. Со националната култура Армн Македонскиот народ тежнее да стане еден значаен фактор на цивилизацијата и животот на Армните од десната страна на Дунав. Вечниот интерес и грижа на возвишениот крал Карол, е носител на развојот и расцветот на романизмот на Балканот, претставува најцврст гарант за значајната иднина на ова- армн македонска и национална кауза“. (Само Романија и романско- ништо влашко, Р.И.)

Со тоа што авторот J. Аргинтеану со други влашки автори нивните Власи ги нарекуваат Армн Македонци, а Македонците Словени, Армн Македонците се лага:

БЕЗ ИСТОРИСКИ ДОКАЗИ ЗА АРМН МАКЕДОНЦИ

Во прилог е додатокот во книгата со кого се надополнува романскиот автор:

Прв дел **Стариот свет, Глава прва** стои за Влашкиот елемент на Балканот:

„**I.** Треба да се напомене дека акцентирајќи го терминот ‘Арманска група на Власи’, J. Аргиентану јасно алудира само на оној дел од Армн Македонците кои на одреден начин во дадениот момент бил национално осознаен или пак бил под влијание на романската пропаганда. Да се добие појасна представа за бројот на Армн Македонците на територијата која ја опфаќала некогашната античка Македонија без да навлегуваме во подетална анализа и процена доволно е да се истакне фактот дека само грамоско- москополската група на Армн Македонците до моментот на палењето на градовите Грамоста, Москополе, Линотопеа, Николица, Биткуќи... а тоа е втората половина на XVIII век према сигурни извори броеле некаде околу 400.000 припадници.

Затоа J. Аргинтеану зборува за ‘зголемување на бројот’ а не за стварен број кои го зборуваат мајчиниот јазик. Према сознанието поголемиот број на Армн Македонци и покрај тоа што во меѓусебното општење го употребуваа мајчиниот јазик, а скоро да не го ни знаеа грчкиот јазик биле под влијание на грчката пропаганда“.

Историски Македонците изчезнале- останале само Власите кои паселе овци.

„**II.** На прашањето за потеклото на Армн Македонците историската наука му посвети нужно внимание. Преовладува мислење, според кое, тие се потомци на старите балкански племиња (Трако- илирите). Некои, пак, сметаат дека тие се директни потомци на римските колони. Најновите археолошки и антрополошки истражувања зборуваат дека овој етнички елемент на Балканот го сочинуваат палео- медитеранско- индоевропската симбиоза на тип на луѓе, кои како што е наведено, се протегаат на Балканскиот Полуостров, а и надвор од него. Според некои се смета дека основата на нивниот јазик е латинскиот, но во исто време, во него се застапени

и грчки, албански и словенски елементи. Некои, пак, сметаат дека јазикот на Армн Македонците е трачкиот јазик.

Според тоа, постојат неколку теории за потеклото на Армн Македонците на Балканскиот Полустров. Според едната, Армн Македонците се остаток на старите тракиски племиња, кои во античко време живееле во Епир и југо- западниот дел на Балканскиот Полуостров.Тие, се чини произлегуваат од мали народи-Молоси, Веси и грчко-епирските елементи кои живееле во планинските предели на Пинд, Албанија и Грција, епирскиот дел и стигнале дури до Црна Гора, Далмација, Босна и тн., каде се формирал широк појас на стар романски етнички елемент. Процесот на романизацијата на јазикот траел повеќе години, почнувајќи од II век после Христа, па се до VII век, кога на Балканот се доселиле Јужните Словени. Во поново време се појави теорија која застапува мислење дека на балканските природно- географски простори не постоела никаква романизација на староседелското трако- илирско население. Основното, суштинско прашање врз чија основа се заснова ова мислење се содржи во заклучокот според кој армн македонскиот не е ново- латински, туку латинскиот е ново- трачки јазик (armân makedoneasca nu e neo-latinâ, ma latina iaste limbâ neo-tracâ). Наведената поставка за потеклото на Армн Македонците се заснива врз проучувањето на бројни стари натписи, откриени археолошки предмети на просторот каде со своето присуство трако- илирските племиња оставиле неизбришани траги.

Вака поставените односи во врска со етногенезата на Армн Македонците ги поставува читателите пред дилема: Што се Армн Македонците ? Кои се нивните предци и каква е димензијата во генезата на оваа стартобалканско население ? Авторот на 'Историјата на Армн Македонците (Власите)'- Јон Аргинтеану, застапува мислење дека Власите во Македонија потекнуваат од Дакија и дека потоа дошло до една 'дислокација' на поголема романска маса кон планината Власина во Стара Горна Мезија (денешна Србија). Оваа 'Дислокација' била предизвикана, наводно од словенската наезда при нивното доселување и населување на Балканскиот Полуостров меѓу VI и VII век. Според тоа, со оваа дислокација, кај некои романски научници се создава претстава дека Армн Македонците се дислоциран дел од романскиот народ. Наспроти тоа, прочуениот филолог Таки Папахаџи не се согласува со мислењето на одделни романски историчари, меѓу кои и со Ј. Аргинтеану, кои тврдат дека Армн Македонците потекнуваат од Дакија. Папахаџи ја формулира теоријата за грчко- илиро- дачки романитет, со што се развива географскиот аспект за генезата на Армн Македонците и вели дека тие се од трако- илирско потекло. Мошне содржајна и темелна обработена теорија е дадена од К. Папаначе, која е на иста основа со Т. Папахаџи.

Грчката историска и филолошка наука отсекогаш тврдеше дека Армн Македонците (или Куцовласите, како што тие ги нарекуваат Власите) што живеат на Пинд, во Епир, во Македонија, во Тесалија, уште од почетокот и припаѓале, наводно на грчката нација. За нив Армн Македонците се Грци што го прифатиле 'латинизираниот' влашки јазик. Според М. Хрисоху, инаку грчки офицер, Армн Македонците потекнуваат од староседелците кои ги населувале бројните премини, теснеци и клисури во планинските предели на Пинд и другите планини по окупирањето на тие области од страна на Римјаните. Биле стражари на Римската војска. Според Хрисоху, Армн Македонците произлегле од планинските и гарнизонски стражари

кои ги користеле Римјаните. На стражарите и борците им биле давани разни привилегии и имоти во познати места како ветерани на победоносните легии. Овие стражари биле регрутирани од староседелското население од Епир и Македонија. Со текот на времето, според Хрисоху, се формирал еден латински, влашки говорен идиом со население кое се простирало на Пинд, Варнута, Олимп и тн. Слично мислење имал и Е. Курилас.

И други научници, чија преокупација била балканската историографија и антроплогија, во врска со прашањето за потеклото на Армн Македонците застапувале слични ставови и мислења. Така, С. Папагеоргиу ја отфрла теоријата дека тие се староседелци. А.Карамопулос, пак, вели дека Армн Македонците не се ниту италијански колонисти, ниту дако- романци, туку дека тие се староседелци, мали латинизирани тракиски народи. Ф.Ј.Сулцер (1771) тврди дека Армн Македонците не потекнуваат од Дакија туку напротив Дако- романците произлегуваат од земјите каде биле распрснати романските популации, докажувајќи дека Дако- романците и Армн Македонците се развивале на свои територии. Ј. Туман (1774) го прифаќа тврдењето за потеклото на Армн Македонците од доморедчките тракиски елементи, одделувајќи ги од Дако- романците. И Шафарик (1843) имал слично мислење. Тој докажува дека пред оформувањето на романскиот народ, поинакви биле латинизираните популации кои живееле во Дакија. За разлика од Армн Македонците кои живееле во Епир, Тесалија и др. Фр. Миклошиќ (1862) смета дека почетоците на сите латинизирани народи на Балканот се наоѓале во провинциите на јужните брегови на Јадранот. В.Томашек (1864) смета дека само Дако-романите се латнизирале, а Армн Македонците биле латинизирани и потурнати од разни наезди на Бугарите, та затоа се населиле на Пинд. Р.Рослер не се согласува со гледиштето дека Армн Македонците потекнуваат од Западна Тракија и не признава дека Пиндските Власи биле потомци на Весите. Ксенопол, пак, вели дека Армн Македонците не зборуваат ист јазик со Дако-романците. Б.Стефаноски во својата студија 'Трако-дачкиот јазик основата на индо-европските јазици', смета дека јазикот на Армн Македонците, всушност, е јазикот на Трако- илирите кои со својата присутност извршиле влијание врз останатите народи и нивните јазици. Исто така, спомнатиот автор смета дека на овие природно- географски балкански простори староседелското балканско трако- илирско население не било романизирано, односно латинизирано. Тие го зборувале својот исконски трачки јазик. Бројни археолошки наоди и откриените предмети и надгробни плочи со своите натписи, пронајдени на територијата на Балканскиот полуостров и Мала Азија, со една внимателна анализа на текстовите, ја потврдуваат поставката за армнскиот карактер на јазикот на Трако-илирите и истиот се идентификува со јазикот на Армн Македонците, согледан од аспект на природната променливост на определени односи низ еден подолг временски след".[38]

Се наведе: „...балканско трако- илирско население не било романизирано...".

---

[38] Види литература: C. Papanace, Geneza shi evolutsia etnica la Macedo-români-Redeshteptarea lor Natsionale. Noul Album Macedo-roman, Vol. II, Freiburg, 1965; Th. Capidan, Aromanii- Dialectul Aroman, Bucureşti, 1930; A. Haciu, Aromani- Comerts, industrie, arte, expansiune, Forsciani, 1936; N. Jorga, Istoria Romanilor din Peninsula Balcanica, Bucureşti, 1919; B.Stefanoski, Libra traco-dacâ fundul a limbilor indo- euraneane, Tetovo, 1993; В. Трпковски-Трпку, Власите на Балканот, Скопје 1986;Н. Попникола, Етнопгенеза на Власите, фељтон, објавен во „Нова Македонија", Скопје, од 16-22 април 1991, и др.

Дионосиј Халикарнишки пишел, Римјаните говореле варварски и пелазгиски- само тн.словенски. Бидејќи латинскиот не бил народен, немало латинизирање.

Армн Македонци никогаш немало туку Власи- тие биле овчари и трговци.

„**III.** Најновата студија 'Пелазги' (1998) од авторот Б. Стефаноски, во која се обработени: јазикот, писмото и името на Пелазгите во потполност ги потврдува изнесените тврдења на Ј. Аргинтеану. Врз основ на анализите на 'пелазгиската инскрипција од островот Лемнос' и бројните презентирани записи од античките писатели недвојбено се наметнува фактот дека меѓу пелазгискиот и трако-илирскиот јазик кој е јазикот на Античките Македонци постои едно нераскинливо јазично единство.

Наведените јазици се во директна врска со денешниот говорен армн македонски јазик. Како илустрација на изнесените тврдења ќе приложам само два записи на античките писатели презентирани во споменатата студија.

Полибие (II век пред Христа), 'Илирскиот јазик е македонски дијалект, а и трачкиот јазик' (19. Claudius. Cap. 15. Aurelianus. Cap 13; Appianus Illyr. Cap. 6; Manneret)

Јустин (II век по Христа) 'Македонија...Ематхиа е...по народот пелазгиски' (lib. VII. 1.1)".

Бидејќи варварски=пелазгиски=тн.словенски, влашкиот не е пелазгиски-нов.

„**IV.** Древните Македонци, како посебен народ на овие балкански простори, на одреден начин се наоѓа во блиски односи со Трачаните, кои во текот на времето се инкорпорирани во македонскиот народ. Историчарите и писателите, како- Херодот (484- 427 г. пред Христа), потоа Тукидид (460- 396 година пред Христа), Демостен (384- 322 г. пред Христа), Страбон (60 г. пред Христа- 29 г. после Христа) даваат мошне богати податоци за Македонија и Македонците. Квинтус Куртиус Руфус (I век после Христа)[39] во 'Историјата на Александар Македонски' го претставува истиот како заштитник на традициите и јазикот на древните Македонци. Плутарх (46- 120 г. после Христа) дава мошне богати податоци за Дако- римските војни во 'Паралелниот живот' и ја наведува благодарноста која Александар Велики ја изразува кон македонските борци кон македонските војски, но не и кон грчките наемници, кои кога имаа прилика ги саботираа неговите акции. Тит Ливие (59 година пред Христа- 17 година после Христа) носи драгоцени податоци за древните Македонци во 'Историјата на Римјаните', додека Ариан (95- 175 г. после Христа) во своето дело 'Анабасис' (историја во седум книги) ја прикажува храброста на Александар Велики. Овде се среќаваат драгоцени податоци за експедицијата на Македонците во 335 година пред Христа против Гетите".

Ниеден автор не говори за Власи- такви немало. Никако Армн Македонци.

„Како видовме постојат докази за реалните односи и врски на Трако- илирското население во светлоста на неговото инкорпорирање во старомакедонско население. Грците од секогаш тие односи ги негирале. Низ периодот на времето од антиката во одделни извори Грците ги нарекувале трачките племиња со следните имиња: Аримини, Арамеи, Армини, и тн., или со општо име Пелазги (Pelasgi, Palasti) и тн. Лингвистите и историчарите, во доста голем број, се сложуваат во тоа што овој општ трачки етноним го даде и старото име сочувано до денес VALASHI, VLASHI, VALASHI, VALAHI, VALAH, BLASH итн., кое име го носел трачкиот

[39] Најстар манускрипт од 9 век, а книгата е печатена во 15 век. Па книгата не била на антички автор.

народ, како општо име на сите историски територии. Независно од тоа, врската меѓу трачките племиња и старите Македонци, односно нивното заедничко потекло е евидентно.

Историските и археолошките извори, како и јазично- лингвистиичките сознанија не запознаваат со фактот според кои присуството на Трачаните во Тракија и Македонија е толку старо, кои според Вл Георгиев, го исполнува целиот неолитикум.

Спореди A. Berinde "Macedoromânii, Rev." „CLIO", an. II, No 6-7 (јули- август), Темишвар, 1993".

Стои:„трачките племиња со следните имиња: Аримини, Арамеи, Армини...".

Па ова произлегува само од Римјани=Ромеји- такви биле Еладците во 19 век. Само никаде не паѓало збор за Армн Македонците- Власите не биле од Македонија. Името Армн=армна нема врска со Пелазги=Белазги,Пеласти=Беласти, Пела=Бела...

Името Власи означува само овчари: влас- власина, која се влаи до Влаинка.

Власите во Македонија дошле од Москополе- Корча. Па тие биле Дојденци.

Траките се среќаваат во Илијада, а Херодот ги внел Илирите-ништо влашко.

„**V.** Општо прифатена теза е дека денешните Албанци се потомци на Илирите. Меѓутоа, прашањето на етногенезата, кај секој народ е тежок проблем. Особено тежок проблем претставува и етногенезата на албанскиот народ, заради померување на пишани извори. Тоа условило нивната историја да биде обвиена со темнина. Всушност, на територијата каде што денес живеат Албанците своевремено живееле Илири. Иако тие не оставиле никаков историски документ, сепак, нивниот историски развиток, благодарејќи на грчките и латинските писатели е познат. Познато е, имено, дека по поразот од Римјаните тие подпаднале под нивната политичка власт. Прифатено е мислењето, според кое, со тоа отпочнала романизацијата и асимилацијата на тоа население со новопридојдениот владеечки елемент. И Јон Аргинтеану смета дека Албанците се потомци на Илирите и дека преку изучувањето на нивните јазични особености може да се проучува јазикот на Трачаните, односно се навлезе во карактерот и суштината на односите меѓу старомакедонскиот народ, односно поврзаноста на древните Македонци и Трачаните со Илирите. Во толкувањето на прашањето на етногенезата на албанскиот народ се одеше во таа насока што се негираше секаква етногенетичка врска меѓу Илирите и Албанците, пред се, не како проблем на историјата, колку како филолошки проблем.Уште Ј. Туман (1774) утврдил дека во историјата на Албанците никаде не е забележана некоја појасна имиграција во краевите на денешна Албанија.

Главни претставници кои ја порекуваат етногенетичката врска меѓу Илирите и Албанците се, пред се, лингвистите почнувајќи од Х. Хирт, Г. Вајганд, Х. Бариќ, а во последно време Владинир Георгиев. Сите наведени научници ги третираат Албанците како потомци на Трачаните (Х. Херт, К. Паули, Г. Вајганд односно Тракодако- фригијаци (Х. Бариќ), или Дако-мезијци (Влад. Георгиев).

Наведените претпоставки, на одреден начин Албанците ги третирале како контуирани Трачани, а албанскиот јазик како континуиран трачки јазик.

З. Мирдита, Илири и етногенеза Албанаца, Зборник предавања 'Из историје Албанаца', Београд, 1969, 11-16".

Бидејќи Римјаните говореле варварски и пелазгиски (Дионисиј Халикарнишки- тој во Рим живеел во 1 в.н.е.), не можело да има романизација- таа била лага.

„Најновите сознанија кој ги презентира Б. Стефаноски во делото ‘Трако- дачки јазик основата на индо- европските јазици’ со обработка на стари натписи кои припаѓаат на илирските племиња: Фриѓи-Бриѓи, Десарети и Дарданци, за првпат во право светло се презентира јазикот на овие непознати илирски племиња. Нивниот јазик во целост кореспондира со денешниот говорен армн македонски јазик. Даденото тврдење е во потполна согласност со пишувањето на античките писатели, пр. Полибие (II век пред Христа) ‘Илирскиот јазик е македонски диалект а и трачкиот јазик’ што наполно одговара со сознанијата на Б. Стефаноски да илирскиот јазик е само едно од бројните наречја. Према тоа директно поврзување на денешниот албански со илирскиот идентитет нема никаква основа“.

Влашкиот е мешан јазик, а не пелазгиски, како на античките Македонци.

„**VI.** Тракија и Трачани (Thracia, Thraces) претставувале етничко- географски поим променлив во различни периоди на историјата. Под колективното име ‘Траки’ старите антички народи, а во прв ред Грците, што првите и ги запознале оставајќи при тоа и пишани информации за нив, подразбираа голема група на племнија- сродни како во однос на јазикот, нивната социјално- еконимска основа но исто така и присуство на речиси, подеднаква култура и сл.

Трачаните биле расположени на северо- источните делови на Балканскиот Полуостров. Според тоа, територијата на Тракија се протегала меѓу Егејското Море и планината Балкан, допирајќи до бреговите на Црното Море, ширејќи се спрема границата на Македонија и Илирија. Присаство на трачки племиња е забележано и покрај реката Дунав, но нив ги имало и северно од реката Дунав допирајќи до Карпати, дури до сарматските степи- спрема исток и бреговите на Азовското Море и Босфорскиот мореуз на исток. Надвор од Балканскиот Полуостров, кон југ и исток, Трачаните биле населени и на островите на Трачкото (Бело) Море и тоа Самотрака, Лемнос, Имброс, Тенедос, како и на некои други острови. Исто така, нив ги имало и на западниот дел на Мала Азија, и тоа, во Битинија, Мезија, (идентично име со Moesia, Moesi, кои живееле долж долниот тек на реката Дунав), Троас, и тн. Нивното присуство било забележително дури до изворите на Еуфрат, како и на Кавкаскиот басен.

Живеејќи со блиските антички народи, Трачаните биле изложени на взаемни влијанија. Тоа го потврдуваат бројни топоними, а посебно на антропомастиката на тие територии (малоазсиски, ирански, грчки). Меѓутоа, географските граници на територијата на трачкиот народ не можеле да бидат постојани со соодветна точност, од причина што постојаните движења на античките племиња и нивното мешање со Илирите (со кои се јазично сродни и представуваат само една поголема посебна трачка јазична диалектичка група), Келтите, Грците, иранските племиња, ја оневозможувало соодветната постојаност на дадените граници.

Проучувајќи го прашањето за потеклото на Армн Македонци, од поголем број на научници што се занимаваат со овој проблем е прифатена теза дека тие се потомци на Трачаните, Илирите, старите Македонци и Римјаните. Непосредните посматрања на античкото потекло на балканските народи, вклучувајќиги во нив и Армн Македонците, како да покажуваат тенденција на влијанието на Трако- Илирите, односно нивните потомци врз формирањето на тој етнос. Според тоа, сите народи населени на територијата на Балканскиот Полуостров: Романи- Латини, Бугари- Туранци, Срби (и сите јужнословенски народи- Македонци, Хрвати, Словенци,

Црногорци)- Словени, Грци- Елини- имаат едно заедничко потекло во себе, кое ниту е елинско, ни латинско, ни словенско, а помалку туранско. Треба да се имаат во предвид преживеаните предци на големиот ТРАЧКИ НАРОД (како и на него идентични Илири), кои се протегаа од Мала Азија, регионот на Кавказ и извориштата на Еуфрат, чие влијание во дадените процеси без сомнение, се значајни".

Па Армн Македонците биле „потомци на Трачаните, Илирите, старите Македонци и Римјаните"- сите тие имале варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

„Иако и J. Аргинтеану, во основа на етногенезата на Армн Македонците ги постатавува Дако- романите, кои со Словенската навала на Балканските простори, во периодот меѓу V и VII век, ги населуваат тие територии, сепак, општо е прифатена тезата дека Армн Македонците се потомци на Трако- илирскиот народ. Според тоа, Трако- илирите во последните векови пред Христос, претставуваа основен слој на населението на Балканскиот Полуостров, односно Југо- истокот на Европа.

Според, N. Jorga, Historie des Etatsla Balcaniques a l'epoque moderne, Bucurest, 1914, 38; Б. Стефаноски „Трако- дачкиот јазик основа на индо-европските јазици" 1993 г.; Б. Стефаноски „Пелазги" (јазик, писмо, име) 1998 г.".[40]

Армн Македонците историски не биле познати- Армн Македонци кованица.

Според Херодот, Траките биле најбројни-сега се најбројни само тн.Словени.

Балканот е премало генетско- географско подрачја за повеќе народи- јазици.

„**XIII**.Развојните текови на генезата на арм македонскиот народ на овие природно- географски простори мошне е сложен. Во оцена на одделни појави, настани и процеси, во случајот и согледувањето и оцената на прашањето на етногенезата на одделни народи, па и на армн македонскиот народ, покрај користењето на историските и соодветната литература, се наметнува потребата од користење на логиката на природните нешта. При тоа, со примена на индукцијата, како метод во толкување на дадените прашања, врз база на извршната опсервација, секако, се формира определен заклучок. Доколку тој заклучок се заснива врз потребни факти, истиот може правилно да биде поставен и прифатен.

Во врска со тие мошне сложени, а во основа интересни прашања на етногенезата согледан е од разни аспекти. Општо е константирано дека денешните Армн Македонци се потомци на Трако- илирите.

Низ периодот на својата долга историја Трако- Илирите биле изложени на силни влијанија. Дури Трако- илирското население во внатрешноста на Балканскиот Полуостров било на степен на културата на железното доба, секако, со производни сили и материјална култура неспоредливо поразвиена отколку во претходниот период, но сеуште без широко распространето сред народните маси писмо: дотогаш во соседна Грција, потоа во Мала Азија и на Апенинскиот Полуостров израснале големи антички цивлизации.Трако- илирското население во текот на времето, со тековина на грчко- римското општесево доаѓало во допир што се гледа и во материјалната култура на предметите во Троја, како и во други места низ Мала Азија и на балканските простори. Наводите, сами за себе, ја потврдуваат поставката, според која, во тие допири меѓу Трачаните и Грците независно од различниот степен на социјал- економска и културна развиеност со натамошниот развиен пат, тие односи биле до тој степен развиени што условило и определени крвни односи,речиси, меѓу сите социјални слоеви на даденото Трачко- односно Грчко општество.

[40] Наведените извори се преселективни- нема ниеден друг извор. Па најбројни биле и се тн.Словени.

Од сличните фреквенции на вкрстување меѓу Грците и Трачаните изразнаа мошне проучени личности во политичкиот, научниот и културниот живот на античка Грција. Така, на пример, Милтијад, Темистокле, потоа, Кимон, Тукидид и тн. имаа трачко потекло. Мајката на Демостен како и неговата жена Ификрата биле Трачанки. Според некои и Софокле било Трачанин. На тој начин разликите меѓу 'Варварите' Трако- илири и 'рафинираните' Грци, не биле толку големи, особено од времето кога тие меѓусебни односи и достигнале таков степен на развој, и тоа што била можна појава и на крвни односи, дури и со Атинската елита. Може да се напомене што секако претставува значаен факт за докажување на присуството на взаемни влијанија меѓу Грците и Трако- илирските племиња во даденото време и простор.

Според тоа, Балканскиот Полуостров претставувал терен каде се вкрстуваа разни влијанија. Секако, најпрво грчкото влијание имало свој удел во животот на трако- илирското население на овие простоири.Меѓутоа,светот на балканските племиња го преобразиле дури Римјаните. Тие во земјите зад источните брегови на Јадранското Море продирале во етапи, служејќи се со силата на своето оружје и ослонувајќи се на упориштата што постепено ги создавале. Првите акции во правец на Балканскиот Полуостров се забележуваат уште во III век пред Христос. Тогаш римското оруже било вовлечено во судирот меѓу Илирите и грчките колонии. Во основата на нивните акции стоеле природните богатства, особено рудното богатство и шумите, како и можноста за затекнување на нова робовска сила.

Во натамошниот развиен тек, Римјаните ја запознаваат внатрешноста на Балканскиот Полуостров откако конечно ја покориле Македонија во текот на II век пред Христос. Ј. Аргинатеану дава сеопфатни податоци врз Македонско- римските војни и потпаѓањето на Македонија под Римска власт. После поразот на Персеј од страна на конзулот Паул Емилие на 22 јуни 168 година пред Христос, Римјаните го освоиле Епир. При тоа, според едни извори тие разурнале 70 градови и 150.000 Епирци од политички причини преселиле во Италија. Потоа, ја претвориле Македонија во провинција.

Скоро осумте века на римското влијание, од кога римската нога стапнала на Балканската територија III век пред Христос до почетокот на VI век после Христос, кога латинскиот во Константинопол бил заменет со грчкиот јазик, римско-'варварската' синтеза го имаше зафатено целиот Балкански Полуостров.

Со каков интензитет беше остварена таа синтеза, може да се види од почетокот, според кој од 80 императори на Римската империја- 41 биле од Римо-трако-илирско потекло. Ги споменуваме само неколку: Диоклециан (284- 305), Аурелиан (270- 275), Максиминиус Трак (Баба Лика)- (235- 238), Галерие (305-311), Константин Велики (307-337). Овој во 313 година со Миланскиот едикт ја признал христијанската вера како официјална вера во империјата и тн. Според тоа, римско- 'варварската' синтеза на населението од Балканскиот Полуостров, вклучувајќи ги и племињата од Епиро- македонските планини, била продлабочена заради тоа што тоа население кое се наоѓало под влијание на новите господари создало поволна основа и услови за да се делува на романизацијата на староседелското население.

Но дали тоа се случило ?

Граѓанската војна од епохата на Римската република (Фарсала, Филипи, Актиум) со голем број на политички бегалци од редовите на републиканското рако-

водство ги зголемувале старите колони, формирајќи една природна талијанска околина која го фаворизирала латинскиот јазик, делувајќи врз романизирањето на трако- илирското население. Покрај тоа, населението во Македонија (во времето кога оваа земја со секоја клучна позиција се афирмирала во историјата), претставувало една мешавина на Трако- илирско- епирско- македонски елемент. Со својата поливалетна структура на населението таа претставувала добра појдовна основа за романизирањето на Балканскиот Полуостров".

Само со латинскиот латинизирање и со јазикот на Римјаните романизирање.

„Ова се досегашни гледишта на луѓето од науката. ...

Во развојните процеси на трачкиот елемент на балканските простори од аспект на определените миграциони движења кои во даденото време претставувале обична појава, условувале и мешање на одделни племиња меѓу самите нив. Така, според Виргилие (Енеида)- градот Рим е основан во 753 година пред Христос. Создаден е од автохтоните стари Латини и бегалците од Тројанската војна. Херодот (Клие- 94) не информира за првата колонизација на Пелазги (Трачани- Илири) од Лидија во Умбрија- Италија. Исто така, Херодот не запознава за уште една колонизација на Пелазги (Трачани- Илири) од Фокеа, град кој се наоѓал 40 км. северно од Смирна во Јонија, кои после потпаѓањето на Лидија под Персиска власт, прво се преселиле во Корзика, па во правец на запад, каде го основале градот Марсеј.

Со јакнењето на Македонската држава за време на Филип II, дојде до потпаѓање на Балканот под негова власт. За време на владеењето на неговиот син Александар, пак, под негова власт потпадна целиот дотогаш познат свет. Тогаш, секако, доаѓа до израз Трачкиот фактор, имајќи го предвид фактот што староседелското население на територијата на Античка Македонија, во основа било трачко. Во натамошниот след на историски настани, особено, после потпаѓањето на Македонија под Римска власт, на подрачјето на Калабрија и Сицилија, Римјаните одвеле над 150.000 Македонци, кои повеќе пати настојувале да се вратат во својата татковина, меѓутоа, без успех. Последениот обид бил направен во 71 година пред Христос под водство на Спартак".

„Наводите сами за себе укажуваат дека денешните Армн Македонци, по сите основи, се директни потомци на Трако- илирите, кои во својата долга историја ги сочувале сите обележја што истите ги поседуваа (јазикот, хералдиката, митологијата, топонимијата, носијата), секако, со своја модификација во христијанската вероисповест. Според тоа, врз основа на наведените факти, денешните Армн Македонци, во суштина се потомци на Античките Македонци".[41]

Пелазги (Траки- Илири) биле тн.Словени- Власи само одродени тн.Словени.

Глава втора-Словените и Романскиот елемент на Балканското Полуострово

„**I.** Македонските Словени, како гранка на Словенскиот род, до V век се наоѓале во својата прататковина, зад планината Карпати, заедно со останатите словенски племиња. Оттука, прашањето за автохтоноста на Словените на овие балкански

[41] Види литература: C. Papance, Geneza şi evolutia entice la Macedoromani- Redesteptarea a lor national, Noul Album Macedo- Roman, Vol. II, Freiburg, 1965, V. Diamandi- Aminceanul, Romanii din Pennsule Balcanica, Bucureşt, 1938; N. Jorga, Historia Romanilor din Peninsula Balcanica, Bucureşti, 1919: I.I. Rusu, Limba Traco-dacilor, Bucureşti, 1967;B.Stefanoski, Limba Traco-dacâ fudul a limbilor indo-europeane, Tetovo, 1993; Д. Поповиќ, Прилози о читању и разумевању старина, Београд, Ф. Папазоглу, Средњобалкански племена у предримско време, Сараево, 1996; З. Мирдита, Илири и етногенеза Албанаца, Зборник предавања- „Из историје Албанаца" Београд, 1969; B.Stefanoski, Pelazsghii, Tetovo, 1998;

природно- географски простори, според определени историски извори и литература, надвор се од секаква основа“.

Следи Словените како живисуштества исправени на две нозе не се познати.

„Името Словени прв пат се јавува кај некој непознат византиски автор (Дијалози на Псевдо- Цезар) од почетокот на V век, како ‘Склавини’ (Σκλαβιναε). Според овој автор тие живееле некаде во близината на Дунав. Овој податок е скапоцен затоашто претставува не само најстаро споменување на словенското име, туку и најстар византиски податок за животот на балканските Словени, каде истиот ги нарекува ‘Подунавци’ “.

Стои: „Името Словени прв пат се јавува кај некој непознат византиски автор (Дијалози на Псевдо-Цезар) од почетокот на V век, како ‘Склавини’ (Σκλαβιναε)...“.

Следи не се работело за Словени туку Склавини- склава=област. Па Склавина била Романија... а Склавини имало на целиот Балкан сосе Елада и влашки Епир.

„Подоцна во VI век, византискиот автор Прокопие е прв што ги нарекува со името ‘Склавеони’ или ‘Склавони’,односно ‘Скловон’.Како е значењето на ова словенско име уште не е сигурно и конечно објаснето.Истовремено со ова име се јавува и трето име ‘Анти’ или според Јорданес ‘Антес’,кои заедно со Словените ги вбројува во Венети“.(„**словенско име уште не е сигурно и конечно објаснето**“, Р.И.)

Анти=Анти, Венети=Венети и Склавини=Склавини[42]-Словени според слово. Русите за Словени прв пат се изјаснале 860 година, што го пиши цариградскиот патријарх Фотиос.Пред тоа тие пишеле со рецки и биле само Рецкари- „роцки народ“.

„Населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров се одвивало во време меѓу VI и VII век. Словените уште околу 517 година учествувале во борбите против Византија иако не се спомнуваат под нивното име, туку под името ‘Гети’. Тие во својот ограбувачки поход продреле се до Термопилите. Првиот, пак, налет на Антите врз византиската територија јужно од Дунав паѓа во времето на царот Јустин I. Но, Герман, Јустинов роднина и стратег на Тракија ги победил и им влеал ‘голем страв’. Последиците од овој пораз биле тоа, што Словените мирувале за време на целото владеење на Јустин I“.

Гетите биле Траки, а Герман тн.словенски бог. Следи тн.Словени биле лага.

До денес нема материјален доказ/наод за преселување на народи- Словени.

„Од стапувањето на престол на Јустинијан I (527-565), речиси секоја година, како што пишува Прокопие, Хуните, Словените и Антите ги пустошеле Илирија, Тракија, односно сите краишта од ‘Јонскиот залив’ (т.е. Јадранското Море) па се до предградието на Цариград, меѓу кои и Елада и подрачјето на Херонес, така што на тамошното население му нанесувале ‘страшнаи зла’. Трачкииот стратег Хилвуд со успех цели три години ги спречувал овие три народи да го минуваат Дунав и да војуваат против Византијците.

И покрај тоа, во тие бурни времиња Словените продреле јужно од Дунав, населувајќи се во провинциите кои одамна биле пусти. По секоја прилика, населувањето на Словените на овие простори било завршено во текот на половината на VII век. Главната струја на словенската колонизација се разлеала преку Горна Мезија и крајбрежна, Дакија кон внатрешноста на Македонија, па понатаму спрема Елада се до Лаконија, каде Милингитите и Езеритите спомнати од Константин Порфирогенит, стекнале нова татковина. Покрај наведените племиња во Македонија се насе-

[42] Херодот знаел за Анти и Венети,а не за живисуштества испраени на две нозе Склавини и Словени

лиле следните словенски племиња: Драгувити, Сагудати, Велезгити, Вијунити, Берзити и други.

Интезивноста на словенската колонизација на овие балкански простори, како и јачината на мешањето со староселелското балканско население се гледаат според промената на античката географска номенклатура која не е насекаде еднаква. Најголеми промени во топографската номенкатура и извршена во три покраини: во Горна Мезија, во внатрешноста на Македонија и во внатрешноста на провинцијата Далмација. Оваа појава паѓа в очи кога се посматраат соседните провинции, на пример: Дарданија, каде некои антички имиња со гласовни измени делимично се одржале дури и денес: Наисус- Ниш, Скупи- Скопје, Улпиана- Љипљан и тн.

Според тоа, словенските племиња конечно во текот на првата половина на VII век ја освоиле од Византија внатрешноста на Балканскиот Полуостров, вклучувајќи ја и Македонија (во географска смисла). На тие простори доаѓа до формирање на племенски сојузи- 'склавинии'. Историјата на словенските племиња од првите денови на нивното доаѓање во Македонија сведочи за непрестани судири со Византија, за што повод бил византискиот Солун, кој како туѓ елемент останал во нивна територија.

Разбирливо е дека меѓу староселелското население и словенското население постоеле взаемни влијанија. Меѓутоа, секоја помисла за автохтоноста на Словените во Македонија е од секоја основа".[43]

Бидејќи на Балканот немало преселби на Словени, до денес нема никаков материјален доказ/наод за преселби- тн.словенски јазик бил варварски=пелазгиски.

Па за Јустин Македонците биле еден пелазгиски народ-Пелазги=тн.Словени.

„**II**. Со населување на Словените на Балканскиот Полуостров најповеќе настрадало староселелското население од Горна Мезија,како и Дарданија, заради што истото и се иселило, делумно далеку преку границите на латинскиот говор. Секако, на сточарите не им било тешко да одат во подалечни краишта. Тие нашле нови места за живеење и тоа, на Родопите, Хем (Балкан), Македонија, во Тесалија, која на крајот на средниот век се викала Голема Влахија (Мегало Влахија), во Епир, Србија и Херцеговина, каде Дубровчаните, племињата кај Требиње, Љубиње, Гацко како: Зупци, Бањани, Никшиќи, Дробњаци и некои други ги сметале за влашки. Исто така, такви примери наоѓаме и во приморските планини на Хрватска, особено од Цетина па се до краевите на Лика и Крбави. Според кажувањето на млетачкиот географ Доменико Негри, тие себеси сеуште се нарекувале 'Романи'. Словените, како и Италијаните ги викале Власи. Византијците, пак, според нивната облека плаинските овчари ги нарекувале со името 'Црни Власи', или 'Мавровласи', кај Дукљанинин во XII век 'Morovlachi', или 'Nigri Latini', а исто така во Дубровачките архивски книги 'Moroblachi, Morolach', од 1420 година 'Morlachi'. И денес еден дел од Армн Македонците се викаат 'Црногунци', во Србија 'Црновунци', а пак во Албанија, Македонија, Епир, како и Тесалија- се името 'Карагуни'. Во Тесалија 'Црните Власи' се постојано населени. Арманите кои стално живееле во планинските села градат цврсти големи и убави куќи од камен. Ф'ршеротите, пак, се облекувале во бела облека (новогрчки- Арванитовласи), кои како сточари се движеле меѓу Србија и Мореја. Овие Власи се организирани во братства 'falcare' кои носат имиња спо-

[43] Б. Панов, „Средновековна Македонија", Скопје, 1986; Византиски извори за историју народа Југославије, Т. I 1 Белград, 1955.(Литературата е преселективна од Германската школа со Словени, Р.И.)

ред своите старешини, односно нивните челници. Повеќе братства сочинуваат ‘farâ (род)“.[44] (Само Арван=Арбан=ар [=ор=ора=ораница-нива] бан [управител], Р.И.)

Словенски преселби немало-Склавините биле само повеќебожци, а не друго.

Латинскиот јазик никогаш не бил народен, а и затоа немало латински говор.

Власите=овчарите како граѓани на Римското Царство биле Римјани- Романи.

Стои Арванитовласи=Арбановласи-Г.Вајганд Албанците и Власите „браќа“.

Па Арбаните и Власите како „браќа“ биле Епирци. Значи, само едно- Бриги.

„**III**. Според Ј. Аргинтеану наследникот на бугарскиот цар Шишман бил Самуил. Со тоа, спрема овој автор, Самуиловото царство се прикажува како бугарско царство,а цар Самуил како бугарски цар.Наспроти тоа,општо е познато дека во Македонија во 976 година избило востание под водство на четворица ‘кометупли’- четворицата синови на Брсјачкиот кнез Никола. Во историската наука, врз прашањето за постанокот и карактерот на Самуиловото царство се предизвикани многу дискусии и неслагања. Според познатиот византолог Г. Острогорски, Дриновљевата теорија за западното Бугарско царство создадено во 963 година, одамна е симната од дневен ред.Меѓутоа,и денес се судираат две спротивни гледишта.Според гледиштето кое го застапуваат бугарските научници, а кое главно е прифатено во западната историографија, веќе во 969 г. од царството на Симеонитите се одвоило ‘Западното царство’- (Македонија). Цимиските освоил само дел од Бугарското царство, додека западниот дел се одржал и останало јадро на Самуиловото царство.

Според другото гледиште, кое најдетално го изнесе и јасно ја образложи Д. Анастасијевиќ ‘Хипотеза за Западна Бугарија’, (Гласник на Скопското учено друштво, Скопје, 1928, 3) смета дека такви поделби на Западно и Источно Бугарство Царство никогаш немало. Всушност, според ова гледиште, Цимиските го освоил целото Бугарско царство, па дури во 976 година, со востанието на Кометопулите против византиската власт се создаде ново царство во Македонија. Ова толкување, секако, има повеќе основа во изворите и според тоа, тоа е поточно. Меѓутоа, и едната и другата теорија паѓаат од погрешни претпоставки, замислувајќи го покорувањето на државата како систематска окупација на целата нејзина територија. Навистина, како што точно нагласи Анастасијевиќ, изворите ништо не знаат за постоење на две бугарски држави, една покрај друга, ниту за некое востание на Кометопулите пред 976 гдина. Податокот на Скилица (CEDR. II, 347), кој доста произволно востанието го поместува во 969 г. и сосема произволно толкува сведоштво во востанието на Кометопилите во таа година. Тој само го дотакнува нивното востание, антиципирајќи го тој настан (на што точно укажале Adontz, Samuei L’armenian 5 sg u Rumcimanm, Bulgaron Empiere 21 s). Истиот Скилица на даденото место (CEDR. H, II, 434/20), изрично вели дека востанието на Кометопулите избувнало дури после Цимискиевата смрт, т.е. 976 г. Од друга страна, од изворите јасно се гледа дека Цимиските, и Светослав, војувале само во источниот дел на Бугарија. Анастасијевиќ се обиде да го обеснажи овој факт, повикувајќи на подоцнежниот податок на Попот Дукљанин, според кој, Цимиските наводно ја освоил и цела Србија. Ниту Светислав, ниту Цимиските не ја окупирале и цела Бугарија чекор по чекор, но заземајќи ја нејзината престолнина и елимирајќи го нејзиниот поглавар, прво едниот, па вториот, станале господари на целото Бугарско царство. Секако власта заснована на заземањето на самиот центар, во услови на променета ситуација би можело да се собори

[44] Според К. Јиричек, Историја Срба, Београд, I, 1952, 86-87.

со силата на периферијата. Ова и се случило кога византиската позиција ослабнела заради внатрешните борби после смртта на Цимиские“.[45]

Под Римското Царство поданиците биле Римјани (Ромеи)- Бугарско Бугари.

„Посебна светлина во разјаснување на прашањата сврзани со карактерот како и суштината на Самуиловата држава дадоа мошне содржајните дела на Ст. Антолјак и Бранко Панов и некои други македонски историчари. Така, Ст. Антолјак, во врска со востанието на кометопулите во Македонија и создавањето на новата македонска држава со цар Самуило на чело, изнесува некои моменти кои му претходеле и им дале одреден печат на развојните текови на историските настани и односи во тоа време. Според тоа, бугарскиот владетел Борис (852-888) го примил христијанството во 864 година по византискиот образец и својата црква во 870 година ја ставил под врховна власт на Цариградската патријаршија. Едена од главните причини за да се признае бугарската држава дека е од ‘Бога’ создадена, а бугарското племе за ‘бугарски народ’ (Види Теофилакт Охридски, Житие на Климент Охридски, 65, 67-69). Од 927 година, бугарскиот владетел Петар (927-969) бил официјално признат од Византија за ‘Цар на Бугарите’, а заедно со тоа еден голем дел од завладеаните територии од неговите претходници за ‘бугарски земји’, а потчинетите поданици ‘Бугари’. Тоа е и главната причина за Јован Скилица и другите автори да се изјаснат дека во ‘Бугарија’ кометопулите дигнале востание, дека ‘Самуил станал единствен владетел во Бугарија’ итн. Тоа, пак, значи дека Самуил бил третиран како ‘бугарски’ цар по истиот оној ред како што биле третирани византиските цареви за ‘ромејски’, западните владетели за ‘франачки’, иако тие стоеле на чело на нови држави: Самуил на чело на Македонската држава, ромејски цареви на Византија и слично.

Се до средината на IX век, кога поголемиот дел од Македонија бил совладеан од Бугарите, византиските писатели известуваат дека Македонските Словени биле тие кои живееле по ‘македонските Склавини’ (види: Византиски извори за историју народа Југославије, I, 230). Дури од средината на IX век, а особено од 927 година наваму Македонците по правило почнале да се именуваат како ‘Бугари’ во смисла на поданици на бугарската држава.

Заради сето тоа треба секогаш да се гледа критички на изворите и да се прави разграничување на се што стои под изразите ‘Бугарија’, ‘Бугари’, ‘бугарски народ’, ‘бугарска земја’ и слично, што е случај и со ставовите и погледите на Ј. Аргинтеану, зошто секое воопштување на овие изрази и поими, не водат кон извртување не само на историјата на македонскиот, туку и другите соседни народи што биле потчинети под Бугарија.

Наводите, сами за себе, укажуваат на определени односи кои не упатуваат на заклучоци дека и покрај новите сознанија во македонската историографија, современите извори, во некои случаи, ја нарекуваат држава на Бугарското царство. До тоа дојде заради хронолошкиот и идеолошкиот континуитет меѓу пропаднатото прво Бугарско царство и Самуиловата држава и средновековното државно правно - правно сфаќање дека на Балканскиот Полуостров, покрај Византија, уште само во Бугарија постои царство и патријаршија. И самите творци на Македонската држава се ослонува во духот на тоа време на државно- правната традиција на Бугарската држава.

---

[45] Според, Г. Острогорски, Историја Византије, 1959, 287- 288).

Самуиловото царство, меѓутоа, има друго јадро на свое државно средиште, се ослонувало на масата на македонското население и неговата политика на ширење била насочена најнапред кон југ, дури потоа, се насочува кон северо-исток во правец на старите бугарски области. Заправо тоа покажува дека Самуиловото царство, односно таа државно- правна творевина и консолидација на внатрешната состојба на Византија, Василие II во почетокот на XI век презема низа воени акции на кои Самуил се спротиставувал десет години. По смртта на Самуил (1014) македонското високо благородништво ги предало своите градови и области на Византија.

Што се однесува до присуството на Власите во Македонија, зборува податокот, според кој, по издадената повелба (сигилиони) на Василие I на Охридската архиепископија во кои беа определени рамките на Охридската архиепископија под нејзина јурисдикција покрај македонските Словени, биле ставени и Власите".[46]

Власите имале само тн.словенски јазик. Ама никаде нема Армн Македонци.

Глава трета- Влашкото царство од Балканските планини

„**I**. Овој период во Бугарската историја е познат со името Второ Бугарско царство. Врз прашањето за карактерот и суштината на Второто Бугарско царство, потеклото на династијата Асановци, како и непосредно то учество на Власите во востанието на Петру и Асан во тие историски настани (XII-XIII век), постојат спротиставени мислења и ставови.Додека бугарската историографија му придава исклучиво бугарски карактер на Второто Бугарско царство, негирајќи го во потполност учеството на Власите во востанието на Петру и Асан, постојат мислења, кои, застапуваат ставови дека уделот на Власите во тие востанија е забележителен.

П.Мутафчиев смета дека влашкото население до XVII во тогашна Дунавска Бугарија воопшто немало. Денешните Власи кои живеат во некои зони на десниот брег на реката Дунав, според овој автор, се доселени во време на Турското владеење од XVII век наваму. Во времето на востанието на Петру и Асан влашко население во Дунавска Бугарија (просторот меѓу Дунав и планината Балкан)- немало воопшто.

Наспроти тоа, Г. Острогорски, изнесува мислење, кое, ја потврдува констатацијата за присуство на влашкиот елемент на овие простори. Во текот на двовековното византиско владеење, пишува Г. Острогорски, словенскиот елемент во Бугарија и Македонија осетно се намалил и тоа, не само заради елинизацијата на тие земји, туку заради јакнењето на другите народности за сметка на Словените. Според тоа, во Солунската област се населиле многу Евреи и Ерменци, во Дунавските подрачја живееле Кумани и Печенези, многубројните Власи се ширеле во Дунавските покраини, во Македонија и Тесалија, која се викала Голема Влахија. Во движењето на Петру и Асан, Куманите, а особено Власите имале голем удел".

Па хеленизација со македонскиот јазик коине, кој бил само Александријски Птоломеев јазик, немало.Коине (тн.старо- грчки) како христијански јазик и од 1767 година[47] единствен христијански јазик на Цариградската патријаршија бил прифатен од свештените лица, образованите и трговците. Ама народот понатаму си говорел варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик- Власите биле одродени тн.Словени. Во Романија...Тесалија и Епир топонимијата била на тн.словенски јазик-без влашко

[46] С. Антолјак, Самуилова држава, Скопје, 1969; Б. Панов, Средновековна Македонија, Скопје, I, 19; O. Đaklestić, Kroz historiju Makedonije, Zagreb, 196.

[47] 1767 година била укината Охридската архиепископија со македонскиот црковно- словенски јазик.

„Еве што забележал Г.Острогорски, во врска со етничките односи на овие балкански простори во даденото време: ‘Сложеното прашање за етничкиот состав на населението во време на Второто Бугарско царство предизвикало многу спорови’. Паѓа в очи дека Никита Хонијат во својот приказ не зборува за Бугари, туку исклучиво, за Власи. За нив зборуваат и современите западни историчари: (Ansbert, Robert de Clari Villehardouin). Наспроти тоа, словенските извори, а и византиски писатели во наредните епохи, почнувајќи од Г. Акрополит зборуваат само за Бугари. Во преписката меѓу Иноќентие III со Калојан, бугарскиот владетел во упатените писма од папата се ословува како владетел на Бугарите и Власите. Дури самиот Калојан, во четирите писма се нарекува со името: Impertator ‘Totius Bulgarie et Vlashikea’ во едно писмо- Imperator Bulgarorum (ново издание на Иван Дуйчев Inocentii PP, III Epistolae Hist. Ad Bulg. Hist. Part. Годишник на Соф. Унив., Ист.- фил, фак. 37, 3, 1942, бр. II, XV. XVIII, IX, XXX). Калојан, Симеон, Петар и Самуил ги именува со името ‘Imperatores Bulgarorum et Vlachorum’[48] (IB, NR XV). Никите Хонијат, кажува дека се работи за варвари од подрачјета на планината Балкан, кои порано се викале ‘Мезијци’, а сега се викаат ‘Власи’. Теодор Скутариот од своја страна, заради објаснувањето има забележано ‘Βλαχοι νον Βυλγαροι’ (Власите не се Бугари).

Според тоа, се наметнува заклучокот дека населението на Мезија, односно на тогашната тема Паристрион, во тое време се нарекувало со името ‘Власи’ (овој назив, како што е познато немал само етничко значење, но и како што е познато ознака за сточарски племиња, бидејќи со името Бугарија беа наречени жителите на темата Бугарија, т.е. Македонија).[49]

Станувајќи против ова, едино можно толкување Н.Банеску, нашироко побива некои, навистина слаби аргументи на Златарски и Успенски, но не успеал убедливо да го протолкува горенаведениот податок од Н. Хонијат, а преку глосата Т. Скутариот, како и преку преписката на Калојан со Иноќентие III, преминувајќи молкум, бранејќи ја тезата дека творците на Второто Бугарско царство биле Власи, претци на денешните Романци (Sf. N. Banesen, Un problėmė d’historie medievale. Creration ert caractere du second empire Bulgate, Bucurest. 1942, Cn. R.L. Wolff, The second empire Bulgarion empire, its. Origin and History to 1204, Speculum, 24, (1949). 167 sf. Тешко може да се сомнева дека Второто Бугарско Царство не било Бугарско, пишува Г. Острогорски, но тоа не значи, пак, дека во создавањето на тоа царство Власите да немале никаков удел и дека во тогашна Бугарија немало, како тврдел Мутафчиев, никакво влашко население. Како тогаш би се објаснило тоа што жителите на тие предели во тоа време беа наречени Власи (Сп. Излагањето на В.Г. Василевски. Ж.М.Н. Пр. 204. 1897, 173 сл.- Критика на делата на Успенски- Образование). Браќата Петру и Асан, според Василевски, беа од бугарско- влашко потекло. Според Златарски тие воделе потекло од угледно- бугаро- кумановско семејство (Златарски, Потеклото на Петру и Асан, списание на Блгарската академија Софија, 45, 1937, 7). Мутафчиев, пак, ја изнел претпоставката дека тие воделе руско потекло,и дека куманското име Асен,често се споменува во руските летописи...’ “.[50]

---

[48] Бугари и Власи биле општи поими, со значење за селанец и овчар- Србин срп и Арбан земјоделец.
[49] Според П.Мутафчиев, Произходот на Асеновци, Мак. Преглед. IV. 4. 1928 бр. 1 и Историја, II, 36; сл. Дуичев, ор. Сит. 85 и Проучованиа 45, потоа Златарски, Историа, 46.
[50] Според Г. Острогорски, Историја Византије, Београд, 1959, 378- 379.

БЕЛЦИТЕ БИЛЕ ЕДЕН НАРОД СО ЕДЕН ИСТ ЈАЗИК

Во Додатокот на книгата на Јон Аргинтеану,[51] на стр. 26, се кажува: „Проучувајќи го прашањето за потеклото...Треба да се имаат во предвид преживеаните предци на големиот ТРАЧКИ НАРОД (како и на него идентични Илири), кои се протегаа од Мала Азија, регионот на Кавказ и извориштата на Еуфрат, чие влијание во дадените процеси без сомнение, се значајни“.

Тие простори биле на белата раса, која за време на леденото доба со траење од 0,5- 1,0 милион години опстојувале во Левантот- тој бил налеан со морска вода.

Таму Белците имале домашни животни. Таму од чумата на говедото и грипот на свињата, кои кај луѓето предизвикале маласипаница и груп, била создадена крвната група А. Бидејќи таа била поради зарази од животни, таа крвна група А била вегетеријанска за житарици и мешункасти растенија, непогодни за првобитната крвна група 0 која останала како крвна група само на ловци и рибари, но не за земјоделци како што била крвната група А. Па Белците во Левантот биле сточари, земјоделци..., имале своја култура, јазик и писмо.Сѐ тоа било однесено до Јапонија.

Јон Аргинтеану,[52] на стр. 18, во Епир ги наведува планината Загора и реката Аспропатам=аспро потам- реката водата ја носи потаму,таа само оди, и не се враќа.

Загора како Загрос. На сумерски човек лу-луѓе=мина- Мин=Минос=Манес...

Па во Месопотам (Делфина) во 11 век е изградена црквата Свети Никола.[53]

Месопотам=месо потам; Вавилонска Кула Небокатница=небо катница со зигурет=сигурет=сигур ет- тоа ет=ит е трето лице еднина на бригиски=брзјачки. Па и бригиско дативно у во Јапонија: в + л + к + **Аину** = влакину,влаи Влаинка влакна.

Дури Белците патувале по Patifik=Пативик=пат тивик=тивок- Тих Океана ...

Атина + в = Ватина; Атина + н = Натина; Атина + т = Татина- само Татина...

Афродита=а фродита=продита=породита=породит а: породит=по род ит.

Аборицин=абориѓин=а бориѓен=пороѓен=породен- породениот домородец.

Херодот=х еродот=е родот; Иродот=и родот=род от; Ирод=и род+на=народ.

Дионис=дианис=пианис=пианиш; Опиум=опи ум; Еумен=е умен=ум мен...

Алигатор=аригатор=а ригат ор: тој ригат=нанесуват... земја-во неа се кашка.

Крокодил=к роко (рока=рака) дил (тил)- рацете на тилот; Рептил=реп тил...

Апостол=а по стол: наредени а по стол-от; Постол=по стол; Пела- стол-ица.

Егнатиа=е гнати а: гнат=гонат- (про)гонети робови; гонади; нагон=на гон...

Арматолос=араматолос=а рамото…рамото- со рамото се бори борецот…

Клепт=к лепт=лепит- о к (како) раката (рамото) му лепит=крадит- ит=ет...

Негри=Негре=не гре- не грее. Па каде не грее е темно. Темни се Црните.

Сабија=сабиа=саби а: саби=заби-ја; сави=сави-ја; саби=с аби- гризи итн.

Димитри Оболенски,[54] на стр. 143, пиши: „Писмото на Константин, заради својата природа, предизвикува многу расправии. Најстарите словенски ракописи кои ни се доставени се напишани со две различни писма-глаголицата и кирилицата. Кое од нив го измислил Константин ? На тој сложен и технички филолошки проблем ние на ова место тешко би можеле да одговориме на соодветен начин, но се-

[51] Јон Аргинтеану, „Историја на Армн Македонците (Власите)“, Букрешт, 1904 година.
[52] Јон Аргинтеану, „Историја на Армн Македонците (Власите)“, Букрешт, 1904 година.
[53] Ристо Ивановски, „Нов Александар Македонски“ (тн.Скендербег), Битола, 2003.
[54] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

како би требало да кажеме дека Константин, според едногласното мислење на денешните научници, ја измислил глаголицата, додека таканареченото кирилично писмо, коешто го носи неговото подоцнежно монашко име Кирил, било создадено од обидите на учениците на Методиј, веројатно во Бугарија, грчкото уницијално писмо од деветтиот век да го прилагодат на фонетските особини на словенскиот јазик. Глаголицата е посложено писмо. Многумина филозофи сега веруваат дека како извор послужила грчката минускула, додека за некои букви се смета дека се создадени со адаптација на семитското а можеби и на коптското писмо. Последната во целина глаголицата е исклучително оригинално дело...“.

Во Египет и Месопотамија живееле две раси- белата и црната раса. Прво се пишеле одвоено, па ист текст заедно на ист камен... и конечно заеднички дворасен јазик. Такви биле сиријскиот арамејски јазик и старо-египетскиот. Од арамејскиот произлегол новоперсиски, а од старо- египетскиот коине. Коине го заменил старо-египетскиот. За време на Птоломејците старо-египетски бил реформиран во коптски, на кого говореле фараоните. Тој бил јазик на белата раса, а Египтјаните и Сумерите биле Белци со закосени очи, наспроти Акадците кои биле Црнци. Заради уделот на зборови... на Црнците јазиците се викале семитски. Па како што се направиле за време на Птоломејците од старо-египетски во коптски кој бил тн.словенски, истото го направил Константин Филозоф од коине во црковно- словенски. За реформата во Египет морал да знае Константин Филозоф. Со тоа што сè било оплачкано и уништино во Египет...и Источното римско царство, сè за нас е непознато.

Балканот било мало генетеско-географско подрачје за повеќе народи-јазици.

НА БАЛКАНОТ ЖИВЕЕЛЕ САМО ПЕЛАЗГИ СО ВАРВАРСКИ ЈАЗИК

Јон Аргинтеану,[55] на стр. 66, се Извори и литература. Тој под број 33 пиши:

„Византискиот император Михаил III одбил едно писмо од страна на папата бидејќи тоа е пишувано на јазикот на варварите. На тоа папата Никола енергично му одговорил со следните зборови: lam vero si ideo lingam barbaram dicitis quoniam illam non inteligitis, vos consideatre, quala ridiculumest vos appellari Romanorum imperatores et tamen linguam non nosse quiescite igitur vos nuncupare Romanos imperatrores (Tomaschek, Uber Brumaite und Resalia, pp. 398 и натаму“.

Тукидид,[56] I, 3, пиши: „Не помалку...до пред Тројанската војна Елада...пред Хелен синот на Деукалион, и областите биле названи по името на одделни племиња, најповеќе по името на пелазгите. Одвај кога Хелен и синовите му се укрепиле во Фтиотита и другите градови започнале да ги викат на помош, тогаш тие племиња вследствено на општењето со тие започнале едно след друго да се нарекуваат со името хелени,при што тоа долго не можело да се наложи над сите.Најдоброто докажувачко за тоа е Омир. Тој живеел многу покасно од Тројанската војна и во сè никаде не ги нарекол сите учесници во војната со општо име, а ги нарекува Елини само тие, кои биле дојдени со Ахил од Фтиотида. Тие биле првите Хелени; останатите тој ги назива во песните данајци, аргосци, ахејци. Омир не го споменува и името варвари, зашто како што ми се чини, самите хелени уште не биле оспособени под едно име, противположно на името варвари. И така одделните племиња, живеејќи

[55] Јон Аргинтеану, „Историја на Армн Македонците (Власите)“, Букрешт, 1904 година.
[56] Тукидид, История на Пелопонеската война, Държавно издателство наука и изкуство, София, 1979.

во своите градови- држави, ако и да се разбирале помеѓу себе и покасно биле наречени со името хелени...“. (Хелени бил нов поим- со Хомер, Р.И.)

Во Илијада не со употребувало името варвари и затоа без Хелени и варвари.

За Херодот Хелените во Јонија биле варвари. И Македонците биле варвари.

Олга Луковиќ- Пјановиќ[57] има наслов: Franciscus Maria Appendini… следи:

„Навистина, ‘таткото на историјата’ (Херодот, Р.И.) поставува прашање:

‘Со кој јазик говореле Пелазгите...’...

‘Пелазгите говореле со варварски јазик’

На ова место...после Херодот, те. во четвртиот век пред Христо, живеел и работел Платон, кој оставил свои списи воглавно во облик на дијалози. Во еден од тие дијалога, на кого му посветивме посебно поглавје во другиот, уште дел на оваа расправа, Платон ги споменува истите тие ‘Варвари’, кои дури и во негово доба уште говореле меѓу Грците со својот древен јазик... Јазикот, од кого, по Сократовото објаснување во Платоновите дијалози, се развил грчкиот јазик. Платон дури изнесува поединост, која не е плод на неговата машта, туку стварност, кој тој ја запознал. Тој, наиме тврди, дека со тој ‘варварски’ јазик во Грција во негово време особито говорат жените, кои се поконзервативни од мажите и кој подобро од нив ги чуваат традициите. Првиот пример кој Платон тука го наведува, есте еден збор потполно српско созвучје... па ние не можеме, а да не се чудиме, дека никој од професорите Срби тој Платонов дијалог не го изучил, бидејќи, дека не е во прашање само еден српски збор, туку цел српски јазик“.

Во насловот „Кој јазик го научил римскиот песник Овидиј...“ се наведува:

„При прилика на научните истражувања...во кое се говори за Платон... и за ‘варварскиот’ јазик, кој некогаш бил заеднички и на ‘варварите’ и Грците. Во Платоновото доба уште тој јазик го чувале жените, познати, како што Платон кажува, како почитување на старината на тлото на самата Грција. Нема сумливост, судејќине само по Платоновиот ‘Кратил’, туку и по мошне бројни географски називи на античка Грција, тој јазик- според Апендини- бил трачки, според други автори ‘словенски’, а според нам- најстар меѓу словенските јазици- српски“.(пелазгиски, Р.И.)

Во Додатокот авторката го наведува професорот Кито:[58] „За Херодот овој англиски автор вели: ‘...тој (те. Херодот) ги сматра Грците во Јонија како варварски народ, кој е погрчен’ “.

Следи Хелените во Јонија биле варвари. Па варвари биле и Македонците. Со ова се потврдува, поимот варвари со мало в наспроти Хелени со големо х не означувал посебен народ. Па и затоа Хелените и варварите биле еден народ-Пелазаги.

Јустин пиши: „...Античките Македонци потекнуваат од најстарите жители на Јужниот Балкан- Пелазгите. Пелазгите се најстарите жители на Атика, подоцнежна Хелада. Античкиот историчар Трог Помпеј пишува дека Македонците потекнуваат од Пелазгите...“.[59]

Варварски и пелазгиски бил јазикот на Склавините=тн.Словени- варварите.

Димитри Оболенски,[60] на стр. 6, пиши: „Судејќи според постоечките документи...Византјците пак од своја страна, во уверувањето дека политичката органи-

---

[57] Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990-преземено од Интернет.
[58] H.D.F. Kitto, The Greeks, Made and printed in Great Britain, Edinburgh, 1951.
[59] Marcus Iunianius Iustinius, Pompeius Trogus…, VII, 1, 3.
[60] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

зација на овој свет е дел од боженствениот поредок, како да не чуствувале потреба воопшто подлабоко да размислуваат на вистинскиот механизам на меѓународната заедница. Повеќето од нив ја прифаќале како факт идејата за сеопштата власт на царот. Немаме дури ни некое посебно име за оваа заедница на своите сателите. Пред покрстувањето тие биле 'варвари', а по покрстувањето од нив се очекувало да станат поданици на источноримскиот цар. Со посебна склоност кон семантичка двосмисленост, Византијците ги применувале истите изрази со кои ја опишувале својата држава- basileia (царство), oikoumene (населена вселена), politeuma (влада, заедница)- и за народите за кои се сметале дека се во нивна власт...".

Следи Склавините биле Повеќебожци, чиј народен јазик бил само варварски =пелазгиски=тн.Хомеров=тн.Платонов=тн.словенски јазик. Овој јазик бил во спротивност на латински како службен јазик и коине како христијански јазик. Подоцна службен јазик станал и коине... Па како што Склавините=тн.Словени-Повеќебожци се христијанизирале, тие станувале Римјани (Ромејци) со службениот јазик коине.

Според Дионисиј[61]: „Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно хеленски, но преставува мешавина од двата. Поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје". Од ова произлегува дека Римјаните говореле со „поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје". Се гледа дека јазикот бил еолско наречје кој бил хеленски, а Хелада била Пелазгија. Кон ова да се надоврзе и она што рекол Херодот: „Еолците биле и се нарекувале Пелазги". Бидејќи пелазгискиот јазик бил варварски, овде во игра се вклучени само три говори на пелазгискиот (варварскиот) јазик кои како говори меѓусебе биле разбирливи. Овде е чудно зошто поимот варварски се употребува за говор. Истото се случило и за поимот пелазгиски. Ова говори дека постепено старите поими се потискале,а на нивното место го заменувале со други. Бидејќи тогаш немало народи, нивните јазици биле говори. Ова било повод од разни поими тие меѓу себе да се разликуваат. Овде е најбитно што латинскиот јазик бил само службен. Значи, тој бил само мртов јазик, а народот говорел со Хомеров (тн.словенски) јазик.

Бидејќи коине и латински не биле народни јазици, народот говорел само на својот народен јазик. Тој ист јазик го говореле Македонците, Траките и Илирите.

Полибие (II век пред Христа) пиши: „Илирскиот јазик е македонски дијалект, а и трачкиот јазик" (19. Claudius. Cap. 15. Aurelianus. Cap 13; Appianus Illyr. Cap. 6; Manneret)

Јустин (II век по Христа) наведува: „Македонија...Ематхиа е...по народот пелазгиски" (lib. VII. 1.1)".

Димитри Оболенски,[62] на стр. 13, пиши: „Најраните врски меѓу Црното Море и Балканскиот Полуостров потекнуваат уште од антиката. Грчките колонии на западниот и северниот брег на Црното Море во седмиот век пред нашата ера и подоцна, играле многу значајна улога во економската и културната историја на древниот свет: овие трговски центри од кои некои израснале во напредни и автономни градови- држави на североисточниот раб на хеленскиот свет- Тир, на устието на Дњестар, Олбија во деловите на Буг, Херсон, Теодосија и Пантикапеум на Крим, Танаис на устието на Дон и Фанагорија во делтата на Кубан- извезувале од своите родни градови во Грција сировини добиени од домородното население од северно-

[61] Историчарот Дионисиј (60 г.п.н.е.-7 г.н.е.) бил од Халикарнас- Римјаните биле Варвари=Пелазги.
[62] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

понтскиот брег- риба, сол, а особено жито- а на владетелите на Јужна Русија им продавале индустриски и уметнички производи од грчкиот свет. И така, со предмети од злато и сребро и понекој занаетчија кој ги направил, грчките занаети стигнале во Јужна Русија. Така грчките градови на северниот брег на Црното Море, во класичната и хеленската епоха станале економски и културни посредници меѓу степите на западна Евроазија и грчкиот свет на Медитеранот. На скитските и самарјанските владетели на Јужна Русија тие посредници им дале шанса за извоз и пристап на индустрискиот пазар на грчкиот свет. За Грците а подоцна и за Римјаните и за Византијците тие биле предстража на хеленизмот на работ на таинствените 'скитски' степи- 'работ на Грција', како што Цицерон ги опишува грчките колонии, 'сошиени со варварските полиња'[63]".

Тн.домовина на тн.Словени, северно од Црно Море и Дунав со Јужна Русија ...живеело население, кое говорело само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Стр. 40: „На располагање имаме неколку средновековни описи ма овој пат. Најмногу податоци ни пружат Рускиот летопис,[64] од единаесеттиот и почетокот на дванаесеттиот век, и De Admninistrando Imperio…Следната станица бил Новгород (во сагите се нарекува Холмгардр), во близината на брегот на езерото Иљмен, голем пазар на крзно и веќе во 860 година центар на голема скадинавска колонија. Од Новгород патот водел на југ, преку езерото Иљмен и долж Ловат. Во близината на горниот тек на оваа река почнува прочуената вододелница меѓу западна Двина, Волга и Дњепар, којшто Русите ја нарекуваат 'голема превлака'. Оваа област е испресечена со многу мали притоки по кои Словените и Викинизите пловеле, или ги влечеле своите бродови; кога тоа не би било можно, бродовите ги влечеле преку копното.Главниот пат водел од Ловат кон западна Двина каде што се спојувал со правецот кој одел преку Ришкиот Залив и после уште неколку провлекувања преку копно, доаѓал до Дњепар во висината на Смоленск. Следната делница низ Дњепар од Смоленск до Киев главно била лесна мирна. Кога целта на патувањето било трговијата во Киев, престолнината на Русија, биле извршувани сложени подготовки за продолжување на патот кон југ. Во текот на април, кога се топел мразот на Дњепар, кон градот брзале мноштво моноксили (издлабени чамци) кои пристигнувале од узводните места. Тука чамците се растоварале, добивале весла и вилушки и се товареле со производи- главно со крзно, мед,восок и робови.Во јуни, конвојот од чамци го напуштал Киев и по 'грчкиот пат' поаѓал за Цариград. Педесетина километри низводно од Киев конвојот застанувал на два три дена во Витичево каде што му се придружувале уште неколку чамци. Целата таа флота го продолжувала пловењето низ Дњепар сè до местото, приближно 450 километри јужно од Киев,каде што реката нагло скршнувала од својот југоисточен правец рамно кон југ, низ појасот од кристални карпи и неговите девет брзјаци. Овој најопасен дел од патот сликовито е опишан во De Admninistrando Imperio...".

Стр. 55: „Словените го освоиле Балканскиот Полуостров главно во времето на владеењето на Фок и во текот на првите години на Ираклиевата власт(610-641)... Во текот на првите триесет години Словените и Аварите повеќе пати го напаѓале Солун, а во 626 година Цариград ја преживувал најопасната опсада...Непријателите од север и исток ги усогласиле трудот и силата и изведе заеднички напад на Ца-

[63] Cicero, De Re Publica, II, 4, ed. C.F.W.Mueller (Leipzig, 1898), p. 309.
[64] "Povest", I, pp. 11-12; Cross, p. 53.

риград. Велат дека силите на каганот броеле осумдесет илјади луѓе- веројатно три четири пати повеќе од бројот на војниците што Византија можела да ги собере. Нивниот стратешки план бил да ги пробие ѕидовите со напад на пешадија меѓу капиите Пемптон и Полиандер, на половина пат меѓу Златниот Рог и Мраморно Море; како поткрепа да се користат словенските моноксили (издлабнети чамци) кои би испловиле од горниот врв на Златниот Рог и би го нападнале градот од север. Неколку вакви чамци треба да ја префрлат персиската војска преку Босфор...“.

Авторите пишат, чамецот моноксил бил словенски. Бидејќи тој на Балканот, на Јадранот и Македонските езера..., се среќавал повеќе милениуми во старата ера, тој бил балкански. Како што чамецот имал балканско потекло, и сè друго (растенија, животни, кола, дел од кола, колце, дел од колце, паричка, сад-че...). Па немало материјален доказ/наод за преселби- един доказ бил варварски=пелазгиски јазик.

Варварски јазик говорел тн.Словени (Анти, Венети и Склавини)- Пелазги.

Павел Тулајев[65] пиши: „Современикот на Јордан, византискиот историчар Прокопиј Цезариски (500- 600) ги споменува Антите и во поглавјето за Словените (Sclaveni) во книгата ‘Војна со Готите’, во која кажува дека нивната земја (Sklavia) се простирала јужно од Дунав, која претставувала природна граница измеѓу Римската Империја и варварите. Јордан ги сматра Антите и Словените (Склавините) како два родствени племиња, кои живеат раздвоено, ама ‘имаат многу заедничко’. ‘Едни и други имаат заеднички јазик- варварски...Прокопиј упорно поновува: ‘Кај обете варварски племиња цел живот и законите се еднакви’ “.

Се говори за Римјани со службен латински јазик, а народен варварски јазик.

Д. Оболенски,[66] на стр. 44, кажува: „Распаѓањето на хунската држава после смртта на Атила во 453 година...Пред крајот на петтиот век во степите на јужна Русија се појавила група племиња што делумно биле составени од Хуните кои се преместиле на исток после раслојувањето на царството на Атила, а коишто Византијците ги нарекувале Бугари.[67] На средниот Дунав, два германски народи, Гепиди и Лангобарди, едните од источната, а другите од западната страна на Тиса, започнале да се борат за Панонската Низина којашто некогаш била центар на Хунската држава. Уште позначајно е тоа што северниот брег на Дунав, од Белград до сливот, бил населен со Словени уште во 500 година“.

Па во 500 година населението било со варварски=пелазгиски=тн.словенски.

Римскиот историчар Прискус (5 век), кој го опишувал пратеништвото од Константинопол кај Атила 448 година, напишал: (Жителите во Панонска низина, Р.И.) „мешајќи се со разни народи го научиле готскиот, хунскиот и латинскиот, а меѓу себе го говореле својот варварски јазик“.

Па следи јазикот на Балканците бил варварски=пелазгиски=тн.Хомеров=тн. Платонов=тн.словенски. Исто така, и јазикот на жителите на Панонија бил варварски=пелазгиски=тн.словенски. А на Готите=Татарите бил само готски=татарски.

Тн.словенски име имал татко му на Јустинијан Исток- и целото семејството.

Димитри Оболенски,[68] на стр. 45, пиши: „Историјата на земјите од Средоземјето...Веќе во време на владеењето на Јустинијан (527-565) станало жариште на

---

[65] Павел Тулајев, Венети, Пешић и синови, Белград, 2004, стр. 104.
[66] Димитри Оболенски, Византиски комонвелт, Источна Европа 500-1453, Слово, Скопје, 2002.
[67] Тн.Византијците Татарите ги нарекле само Булгар=булг ар: булг=волг=Volk=фолк=полк а-народ.
[68] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

бунт. Меѓутоа, тешко можеле да одвојат пари за долготрајните гранични кавги со јадните варвари. Јустинијан и неговите наследници платиле голема цена за нивната неспособност или неподготвеност да ја бранат северната граница на соодветен начин. Токму на Дунав, а не на Еуфрат или По, ќе се решава судбината на средновековното Византиско Царство, само педесет години по смртта на Јустинијан“.

На Балканот и северно од реката Дунав живееле варвари со варварски јазик.

Стр. 46: „Областа што ја споменува Прокопиј...Највеличествен упад за време на Јустинијан бил во 559 година. Во март војската на Кутригурите, заедно со одреди од Склавини го преминале замрзнатиот Дунав, минале низ Мезија и низ балканските клисури сè до Тракија. Тука се поделиле на три дела: еден преку Македонија и Тесалија стигнал сè до Термопилите каде што бил запрен од византиските одбранбени сили; вториот го нападнал полуостровот Галипол, но на самиот влез бил поразен; третиот дел продолжил кон Цариград, ја нападнал одбраната на големиот sид и го опустошил предградието. Во овој момент на непосредна опасност царот го повикал ветранот Велизар. Тој успеал да ги натера варварите да се повлечат зад големиот sид, а истовремено ја засилил византиската флота на Дунав...“.

Се говори за Склавини со варварски јазик и Ромејци со латинскиот и коине.

Стр. 50: „Таа разработена шаховска игра што владата на Јустинијан ја играла со Утигурите и Кутригурите...долниот тек на Дунав во периодот на неговото владеење, без оглед на честите упади на Бугари и Словени...Менандер дури тврдел ‘дека дури и без војна, само со неговата мудрост, можел да ги уништи варварите, само ако живеел подолго’. Меѓутоа, зад ова тврдење не стојат факти: царската дипломатија на север имала две слабости што во голема мера ја поткупувале нејзината ефикасност. Од една страна огромните суми на пари што византиската влада редовно им ги давала на варварите не би ли ги спречила нивните напади претставувале опасен одлив од и онака незадоволство меѓу поданиците- многумина биле гневни заради фактот дека царството толку понижувачки го уценуваат разбојници од зад границата. Од друга страна, Јустинијановата широкоградност ги охрабрила истите тие варвари да ја подигнуваат цената и да се враќаат по долонителниот данок и земја. За тој самоуништувачки ефект на оваа дипломатија, лишена од соодветна подршка од страна на војската, Прокопие ни зборува со горка иронија: ‘откако ги вкусиле римското богатство овие варвари никогаш не го заборавиле патот што води до него...Според тоа сите варвари станале господари на римското благо кое или го добиле на подарок од Царот или го ограбиле низ царството, продавајќи робови за откуп и тргувајќи со мирот’ “.

Се говори за Склавини, варвари и „римско благо“- Римјани само христијани.

Стр. 52: „Меѓутоа, предавничкиот сојузник Бајан[69] како и секогаш наскоро ги покажа забите. Со принудна помош на византиските градители што царот ги испратил да му изградат палата и бањи, тој изградил мост преку Сава, низводно од Сирмиум. Бидејќи сега градот бил отсечен од Сингидунум и од другите византиски утврдувања на Дунав, Аварите можеле да бараат предавања. Тогаш царот Тиберијизјавил дека попрво ќе му даде една од своите ќерки на каганот, отколку што своеволно ќе ја напушти тврдината. Меѓутоа Бајан не можел лесно да се залаже: знаел дека царот има полни раце работа во војните против Персија. После двегодишна опсада, лошо бранетиот и слабо снабдуван Сирмиум, им се предал на Аварите

[69] Врховен поглавар на Аварите, каганот Бајан.

(582). Аварите сега го држеле клучот на севернозападниот Балкан. Првата од големите северни тврдини паднале во рацете на варварите. Од тој голем град не останало ништо освен малку ископани урнатини и еден беден натпис на лош грчки јазик кој веројатно потекнува од последната агонија на Сирмиум: 'Господе Боже, помогни му на градот и покоси ги Аварите и будно внимавај над Романија и над овој кој пишува. Амин' ".

Варвари биле сите оние кои не говореле латински и коине- тие говореле на народен (варварски) јазик. Оние кои коине добро не го научиле, тие оставиле „еден беден натпис на лош грчки јазик". Тн.Византија (Романија) била христијанска држава.Името го презела тн.склавинска Романија, од чие име произлегло и име Армн.

Г.Острогорски,[70]на стр. 110, пише: „По паѓањето на Јустинијановата реставрација, византиската централна власт видливо го изгубила авторитетот. Како реакција на Јустинијановиот апсолутизам се зголемило политичкото значење на сенатот, а се зголемувале и стремежите на градското население за слобода. Социјалните и верските спротивности, кои сѐ повеќе се заострувале, се манифестирале и во внатрешните борби и во честите судири меѓу сините и зелените во сите поголеми градови. Во војската дисциплината мошне опаднала и често доаѓало до отворени манифестации на незадоволство, доколку повеќе што владата, принудена да штеди, често им ја задржувала платата на војниците. Кога 602 година, војската добила наредба повторно да презимува од онаа страна на Дунав, избувнала побуна. Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар Фока, подофицер од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале на Цариград. Тогаш и во самата престолнина пламнало востание. Ривалските странки на сините и зелените се обединиле во борбата против царската влада. Маврикиј е соборен, а Фока со согласност на сенатот е крунисан за цар".

Се наведе: „Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар Фока, подофицер од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале на Цариград.

На полуварваринот едниот родител му бил Римјанин (Ромејец)-Христијан со службен латински јазик и христијански коине, а вториот варварин (Склавин) само со варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик- Склавините не биле етнички народ.

Димитри Оболенски,[71] на стр. 57, пише: „Конечниот исход...Словените ја зазеле речиси целата територија на северниот и средниот Балкан, северно од четириесеттата паралела, од Алпите до Црно Море и од Јадранското до Егејското Море... Исидор Севиљски без никакви претерувања пишува дека на почетокот на владеењето на Ираклиј, 'Словените ја одзеле Грција од Римјаните'. Меѓу 723 и 728 година аџијата Вилибалд, на патот од Западна Европа кон Палестина застанал во Монемвасија, на југоисточниот врв на Пелопонез, град кој, како што известува неговиот биограф, лежел 'во земјата на Словените'. А Константин Порфирогенит, опишувајќи го Пелопонез непосредно после 934 години, вели дека по големата ќума од 746-747, 'целата земја била словенизирана и станала варварска' "

Само Ромејци- христијани со коине и Склавини- варвари со варварски јазик.

Стр. 59: „Со исклучок само рамницата меѓу долниот тек на Дунав...Словените...од Римјаните...За Византијците нивните племенски заедници биле Sklaviniae

[70] Г. Острогорски, Историја на Византија, Наша книга, Скопје, 1992.
[71] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

(еднина Sklavinia)- израз со централна важност во раната средновековна историска географија на Балканот...Од политичко стојалиште, склавиниите означувале области, во кои живеат Словени, над кои Византија нема непосреден надзор, а тие од своја страна, и немаат некоја друга форма на централна администрација. Нивниот статус компактно ги одредува грчката Монемвасиска хроника (веројатно потекнува од деветтиот или десеттиот век): според неа, Словените на Пелопонез 'не се поданици на ромејскиот цар, ниту на кој и да е друг' ".

Па царот бил христијански водач, на кого Склавините не му биле поданици.

Стр. 78: „Следната тема- 'Македонија', била основана меѓу 789 и 802 година. Нејзиното име, од географска гледана точка неточно, зборува само за намерата на византиската власт оваа област да ја користи како отскочна штица за обновување на вистинската Македонија која тогаш сè уште била во рацете на Словените. Темата ги опфаќала централниот и западниот дел на Тракиската рамница, главен град бил Андријанопол, а втор по важност- Филипол" (Пловдив, Р.И.).

Била создадена темата Македонија за црковното уредување и покрстување.

Стр. 81: „Јавниот вид е подобро прикажан во документите...како Патрас и Навпакт- Никопол, биле некогаш епископии кои после 800 година биле унапредени во митрополии за да го раководат и да го организираат покрстувањето на Словените. Пред крајот на деветтиот век овие митрополии добиле поткрепа во големиот број тукушто основани изборни епископии од кои некои, пред сè во Македонија и Тесалија, биле формирани токму за да им служат на словенските заедници. Иако често пати ни недостигаат точни податоци, можеме да претпоставиме дека многу словенски епископии биле воспоставени за време на Василиј I кој, во соработка со патријархот Фотиј, планирал и раководел со преобратувањето на Словените, па затоа е заслужен и за повторното покрстување на голем дел од населението на Балканскиот Полуостров.

Напоредо со реорганизацијата на балканските диецези, се одвивало една помалку впечатлива но можеби поефикасна борба за покрстување на паганските Словени во пониски редови на Византиската црква. Многу настани од оваа кампања чиишто главни носители биле мисионерите, монасите и свештениците, никогаш не се забележани, но нивните резултати им припаѓаат на најголемите достигнувања на средновековното грчко христијанство. За помалку од два века христијанството било пренесено на целиот Балкански Полустров, а во 1000 година речиси до крај е спроведено и покрстувањето на словенските поданици на Византија...".

Па имало само Римјани- христијани и Склавини-повеќебожци, ништо друго.

Стр. 82: „За успехот на православното христијанство...познавањето на византискиот грчки јазик...германскиот научник Фалмерајер...Наспроти постојаниот отпор на изолираните групи Словени- особено во брдовитите предели на Пелопонез- ова асимилаторско движење ниту еднаш не заслабнало после половината на деветтиот век. Првин потчинети, потоа преобратени и на крајот цивилизирани од страна на Византија, Словените од централниот и јужниот Балкан станале Грци. Тие три фази на овој тек на втопување се јасно опишани во еден византиски текст од почетокот на десеттиот век, во кој царот Лав VI му оддава чест на успесите на својот претходник, Василиј I (867-886):

'Нашиот блажено споменуван татко, Василиј I, царот на Ромеите, ги натерал (Словените) да се откажат од старите обичаи и откако од нив направил Грци и ги

потчинил на управниците според римскиот образец и ги покрстил, ги ослободил од зависноста од нивните дотогашни господари и ги научил да војуваат со другите народи кои им биле непријатели на Ромеите' ".

Па само за Ромеи- христијани со коине и Склавини- повеќебожци (варвари).

Стр. 84: „Нема сомнение дека во овој период се засилило влијаието на Византија во Бугарија. Делумно доказ за тоа лежи во градбите и во неколкуте палати што кановите ги изградиле во спомен на воените успеси. Тие подвизи се опишани во издлабените натписи на столбовите и на надгробните споменици, главно од периодот на владеењето на Омуртаг. Неколку од нив носат траги од обидите стариот бугарски јазик да се напише со грчко писмо, но повеќето текстови се на говорниот грчки народен јазик од тоа време...".

Имало службен јазик коине и „говорниот грчки народен јазик од тоа време".

Стр. 105: „Византиската власт во 900 година...Бидејќи Бугарија во текот на двесте години ќе ја удвои површината на некогашната византиска територија под нејзина јурисдикјција, таа сè повеќе делувала заканувачки.Власта на источниот Рим можела само да се теши со помислата дека новиот бугарски владетел Симеон бил школуван во Цариград. Но неговата умешност и ревносност со кои ја впивал византиската култура, како што подоцна дознал Киутпранд од Кремона, преку неговите врски во Цариград, оставиле голем впечаток на неговите учители, па заради познавањето на 'Демостеновата реторика и Аристотеловите силогизми, го нарекле 'полу-Грк'. Освен тоа, и од Бугарската црква со која упоравувал свештеник кој му бил одговорен на Цариград се очекувало својата паства да ја држи на правилниот пат на верност кон Византија".

Фока бил полуварварин- еден родител христијанин со коине, а другиот паган со варварски јазик. Овде е Полу-грк,службен јазик коине и народен бугарскиот.

Стр. 115: „Во есента 924 година војската на Симеон за последен пат се појавила во Цариград. Очекувал помош од флотата на египетските фатимиди, но Романовата дипломатија во последен момент го расипала неговиот сојуз со африканскиот калиф. И одново бил принуден на преговори. Патријархот Никола излегол од градот да се види со него, но Симеон барал да се видли лично со царот. Се сретнале на еден посебно изграден пристаништен дел на Златниот Рог, под љубопитните погледи на Сенатот кој бил собран на градските ѕидови. Велат дека Симеон прв проговорил, на граматички погрешен грчки јазик. Потоа зборувал Роман, со тој говор, што можеби бил составен од Никола, тој го потсетува бугарскиот владетел на неговата позиција и неговата должност:" ...

Бидејќи коине не бил народен јазик, тој бил многу сложен од 300-та г.п.н.е. развиен јазик. Па и затоа Симеон коине го говорел граматички погрешно. Бидејќи татаро-турските јазици биле без родови, Бугарите како Татари можеле да грешат во родовите. Ова денес важи кај Турците, Унгарците и Албанците (Шкиптари и Геги).

Стр. 119: „Во октомври 927 година бил потпишан мир меѓу Византија и Бугарија. На прв поглед условите биле исклучително поволни за Бугарија. Петар, синот на Симеон и негов наследник, се жени со Марија Лакапина, внука на ромејскиот цар и византиската влада го признава како 'цар на Бугарија'. Post- factum е потврден и незаконскиот чин Симеон што бил изведен во последните години од неговото владеење, а со кој бугарскиот архиепископ бил издигнат на ранг на патријарх. Меѓутоа овие отстапки не можеле да го прикријат фактот дека Ромеите изво-

јувале особено голема дипломатска победа над Симеоновиот благ и ангелски син. Бугарскиот патријарх само номинално не зависел од цариградскиот, а се чини дека Византијците инсистирале неговото седиште да не биле во Преслав каде што можело да подлегне на најсоодветни притисоци од страна на бугарската власт, туку во далечна Силистрија, на Дунав. Меѓутоа, бракот на Петар со принцезата од царско потекло го издигнал меѓународниот углед на Бугарија, па затоа не им се бендисал на оние од Цариград кои биле склони да ја бранат расната чистота, на пример на Константин Порфирогенит, кој се противел на праксата византиските принцеси да им се даваат на странски владетели. Таквото однесување (освен во случевите на стапување во брак со франачките владетели), строго ги осудувал, впрочем како и продавањето на свечени облеки и дијадеми на варварите или предавањето на грчкиот оган на потенцијалните непријатели на Византија...“. (Само таен оган, Р.И.)

Ромејци со Александријски Птоломејов коине и варвари со народен јазик.

Стр. 227: „Трговските односи не оделе секогаш во прилог на добрососедките врски. Се чин дека една кавга меѓу руските и византиските трговци во Цариград во која бил убиен еден угледен Рус, била непосредна повод во последната голема војна меѓу Русија и Царството што со голема жестина била водена во 1043 година. Првата битка на оваа војна Псел, учен човек и државник, ја гледал во друштвото на самиот цар и ја опишува како ‘бунт на Русите’, последица на ‘гневот и бесот’ што таа ‘варварска раса’ секогаш ги чуствувала кон ‘надмоќта на Ромеите’...“.

А „таа ‘варварска раса’ секогаш ги чуствувала кон ‘надмоќта на Ромеите’...“.

Стр. 276: „Концептот ‘варварин’, па и самиот збор, потекнуваат од грчкиот јазик. Во класичната епоха Грците го употребувале зборот варвари за оние народ кои зборувале на непознат и неразбирлив јазик и кои не мислеле на грчки, ниту пак не се однесувале грчки. Во тој културен контекс Византијците го користеле и самиот концепт ‘варварин’. Источното Римско Царство имало толку различни раси што било невозможно да се направи каква и да е позначајна етничка разлика меѓу Ромеите и варварите. Навистина, Византијците и понатаму велеле дека негрчките јазици се ‘варварски’ и често пати се преправале дека ги презираат заради нивната несоодветност и непријатен звук. Но она што ги издвојувало Ромеите била припадноста кон православната црква и верност кон царот. Варваринот бил паганин, не бил потчинет на царските закони, ниту непосредно ниту посредно, преку припадноста кон визатискиот комонвелт. Теортски, паганинот кој ја примил православната вера, веќе не бил варварин...“.

Варвари биле оние „кои не мислеле на грчки“ (коине); без „позначајна етничка разлика меѓу Ромеите и варварите“- Ромеите и варварите биле еден ист народ само верски поделен; „Варваринот бил паганин, не бил потчинет на царските закони, ниту непосредно ниту посредно“; „паганинот кој ја примил православната вера, веќе не бил варварин“: Ромеи христијани со коине, а варвари пагани со варварски.

Стивен Рансиман,[72] на стр. 21, пиши: Плетон силно ја подржувал терминологијата што покажувала колку многу се променил византискит свет. Дотогаш Византијците зборот Hellene, освен кога мислеле на јазикот, го користеле за да опишат Грк паганин, наспроти Грк христијанин...“.

Францускиот византолог Алфред Рамбо, во „Византија“ пиши: „Византијците, кои самите се нарекувале Ромеи, го отфрлале со презир името Хелени, кое по-

[72] Стивен Рансиман, Падот на Константинопол 1453, Слово, Скопје, 2004.

станало синоним на неверници“...„те ги нарекувале Хелени јазичниците во Русија и хеленска вера- варварска религија околу Дњепар и Дунав“. Хелени се нарекувани и „Словените идолопоклоници од Пелопонез“.

За да се потврди дека Пелопонез бил склавински=повеќебожен,овде Хелени-варварска религија, е доказот и со Платоновата академија која била повеќебожна =хеленска. Неа ја затворил првиот христијански римски цар Јустинијан во 529 година- во неа службен јазик бил јонскиот на Атина, а не христијанскиот јазик коине.

Бидејќи коине не бил народен народот не го познавал- тој морал да се учи.

Димитри Оболенски,[73] на стр. 58, пиши: „Меѓутоа, сепак не може да се поверува...Во третиот квартал од седмиот век дознаваме за некој си Первуд, поглавар на едно племе на македонските Словени кој живеел во Солун, се облекувал во византиски стил и течно говорел грчки...“.

Солун бил ромејски=христијански. Па Склавинот го учел и го научил коине.

Стјепан Антолјак,[74] на стр. 12, пиши: „Miracula II е збирка од ‘6 чуда’, и тоа продолжение на Miracula I, со таа разлика што овде секое опишано чудо претставува повеќе или помалку значаен настан. Се претпоставува дека авторот на Miracula II е припадник на нижиот црковен клер во Солун, зашто тој анонимус,не знае да се изразува, не пишува со изграден стил како архиепископот Јован...“.

Бидејќи коине бил само христијански јазик, свештеникот добро не го знаел.

Стр. 13: „Се гледа дека Miracula II донесува многу интересни и единствени вести…Словените оној анонумус ги нарекува ‘варвари’ и секако не ги симпаризира. Што се однесува до настанувањето на Miracula II, во најново време се смета дека 685 година претставува terminus ante quem“.

Се говори за Склавини, со варварски јазик. Тој како Римјанин=Христијанин со христијанскиот јазик коине Склавините=Повеќебожците не ги обожувал.

Стр. 35: „Но додека грчкиот текст на овие ‘житија’ во општи црти пишува за поразот на Самоиловата војска...Меѓутоа, треба да се знае дека латинскиот превод е поавтентичен (зошто тоа во суштина е превод на оној пронајден барберински грчки текст од XV в.) од светогорскиот од 1630 г., кој е исто така на грчки, а го напишал некој епископ Партениј“.

Стои „барберински грчки текст“.Тој бил само варварски (пелазгиски) коине.

Димитар Оболенски,[75] на стр. 203, пиши: “Вториот проблем се состои во јазикот нма светата службна во Руската црква...Навистина, нема непосредни докази дека византиските мисионери во Русија намерно ја поттикнувале словенската народна традиција, но нејзиното брзо ширење по 989 година и потполно исклучување на грчкиот јазик од литургијата- и тоа во време кога Руската црква ја водат свештеници кои биле поставени од Цариград...“.

Бидејќи коине не бил разбирлив,следел црковно-словенски, варварски јазик.

Д.Оболенски го наведува примерот, што ја одгонетнува вистината дека народот говорел на варварски јазик. Тој пиши: „Писателите кои биле горди на елегантниот стил на својата проза, на пример принцезата Ана Комнена и архипископот охридски Теофилакт, со особена и одбивна вообразеност сметале дека се обврзани да бараат прошка од своите читатели затоа што од време на време ќе споменат по

[73] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.
[74] Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, том први, Мисла, Скопје, 1985.
[75] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

некое име со ‘варварско’ потекло“. Владимир од „Василиј II побарал да се ожени со неговата сестра Ана“... „Според измислената, но погодна традиција, која би требало да потекнува уште од Константин Велики, биле забранети браковите меѓу потомците на царското семејство и ‘варварите’ “. Острогорски за Фока пиши: „Побунетите војници го дигнале на штит и го прогласиле за цар, подофицерот од полуварварско потекло и напуштајќи ги своите позиции, тргнале кон Цариград“. Значи, едниот родител му бил од царско семејство, а другиот од Склавините со варварски јазик. Оболенски продолжува: „византискиот свештеник (Теофилакт Охридски, Р.И.), напишал житие на Климент Охридски, врз основа на едно поранешно словенско житие на истиот светец. Во тоа дело тој изобилно и со ентузијазам ги фали светите Кирил и Методиј“.Токму Теофилакт за во Македонија пиши само варварски...

Оболенски пиши: „а Константин Порфирогенет, опишувајќи го Пелопонез непосредно после 934 година, вели дека поголемата чума од 746-747, ‘целата земја била словенизирана и станала варварска’ “. Овде кај него е склавинска=варварска. Исто така Оболенски наведува: „Кон крајот на дванаесеттиот век Михаил Хонијат учениот атински митрополит, понижен од откритието дека неговата паства од бедните селани кои зборуваат на народен јазик, не ја разбираат неговата блескава престава за старите Грци, ги запишал следните значајни зборови: ‘После долгиот престој во Атина и самиот станувам варварин’ “. Свети Јован наведува: „Учењето на рибарот што прави шатори блеска на нивниот варварски јазик повеќе од сонцето“. Во прилог се наведува и Меморандумот за античките граници на Грција од мајорот Ј.С.Ардаф, С.Б., Р.Е. 24 февруари 1881 година. Тој пиши: „Оваа заедничка одбрана довела до сегашна употреба на еден општ јазик, грчки, но останатите од Амфилокијанците сé уште се Варвари“. Па следи Кораис во Париз создава еладски јазик, службен само од 1868 година. Катаревуса бил со датив и генетив, но не димотики.

Од наведеното се потврдува, коине бил дативен јазик и со потекло од Александрија. Бидејќи тој бил наследник на староегипетскиот, тој народот не го разбирал. Со реформата на коине, дело на Константин Филозоф, со Солунски склавински говор бил создаден црковно- словенски јазик. Тој бил само варварски=пелазгиски.

Г.Острогорски,[76]на стр. 11, вели: „За извесно заживување на интерсирањето за византиската историја придонела борбата на Грците за ослободувањето од турското господство, која силно одекнала во напредните кругови на Европа. Така, енергичниот филхелен George Finlay (1799- 1875) му посветил доста внимание на византискиот период во рамките на својата опширна историја на Грција, која во седум томови зафатил огромен временски простор од 146 г. пред н.е. до 1864 година: A History of Greece from the Conquest by the Romans to the Present Time (Лондон, 1977). Во Германија во тоа време се истакнуваат изданијата на текстови и низа драгоцени истражувања од византиското и балканското подрачје на G.L.F. Tafel (1787-1860), а потоа посебно на Karl Hopf (1832-73). Хопфовата Geschichte Griechenalands vom Beginn des Mittelalters bis auf die neure Zeit (во Ersch und Gruber, Allgemeine Encyklopädie den Wissenschaften und Künste 85/86, Leipzig 1867/8), која се заснова не само на темелно проучување на изворите туку и на архивската граѓа, ја задржува својата вредност благодарејќи на борбата собрана граѓа, посебно за подоцнежната византиска епоха и многу е ползувана од подоцнежните историчари. Потполна спротивност на ова со материјал пренатрупано, непрегледно и многу тешко напи-

[76] Г. Острогорски, Историја на Византија, Наша книга, Скопје, 1992.

шано дело, претставуваат брилијантните списи на Хопфовиот научен противник, духовитиот и литературно многу надарениот Фалмерајер (Jakob Philipp Fallmerayer, 1790- 1861), кој предизвика сензација со својата- секако претерана- теза дека Грците во Средниот век сосема подлегнале на словенизацијата и оти грчкиот народ како таков од тогаш всушност и не постои“.

Димитри Оболенски,[77] на стр. 82, пиши: „За успехот...Познавањето на византискиот грчки јазик станало неизбежен клуч за општествениот статус и напредување во службата. Што и да мислиме за етничкото потекло на сегашните жители на Грција и како и да е нашиот став за страсната и сè уште незавршена расправа која отпочна со тврдењето на германскиот научник Фалмерајер (во триесеттите години на деветнаесеттиот век) дека денешните Грци имаат главно словенско и албанско потекло, во секој случај нема сомнение околу тоа дека словенските племиња кои во почетокот на средниот век ја населиле речиси целата територија на Грција...“.

Авторите мислеле коине бил народен јазик на кого говореле Хелените. Со тоа што коине бил само Александријски Птоломејов јазик, со прва граматика и прв речник од 300 г.п.н.е., а Илијада во Александрија била преведена на коине во 3 век п.н.е., коине никогаш не бил народен јазик. Исто било и со латински- од 240 г.п.н.е.

ВЛАСИТЕ БИЛЕ ПЕЛАЗГИ СО ВАРВАРСКИ=ТН.СЛОВЕНСКИ ЈАЗИК

Јон Аргинтеану,на стр. 22,во Македонија ги наведува: „Брсјаци (Берегизити)

Берегизити=Бргизити=Бригизити, Бриги=Брижи=Бржи=Брж=Брз=Брс-јаци.

Елијан (3 век н.е.) соопштува, скоро илјада и пол години после падот на Троја, дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданите од семејството на древните Пелазги. (Дардан=дар дан- спореди Богдан=Бог дан, Р.И.)

Стои: „овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданите“.

Па Власите биле Бриги со бригиски=брсјачки говор- варварски=пелазгиски.

Според Дионисиј[78]: „Јазикот со кој се користат Римјаните, не е наполно варварски, ниту пак апсолутно хеленски, но преставува мешавина од двата. Поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје“. Од ова произлегува дека Римјаните говореле со „поголемиот дел од тој јазик е истоветен со еолското наречје“. Се гледа дека јазикот бил еолско наречје кој бил хеленски, а Хелада била Пелазгија. Кон ова да се надоврзе и она што рекол Херодот: „Еолците биле и се нарекувале Пелазги“. Бидејќи пелазгискиот јазик бил варварски, овде во игра се вклучени само три говори на пелазгискиот (варварскиот) јазик кои како говори меѓусебе биле разбирливи. Овде е чудно зошто поимот варварски се употребува за говор. Истото се случило и за поимот пелазгиски. Ова говори дека постепено старите поими се потискале,а на нивното место го заменувале со други. Бидејќи тогаш немало народи, нивните јазици биле говори. Ова било повод од разни поими тие меѓу себе да се разликуваат. Овде е најбитно што латинскиот јазик бил само службен. Значи, тој бил само мртов јазик, а народот говорел со Хомеров (тн.словенски) јазик.

Латинскиот јазик не било дело на Римјнин ниту на Латин туку само на Грејк (Грк) Лив Андроник (240 г.п.н.е.)- тој бил наследник на коине. Токму и затоа тој како коине не бил народен јазик- тој бил неразбирлив. Коине и латински се мртви.

---

[77] Димитри Оболенски, Византискиот комонвелт, Слово, Скопје, 2002.

[78] Историчарот Дионисиј (60 г.п.н.е.-7 г.н.е.) бил од Халикарнас- Римјаните биле Варвари=Пелазги.

За латинскиот јазик да му се доближи до народот се правеле вулгарно (народни) латински јазици- во латинскиот се внесувале народни зборови. Вулгарно латински имало во Италија (Генова. Венеција...), Шпанија, Португалија, Француски...

Па Франковиот јазик бил само вулгарен- латински, за народот неразбирлив.

За да се потврди дека Франковиот јазик не бил народен се чита од Ланге, него луѓето од Цариград... подобро го разбирале отколку самите Франки. Па тој,[79] на стр. 336, го цитира Гутнер од Паирис: „...На тоа дојде опатот само со мака помалку зборови испрекинато (грчкиот свештеник зборува подобро француски отколку елсасишкиот опат), за на стариот јасно да му го направи, она што тој од него го сакаше“. (Значи,се потврдува авторовите тн.Византијци биле повешти во јазици, Р.И)

Франковиот јазик во 15 век свештениците не го разбирале,а во 16 век тој постанува службен јазик не на етнички француски народ туку на државата на кралот.

Францускиот бил романски, а германски на Лутер готски: Пекинг=пе кинг...

Бидејќи францускиот јазик не бил народен јазик,романски и влашки немало.

Јон Аргинтеану, на стр. 126, пиши: „Армните (Власите) во дадено време се сметале за сонародници со Романите (дојдени од Италија) од византиската империја. Основната причина за тие пријателски односи меѓу Италијаните и армнскиот (влашки) народ не можело да биде друго,освен сличноста на јазикот, носијата, обичаите, традициите. Во XIV век тие сличности според одделни извори биле големи. Според едни извори се доаѓа до сознание дека ‘...јазикот на Власите од Дакија е еден ист, како тој на Власите на Пиндските планини, а особено со Италијаните, бидејќи и едните и другите го зборуваат истиот јазик, јазикот на Римјаните ио имаат римско потекло“.[80]

Во Италија народен јазик не бил латинскиот- Власите одродени тн.Словени.

Ако би имало посебен влашки јазик, како што авторот и наведува, тогаш на тој јазик би морало да има таква оставштина. Па таква досега и никој не пронашол.

Густав Вајганд (1924) пиши за Тракијци на Албанците,Власите и Романците.

Бидејќи Шкиптарите, Власите и Романците биле Тракијци тие биле со еден ист јазик- јазикот на Траките бил само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Стр. 175: „УЛОГАТА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА.- Армн Македонците ги задолжиле Грците со непроценливи услуги, и тоа, од своите најстари времиња. Поетот Герасим Влахул од Крит бил извонреден научник. Тој во 1659 година составил речник на четири јазици, и тоа на: грчки, латински, модерен грчки и италијански јазик. Тој упатил бројни писма на латински јазик до суверените на странските земји за да ја помагаат Грција“.

Па никаде нема било каков влашки јазик на некаков посебен влашки народ.

Стр. 175: „АРМН МАКЕДОНСКИ РАКОПИСИ.-Во библиотеката на Романската академија на науките во Букурешт се зачувани повеќе армн македонски ракописи кои ја докажуваат националната и интелектуалната вредност на армн македонската колонија во Будимпешта. Тоа се: а) Збирка на материјали за еден арм македонски речник со апликација на грчки и германски јазик; б) Армн македонската граматика со одговори на армн македонски од романски текст; в) Армн македонската граматика со германски текст; г). Армн Македонски катехизми CATECHISMUL ATSEL MARE; д) Армн Македонскиот превод од светите книги- Lunarium

[79] Reinhold Lange, “Imperium zwischen morgen und abend”,Verlag Aurel Bongers Recklinghausen, 1972.
[80] Авторот кај Извори и литература, под 84, наведува: „Chalcocondylas De Rebus Turcicis, pp. 77.

(Месечник) кој содржи преводи на песни, Апостолог, Евангелието, Животот на светците TREINARIUL SHI TSINDEZETSINARIUL, (ТРИОДОТ И ПЕТАОДОТ) како и повеќе црковни молитви“.

Се кажа: „б) Армн македонската граматика со одговори на армн македонски од романски текст“- романскиот и влашкиот јазик се два посебни различни јазици.

ВЛАСИТЕ БИЛЕ САМО БРИГИ=БРСЈАЦИ

Антички географ и астроном Клауд Птоломеј (Ptolomaias Klaudis, 90- 160), кој живеел и работел во Александрија во Египет, во неговото дело Географија (Geographia), го бележи градот Епидамнос (Durrhachium, Драч…) ...

Стои за Бриги (Brighi), кои живеат зад Епидамнос: Бриг=Брж=Брз=Брс-јаци.

Страбон запишал дека Бригите живееле кај реката Еригон, а Апијан споменува Бриги во заднината на хеленската колонија Епидамнос. Хесихиј го споменува градот Бригијада (Brygias), а овој податок е зачуван и кај Стефан од Бизантиј, кој запишал дека Бригите биле македонско племе, во соседство на Илирите.

Бриги биле не само од Еригон до Драч и Западна Р.Македонија со Арбанија.

Во предговорот на книгата на Јон Аргинтеану, на стр. 8, стои: „Наспроти ваквите мислења, некои автори ги поистоветуваат одделните влашки племиња со албански етнос. Така, Кантакузен (Bonn, II, 450), застапувал мислење според кое племињата БУИ, МАЛАКАШИ И МЕСАРИТИ припаѓаат на албанскиот етнос. Овие наводи на Кантакузен не ги одразуваат реалните односи и вистини. Според Ј. Аргинтеану, БУТИТЕ, МАЛАКАШИТЕ И МЕСАРИТИТЕ- трите моќни племиња чии називи произлегуваат од имињата на нивните шефови (владетели) по сите основи со влашки племиња.

За влашкиот карактер на наведените племиња зборуваат и следните наводи: францускиот конзул во Јанина, Пуквил, застапувал мислење, според кое, племињата Буи, Малакаши и Масарети по сите основи се влашки (Cfr. Voyage de la Grece, II, Paris, 1826, 336). И грчкиот историограф Арвантинос негирајќи го тврдењето на Кантакузен смета дека споменатите племиња, Буи, Малакаши и Месарити се влашки“.

Наведените простори биле само бригиски- моја книга[81] „Римјаните говореле тн.словенски- Власите одродени тн.Словени“- на стр. 117 е насловот „Балканските Власи биле само Бриги=Брсјаци“. За доказ се и Бригите- Македонците во Пакистан.

Јон Аргинтеану, на стр. 21, пиши: „За време на Пунските војни македонскиот крал Филип V ги помагал Картагинците. Во 211 година пред Христос, Филип V и Ханибал склучиле Сојуз. Есента- 201 година пред Христа, Римскиот сенат одлучил да го казни Филип V. Под водство на конзулот Суплицие Галба две легии и околу 1000 коњаници и бројни слонови заробени од Картагинците се истовариле во Аполонија и ја освоиле Антипарта. Зимата ја поминале таму без да преземат некоја акција. Пролетта, 200 година пред Христа, Пулибие Сулпицие се упатил во Македонија. Во таа акција ги преминал планинските предели околу реката Апсус (Бератино), потоа плодородната котлина на Десаретите (Охридската котлина) и пристигнал на планинските венци кои ја одвојуваа Македонија од Илирија (Пелистер).

Во плодородното поле на Линкестите се сретнале двете војски на Филип V и на Сулпицие Галба. Филип со 20.000 пешаци и 2000 коњаници влегол во битка со

[81] Ристо Ивановски, „Римјаните говореле тн.словенски-Власите одродени тн.Словени“,Битола, 2016.

добро извежбана војска на Сулпицие Галба при што доживеал тежок пораз. Самиот Филип V напуштајќи го бојното поле, едвај се спасил. Непосредно после тоа, римската војска повторно се судрила со Филип V. И во овој случај тој претрпил уште потежок пораз. Но, со оглед на тоа што Римјаните не го познавале добро теренот, се повлекле назад, пустошејќи ги при тоа населбите Еордеа, Елимеа, Ористида, а градот Целетрон (Костур) им ги отворил портите. Десаретскиот град Пелион (Плеаса) во Илирија, кој бил расположен на една притока на реката Апсус (Семени) бил освоен и поставен под заштита на еден римски гарнизон“.

Авторот, на стр. 122, пиши: „МАЛАКАШИ, БУИ И МЕСАРИТИ.- Армн Македоците (Власите) од Тесалија и Епир во XIV век биле оргаизирани на три големи племиња. Тие биле раководени од своите водачи. Тие се викаа: МАЛАКАШИ, БУИ И МЕСАРИТИ.

Сè до потпаѓањето на Тесалија под Византјците, Армн Македонците (Власите) биле задоволни со своите остварени широки автономни права што ги уживале. Армн Македонците (Власите) од околината на Јанина биле познати со името ЗАГОРИЦИ.Тие заедно со Малакашите одиграле значајна улога во историјата на Епир и Тесалија“. (Загорици само варварски=пелазгиски=тн.словенски поим, Р.И.)

Стр. 129: „КОСТУРСКО КНЕЖЕСТВО.- Градот Костур бил едно време во состав на Голема Влахија. Јон II Ангел (1318) носел звање ‘Војвода на Неопатра, Голема Влахија и Костур’ (‘Duce di Neopatra, Vlahia shi Castoiria’)

Во 1332 година Серѓани го зазел Костур и Солун и го основал Кнежеството Костур и Ематија (Меглена), прогласувајќи се за независен. После Серѓани, овие области ги загосподариле Србите, а потоа подпаднале под власта на Мусакија. Прадедото на Скендер-бег, Константин Кастриот, наречен Месарет, стоел на чело на тоа кнежество до крајот на XIV век, кога конечно истото паднало под Турска власт.

Костур и неговата околина од секогаш носеле назив- Влахија“.

Објаснување за „Месарет“: „**V**. Скендер-бег, преку својот дедо Константин Кастриот води потекло од родот Месарети. Како претходно видовме Месаретите се по потекло Армн Македонци“.[82]

Се потврдува,Власите биле Месарети=месар ет и-само едно: Бриги=Брсјаци.

Во Извори и литература, под број 67, стои: “Hahn, Alb. Stud. p. 341. Според Хан името Малакаши доаѓа од армн македонските зборово- мало- т.е. имал (малку) и зборот- каш (сирење) и оттука името на влашката група Малакаши“. Со тоа што поимите мало и каша (каша од сирење- потсирена маса), биле само тн.словенски, ништо немало било што влашко што не би било тн.словенско. Јохан Георг фон Хан никаде не наведува Армн и Армн Македонци- имињата се дело на Јон Аргинтеану.

Стр. 145: „БИТКАТА НА АРМАТОЛОЗИТЕ ВО АЗИЈА.- Во 1635 година, дошло до битката во Азија, меѓу Турците и Персијанците, султанот Мурат IV ангажирал околу 12.000 арматалози од Тесалија и Епир за борба против Персијанците. Војната била жестока. Во почетокот на судирот Турците се дале во бегство. Арма-

[82] Авторите наведуваат, Ѓорѓи Кастриот (тн.Скендер-бег) бил Мијак. Па ова не е точно- тој бил само Бриг=Брзјак. Мијаците живееле во Северна Шкиптарија, каде на крајот на 18 век биле колонизирани Азијати- Гегите. Само така Мијаците пребегнале на просторите на Р.Македонија. Гегите не биле познати за време на тн.Скендер-бег. Гегите се појавиле дури во 19 век. Григор Прличев во Скендер-бег (15 век) Гегите не ги наведува, а за нив тој пиши во Сердарот (19 век). Денес сме сведоци, што Скиптарите се трудат да докажат дека Мијаците им го преземале наследството на Скиптарите, како и дека во Р.Македонија на бригиските (денес мијачките) простори имало православни Скиптари итн

толозите, напротив, не отстапиле, туку застанале да се борат. Застанувајќи лице в лице со непријателот го развиле знамето со ликот на Свети Ѓорѓи, го направиле знакот на крстот, ги впериле очите во небото и се дале јуначки во борба со Персијците, наметнувајќи им тежок пораз...“.

Свети Ѓорѓија бил од Кападокија- тој не бил коњаник. Тој во Бригија=Брсјакија постанал коњаник.Како него во бригиски=брсјачки Прилеп бил Крали Марко...

Бидејќи Власите биле од Москополе- Корча, тие биле Десарети- само Бриги.

Власите се со сите бригиски=брсјачки гласови, презимиња со дативното у и со ит- завршеток за трето лице еднина, со тн.словенски темен вокал и Вукови гласа.

Пред стр. 33 има слика, со која се бара врска со Калашите, кои биле Бриги.

Во додатокот на книгата на Јон Аргинтеану, на стр. 19,се наведува следново:

„Најновите сознанија кој ги презентира Б. Стефаноски во делото ‘Трако- дачки јазик основата на индо- европските јазици’ со обработка на стари натписи кои припаѓаат на илирските племиња: Фриѓи-Бриѓи, Десарети и Дарданци, за првпат во право светло се презентира јазикот на овие непознати илирски племиња. Нивниот јазик во целост кореспондира со денешниот говорен армн македонски јазик. Даденото тврдење е во потполна согласност со пишувањето на античките писатели, пр. Полибие (II век пред Христа) ‘Илирскиот јазик е македонски диалект а и трачкиот јазик’ што наполно одговара со сознанијата на Б. Стефаноски да илирскиот јазик е само едно од бројните наречја. Према тоа директно поврзување на денешниот албански со илирскиот идентитет нема никаква основа“.

Влашкиот е мешан јазик, а не пелазгиски, како на античките Македонци.

Бранко Вукушиќ[83] пише: „Историски чинител дека Илијада и Одисеја се преведени од Грците со непознат јазик за време на Пизистрат во 6 век с.е. Тоа било бар 500 години после датумот кој самите Грци го одредиле за датум на тројанскиот бој (1183 г. с.е.). Елијан, грчкиот учител на говорништво во Рим (3 век н.е.) соопштува, скоро илјада и пол години после падот на Троја, дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданите од семејството на древните Пелазги. Веќе сме рекле дека на местото каде подоцна е соградена грчка Атина, пред дорската инвазија,се најдувал пелазгискиот град Пелазгон.[84]Од Пизистрат до денешната званична верзија, која е направена во Александрија во 3 век с.е., имало повеќе воглавно грчки доработки на Илијада...“.

Токму ова за „илирските Бриги“ се совпаѓа со Фригите=Бригите, Десарети...

Страбон запишал, Бригите живееле кај реката Еригон, а Апијан споменува Бриги во заднината на хеленската колонија Епидамнос. Хесихиј го споменува градот Бригијада (Brygias), а овој податок е зачуван и кај Стефан од Бисантиј, кој запишал дека Бригите биле македонско племе, во соседство на Илирите-Драч бригиски.

Бидејќи Бриги биле од Црна Река сè до Драч, Власите биле само едно-Бриги.

Власите пишат и говорат, куќите во Корча со Москополе...Охрид...Битола... Крушево...Лазарополе...биле влашки. Па такви исти куќи има кај Македонците во Пакистан, кои не ги познаваат поимите Словени и Власи. Ова било само затоашто

---

[83] Branko Vukušić, O trojanskato- slovenskoj misteriji, Pešić i sinovi, Beograd, 2003, стр. 46.

[84] Стр. 61: „Името Пелазг...Според Британската енциклопедија поимот Пелазг се поврзува со македонска Пелагонија. Во основ е тој поим ‘бел, светол’. Бело е едно од најраспространет топоним на широкиот словенски простор- бела вода, бела планина, бели брегови итн. Најдревниот словенски град е Бел-град, Бел-Пел, Пела- е една од престолниците на илирско- словенската Македонија“.

такви народи и никогаш немало. Во Пакистан симбол им бил богот Арес=јарес=јарец, кој бил симбол на бригиските простори. Следи Александар Македонски како јарец со роговите бил претставен, што важело за кралот Пир и Ѓорѓи Кастриот итн.

ВЛАСИТЕ И ШКИПТАРИТЕ БИЛЕ САМО ОДРОДЕНИ ТН.СЛОВЕНИ

Јохан Георг фон Хан,[85] на стр. 49, пиши: „Госп. Рафаило Амброзијо...митрополија Дурацка. На овој округ црковен под себе ги има освен Мата (која во црковниот говор уште Македонија се вика уште и сета приморска рамница...“.

Фуснота: „Како што е познато Македонското кралство допирало негде до брегот Јадрански, и под Римјаните- приморје меѓу устието на Дрина[86] со Скумба со пределот зад него вазда во провинција Македонија, како год и еден дел на покраината што денес стои под Румелискиот вилает од Манастир...“. (Битола, Р.И.)

Па Корча со своето Москополе биле само под македонскиот град Битола, а Македонците биле само Пелазги.Тие говореле варварски, што останало сè до денес.

Власите и Шкитарите биле само Епирци-Густав Вајган за нив пиши „браќа“.

Стр. 21: „Од ова гледиште...дека Албанезите не само после Илирите дошле, но и дека овие се последни од племето Палазгиско (Пелазги)...“.

Илирите биле само Пелазги- денешниот шкиптарски јазик е мешан јазик.

За Албанците народен херој,кој говорел албански јазик, бил Ѓорѓи Кастриот.

Стр. 37: „Горе споменавне дека Скендербег бил Матанец, оти тој тука а не во Кроја е роден...

Честитиот германски работник Хопф, патувајќи повеќе години низ Италија ...како што веќе и Фалмерајер (Fallmerayer) тврдел, со Српско потекло…“.

Бидејќи оставштината на Ѓорѓи Кастриот била само на тн.словенски јазик, што Албанците не го оспориле,Власите и Шкитарите се само одродени тн.Словени.

Стр. 66: „Мошне отрвената слика во внатрешноста нејзина покажува дека Византијец не бил неимар. Обликот на свети Ѓорѓи уште и денес има потпис кој јасно може да се прочита GEOR...“.

Се потврдува, името Георг и Ѓорѓи било тамошно- Ѓерѓ е туѓо донесено име.

Стр. 71: „Ние овој ден се возевме...оној кој од страна дојде не знае да ги разбере промените и ситните разлики. Па највнимателниот посматрач, кој од Белград до гребенот на Матаните би слегол, не би можел да каже во што се разликуваат Србите од Бугарите, Албанезите, Румељотите. Пелополезаците и Манотите, каква разлика во оделото, носењето на косата, вкусот на градежите, начинот на обработување на земјата, одгледување на добиток и тн. и тој, ако само би ги знаел нивните јазици, би можел лесно да помисли дека сите се членови на истиот народ...“.

Па сите тие биле еден ист народ, одроден само во последните векови.

Стр. 72: „Ние сметаме...На друго место сум заприметил, дека многу облици на турско живеење, кое ние денес го викаме Азијатско, само примен обичај...“.

Стр. 73: „Према овие особини...Ако Албанската приказна на овие брѓани е вистинска, која вели дека Словените биле стари жители на оваа земја а Албанците помлади дојденци...“.

Сета топонимија во Епир,на Власите и Шкиптарите, била само тн.словенска.

---

[85] Ј.Г. Хан, Путување кроз поречину Дрина и Вардар, Државна штампарија, Београд, 1876.

[86] Стр. 1: „...реката Дрина...Во старо доба Страбон кажувал, дека таа допира до Дарданија...“.

Стр. 77:„Сега некои мислат...Ние повеќе пати размислуваме зошто Арнаутите уште и денес се на оној степен на образување, како старите хелени и Римјани...“.

Во 11 век имало колонизирање на Азијати во Драч..., како и колонизирање на Азијати во северна Шкиптарија на крајот на 18 век, и во 19 век меѓу Шар Планина и Врање- овие се Геги.Следи Гегите и Шкиптарите меѓусебно не се разбираат.

Стр. 104: „Колку да би се преварил, нарочито во етнографско гледиште, дека по оваа прилика заклучив, дека Дукаѓините се без песни и игри оти со тоа би се посумњал и во нивното племе, како да немаат никаква врска со старите Дардани, за кои уште Страбо вели, дека се љубители на музиката и пеењето. Па на така погрешно судење би можело да ги предизвика посматрачите уште во тоа, што Дукаѓините никако не живеат во земуници со балеги покриени, како што старите Дардани за време на географот Страбон живееле-денешните селани на Влашка северно од Дунав уште и сега градат вакви поземни куќи, те кога патникот би влегол во вакво Влашко село, повеќе би држел дека е меѓу гомило ѓубре, отколку во село“.

Се потврдува, преселбите биле од југ ...Тракија северно од реката Дунав- во Влашка, чии игри и песни биле балкански. Во Пелагонија куќите плетари се обложувале со балеги... Бидејќи подпочвената вода била висока- Пелагонија била езероне се правеле куќи в земја.До денес Власите и Шкиптарите не се богати со ора и песни- Шкиптарите се познати туѓо да просвојуваат: историја, книжевност..музика...

Стр. 182: „Изнад другиот...Охрид...овде по знаење на византискиот јазик, бугарите биле последни, по себе се разбира, ама залудно се прашува...“.

Па тн.грчки јазик бил византискиот коине- во Атина службен бил јонскиот.

Стр. 186: „Местото...Околу дворот во зданија на грчката и обичната школа, тие се во Охрид. Во четири од овие се учи грчки а само во една во предградието словенски, оти кај христијанските жители во Охрид грчките симпатии се далеку помоќни од другите. Тие сакаат да бидат Грци, а никако Словени, иако луѓето мораат во школите да учат грчки, а бугарски зборуваат само дома. Ние во Охрид сме нашле само една женска глава која грчки умее, оти за женска школа варошот уште не е кадар“.

Охриѓани во 1865 година не сакале да бидат Словени. Па со лага сѐ е можно.

Стр. 189: „На 22 страна на Codex-от...И во Хидра, познатиот капетан Булгарис (татко уште живиот управител на варошот) ја издал познатата наредба...“.

Бидејќи поимот бу(л)гар бил општ, тој немал етничко значење за Бу(л)гари.

Стр. 211: „Ние по Страбон знаеме...во Охрид само луѓето од подобрата класа знаат грчки, ама и Охриѓани ќе пишат по своите помили белези грчки, оти само грчки (а не словенски) умеат да читаат и пишат“.

Иако тие не учеле на свој јазик не се одродиле како Власите и Шкиптарите.

Власите и Шкиптарите имаат мешани јазици-мешавина од постоечки јазици.

Стр. 230: „Во сѐ во пределот се самите христијански Бугари, ниту има и негде меѓу нив друга народност. Муриховљани се мирни луѓе, кај кои не се знае разбојништво, убиства па ни за крадење добиток. Се раскажува дека мажите на повеќе села се толку гостопримливи, да ни за самата своја жена не се љубоморни“.

Мариовците имале стара цивилизација, како и Сумерите. Тојнби пиши, Пеонците говореле некој словенски јазик. Нивни соседи биле Бригите-Епирците Бриги.

Од стр. 465 е делот на пр. др. Карл Хопф, кој ја изнел историјата на Јован Мусак, последен деспот Епирски;

Стр. 469: „Главниот друм...Меѓу овие беше најславен Аријанитски Топии... Во Охрид стоел Гропите (Groppa) и владееле и со Дебар (јужната долина на црниот Дрим); во Преспа поново друго племе, кое може да биде како Аријанити- се викале Комнени“.

Според Јозеф фон Хамер цел Епир (со Власи и Шкиптари) бил на Аријанити Комнени. Тие биле Македонци (Ланге). Македонците биле само Пелазги. Следи заклучок,Шкиптарите и Власите биле само Пелазги со топонимија само тн.словенска.

Стр. 489: „1. Охрид (на друго место напишано и Алкрија или Делкрија т.е. и Елкрија), една митрополија, чиј округ вреди повеќе од 12000 дукати, припѓал на Гропите па изумреле.

2. Преспа припаѓала на господарот Комнин Презби и на неговиот син Торн или Торих. Семејтвото изумрело. Нивна наследница е вашата баба Кирана. Во Езерото Преспа има едно острово, на кое е манастир и мошти на св. Ахелај (треба св. Ахил)“. (Ахел=Ахил, е=и, Р.И.)

Врската на Комнените била со Цар Самуил, чие богатство тие го наследиле.

Јохан Георг фон Хан, стр. 104, пиши: „Колку...старите Дардани, за кои уште Страбо вели, дека се љубители на музиката и пеењето...“.

Густав Вајганд,[87]на стр. 13 пиши: „Тоа е во кратки црти...исто така видот на музиката и танците на Романците укажуваат сосем одлучно на Балканот. Јас сакам да истакнам, дека јас сосема независно од Томашек сум дојден до суштински исти резултати.

Јас сакам да го усмерам вниманието уште нарочита на околноста,а исто така на обликот на суверијата, нивните особености, нивниот карактер, дури делимично имињата кај Албанците, Бугарите и Романците исти се, при што Романците се тесно поврзани со балканските народи...“.

Преселбите биле од југ на север- никако обратно. Следи постоа само ДНК-оддалеченост од југ кон север- никако обратно. И затоа Романците биле Балканци

ВЛАШКИ НАРОДЕН ЈАЗИК БИЛ ПЕЛАЗГИСКИ=ТН.СЛОВЕНСКИ

Јон Аргинтеану, на стр. 121, пиши: „ДО XVIII ВЕК.- Армнскиот (Влашкиот) народ од Тесалија и Епир...на чело на племето племенскиот старешина, во двата случаеви тие носеле име- челник...“.

Челник бил/е само тн.словенски-тој бил варварски=пелазгиски тн.Платонов.

Ј. Аргинтеану, на стр. 184, пиши: „...Гога и Д. Козакович...“-ч=тн.словенско.

Јон Аргинтеану, на стр. 146, пиши: „Планината Олимп....Колку било силно тоа религиозно чуство кај нив, може да се види од односот на капетанот Влахава, кој во својата 76 годишна возраст, заедно со својот секретар со пушката на рамото отишол пешки до Ерусалим, на Христовиот гроб, каде и завршил неговиот живот“.

Се кажа: кај Власите „може да се види од односот на капетанот Влахава“.

Во „Влахава“ (=влаха ва) завршницата ва тн.словенска- Власите тн.Словени.

Нивниот народен јазик бил тн.словенски со в-н-т: Влахава-Влахана-Влахата.

Власите и Шкиптарите биле само Епирци.Според Густав Вајганд, „БРАЌА“.

Бригите=Брсјаците не го употребуваат првото х (ајдук, ајвар...)-и Шкиптари.

Стр. 189: „Александар Одобеску, Димитрие Струдsa“- бригиско=брсјачко s.

[87] Gustav Weigand, Ethnographie von Makedonien, Leipzig, Fredrich Brandstetter, 1924.

Не само наведеното, Власите и Шкиптарите ги имаат сите бригиски=брсјачки гласови, дативно у во презимињата и завршетокот ит- трето лице еднина (Маргарит=маргар ит...) што ги немаат во граматика. Па влашкиот јазик бил нов јазик.

Јон Аргинтеану, на стр. 111, пише: „На тој начин, со спојувањето на претходно романизираното староседелско население во Македонија, Епир и Тесалија со новодојденото романизирано население од Дакија е создаден етнички елемент на Балканскиот простор наречен- Армњ (Armânj). И денес тој стар елемент егзистира на просторите на Балканскиот Полуостров“.

Стои: „етнички елемент на Балканскиот простор наречен- Армњ (Armânj)“.

Гласот њ (нј)го немало во коине и латинскиот јазик- тој бил на Вук Караџиќ.

Место Михаил I Ангел во книгата стои Анѓел- ѓ (гј) бил глас на В. Караџиќ.

Стр. 128: „На чело на едно бројна трупа на Мусаќиари“. Овде е ќ- Вуково.

Бидејќи Вук Караџиќ творел во 19 век, влашкиот јазик се дооформил 19 век.

Иако Вук Караџиќ го отфрлил темниот вокал,Власите го имаат како Траки.[88]

Со тоа што во коине и латинскиот јазик темниот вокал не постоел, кој бил тн.словенски, а тој го има во шкиптарскиот, влашкиот, романскиот, сите јазици во Франција...и португалскит јазик,сите тие јазици биле само на одродени тн.Словени.

ЈАЗИКОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАСИ СО ПОТЕКЛО ОД ГЕНОВА

Авторите пишат, Власите и Албанците (Шкиптарите, Р.И.) биле Епирци.

Јон Аргинтеану, стр. 148, пише: „АРМНИ (ВЛАСИ) И АЛБАНЦИ.- Меѓу Армн Македонците и Албанците, од секогаш постоеле најинтимни традиционални односи. Сличноста во обичаите, потоа во јазикот, се до точката во врска со нивното етничко потекло...“. Следат објаснувања под:

„**II**. Меѓу армн македонскиот и албанскиот јазик постои одредена блискост. Некои зборови се слични. Се смета дека некои зборови од албанскиот јазик имаат армнско (влашко) потекло. Меѓу нив се следните: Fatsa-Fagë (лице), Crutse- krua (крст); Moarte-morët (смрт); Minte-mend (памет); Tseaspâ- Qepë (кромид); Scarâ- Shkall (скала); Giud- Dzug (јарем); Ljepure- Leper (зајак); Corbu- Corp (Гавран); Sots - Shoq (другар); Pârinte- Print (родител); Analtu- Naltë (висок); Câmeashâ- Këmish (кошула) и тн.

Според Хасдеу, постои мислење дека Албанците се браќа со Армните (Власите) (Хадеу: Cine sunt Albsanezi) ? ‘Кои се Албанците ? Објавено во Годишникот на Романската академија на науките, Букурешт, 1900- 1901, том 23.

Долнобеличанецот Ѓорѓи Баја ни пренесува предание кое било присутно сред струшките Армн Македонци (Власи) дека самиот етноним- Албанез (Албанец) има армнска (влашка) основа. Тоа тврдење се заснива врз основа на националната носија на Албанецот. Според тоа, машката албанска носија се состои од бела капа (кече), бела кошула, бел џамадан, бели бечви, бели чорапи и оттука дадената носија претставува човек облечен во бела облека. Ако се знае дека зборот ‘ALBA’ (АЛБА), во армнскиот (влашкиот) јазик означува предмети или нешто што имаат бела боја, тогаш овој народ го добил името Албанез по белата боја на националната облека (според: влашки- Алба; мак- бело; и оттука Албанез- Албанец)“.[89]

---

[88] Кај Херодот постојат источно Траки и западно Илири- Власите и Скиптарите масовно како Траки.

[89] Белата капа со обичаите биле кавказки-Албанија била на Кавказ: албан=ал (црвена) бан-ија (земја)

„**III**. Во албанската истториографија градот Москополе се прикажува како град, исклучиво со албански состав на населението и град со чиста албанска култура и минато. За присуството на Армн Македонците (Власите) во овој град се спомнува само периферно, како истите да имаат некоја второстепена улога и значење.

Во армнскиот (влашкиот) карактер што го имал Москополе, за неговиот значај и улога, како и влијанието на овој армн македонски (влашки) центар во Западна Македонија го вршел во време на неговиот процут (XVIII век), врз останатите делови на Балканскиот Полустров и пошироко, пишувале познати патеписци и учени луѓе кои го пропатувале полуостровот низ XIX век. Притоа, истите ја истакнуваа улогата и значајот на Москополе во даденото време и простор.

Проучениот Ј. Цвиќ наведува дека Москополе бил град со огромна величина и моќ. Се наоѓал на Девол, во Јужна Албанија. Во него живееле Армни (Власи). Во XVIII век, градот имал околу 60.000 души. Бил трговски центар за сите централни и западни области и главен трговски град во внатрешноста на Балканскиот Полуостров“.

Девол сосе цел Епир со сите Власи и Шкиптари биле под Охридската црква.

„Д.Поповиќ,пак,наведува дека Москополе се издигнал како значаен армнски (влашки) центар кон крајот на XVII век и почетокот на XVIII век, на штета на поранешните влашки места-Шиписка и Николица. Москополе бил центар на трговината меѓу Македонија, Албанија, Епир, а преку Босна со Австрија и Венеција. Најголемиот процут на Москополе паѓа меѓу 1750 и 1760 година. Тогаш, според Ст. Новаковиќ, во 12.000 куќи изградени од камен, живееле околу 70.000 становници. Според Вајганд, градот Москополе имал 60.000, а според Пико- до 80.000 становници. Бил населен исклучиво со армн македонско (влашко) население. Иако населението било армнско (влашко), продолжува понатаму Д. Поповиќ, Москополе бил еден од главните центри на грчката култура и грчката национална идеја.

Во ширењето на грчката национална идеја пресудна улога играла црквата. Во Москополе, во тоа време, било седиште на Бератскиот (Белградскиот) владика. Во Москополе се наоѓала и прочуената грчка школа. Околу 1780 година, основана е печатница каде се печателе многу грчки, но исто така и армн македонски (влашки) книги. Меѓу Армн Македонците (Власите) од Москополе се почуствувало и национално движење. Москополскиот учител и поп Теодор Атанас Кавалиоти, помеѓу другото, отпечатил во Москополе- Речник на армн македонски (влашки) јазик. П. Данаил го превел и го отпечатил Евангелието на армн македонски (влашки) јазик.(Според Д.Поповиќ,‘О Цинцарима’, Београд, 1937). (Без армн македонски,Р.И.)

Денес, овој значаен армн македонски (влашки) центар во Албанија низ XVII и XVIII век, претставува само мала населба со околу 150 куќи во кои живеат исклучиво Армн Македонци. Од некогашниот сјај и величина, овој некогаш значаен армн македонски (влашки) центар на Балканот, денес се останати руинирани куќи и неколку цркви со огромни димензии. Едната од нив е претворена во културно-историски споменик. Таа е црквата ‘Свети Продон Москополски’. (Според. Д. Поповиќ, О Цинцарима, Београд, 1937; Ј. Цвиќ, Балканско Полуострово и јужнословенске земје, Београд, 1970)“. (Само Власи-никако/никогаш Армн Македонци, Р.И.)

Москополе ѝ припаѓал на Охридската црква со црковно- словенски јазик.

Па се творело на црковно-словенски јазик,коине и латински со нивни писма.

Влашкиот јазик бил нов. Па немало народно творештво на тој влашки народ.

Низ католичка Европа црковен јазик бил латинскиот. Бидејќи народот говорел само варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик, латинскиот не бил разбирлив. Па и затоа од латинскиот се правеле вулгарно (народни) латински. Такви биле францускиот, шпанскиот, португалскиот. Во Италија имало повеќе вулгарлатински.

Бидејќи францускиот јазик не бил народен, влашки јазик никогаш немало.

Овде говори за латнизирање на варварски=пелазгиски=тн.словенски јазик.

Кога можело тоа да се случи ? Само со крстоносните војни. Следат Власите:

Јон Аргинтеану, стр. 149, пиши: „По окупацијата на Цариград од страна на Турците во 1453 година, еден голем број на Геновјани пребегнале од Цариград во Москополе и неговата околина. Со тоа тој град го претвориле во жариште на културата и цивилизацијата за цела Грција и Турција“.[90]

Во следните векови продолжило латинизирањето,сè до одродени тн.Словени

Стр. 168: „УЧИЛИШТА.- Со заземањето на Цариград од Турците, па сè до почетокот на XIX век, најобразован народ на Балканскиот Полуостров биле Армн Македонците. Жариштето на византиската класична култура од Цариград била преместена во Москополе. Академијата во Москополе била најреномираната школа на целиот Балкански Полуостров. Таму се негуваше грчкиот и латинскиот јазик и литература врз поширока основа. Во втората половина на XVIII век под влијание на хуманизмот и ренесансата од употреба е исфрлен ‘елинскиот алфабет’ и за пишување на армн македонски е прифатен латинскиот алфабет...“.

Се отфрлиле коине со црковно словенскиот јазик, а се прифатил латинскиот.

Ова говори, се вмешал Ватикан против Цариградската и Охридската црква.

Стр. 169: „Во Германија биле истакнати учителите Армн Македонци (Власи): Дионисие Мантука од Клисура, Јон Калчу, Константин Тарпу и други. Сите тие биле личности со широко познавање на елинскиот, латинскиот и италијанскиот јазик, на филозифија и теологија...“.

Во Германија без германски-со коине, латински, француски... и италијански.

Стр. 169: „ГРЦИЗИРАЊЕ ПРЕКУ УЧИЛИШТЕТО.- Во Москополе, метрополата на Армн Македонците (Власите) од Македонија, елинската култура цутеше во мошне широки димензии. Се наоѓаше основа за развој преку јавната работа, пред сè, во трговијата, низ обичниот разговор и слично. Така, грчки се зборувало не

---

[90] Стр. 166: „Уметноста како и златарскиот занает претставувале, всушност, монопол на Армн Македонците (Власите). Изработените предмети од злато, отсекогаш биле насекаде познати, посебно што истите со својата финоќа и убавина претставувале предмети од посебно значење. За нивниот вкус кон уметноста во изработка на златни и сребрени накит со право Армните (Власите) биле наречени Геновјани на турското царство. Тие знаеја, исто така, да го преработуваат и железото, изработувајќи пиштоли и пушки, според вкусот на Арматолозите“. („**наречени Геновјани**“, Р.И.)

Стр. 178: „ АРМН МАКЕДОНЦИ ВО РОМАНСКАТА ДРЖАВА.- Армн Македонците, посебно тие кои припаѓаат на Москополската група, кои од секогаш поседуваа цивилизација и култура, одиграа значајна улога во романската држава. Посебно активни беа Мунтенија и Молдава. Во сите случаеви, Армн Македонците заземаа високи функции во државата. Меѓутоа, некои од нив, со оглед на тоа што го употребуваа грчкиот јазик и писмо, се изјаснаа за Грци. Никола Зервули, кој раководел со граѓанската школа во Јаш, бил од Мецова. Милетие, првиот типограф во Романија бил од Моловиште. Старвин, кој е опеал херојската поема за јунаштвото на Михаил Војвода, бил Влав од Малсиана (Епир). Буржоската класа на денешната романска држава е формирана, повеќе од Армн Македонци, отколку од Грци“. (**„Москополската група“...„цивилизација и култура“**, Р.И.)

Да не се изуми, Геновјани со себе носеле богатство, богатство што останало и во следните векови, чии традиции се одржале понатаму, а Македонците страдале.

заради општата потреба, туку заради корисната доктрина на училиштето. Армн Македонскиот (влашкиот) говор можел да се слушне во кругот на семејството, како и при определени интимн и односи. Во Академијата и типографијата од Москополе се учеше, односно се печателе најповеќе литературни и научни изданија на грчки, а сосем малку на латински јазик“.

Се говори само за коине, а влашкиот и геновјанскиот се говорат само дома.

Стр. 170-објаснување за отфрлање на коине на Цариградската патријаршија: „**II**. Палењето и разорнувањето на Москополе према некои согледувања е резултат преди се на делувањето на Цариградската патријаршија која откако увидела дека образуваните москополци го прифатиле латинското а отфрлиле елинското писмо, постоела реална опасност од прифаќање на католичката вера која нашироко се пропагирала. Према тоа причините за палењето на Москополе се, и политички“.

Москополци и како наследници на Геновјаните,[91] ја прифатиле латиницата.

Стр. 171: „Развојниот процес на активноста за денационализацијата на Армн Македонците (Власите) и на останатите негрчки елементи во Епир, условило грчкиот јазик кој овде се зборува цел еден век, од овдешното негрчко население, толку да се измени под влијание на автохтониот армнски јазик, така што сега се смета како еден дијалект на грчкиот јазик. Еден жител на Јанина не бил во состојба да се разбере со еден Грк од Тракија или од Кипар. Колку бил специфичен овој говор, таканаречен дијалект од Епир и Тесалија, што до половината на XIX век, за странските патници кои патувале низ тие простори се создавала претстава дека постои сличност со италијанскиот јазик...“.

Коине (тн.грчки), „кој овде се зборува цел еден век“, не го потиснал вулгарно- латинскиот јазик на Геновјаните, па „постои сличност со италијанскиот јазик“.

Стр. 172: „Така, гласот, односно буквата â, â=a; ts = tζ; ζ = σσ; (италијански: gl)lj=λλ; gh = γκ; ge = ντζ; d = ντ; b = μπ; (италијански gn)nj = νν; и тн. ...“.

Следи влашкиот јазик на Москополците бил сличен на италијанскиот јазик.

Подоцна врз влашката мешавина на Власи и Геновјани имало романизирање

Јон Аргинтеану, стр. 189, пиши: „Во 1880 година, заради покажаната активност на културно- просветно поле меѓу армн македонското население во Македонија ‘Друштвото’ било признато од значајните кулурни институции во Романија. Грчкиот патријарх во Цариград, интервенирал до Отоманската порта за да издаде наредба до сите власти во провинциите со задачада се стопира активноста на ‘Романската пропаганда’ во Македонија. Едноставно, испратил циркуларно писмо до сите архиреи, со кои истите се известуваа за опасноста од основаното ‘Културно друштво на Армн Македонците’ од Букурешт и неговата дејност во поттикнување на армн македонскиот етнос во борба за остварување на националната кауза. Грчкиот конзул од Букурешт бил преместен заради тоа што не успеал да го парализира почетниот правец во ширењето на благонаклоноста на Романците кон Армн Македонците. Од средствата на доброволните дарители од Романија друштвото со својата активност успеала во почетокот да издаде над 60.000 книги, кои понатаму биле испратени, и тоа, едниот дел до училиштата во Македонија, а другиот дел до романските и армнските манастири на Света Гора“.

Со наведеното се потврдува, Романија масовно го вршела романиозирањето.

За таа цел Романија и финансирала во градење на школи со романски јазик.

---

[91] Денес италијанско презиме е Кавалиоти- во книгава е лицето Теодор Кавалиоти. А и Мочиони...

Според некои автори, Албанците биле Илири. За други автори, Албанците биле Траки. Густав Вајганд (1924) пиши, Романците, Власите и Албанците биле Траки. Во Илијада постоела Тракија, а Херодот ја внел Илирија. Следи разлика меѓу Траки и Илири за темниот вокал со зацртана границата на Траките и Илирите.

Густав Вајганд,[92]на стр. 6 пиши: „Границата меѓу Илирите и Траките...Права линија од Милановац на Дунав преку Ниш кон Охрид ја образува отприлика границата меѓу Илирите[93] и Траките во стариот век, меѓу Србите и Бугарите во средниот век, ама во новиот век Албанците се вметнале меѓу двата народи...“.[94]

Па до Охрид се Москополе со Корча со бригиски=брсјачки традиции и куќи.

Следи романизирање на Власите и Шкиптарите со помасовна употреба на темниот вокал како на Траките, а не Илирите на Западниот Балкански Полуостров.

Се наведе населувањето на Геновјаните во Москополе со својот вулгарен латински јазик, а таков имале и Венецијанците и др. Геновјаните во Москополе го говореле својот службен градски јазик, а Москополците говореле со својот брсјачки говор. Па во градот се говореле двата јазик. Следи во последните векови да се појави романизација, која била во зависност од просветеноста на секоја личноста поединечно.Сè ова довело до различно познавање на новиот Москополски јазик кој бил мешавина на народниот брсјачки говор, службениот јазик на град Генова и романизацијата. Владеело Османовото Царство со Османовиот јазик, кој бил на султанот Мехмед Караман- тој во 13 век во персискот јазик со персиско писмо внел и турски (татаро- турски) зборови, како и дека во Османовата војска имало платеници Татари, Черкези и др. Влашкиот и шкиптарскиот јазик станале мешани јазици.[95]

Стр. 193: „ПЕДАГОШКИ КНИГИ.- Секаде каде постоеја поволни услови за развој на културно и национално движење од 1860 година наваму, условило и објавување на бројни изданија од книжевен и дидактичко- методски карактер на армнски и романски јазик. Многу со својата вредност останаа се до денешни дни. Еден од значајните дела од дидактичко- методски карактер била армн македонската граматика од И. К. Масиму, објавена во 1862 година. Бидејќи авторот не го познавал добро армнскиот јазик, нејзината содржина не даде некоја посебна научност. Меѓутоа, оваа публикација даде доста смел дијалектички потфат во негување на јазичната култура“.

Стои: „авторот не го познавал добро армнскиот јазик“.

Ова не важи кај брсјачкиот говор- него добро го познаваат сите Брсјаци.

Па влашкиот јазик исто не се знае по селата,како спротивност на брсјачкиот.

ВЛАШКИОТ И ШКИПТАРСКИОТ ЈАЗИК МЕШАНИ ЈАЗИЦИ

Јон Аргинтеану, стр. 183, пиши: „РОМАНСКИТЕ ХРОНИЧАРИ И ‘КУЦОВЛАСИТЕ’.- Во некои сеќавања на одделни хроничари во земјата, за Армн Македонците наоѓаме по податоци во една ‘Анонимна хроника’. Во неа се зборува за по-

[92] Gustav Weigand, Ethnographie von Makedonien, Leipzig, Fredrich Brandstetter, 1924.

[93] Јохан Георг фон Хан, стр. 469, пиши: „Главен друм...на езерото охридско,- во Преспа и понатаму да прастарата меѓа на Илирија и Македонија (или денешна Албанија и Бугарија), северната падина на високиот Барнус, кој денес се вика Перистер...“. (р=л- Пелистер, Р.И.)

[94] Албанците (Гегите)- Черкези и Татари- во 19 век биле колонизирани меѓу Шар Планина и Врање.

[95] Ристо Ивановски, „Римјаните говореле тн.словенски-Власите одродени тн.Словени“,Битола, 2016.

стоење на нецелосно причинско сознание за нивното потекло. ‘Сепак овие се Куцовласи’, вели авторот на споменатата хроника, како се искажуваат нивните соседи- ‘тие се луѓе кои според изгледот, обичаите и градбата на телото, се исти со оние од Романија. Според тоа, ист е нивниот јазик- романскиот, помалку расипан и измешан со обичниот грчки и турски јазик...’ “.[96]

Се кажа: „помалку расипан и измешан со обичниот грчки и турски јазик...“.

Х.Р.Вилкинсон,[97] на стр. 71, има наслов: „Картата на Г. Лииен од 1861“.

Стр. 76: „Лииен се однесуваше кон Власите како кон Цинцари и во голема мера размислуваше за нивното потекло. Тие самите, пишува Лииен, тврдеа дека се потомци на римските војници, кои ја покорија Македонија. Тој мислеше дека ова е одвај веројатно бидејќи нивниот јазик не беше чисто латински туку повеќе би можело да се каже изведен од ‘латинираниот дациски’ (т.е. романски). Тие веројатно претставуваат потомци од Дација дојдени од Мизија. Романците го разбираат нивниот јазик, но тој сепак се разликува од романскиот јазик. Од секој осми влашки збор, само третиот е изведен од латински, два се позајмени муслимански зборови- грчки, турски, итн.- а три припаѓаат на непознат корен сличен на албанскиот. Лииен го наголеми проширувањето на Власите во југозападна Македонија во голема мера на сметка на Грција“.

Х.Р. Вилкинсон,[98] на стр. 160, пиши: „...Само неколку години подоцна, во 1908, на лингвистичкиот конгрес одржан во Битола, еволуира една прикладна романска азбука за потребите на албанскиот јазик.[99]Дотогаш во употреба беа италијанската, кирилската па дури и арапската азбука. На овој начин еден од најстарите индоевропски јазици беше спасен од натамошни асимилации и разводнувања. Сепак, пред 1924 не се случи тоа во училиштата да биде предаван албанскиот или ‘шиптарскиот’...“. (До 1924 година немало скиптарски народ со своја школа, Р.И.)

Стр. 215: „Доминиан дава неколку докази што се однесува на Албанците. Тој истакна дека постојат повеќе етимилошки објаснувања за зборот ‘Албанец’, но излезе дека е тесно поврзан со келтската форма алб или алп, што значи планина.[100] Доминиан тврдеше дека сите жители од овој дел на полуостровот кои зборуваат шкип (албански) би требало да се сметаат дека се албанска националност. Тој истакнуваше дека јазикот по своја форма исклучително Аријан,но истакна дека од 5.140 елементи во Етимолошкиот речник на Албанците на Г.Мајер ‘би можело да се набројат само четири стотини неизмешани индо-европски елементи’. Татаро-турскиот брои 1.180, Романскиот 1.420, грчкиот 840 а словенскиот 540 збора.

Тој ги предочува романските католици Геги по долината на Дрим и Мат во најголемиот дел под италијанско влијание. Христијанските Тоски од југ во најголема мера беа ортодоксни, но многумина од нив сепак беа муслимани. Албанците муслимани најчесто се сметаа за Арнаути. Според неговото сфаќање, Албанците во 1913 година беа сосема лишени од секакво национално чуство. Само ривалството

---

[96] Бр. 6: V.A. Urechia, Shiţe de Istora Literaturei Române, Bucureşti, 1885, pp. 100, 111.

[97] Х.Р.Вилкинсон, Картите и политиката, Преглед...на Македонија, Македонска книга, Скопје, 1992.

[98] Х.Р.Вилкинсон, Картите и политиката, Македонска книга, Скопје, 1992.

[99] Влашкото семејство, составувач на абука во Битола, незнае арбански-доказ МТВ втора програма.

[100] „Albanch“ денес е сè уште во употреба во Шкотска, а се однесува на некои од висовите во Шкотска. (До денес Скот е скот на македонски; Скотите биле со македонска гајда и со македонски ритам 7/8, македонски фустанчина како во с.Кукуречани- Битола итн. Пак, Албанија била на Кавказ,а онаа на Балканот никогаш не била Албанија- Скиптарите, според скиптар, неа ја викаат Скиптарија, Р.И.)

меѓу Италија, Австрија, Србија и Грција, секоја посебно натпреварувајќи се за придобивање на албанските пристаништа, резултираше во една независност. Италијанското влијание во Валона беше постигнато преку романско- католичките Албанци“.

Со овој монголски јазик, на многу мало малцинство, било одродено мнозинство. Па мнозински тн.словенски народ опстоил и после 1924 година, кога за прв пат во таа држава, создадена од католички Рим и Виена, започнале првите школи. А првите школи не ги отвориле некакви си Албанци, туку Италијани и Австријци.

Арбаните немале свој друг јазик освен тн.словенски. Во прилог е наводот на австриецот Хан[101]: тие се „единствен народ во Европа кој нема своја историја, свој јазик, своја азбука, своја култура и традиција и што нема никаква книжевност“.

Олга Луковиќ- Пјановиќ,[102]во насловот „Срби и постанокот на писмото“ пиши: „Сосем узгред и случајно, на истата таа 231. страна, Кулунџиќ споменува, дека Албанците 1783. г. уште воопшто немале писмо...На исто тоа место писателот го споменува Вук, кој рекол, дека: ‘...писмото готово ги надминува можностите, до кои би можел да се довини човечкиот ум...’ “.

Истото го потврдил и Фалмерајер и други автори- нивното писмо од 1908 г.

Бидејќи Арбаните=Шкиптари и Власите биле под Турција, а немало турски народ/јазик,што било и со одродените Еладци, исто важи за Шкиптарите и Власите.

Поимите Власи и Арбани немале никакво етничко значење туку само општо.

ВЛАСИТЕ, СПОРЕД „СЛОВЕНСКИОТ ПАНТЕОН- ВЕЛЕС“

Р.Кавендиш и Т.О.Линг[103] пишат: Словенскиот пантеон- Велес или Волос бил бог на роговните животни. Ова име се споменува во 10 век во руските списи. „Во христијанството тој бог се појавува како византиски св. Блаж, кој на словенски се нарекува Влас или Влах. Тој до денеска е заштитник на добитокот“.

Бидејќи поимот Влас или Влах (Влав) означувал овчар, значи само овчари, Власите не можеле да бидат било каков народ со свој јазик- овчар било занимање. Па Власите (овчарите) живееле во Бригија биле Бриги со свој челник, душник итн.

Г.Острогорски,[104]на стр.484, пиши:„Меѓутоа, веќе кон крајот на 1185 година во Бугарија избувнало големо востание под водство на браќата Петар (Теодор) и Асен. Влијанието на централната византиска власт во бугарското подрачје опаднала, како и во други краишта, па и таму се појавиле сепартатистички стремежи, коишто дотогаш на многу страни се прејавувале во вид на територијални барањеа на локалните болјари. Петар и Асен побарале од византиската влада да им даде некои земји како пронија. Острото и охоло одбивање на ова барање на настаните им дало неочекуван и нагол пресврт. Озлобените вадачи на Бугарија кренале во напатената и од порези преоптоварена земја востание кое на крајот довело до целосно одвојување на бугарските области од Византија и до создавање на Второто бугарско царство.

---

[101] J. G. Hahn,Auftauchen der Albanesen, “Albanesischen Studien”, I, Jena, 1954, 211 и 228 итн. (Насловот „Auftauchen der Albanesen“ во превод: „(изненадно) се појавиле Албанците“- нив ги немало, Р.И.)

[102] Олга- Луковиќ- Пјановиќ, Срби...народ најстарији, Досије, Белград, 1990-преземено од Интернет.

[103] Ричард Кавендиш и Тревор О.Линг, Митологија, Лондон- превод и издание ИКРО Младост, Загреб, 1980.

[104] Г. Острогорски, Историја на Византија, Наша книга, Скопје, 1992.

Во текот на деветвековното византиско владеење словенскит елемент во Бугарија и Македонија осетно ослабел, и тоа не само поради елинизацијата на овие земји туку и поради јакнењето на другите народности на сметка на Словените. Во солунската област се населиле многу Евреи и Ерменци; во дунавското подрачје престојувале Куманите и Печенезите; многубројни Власи се ширеле во дунавската краина, во Македонија и Тесалија којашто била наречена Голема Влашка. Во движењето на Петар и Асен Куманите а особено Власите имале голем удел".

Бидејќи се говори за „Второто бугарско царство" на браќата Петар и Асен, тие не можеле да бидат и Власи со својот Асан- историски имало Асен. Со Бугарските браќа Петар и Асен се потврдува, не можело да има народ Власи од општ поим кој означува само овчар (пастир), што важи и за Бугар=б угар-Угарит во Азија...

Објаснување: „Сложеното прашање за етничкиот состав на Второто бугарско царство во науката предизвика многу спорови. Паѓа в очи што Никита Хонијат во својот приказ не зборува за Бугари, туку само за Власите. За нив пред сѐ говорат и современите западни историчарти (Ansbert, Robert de Clari, Villehardouin). Напротив современите словенски извори, а и византиските писатели од наредната епоха, почнувајќи од Георгиј Акрополит, зборуваат само за Бугарите и во општо не ги споменуваат Власите. Во преписката на Инокентиј III со Калојан, бугарскиот владетел во писмата на папата се именува како владетел на Бугарите и Власите а и самиот себе, во четири писма, се нарекува imperator Bulgarorum (ново издание) И. Дуйчев, Innocentii PP. III epistolae ad Bulgariae historiam pertinentes. Годишник на Софийск. Унив. Ист.-филол. Фак. 37. 3 (1942) nr. II. XV, XVIII, XXX и IX. Меѓутоа, Калојан и Симеон, Петар и Самуил ги нарекува imperators Bulgarorum et Blachorum (ib., nr. XV) а Никита Хонијат изричито вели дека варварите од подрачјето на планината Балкан,кои порано се викале Мезијци, сега се викаат Власи[105] (τούς κατά τόν Αίμον τό όρος βαρβάρους, οί Μυσοί πρότερον ώνομάζοντο, νυνί δέ Βλάχοι κικλήσκονται); Според тоа се наметнува заклучокот дека жителите на стара Мезија односно на тогашниот Паристрион, во тоа време се нарекувале Власи (овој назив како што е познато немал само етничко значење туку служел и како општа ознака за пастирски племиња),[106] бидејќи како Бугари се нарекувани и жителите на темата Бугарија, т.е. Македонија. Сп. Мутафчиев, Призходът на Асеновци, Макед. Преглед IV, 4 (1928) 1 сл. История II, 36 сл. Дуйчев, op cit. 85 sq и Проучвания 45 сл.; Златарски, Истиория II, 416 сл. Станувајќи против ова, како што ми се чини- единствено можно толкување, Н. Банеску наширoко побива некои, навистина слаби аргументи на Златарски и Успенски, но не успева убедливо да го протолкува погоре спопнатиот податок од Н. Хонијат, а преку глосата на Т. Скутариот, како и преку преписката на Калојан со Инокентиј III, преминува молчекум, бранејќи ја тезата дека, творците на Второто бугарско царство биле Власите, предците на денешните Романци. Cf. N. Bânescu, Un Problème d'histoire médiéle. Création et caractère du second empire Bulgare, Bucarest 1942. Сп. и R. L. Wolff, The Speculum 24 (1949) 167 sq. Тешко би можелода се сомневаме дека Второто бугарско царство не било бугарско царство, но тоа не значи пак дека во создавањето на тоа царство Власите немале никаков удел

[105] Следи доказот,Власите бил нов назив за населението кое било варварско. Варварско се употребувал за народен јазик, но не коине и латински. Варварски јазик говореле Мезијците, како што бил и јазикот на Траките...Македонците и Еладците. Па поимот Власи бил нов- тие говореле тн.словенски.
[106] И Срби бил општ поим,со значење срб=срп-Срби имало на Балтикот...Балканот...Сирија...Египет.

и дека во тогашната Бугарија немало, како што тврдеше Мутафчиев, никакво влашко население. Зашто, како би можело да се објасни тоа што токму во тоа време Бугарите се нарекувани Власи.[107] Сп. ги одмерените излагања на В.Г. Василевски. Ж. М. Н. Пр. 204 (1879) 173 сл. (критика на делото на Успенски, Оброзование). Браќта Петар и Асен, според Василевски, биле со бугарско- влашко потекло.[108] Според Златарски (Потеклото на Петра и Асеня Списание на Бълг. Акад. 45 (1933) 7 сл., тие потекнувале од угледно бугарско-кумановски семејство (слично е и кај Успенски, Образование 105 сл.). Мутафчиев н. д. 3 сл., ја изнесува претпоставката дека тие биле од руско потекло, истакнувајќи дека во тоа време на долни Дунав имало многу руски населби, дека кумановското име Асен често се споменува во руските летописи, и дека во 1107 г. рускиот кнез Јуриј Долгоракиот се оженил со внуката на кумановскиот поглавар Асен и дека неговиот син Василко добил од царот Мануел I четири градови на Дунав. В. Николаев, Потеклото на Асеневци и етническият характер на основаната от тях държава, София 1940, ги отфрла сите овие толкувања и го брани невозможното гледиште дека Петар и Асен биле потомци на старите бугарски цареви. Сп. ја негативната белешка на Д. Ангелов, B. Sl. 9 (1948) 358“.

ВЛАСИТЕ- ГЕНЕТСКИ РАЗЛИЧНИ МЕЃУ СЕБЕ

„Во наредните седмици се очекува да привврши едно мошне интересно и провакативно истражување за генетските карактеристики на влашката популација. Станува збор за проектот ‘Генетска структура и потеклото на Власите’ што германската научна фондација ДГФ го спроведува во Македонија, Романија, Грција и Албанија. Како цел е поставено определувањето на блискоста меѓу одделните групации Власи, како и меѓу Власите како целина со другите балкански народи. Раководител на македонскиот дел од овој интернационален тим е д-р Људмила Ефремовска од Институтот за физиологија-отсек антропологија, при Клиничкиот центар во Скопје. Таа ни објасни дека во македонското истражување биле опфатени една популациска група составена од Македонци и две популациски групи Власи- едната од регионот на Крушево, другата од Овче Поле. ‘Резултатите ќе бидат публикувани по Нова година, но генералниот заклучок е дека влашките популации се мошне хетерогени и не покажуваат блиски генетски врски едни со други или кон другите популации’- изјави за Форум д-р Ефремовска.

Инаку, самото истражување е составено од два дела: 1.- Проучување на т.н класични маркери, при што се анализирале 5 системи на антигени во крвта; и 2.- проучување на делови на ДНК. Проучувањето на класичните маркери е при крај и врз основа на резултатите добиени од него се изведени заклучоците кои се гледаат од графичкиот приказ. Од него се гледа дека Македонците[109] генетски се најблиски до Грамоските Власи од Штип и неговата околина, додека крушевските Власи-москополци се нешто подистантни. Проучувањето на ДНК сè уште трае бидејќи е многу комплицирано и скапо- анализата по човек чини 3- 4 илјади евра. Од друга страна, резултатите што се добиваат со ДНК- анализа се повалидни. Преку нив мо-

[107] Па со тоа што исто население се викало двојно,Бугари и Власи, поимите немале етничко значење.
[108] Бидејќи во исто време не може да се биде Бугарин и Влав,и едно по друго,поимите не се етнички.
[109] Македонците биле ДНК блиски на Критјаните, само домородци, а не Подунавци и Заткарпатци.

же да се следат генетските промени кај определена популација илјадници години наназад, додека во случајот со класичните маркери тој период е лимитиран на неколку столетија.

Интересено е да се спомене дека во овој проект од областа на популационата генетика во Грција било дозволено земање примероци од крв само од Грците што живеат во Тракија. Истражувањето не било дозволено во оние делови во кои се смета дека живеат асимилирани Власи- во Епир и Тесалија“.

Георги Ефремов (МАНУ) кажа, Албанците генетски биле блиски на Кавказ. Бидејќи тие биле Гегите (Черкези и Татари), се потврди нивното кавказко потекло.

Пак, „Етничките Македонци се најсродни со овчеполските, а најдалечни со албанските Аромани-Фрашериоти“. Се потврдува, географската оддалеченост.

Се наведе: „...од графичкиот приказ. Од него се гледа дека Македонците генетски се најблиски до Грамоските Власи од Штип и неговата околина, додека крушевските Власи- москополци се нешто подистантни“.

Москополци имало Геновјани, чии традиции кај Власите останале до денес.

Власите меѓусебно се генетски подалечни- Власите никако не се еден народ.

ВЛАСИТЕ=ТН.СЛОВЕНИ СЕ ОДРОДИЛЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ВЕКОВИ

Во Ларус,[110] на стр. 462 има карта: „Јурисдикција на Пеќката патријаршија околу 1669. година“. Нејзината граница се протега по текот на реката Дрим, јужно од Тетово, јужно од Штип, преку Струма, северно од Самоков, источно од Бела Црква(Куршумлија),на север Оршава...Нови Пазар е Стара Рашка.Источно е Бугарската патријаршија.Источно од реката Струма е Цариградската патријаршија(само Тракија). А се друго е под Охридската архиепископија: цела Албанија, преостанатиот дел на јужниот Македонски=Балкански Полуостров. Па Арбаните и Еладците биле само под варошот Охрид, со тн.старословенски. Ова останало за селото Атина се до 1767 година. Дури Атина во 1836 година била под Соборната црква Св.Димитрија во Битола. Бидејќи немало грчка и арбанска црква, никогаш немало такви народи.

Што се однесувало за Еладците и Арбаните=Шкиптарите,било и за Власите.

Се потврдува, немало етнички туку само црковни народи. Народот говорел варварски јазик, а црковни јазици биле македонски: коине и црковно-словенскиот.

Во Историја на македонскиот народ (1969)варварска земја била Македонија.

Стр. 148: „...Заземајќи ги раководните места во црквите, тие биле должниизвестува Теофилакт- ‘со своите молитви и совети’ да ја зацврстуваат ‘ромејската власт’ и ‘елинскиот говор’ во ‘варварската земја’ Македонија“.

Институтот за национална историја од Скопје- Р.Македонија, во 2000 година ја издаде „Историјата на македонскиот народ“. Во том први, на стр. 408, 409 и 485 стои: Наследниците на архиепископот Теодул биле „добри заштитници на ‘ромејската власт’ во Македонија. Во тоа особено се истакнал ахиепископот Теофилакт Ифест, познат како Теофилакт Охридски, кој бил на чело на Охридската архиепископија кон крајот на 11 век и почетокот на 12 век“. Тој имал негови писма и „две житија за Тиверполските маченици и Климент Охридски. За него Македонија била „варварска земја“, Македонците „простаци“ и „варвари“, нивниот јазик „варварски јазик“, името на реката Вардар „варварско“, на Кичево исто така „варвар-

[110] OPŠTA ENCIKOPEDIJA LAROUSSE ©1967. LIBRAIRIE LAURUSSE,PARIS-Vuk Karadžić,1971.

ско“...„Архиепископот Теофилакт во едно свое писмо отворено признал: Бидејќи живеам меѓу варвари, сум станал простак“...„во варварска земја“ Македонија започнале самите да се „варваризираат“...„живеејќи подолго меѓу варварите“...„варварски јазик“...„поварварен“...„варвари“...„по род Македонец“ итн. Кон ова да се надоврзе поимот варвари, користен за античките Македонци, како што за Филип Македонски говорел Демостен. Следи да се говори и „по род Македонец“.

Во Историјата на македонскиот народ се наведени повеќе автори, но не она што тие го пишеле дека тн.Словените говореле варварски јазик- како Македонците.

Бидејќи Москополе со својата Корча биле под Охридската архиепископија, Москополците и во следните векови, без прекин, говореле само тн.словенски јазик. Ова се потврдува со доказот што нема-ло никаква оставштина на тој влашки јазик.

Г.Острогорски,[111]на стр. 484, наведува фуснота: „Сложеното прашање...Никита Хонијат изричито вели дека варварите од подрачјето на планината Балкан, кои порано се викале Мезијци, сега се викаат Власи (τούς κατά τόν Αίμον τό όρος βαρβάρους, οί Μυσοί πρότερον ώνομάζοντο, νυνί δέ Βλάχοι κικλήσκονται)...“.

Следи доказот, Власите бил нов назив за населението кое било варварско. Варварско се употребувал за народен јазик, но не коине и латински. Варварски јазик говореле Мезијците, како што бил и јазикот на Траките...Македонците и Еладците. Па поимот Власи бил нов- тие говореле тн.словенски, кој бил варварски.

Нивното одродување почнало со населувањето на Геновјаните- од Цариград во Москополе, чиј вулгарен латински јазик бил како службен јазик во Генова, а латинскиот јазик бил црковен- католички јазик. Власите конечно ги романизирала Романија- таа подигала школи, црква..., дури издавала книга на својот романски јазик.

Романија била тн.словенска земја со црковен/управен јазик- старословенски.

Х Сетон-Вотсон,[112]на стр. 50, пиши: „Тој процес...Најдобра европска паралела за тој процес, кој во бит им останал скриен на повесничарите, есте појавата на романскот јазик, во кој еден романски говор настанал на темел на латинскиот стопен со словенскиот...“.

Иако пелазгиски=тн.словенски јазик бил латинизиран, во романскиот јазик останал тн.словенски теменвокал, што се случило и во Франција...Португалија итн. Истото останало во бригиски и македонски Епир, чии наследници се Власите (Овчарите)- според Велес=Волос, и Арбаните (ар бан: ар=ор- ора-ница) земјоделци.

Л И Т Е Р А Т У Р А

Насловот на книгава е напишан според делата на повеќе автори. За книгава, исто така, се користени и делови од авторовиве книги:

1. ″Средоземјето прадомовина на Европјаните″, формат А5.
а. прво издание август во 1998 година, страни 354 (10)
б. второ издание март во 1999 година, страни 519 (10)
в. трето издание мај во 2007 година, страни 621 (9)
2.″Нов Александар Македонски″ (тн.Скендербег=Георг Кастриот)
а. прво издание во март 2001 година, страни 159 (9)
б. второ издание во јуни 2003 година, страни 334 (9)
3. ″Одродување на Македонците″, август 2001 година.
4. ″Возобнување на античка Македонија″, април 2002 година.

[111] Г. Острогорски, Историја на Византија, Наша книга, Скопје, 1992.
[112] Hugh Seton- Watson, Nacije i države, Globus, Zagreb, 1980.

5. ″Кавказко- црноморски Албанци- Арнаути″, јуни 2002 година.
6. ″Власите- т.н.Словени″, септември 2002 година.
7. ″Завера против античките Македонци″, октомври 2002 година.
8. ″Грците- вештачки народ″, април 2003 година.
9. ″Исхрана на говедата″, мај 2003 година.
10. ″Словените- германски фалсификат″, јуни 2003 година.
11. ″Германците и Македонците- едно исто″, јули 2003 година.
12. ″Европјаните потекнале од Балканот и Мала Азија″, март 2004 г.
13. ″Грците- одродени Склавини и Словени″, јуни 2004 година.
14. ″Македонската Комненова Албанија″, август 2004 година.
15. ″Хомерова Троја на домородци- т.н.Словени″, јануари 2005 година.
16. ″Евреите- т.н.Словени″, април 2005 година.
17. ″Хомерова=тн.словенска Македонија″, октомври 2005 година.
18. ″Албанците колонисти во Македонија″, јануари 2006 година.
19. ″Атлантида-фалсификат на Солон и Платон″, декември 2006 година.
20. ″Бригите=Брзјаците биле постари од Египтјаните″, март 2007 година.
21. ″Албанците одродени Брзјаци и Мијаци″, мај 2007 година.
22. ″Бугари=народ биле Татарите=Арнаутите″, мај 2007 година.
23. ″Хомерови=тн.словенски Морејци=Грци″, август 2007 година.
24. ″Од Македонци=Православни до Турци=Муслимани″, ноември 2007 год.
25. ″Белците народ со еден јазик″, на германски јазик, 319 страни, 07.03.2008
26. ″Македонецот Георг Кастриотис, т.н.Скендербег″, 15.04.2008.
27. ″Хелас″, на германски јазик, 148 страни, 14.06.2008.
28. ″Словените фалсификат″, 250 страни, 18.09.2008.
29. ″Хелените и Грците фалсификат″, 199 страни, формат А5, 13.11.2008.
30. ″Додунавска Македонија″, 296 страни, формат А5, 21.01.2009.
31. ″Етнографија на Македонија″, на германски јазик, страни 81 формат А4, 24.02.2009.
32. ″Од кого постанавме″, страни 256 формат А4, 18.05.2009.
33. ″Европските злостори врз Македонија″, страни 104, 17.06.2009.
34. ″Грците, Албанците и Власите вештачки народности″, страни 175, 05.08.2009.
35. "Грците со дворасен јазик на Белци (Пелазги) и Црнци (Семити)", стр. 318, 09.10.2009.
36. "Македонците со еднорасен јазик на Белци (Пелазги)", еврејски..., страни 73, 18.11.2009.
37. "За Прокопиј Кесарски (6 век н.е.) нема Словени", страни 100, 15.12.2009.
38. "Европа само македонска, венетска=склавинска=тн.словенска", страни 121, 12.01.2010.
39. "Русите не биле Словени", страни 74, 29.01.2010.
40. "Србите не биле Словени туку Трибали, Тракијци", страни 142, 08.03.2010.
41. "Еднобожеството- злостор врз човештвото", стр. 241, 27.04.2010.
42. "Белците еден народ со една иста симболика", страни 118, 28.05.2010.
43. "Античка=етничка Македонија", страни 226, 09.08.2010.
44. "Александар Македонски на Руфус- фалсификат", страни 311, 04.10.2010.
45. "Бугарите биле Македонци", страни 288, 23.11.2010.
46. "Бригиска Шамбала", страни 178, 03.01.2011.
47. "Бригиската митологија поместена на југ", страни 115, 25.01.2011.
48. "Еврејски етнички народ никогаш немало", страни 99, 17.02.2011.
49. "Европејците и традициите од и преку Балканот", страни 117, 10.03.2011.
50. "Масонската историја- фалсификат", страни 117, 07.04.2011.
51. "Европејците раснонесвесни- со повеќерасни јазици", страни 122, 10.05.2011.
52. "Македономрсците против Македонците", страни 85, 31.05.2011.
53. "Египтјаните со словенска митологија", страни 139, 14.07.2011.
54. "Европската историја- фалсификат", стр. 119, 10.08.2011.
55. "Албанците двоконтинентален и дворасен т.н.народ", стр. 122, 05.09.2011.
56. "Без етнички народи", стр. 84, 28.09.2011.
57. "Германците Бриги и Македонци- двојно Македонци", стр. 100, 25.10.2011.

58. "Херодотовата историја сами на тн.словенски јазик", стр. 142, 28.11.2011.
59. "Турција Фригија=Бригија", стр. 98, 21.12.2011.
60. "Македонците- домородци", стр. 102, 10.01.2012.
61. "Грците само словенски говор и акцент", стр. 54, 08.02.2012.
62. "Македонците само со домородни традиции", стр. 62, 29.02.2012.
63. "Подунавјето- без население", стр. 62 (12), 22.03.2012.
64. "Албанците- муслимански колонисти", стр. 124, 25.04.2012.
65. "Албанците- фашисти", стр. 98, 16.05.2012.
66. "Склавините=тн.Словени домородни на Пелопонес", стр. 62, 26.05.2012.
67. "Македонци и Не-македонци", стр. 137, 14.07.2012.
68. "Библиските Евреи непознати во историјата", стр. 212, 11.09.2012.
69. "Словените- најголема историска лага", стр. 66, 01.10.2012.
70. "Германците со бригиско-македонски традиции", стр. 192, 04.12.2012.
71. "Тн.Словени Повеќебожци- Германците Христијани", стр. 86, 26.12.2013.
72. "Без етнички германски народ", стр. 190, 18.02.2013.
73. "Германите одродени т.н. Словени", стр. 115, 19.03.2013.
74. "Готите биле Монголи", стр. 150, 29.04.2013.
75. "Илијада-фалсификат", стр. 130, 11.06.2013.
76. "Албанците колонисти- Македонците заложници", стр. 135, 16.07.2013.
77. "Германите биле само Склавини=тн.Словени", стр. 134, 19.08.2013.
78. "Античките Македонци биле Пелазги (тн.Словени)", стр. 138, 23.09.2013.
79. "Европјаните со источносредоземно потекло", стр. 325, 11.12.2013.
80. "Григор Прличев и азиските Арнаути", стр. 192, 30.01.2014.
81. "Европјаните Балканци=Илири=тн.Словени", стр. 114, 26.02.2014.
82. "Тн.несловенски Европјани со повеќерасни јазици", стр. 119, 03.04.2014.
83. "Мавро Орбини (1601 год.)- Словените само фалсификат", стр. 249, 09.06.2014.
84. "Бригијскиот=брзјачкиот- прајазик на Белците", стр. 110, 02.07.2014.
85. "Албанците во Р.Македонија- само од 1780 година", стр. 182, 29.08.2014.
86. "Еладците (тн.Грци) во 1904 година биле само тн.Словени", стр. 208, 01.12. 2014.
А. "За македонцките работи- написи од ФБ- страници", стр. 215, 02.06.2015.
Б. "Корумпирано правосудство, антидржавно обвинителство и ненароден правобранител", страни 232, 04.06.2015.
87. "Македонците домородци- без Словени и во "Веда Словена"", стр. 162, 31.08.2015.
88. "Атлантида- приказна за потопувањето на Левантот", стр. 132, 08.10.2015
89. "Народен јазик на Европјаните бил пелазгиски=тн.словенски", герман., стр.153, 05.01.2016
90. "За време на Александар Македонски немало коине (тн.старогрчки"), стр. 190, 07.03.2016
91. "Левантската крвна група А постара од Платоновата Атлантида", стр. 106, 09.04.2016.
92. "Еврејскиот јазик како на Фениките=Венетите=тн.Словени", стр. 150, 27.05.2016.
93. "Римјаните говореле тн.словенски- Власите одродени тн.Словени", стр. 170, 07.07.2016.

НАПОМЕНА: Книгите под 25, 27 и 31, кои се на германски јазик, можат да се најдат на интернет: www.brigien.com. А ова важи и за Змејова Дупка, која е наведена во ″Илијада″ покрај Црна Река, во Демир Хисар, меѓу селата Доленци и Бабино. Истото важи и за книга под 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38... и 93 на македонски јазик. А и оваа 94- та книга е внесена во интернет.

Исто така, на неа се најдуваат документи од 1 до со 9, кои се однесуваат за моето ликвидирање, со монтираниот маратонски судски процес со вкупно тринаесет пресуди, губејќи го спорот тесно 6 : 7 заради корумпираното правосудство и обвинителство. Дури и Народниот правобранител, за кого работниот однос не бил човеково право. Вмешаните судии, обвинители и правобранители беа наградени и денес се на највисоки положби. Следи изгубив право на вработување од 20.05.1991. Оттогаш самиот опстојувам без ничија помош. Дури сум со ниска пензија и со 42% минал труд. Сите наводи во тие девет документи се објавени во моите книги на крајот на книгите како додаток. Бидејќи јас не бев моќен да се справам со самоволниците и силециите во државава, мене ми преостана својот гнев за моето уништување да го внесам во книгите. Отсекогаш сум ги регистрирал непријателите на македонското земјоделство, сточарство со ветеринарство и државните арамишта, злочинци, самоволници, силеции...

Па судскиот маратонски процес беше политички- бев член и кандидат за пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, кој траеше од мај 1991 до ноември 1996 година- да се измачи тужителот за тој да умре. За побргу да се заврши судскиот спор, ми го поткупија адвокатот- тој жалбата ја закасна само за еден ден да го изгубам спорот. Јас како неука странка и самиот се жалив до Врховниот суд, враќајќи го предметот во првобитна состојба. Мојот предмет во Врхониот суд со години го криеше првиот братучед на генералниот директор на ЗИК"Пелагонија"- со него бевме двата на конкурс- сите судии не гласале исто, соопштено од еден судија од судскиот совет кој гласал за мене. Бидејќи Директорот не поднел програма за развој на Комбинатот, го тужив. Тој Комбинатот го растури и пропадна. Неговиот братучед го прогласија за кодош-секој него може да го прочита... Кога започнал да работи Народниот правобранител, поднесов свој предмет. Како доказ дека судскиот процес 100% бил политички, Претседателот на Извршниот совет на Р.Македонија ја задолжи Трудовата инспекција- Битола. Таа му поднесе извештај на Кабинетот на Претседателот (академик проф. Никола Кљусев),дека нема докази и факти. Намерно од сите судски одлуки тој не постоеше- јас морав спорот да го изгубам.

Кај Народниот правобранител ме прими една Албанка, оштетена на образот..., и таа ми рече: предметот на академик проф. Никола Кљусев бил партиски- таа сега е во Владата. Во нејзиниот предмет стоеше: губењето на работен однос не било човеково право- а всушност тоа било најосновото човеково право. Предметот го потпиша Преседателот на Народниот правобранител Бранко Наумовски. Тој потоа постанал дури и Претседател на Уставниот суд, па следи и да се пензионира. Бидејќи од него за мене немало поголема свиња, сè додека тој беше во Народното правобранителство и Уставниот суд, тие биле најголеми свињарници.

Од овие sверови ќе останев без пензија- имав под 15 години минал труд. Благодарејќи ѝ на Германија, каде работев како научен соработник во Баварскиот завод за сточарство 4 години (4.11.1972 до 4.11.1976), а за пензиско само 3 години, 3 месеци..., толку плаќав, јас можев да исполнам 15 година за технолошки вишок во Агенцијата за вработување на Македонија. Следи уште со мојата прва книга во 1998 година да пишувам само за Европа- обединета, како и за обединување на 100% Македонија, да се вратат сите Македонци назат, да се вратат Немакедонците од каде што биле донесени, да се регистрираат сите предавници, кодоши итн.

Во "Дневник" имаше со мене интервју-тогаш соопштив дека јас ја тужив државава во Стразбург- тогаш бев прв Македонец. Исто така, изјавив, во Свињарската фарма има чума. Од Стразбург беше пратено писмо со судски материјал. Меѓутоа, писмото стигнало во Скопје, во поштенско сандаче на госпоѓа-вработена во ЗОИЛ "Македонија". Бидејќи таа за мене прочитала во "Дневник" телефонски ме пронајде- јас писмото го зедов од нејзиното работно место. Во Стразбург барањето не се прифати: Р.Македонија дотогаш (април 1997 година) не била потписник на конвенцијата, поминале 6 месеци од последната одлука на Врховниот суд.

Бидејќи останав без работен однос мој прв братучед осум години го убедував да произведува добиточна храна- 4 години работев како научен сороботник во Баварскиот завод за сточарство во Груб до Минхен и докторирав исхрана во Виена-му обезбедив пласман и многу убаво работеша. Само од една фарма заработи преку 400.000 ГМ-ме изигра и 100% пропадна.

Потоа тој самоволно вон шталата изгради објект и силоси- тие ќе останат гробница.

Во РО "Бентомак"- Крива Паланка, со својот активиран бентонит, имав производи со додаток на уреа за производство на белковини во месо, млеко... кај преживни животни (говедо, овци, кози); само со бентонит за спречување на ацидоза и зголемување на маста на млеко кај преживари; спречување на проливи и смрдеа од изметот кај сите животни..., а беа предвидени и други производи. Дури производот со уреа предложен од Земјоделски факултет, а тогаш во него беше и Институтот за сточарство, предизвика масовно труење (надув...) кај говеда за гоење во ЗИК "Пелагонија"- Битола- фарма с. Добромири со преку 300 гоеници само затоашто бентонитот не беше активиран, што јас го спречив со активирањето на бентонитот зголемувајќи ја апсорционата способност на бентонитот.А и Ветеринарниот факултет, со кој беше и Институтот за ветеринарство, тврдеше дека и кокошките ја користеле уреата за замена на белковинска добиточна храна- наполно непознатост- лаици. Па така ние од Р.Македонија и Р.Србија ја истиснавме Рафинеријата ИНА- оддел Кутина со свои исти производи. Бидејќи тие не ми исплатија ништо, само ме изиграа..., со нив прекинав- тие 100% пропаднаа.

На мој предолг Фабриката за квасец и алхохол- Битола припремаше препарат за потсирување на млекото "Кваско", во поголема количина за тврдо сирење- масовно во употреба.

Наведените институции немаа кадар; јас сè нивно преземав- ме мразеа и се одмаздија.

Редовно пишував во "Нова Македонија" ... дека на ниско стручно ниво по сточарство, ветеринарство и полоделство... е наставниот кадар од Земјоделски и Ветеринарен факултет-Скопје со своите институти, а како и Вишата земјоделска школа- Битола. Посебно за сточарско- ветеринарната банда која со свои идејни проекти за сè и сешто го уништи сточарството.

Следи,пријавувајќи се на конкурсите, само заради мене, нив ги растураа-самоволност.

Само за печатење до со 21-ва книга сум платил преку 20.000 евра...Следните книги се печатени компјутерски, во мал тираж, со трошок околу 100 евра. Пробав да добијам средства од Министерството за култура,за книгите до бр. 4. Меѓутоа, јас за власта која беше во служба на непријатели на македонска Македонија и македонските Македонци бев неподобен...

Кога почнав да се бавам и со историја а и со биолошки методи, мојата неподобност и во историјата се одрази. Иако само јас имав пишено за животот на Македонецот Георг Кастриотис, а Албанците како фалсификтори неуспешно го бришат завршетокот -ис, Институтот за национална историја и МАНУ, за прославата во чест на тн.Скендербег, мене не ме повикуваат, нити дозволуваат да учествувам. Следи од нив да бидам прогласен и за "лаик".

Од Институтот за национална историја моите книги од под број 36 беа вратени назад, од под број 39 повеќе не ги испраќам. Со нив не се сложувам-никогаш немало народ Словени.

Од ДНУ-Битола ме исклучи вет.лек.од ВЗШ.Тој со фалсификат докторат до тн.проф.

Овој ветеринарен лекар со своите колеги ветеринари од Ветеринарниот институт се носители на злото, кога тие си дозволувале во државава да се увезуваат болни од леукемија (леукоза) крави и јуници, на земјите им ги чистеле болните стада. Па таквите болни грла ние ги ликвидираме.Само од таквите sверови ние останавме без крави-до денес сé уште купуваме. Се виновни и за ширење на бруцелоза кај овците, чума, ауецки... кај свињите и други болести. Тие ликвидирале фарма со 200 овци фризијки и 2.000 израелски овци аваси. А и други фарми. Тие само за да зароботат, иако немале куниќи видено, фарма со 2.500 мајки-родилки во с.Љубојно- Преспа подигнале. Бидејќи ништо незнаеле, 100% породените им скапале, па умреле.

Во "Дневник" изјавив, дека во Свињарска фарма има чума, и затоа свињите се вакцинираат.Директорот на Ветеринарниот институт се јави до весникот, и изјави дека нема чума... Јас испратив предмет со кого потврдував дека има чума, која е забранета во Европа, а тој со своите колеги ја лажат државата- за да заработат свињите ги вакцинираат... Исто така, тој во битолска телевизија, чиј сосопственик е ќерката на "вет.лек.од ВЗШ", ме навредуваше и понижуваше сè само за интерес, а само на штета на државава- вакви sверови од душата ги мразам. Кога Хрватска ја примија во Европа, свинско месо од неа е забрането да се извезува. Па истиот проблем е со Србија. Следи само Македонците (ќе) страдаат од овие Македономрзци.

Па истите се виновни за ширење на стафилококозата кај потрошачите преку свинско месо. Следи од Свињарската фарма во Куманово во Квасарата- Битола да заболат преку 24 потрошачи на свинско месо и од Свињарската фарма с.Породин преку 100 луѓе во ЗК "Пелагонија", од кои две жени тешко- утерус, а Ветеринарниот факултет редовно се служи со лаги.

Во 1984 год. во Р.Македонија од фабриките за добиточна храна имаше организирано масовно труење на добитокот со запрашена пченка со жива, а преку сточарски производи луѓето. Јас пријавив. Пак, против мене беше Ветеринарниот институт... и Министерството за земјоделство- власта. Тоа се заташка, а по правило се користи запрашена пченка во исхрана.

Скоро по правило има труење од афлатоксини и фузариум од пченка купена од Србија со долга вегетација собирана во зима и напролет. Од фузариум во Свињарска фарма с. Породин често забележував кај прасињата доенчиња вулвовагинитис... што се заскриваше од Ветеринараниот институт- Скопје или тоа не го знаеле. Со замена на пченката со наш јачмен и додавање антибиотик за 14 дена изчезнуваше појавата... Бидејќи јачменот е незаменлив во исхрана на свињите, за нив мора да се произведува јачмен во државава, а таа не е за пченка и пченица.Мора да се вратиме на производство на наши култури (јачмен,'рж, овес...) од што народот живеел, да не постанеме зависни од увоз на семиња и забрани генетски сменета храни.

Ни е потребна независна контрола,а не зависна-деловна од Ветеринарниот факултет.

За да се потврди дека Р.Македонија има земјоделство како во 19 век, во неа нема реонизација- реон најдобар за говедарство бил/е битолско-да биде центар, што важи и за друго. Под ХМС "Стрежево" не се произведуваат високо доходовни култури со наводнување (шеќерна репка, добиточна храна...) туку екстезивни многу ниско доходовни култури без наводну-

вање (пченица, јачмен, маслена репка, сончоглед...), со што системот се прави неоправдана инвестицијата.И на сметка на битолско се развиваат други делови-вкупна штета за државата.

Освен добиточна храна (пченкова силажа на цело растение- по ха се произведува повеќе енергија и белковини) да се произведува шеќерна репка (стебло за замена на пченка кај свињи... и корен и лист за преживари) и соја која како и другите култури захтеваат повисока релативна влага во воздухот, што постоеше кога го имаше Битолското Блато до 1963 година-од него со милениуми населението опстојуваваше од риба..., птици, трска итн. Бидејќи во Битолско има повеќе илјада хектари солени површини, кои се слабоплодни, тие да се повратат со обновување на Битолското Блато во рибници, развивајќи го и туризмот во Битолско...

ЗИК "Пелагонија" беше југословенски рекордер по полоделско производство... Следи по налог на ОК СКМ да биде назначен директор по земјоделие нивно лице- македономрзец... од с. Буф. Па тој на Комбинатот му го уништи сточарството, овоштарството, лозарството итн. Сè што тој започнал сè уништил. Потоа како функционер на СКМ постанал генерален директор, а и само тој го распаднал Комбинатот.Останал само земјоделскиот дел- ЗК "Пелагонија".Како лаик за земјоделското производство тој го доуништил Комбинатот. Со приватезацијата вработените ги избрка од работа, Комбинатот се доуништи и тој се опклачка. А бидејќи тој никогаш не бил способен,Комбинатот други го презеле за тој да се доуништи без земјоделско производство како што се случи со АИК "Лозар"- без лозарство и овоштарство. И место Комбинатот да има најмалку една крава по хектар под ХМС "Стрежево", значи 20.200 крави, дури и 60.600 крави, тој нема да има ни 5.000 крави- спореди и со Индијец 20.000 крави. Така место од Комбинатот да живеат преку 5.500 семејства како во 1976 година, од него ќе живеат 650...семејства. Од начинот на приватизација најбогата Битола си постанала најбедна.

Па од кога тој дојде во Комбинатот до денес и засекогаш ќе нема ниедна инвестиција.

Истата група на ветеринари,во врска со с.Породин, двапати учествуваше во подигање и реконструкција на Свињарска фарма- подигањето беше со погрешна технологија и без технолошка поврзаност, а реконструкција наполно промашена инвестиција... Па новите газди на акциите неа ја затвориле и ќе ја продадат. Тие средства, субвенците итн. се носат вон Битола. Акционерите се само плачкаши и злочинци врз народниот имот-ќе страда само Битола.

Државата мора да донесе закон нејзините средства да се само наменски- инвестиции.

Еве го и доказот: денес ништо нема битолско- сè било/е скопско и на Скопјани- историски Скопје бил без значење. Во Македонија градови биле Солун, Битола (центар) и Охрид. Не само Европјаните да ја создавале и пишеле историјата,тоа го чинат и Македонци-злостор.

Да не се изуми дека на Македонците им е потребно Скопско Поле и Битолско Поле за исхрана на следните генерации, а не за бетонска гробница Скопја и битолски гробишта на аеродром во Битола, а само тој имал дренажа- град и гробишта само на македонски ридови.

Скоро секоја година, од 1990 година, редовно се јавував на конкурси на Земјоделски и Ветеринарен факултет, со Институтот за сточарство,сите Скопје,и Вишата земјоделска школа, Биотехнички факултет- Битола. Иако тие до денес немаат кадар, само поради мене ги растурале конкурсите или си избираа интерни лица,со необјавени докторати, со теми за матура, дури без ниеден објавен самостоен труд, ниту книга. Тие се самоуправни интересни заедници. Следи Правосудството, Обвинителството и Народниот правобранител со мене се исмејувале.

Пак, изборот се врши на мангупски начин- место да има еден став за избор на доцент, вон- и редовенпрофесор, има три става.За подобро престава на изборот, е следнава постапка: во првиот став се бара образован, вториот полуобразован и третиот необразован. Бидејќи во сите три става се содржи образован, сите си ги исполнуваат условите- ние сме како во 19 век.

С О Д Р Ж И Н А

Предговор	3
Македонија, Тракија, Дакија	9
Словените и романскиот елемент на Балканското Полуострово	29
Влашкото Царство од балканските планини	44
Влашкиот цар Јоница	52
Последните влашки цареви на Хем	63
Голема Влахија и Мала Влахија	75
Армн Македонците (Власите) под Турците	92
Капетаниите во Епир и Тесалија	98
Животот на Армн Македонците (Власите) под Турците	109
Националното прашање на Армн Македонците	122
Без историски докази за Армн Македонци	134
Белците биле еден народ со еден ист јазик	149
На Балканот живееле само Пелазги со варварски јазик	150
Власите биле Пелазги со варварски=тн.словенски јазик	162
Власите биле само Бриги=Брсјаци	164
Власите и Шкиптарите биле само одродени тн.Словени	167
Влашки народен јазик бил пелазгиски=тн.словенски	169
Јазикот на македонските Власи со потекло од Генова	170
Влашкиот и шкиптарскиот јазик мешани јазици	174
Власите, според „словенскиот пантеон- Велес“	176
Власите- генетски различни меѓу себе	178
Власите=тн.Словени се одродиле во последните векови	179